MACEDONIAN ACADEMY OF SCIENCES AND ARTS

ZUZANNA TOPOLINJSKA

MACEDONIAN DIALECTS IN THE AEGEAN PART OF MACEDONIA

BOOK 1

S Y N T A X

Vol. II

1. MECHANISMS FOR PREDICATION

1.2. COMPOUND SENTENCES (CONSTRUCTIONS WITH CONJUNCTIONS – PREDICATES)

2. MECHANISMS FOR NOMINATION

SKOPJE 1997

ЗУЗАНА ТОПОЛИЊСКА

МАКЕДОНСКИТЕ ДИЈАЛЕКТИ ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА
КНИГА 1

С И Н Т А К С А

II дел

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

ЗУЗАНА ТОПОЛИЊСКА

МАКЕДОНСКИТЕ ДИЈАЛЕКТИ ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА

КНИГА 1

С И Н Т А К С А

Том II

1. МЕХАНИЗМИ НА ПРЕДИКАЦИЈА

1.2. СЛОЖЕНИ РЕЧЕНИЧНИ КОНСТРУКЦИИ
(КОНСТРУКЦИИ СО СВРЗНИЧКИ ПРЕДИКАТИ)

2. МЕХАНИЗМИ НА НОМИНАЦИЈА

СКОПЈЕ 1997

Уредник:

акад. Божидар ВИДОЕСКИ

Книгата претставува дел на проектот
Македонските дијалекти во Егејска Македонија

Во покривањето на печатарските трошоци учествува
Министерството за наука на Република Македонија

СОДРЖИНА

МЕХАНИЗМИ НА ПРЕДИКАЦИЈА

0. Сложени реченични конструкции 9

1. Конструкции конституирани од сврзнички предикати 9

1.1. Сврзнички предикати – показатели на асоцијативна врска меѓу наставните 9

1.1.1. Конјункција 10

1.1.2. Адверсативна релација 25

1.1.3. Алтернатива 38

1.1.4. Сврзнички показатели на споредба 42

1.2. Сврзнички предикати – показатели на темпорална врска меѓу наставните 43

1.3. Сврзнички предикати – показатели на каузација 66

'причина' 67

'последица' 75

'концесија' 77

'услов (импликација)' 80

'...со оглед на...' 85

'цел' 87

2. Кондензирани трансформи на сврзничкиот предикат и на неговиот втор реченичен аргумент 91

2.1. Трансформи конституирани од глаголскиот прилог 92

2.2. Трансформи конституирани од глаголската придавка 96

2.3. Трансформи конституирани од (од)глаголската именка 98

2.3.1. Предлошки трансформи со предлогот како единствен показател на предикатот 103

МЕХАНИЗМИ НА НОМИНАЦИЈА

0. Именската синтагма. Нејзината формална и семантичка структура 109

1. Јадрена именска синтагма 111

1.1. Конститутивниот член на јадрената именска синтагма 111

1.1.1. Конститутивен член во форма на составите *тоа што...*, *кој што...* и сл. 111

1.1.2. Конститутивна именка со задолжителна определба 114
1.1.3. Придавски збор во функција на конститутивен член на *ИС* 115
1.2. Дополнителни членови на јадрената синтагма 116
1.2.1. Придавски зборови во функција на дополнителни членови на јадрената именска синтагма 116
1.2.1.1. Категоријална конгруенција меѓу придавка и именка 116
1.2.1.2. Застапеност на одделни класи придавки и правила за нивна линеаризација 118
1.2.1.3. Придавските кондензатори како конкуренти на зависните именски синтагми во функција на дополнителни членови на именската синтагма. Именски синтагми во генитивен однос. Категоријата посвојност 123
1.2.1.4. Придавските модификатори како дополнителни членови на јадрената именска синтагма 156
1.2.1.4.1. Глаголската придавка во јадрената *ИС* 157
1.2.1.4.2. Придавските модификатори вградени во јадрената *ИС* заедно со именските синтагми што им се потчинети 160
1.2.2. Именка како дополнителен член на јадрената синтагма 161
1.2.3. Реченични конструкции (т.н. релативни реченици) како дополнителни членови на јадрената *ИС* 163
1.2.3.1. Релативни реченици без релативна заменка 173
2. Количествена информација во именската синтагма 174
3. Референцијална карактеристика на именската синтагма 191
3.1. Именски синтагми со идентификуван референт 193
3.1.1. *ИС* со конститутивни членови маркирани по определеност 193
3.1.1.1. Вокативни синтагми 198
3.1.2. *ИС* со конститутивни членови немаркирани по определеност 200
3.2. Метапредикати од типот *сиоти, истиоти* 209
3.3. Именски синтагми со неидентификуван референт 214
3.4. *ИС* употребени генерично 224
4. Апозитивни определби на именската синтагма 227
5. *ИС* како продукт на номинализација 232
5.1. *ИС* чии конститутивни членови се *Sv* 233
5.2. *ИС* чии конститутивни членови се *Sdv* 236
5.3. *ИС* чии конститутивни членови се *Sdad* 237
Кратенки за граматички категории 239
Користена литература 241
Summary 246

1. МЕХАНИЗМИ НА ПРЕДИКАЦИЈА

1.2. СЛОЖЕНИ РЕЧЕНИЧНИ КОНСТРУКЦИИ
(КОНСТРУКЦИИ СО СВРЗНИЧКИ ПРЕДИКАТИ)

0. Сложени реченични конструкции. – Во овој втор дел од мојата монографија ќе се занимавам со предикативни конструкции чиј конститутивен член не е глагол, туку сврзник. Мислам на конструкции од типот: *Шетам низ градот и ги гледам излозите. / Шетајќи низ градот ги гледам излозите...*, односно *Ручав **па** излегов. / **Откога** ручав, излегов. / По ручекот излегов...*, односно *Не отидов на средбата бидејќи врнеше. / Не отидов на средбата поради дождот...*, и сл. Семантичките структури оформени во гореприведените конструкции одразуваат настани **средени/корелирани во резултат на мисловните процеси на говорителот.** Одделните настани за кои зборуваат одделни дел-реченици говорителот ги доведува во врска: асоцијативна, временска, причинска, и сл. Главниот предикат кој ја сигнализира таа врска, т.е. кој изразува релација меѓу два настана е оформен како сврзник: *и, па, откога, бидејќи...* Со други зборови: имаме работа со сврзнички предикати кои врзуваат реченични аргументи. – Како последна алка на гореприведените синонимни низи се јавуваат конструкции во кои еден од реченичните аргументи е претставен како **трансформа** конституирана од нефинитен облик на соодветниот глаголски предикат: *Шетајќи, ручек, дожд...* Во првите глави од овој втор дел на „Синтаксата..." ќе се занимаваме со конструкциите конституирани од сврзнички предикати, а во следните – со нивните трансформи.

1. Конструкции конституирани од сврзнички предикати. – Гореприведените примери илустрираат главни семантички типови на сврзнички предикати. Тие изразуваат асоцијативни, темпорални или каузативни релации. Нашиот преглед ќе го започнеме од семантички најсиромашните, т.е. асоцијативните релации.

1.1. Сврзнички предикати – показатели на асоцијативна врска меѓу настаните. – Се работи за основните релации како што се конјункција, дисјункција, алтернатива, адверзативност и др. Семантички најсиромашна, а со самото тоа и најуниверзална меѓу нив е конјункцијата, а со термини на логички релации сите тие можат да се претстават како игра на конјункција и на негација. Зборувајќи за сврзничките предикати, а пред сè за асоцијативните, честопати ќе бидеме принудени да ги пречекориме границите на одделните искази. Имено, во некои типови нарација и/или кај некои раска-

жувачи асоцијативните сврзници спаѓаат меѓу основните средства со кои се постигнува кохеренцијата на текстот. Со други зборови: често исказите - како што се редат во текстот носејќи нови содржини – започнуваат со асоцијативни сврзници кои едноставно се јавуваат како сигнали дека истиот тематски мотив продолжува, сп. на пр. *И дојдов. И тогаш тој ми рече... И излеговме заедно...*, итн. Така употребените сврзници бидуваат – неосновано – толкувани како частички поради самата нивна иницијална поставеност во исказот. Овде нема да ја издвојуваме иницијалната наспрема „средреченичната" употреба на сврзничките предикати. Во текстот што следи во рамките на параграфите посветени на одделните типови релации ќе ги разгледаме редум, еден по еден, соодветните сврзници. Ми се чини дека тоа е најпрегледен начин да се претстават и нивните функции и нивната географија во јужните говори.

1.1.1. Конјункција. – Како што веќе реков, простата конјункција е семантички најсиромашна меѓу сврзничките предикати. Меѓутоа, треба да се потсетиме дека сврзничките, слично на глаголските предикати **а.** им поставуваат определени семантички и формални барања на своите аргументи и **б.** можат семантички да бидат дополнувани со некакви информации, некакви содржини вградени во аргументските конструкции. Така на пр. еден исказ конституиран од страна на основниот сврзнички предикат на конјункција *и*, зависно од лексичкото значење и од видот на глаголските предикати во дел-речениците може да изразува и темпорална, а и причинска, т.е. не само асоцијативна врска, сп. *Ја читав книгата и правев белешки.* – истовременост, *Ручав и излегов.* – последователност во време, *Паднав од скали и скршив нога.* – последица, и сл. Во долуприведениот јужномакедонски јазичен материјал не ги изделуваме таквите збогатени релации.

И претставува сигурно најуниверзален и семантички најсиромашен сврзник. Носи двојна информација: примарната, вградена во основниот тек на кажувањето, дека говорителот ситуацијата претставена во претходниот исказ/пасус ја асоцира со ситуацијата за којашто сега ќе стане збор, и секундарната, метатекстуалната, дека (врз основа на споменатата асоцијација) текстот продолжува. Базата за асоцијација слободно варира иако најчесто се работи за широко сфатена и не задолжително експлицитно изразена просторна и/или временска поврзаност. А еве селекција јужномакедонски примери: *Сој сéфте нáјде самéго брáтá му Пéтра и му рéче...* МЕЦ, *...áко окóшто ти е крúво, вéсјо трúп жа ти е тéмнúчеф. И áко сфетлинáта шчо úмаш на сéбе éсти тéмнúца, тéмницáта кéлко жа е.* МЕ, *Поминáје сéтни гóлемúти зенúóви и кúнисáје да се смјá со кéрозúно.* МЕЦ, *Бéше éден мáш и-éдна жéна и-си-имáја éдно дéте.* ШК, *Устанáја двéте деца сирáци, бестáшко и-бес-мáјка. И дојде мáрúј.* ШК, *Ено врéме бéше еден-цáр и жéна-му нé-му рóдваше. И-еден-дéн му-вéл'и жéна-му...* ВН, *„утре јáска за-ти-úдшча л'úди да-úдше зáено." И н-отúрнúта, кóга-се-осúна, и-úдли чúдата – грéде двá корфелáци и-ена чúда на-ена-колúчка и-носе на-ена-сипéшка злáтни úл'áчке и бде прáво úри-чúдата и-му-вéле...* ВН, *Свéшите брáка му го*

пречéкаје, и отúде си Рúстос... МСЦ, *Кóј кýртули – кýртули, кóј нé – нé. И сéтне áлбанци на прéзеа.* ШД, *Прáеме и биéјница. И од биéјницатаýрда íзлегува.* ШД, *...една-змúја...замúна́ ут-тóк ка́минче на другúту. И јáс тóгáј привикáк: „Бре́, една-змúја му-вéл'ам!" И тóгáј уфицéрут са-чúна́: „Бре, кáква змúја?!.* БМег, *Ако стрéтнеш лош сáт и си наоúаш пред гулемо зло за твојúто живóт, ти ќи кажеш: „Каракусам кавалар" и јаска на адни сáм ду тепка.* УЕ, *На нéго му бéши жúвот, и жúвот му бéши вúдело на л'ýдите; и виделот сфéти на темнúца, и темнúцата нé гу пузнајáле.* Вк, *...óти сé шо ми си дáл, и ми кажá, му а дадох на нúх; и óни а зéле, и пузнајáле истúна, óти ут тéб испаднáх, и верувáле óти тúќ ми а пушти́ќ.* ВК, *А тáкóф стучáр, гáзда бил. И нáй-чувéците дáвал, ама сéга ето изнáмошáн устáнуве. И сá ус-бáбата си гýворáт:...* ПДој, *Е, глáвата мáзéл и-гá-уднáсéл нáй-жéнá-му. Ú ричéл:...* ПДој, *Óни мислúли-сá дá-сá-истéпини – и-нимáло. И дујдéл нéкој кумúтин, сáрдúсе сéлто, фáште Турцúте, ги-затвóре уф-цáмúта и фрле двé-трúќ бóмби;* ПК, *Тóги нéмше тáкéќ рáбóти кýту-сéга ка́ нма. И тувáрáваа, тó стóка зúмаа ут-Сóлáн нá-Кýкуш нóсаа. И úдаа на-вéчáрта, лéжаа уф нáшто сéло.* ПК, *...ја гл'éда, инá хýбава мóма и ја уп'áва удусáт' úксанóту и гл'éда, п'áј: „зарáт тас мóма си умр'áх." И си вилú тој: „тáшку умр'á зарáт тас мóма, да јас ни утúвам да ја в'énам?" И з'éва инá турбá парú и трáгнува.* МС, *За умрáкни, за зáпра блувéту и за ха пýсна да пучúнаш и за трáгна да си пóда у думá..* МВ, *„Јаз, брáшку, кашý тéбе бéх таксилдáрин, и ме најдóха еднú хајдýци, ми соблéкоха и ми земáха сúчко, и сегá ми е стрáм кáк да излéзам прéш господáро ми и прéш човéците, и затовá хóд'а по тáја гóра."* В, *И стúгнаха на едúн хáн да присјáш. И на хáна úмало еднá ходајá хýбава, та л'у кój да пресп'úќ в нéа, ни осáмновал. И тój рекáл на ханжúата да расчúстáш ходаáта за да прúсп'áш сас халáјшката в нéа. И ханжúата му кáзал...* В, *...мájка му ни гу пýчала. И като падвúло дéтето, úспратилá гу и гу прúклéла, сас косé чова'к да ни прúказова пó пáт'а.* В, *...амú ако é боедúн да тачи бóга и да прáви вáљата му, нéк услýш'ова, отв'ак ни сá е чýло да е отбрил н'áкој очúте на сл'áј родéн чул'áк.* МТ, *Пак тој му рéче: чéдо, ти си фсе сас мéне и фрéш мóите рáботи тóи са; сегá прил'áгаше и ти да са рáдуваш, óти товá ти брáт умр'ál бéше та ужув'á и загубéн бéше та са нájде.* МТ – многу карактернстичен пример кој јасно укажува дека во Трлиското евангелие, и само во овој текст, еден друг сврзник, нмено *та*, е пообичен од *и* како показател на конјункција.

Единственото барање кое предикатот 'и' им го поставува на своите аргументи е асоцијативната врска меѓу нив што ја воспоставува говорителот. Именската синтагма исто така може да зема облик на конјункција од два или повеќе елементи, меѓутоа таквите ИС по дефиниција претставуваат кондензации на конјунктивни конструкцин остварени на ниво на комплетни искази. На пр. *Петре и Ана се мои ученици.* значи колку 'Петре е мој ученик и Ана е мој ученик', и сл. – Предикатот *и* бара задолжително присуство на два аргументи, меѓутоа може да се случи еден од нив да не биде експлицитно оформен на површината на текстот. Најчесто тоа се случува

токму кај кондензираните именски конјункции. Сп. ги на пр. метатекстуалните констатации од типот: *И ас та́м бих, мо́ре Коста, и ас видéх.* ПК, т.е. 'не само јунаците на приказната што ти ја раскажав, туку и јас учествував во раскажувањето настани', и сл. Сп. и: *Кашу чу така́, извади́ са́бјата, гу зака́ли и не́гу и му вел'а́ши:...* В – се подразбира дека порано ајдутинот за кого станува збор колел и други луѓе, и сл. Така употребено, *и* се доближува семантички до сврзничкиот состав *не само ... туку и ...* Употребуван во својата примарна фупкција, т.е. како сигнал на чисто асоцијативна врска предикатот *и* не поставува никакви барања во однос на редоследот на неговите аргументи. Овој редослед е резултанта на комуникативната хиерархија (комуникативната перспектива) на текстот. Меѓутоа, ако е во прашање временската и/или причинската врска, тогаш редоследот е зацврстен иако пак информацијата за тоа не ја носи сврзничкиот предикат, туку таа е кодирана во лексичкото значење на глаголските предикати што ги конституираат речениците-аргументи. Временски мотивираниот редослед обврзува и во случај на причинска врска меѓу аргументите при што причината мора да ѝ претходи на последицата.

Почестата или поретката употреба на *и* во кохерентеи раскажувачки текст, пред сѐ неговата употреба на почетокот на одделните искази, во голем степен спаѓа меѓу индивидуалните одлики на стилот на нараторот.

За составите како и тогај, и напокон, и затоа... сп. подолу 3.1.2. и 3.1.3.

ТА како сврзнички предикат е синонимно со *и*, меѓутоа има друга синтаксичка и географска дистрибуција. Почнуваме со примери: *И ко́га да ѕоста́ше, да не се сторе́ше кај што шчо ѕо́сте та се помýртве за да се ви́де ѕрет л'удѕи́ ви́ши ѕо́сте со образѕи́ расипа́ни.* МЕ, *...шича́ше ѕона́ѕре царшчина́та Госѕу́ѕо́му и ѕравина́та то́ѓова, та се́шнај жа ви се да́де и сфја́чке сја́зи.* МЕЦ, *Ај да си одиме дома та шчо д-иѕи нека ни сѕори ѕоѕо.* МЦ, *Куми-Ѓон се наули мно́го и и рече: „Ај та да видиш...“* МЦ. Во костурската монографија од Шклифов читаме: *„Сос с'ъјуза та се изразява ѕоследова́телност на деј́ствијата. Този с'ъюз се уѕо́требява рядко.“* ШК, 125. Следи цитат: *„Ýтре ке-ода мла́ѕ керажѕја, / млаѕ керажѕја дур о-Софѕја. / Та́ ке наја́да мно́гу невéсѕи, / та́ ке-изра́двам мно́гу ода́јки.“* (ibid.). Цитатот не ја потврдува констатацијата за последователноста на дејствата, меѓутоа што се однесува до фреквентноста на сврзникот *та* во Костурско, навистина во текстовите приклучени кон монографијата најдов само уште една потврда, повторно од песна, сп. *„Зéто ми-се-бря́чи, / та-ко́ј ми-го-бря́чи?/ – Кумо́ви и-бра́ѕими.“* ШК – овде *та* се чини изофункционално со *а*, а не со *и*. Во други текстови од Костурско со кои располагам, не најдов никакви потврди. Во својата монографија на долнопреспанскиот дијалект Шклифов реди низа потврди за *та*: *„Ке го чу́кна по́ гла́, та шо́ са́ка ѕа́ка ста́ни. О́, ма́јке, ѕи́ке два́та, шо бе́а по́ѕитри, ре́че (мајката), не́ са вăрнаа, та ѕи́ке са вăрниш. Си би́л не́ко́ј си ца́р, та не́ му́ дал го́сѕо ма́ли.“* ШД – и овде вторнот по ред пример сугерира синонимност со *а*; сп. долу пошироко за таквата употреба на *та*. Натаму: *Е́, не́јсе, та́ мина́ шо-мина́,*

на-призе́ уфицéрчиту шо-бе́ше... БМег, *фатѝла та́ му-закăра́ла еден бе́л-трипе́зник, гу-вăрза́л то́ ку́пут.* БМег, *...ки-си-а-угра́дме та́ ки-по́чне да-си-ше́те бу́тта пу-ве́јкта...* БМег. Во голем блок текстови од Епицевардарско од Угриновски не најдов ниту една потврда за *та*. Меѓутоа Каранфиловски, иако со забелешка дека сврзникот *та* се појавува ретко, сепак наведува неколку примери, сп. *А́бе не́кој не са́ка да́-си-жени та та́ка му-ă-фа́рли уф та ба́рата...* МЕВ, *Идно́ Вла́у се́дише там нă-идна́ ку́ка, та идно́ дете и́мăше дисти́на гудѝш...* МЕВ. Единствената потврда што ја приведува Вајан од Кулакиското евангелие ми се чини сомнителна. Цитирам*: Афе́ндо, та гле́дам, ти́ си Профѝтин.* ВК; во современ превод соодветниот пасус гласи: *Господи, гледам дека си Ти пророк.* Јов 4/19; ако навистина имаме работа со сврзникот/партикулата *та*, тогаш интерпретацијата би гласела 'пели гледам...', или нешто слично. Меѓутоа, ми се чини дека формата *та* тука би можела да биде и коса клитичка форма од личната заменка за второ лице еднина; имено, самиот Вајан за повратната клитика дава две варијанти *са́* и *с* (ВКМО), истото би можело да се прифати и за второто лице. Пеев во дојранската монографија воопшто не го спомнува сврзникот *та*. Меѓутоа, во текстовите приклучени кон монографијата може да се најде по некој пример, сп. *...ка́ тре́сум кру́шта, а́мă да́-вă-извăрзум, ра́че́л да́ не-ма́-усти́ва́ше, да́-не-до́а́т не́кој авци́, та́-да́-ма́-усти́ва́ше ме́не са́м нă-кру́шта.* ПДој, сп. и: *Е, гла́ва́та ма́-зе́л и-гă-уднасе́л нă-же́нă-му. ра́че́л: „Гла́ва́та, ка́жа́л, на́. Те́ та́ква́, та́ква́-ј ра́бо́тта.* ПДој... Ни во кукушката монографија Пеев не го спомнува сврзникот *та*, а тука ни во текстоте не го најдов. Не го најдов ни во лагадинските текстови од Малецки. А еве некои примери од збирката на Верковиќ: *...но да напра́ви́ми таја сто́ка, што зема́хми ту́ка, да и́ди́ми на м'а́сто да га продаде́ми, та се́тни да ви́ди́ми!* В, *...сега да́ј ми на ме́ника она́, што ти да́дох, десетја́ мо́јте гимѝ сос сто́ката, та другѝте, што си доби́л, тѝнака да ги зе́миш...* В, *...ја́зе ки и́дам да му ка́жа на цар'у́т, та да ви́диш тѝнака. В, ...тинака по-напре́т да си ка́тиш, та после аз.* В, *Ама пепелар'у-вут син беши мно́гу хитăр, та колај не можиши човек да гу исмами.* В, *И тојнака, кривоју, гу зема дервишинат и гу закара дури на онова место, та земал хазната и са вăрна...* В, *Дојде́ вр'аме, сакаши да сл ужени шуре му, та дојде баба му, пехера му, да гу кани на свадбата.* В, *Хазната останала на сиромахо, та ету сос три алтăн, што и дал на д'адоту за три лафови, сос тиа трите доби една хазна.* В... Меѓу другите примери, најдов доста примери со *та* во материјалите собрани од Верковиќ од Висока, па се чини дека во однос на текстовите на Малецки во тие материјали е одразена постарата состојба, сп. *Кога шче да си вјахни нивјастата на кон'ут да киниса, ошчи на ташкова и кашча, за разбши едното малка колачинта, та за ги метни напре́т...* В, *И кашу за го бричаш, зенг'ут изважда неколко стребрени пари или онлуци, метнува нетри на тавлата, та ја земуваш две-три деца...* В, *Тогај кумот има хазăр ка́тки от брăшлан та на сите кумови и на сватови им дава по една ка́тка брăшланова...* В. Уште почесто го среќаваме *та* во Верковиќевите текстови од Серско*: И на но́зикана час*

сла́хал са та заминова́ше о(т) та́м ца́р'а, като́ тивди́л... ВС, *...и като́ си отишел на сара́е, пу́снал л'у́де та ги дока́рали.* ВС, *И пак похто́рил ца́р'а та ги пои́тал...* ВС, *„Јас ре́кох – да е така́ф ца́р'а да ми даде́ хилјда гро́ша и една́ халајтка, та да си и́да.“* ВС, *На Ца́рногро́рцката земја има́ло една́ р'а́ка, та од на́зика́на р'а́ка фа́тали ка́та ден по една́ ри́ба.* ВС, *И се вр̀нал ахчи́ата та ка́зал на ца́р'а.* ВС, *Едно врем'а има́ло на една́ касаба́ еди́н визи́р та би́л мло́го бога́т...* ВС, *И на сана́ му се еви́ло едно́ д'а́до...та го́ пои́тало...* ВС, *...си завр̀т'а гла́ва́та та пу́гле́да фре́т хо́роо...* ВС... итн. Исто и во Трлиското евангелие *та* е пофреквентен показател на конјункција одошто *и*, сп. на пр.: *...ами́ от бо́га са роди́ха та лакарди́ата ста́на снага́ та са собра́ сас на́с та му ви́дехме сла́ва́та...* МТ, *Отговори Јису́с та му ре́че: ...* МТ, *...и́дите та ка́жите на учени́ците му и на Пе́тра, о́ти тој шта и́де по́ најреш от вас на Галиле́а, там шта гу ви́дите, като́ как ви ре́че. Та изл'а́зоха на́барже та поб'е́гнаха от гро́ба, о́ти ги фа́ти сра́х и о́трес, та на ни́кок ни ка́заха ни́што, о́ти ги бе́ше срах.* МТ, *На нова вре́ме до́јде Јису́с на едно́ гради́ште Самари́јско... Та там и́маше боно́ре Јако́вуф, пак Јису́с, като́ оморе́н от пу́те, се́дна така́ ду боно́ре; та бе́ше саха́те каде́ шес, дохо́да една́ же́на от Сама́рија да пока́ра о́да от боно́ре. Та́ хи ре́че Јису́с: да́ј ми да пи́е... Та му ре́че Самари́јската же́на...* МТ, итн. Јордан Н. Иванов во својот опис на говорите во Серско и Драмско во главата посветена на „лексичко-синтактични особености“ пишува: „Съюз та, както и във други български говори, се употребява вместо книжовните *и, че: зе, та го уда́ри; до́јде си, та му ле́гна; докараха го от гра́до, та падна́; о́дил пеш, та се умори́л; зел, та обра́л салка́мо* и др.“ ИПГ 208. За *та* во состав на сврзникот *тачен* сп. подолу.

Како што покажува горната слика, *та* како предикат на конјункција е присутно, иако не многу фреквентно, во западниот дел од нашиот ареал, а го нема во централниот блок говори во Ениџевардарско, Кукушко, Солунско, иако во последниот случај ситуацијата не е јасна. Имено, знаеме дека главнината од Верковиќевите приказни се од Солунско, а во нив, речиси во сите, иако не многу фреквентно, *та* е присутно. Оваа состојба сугерира дека во игра не е само факторот простор, туку и факторот време и дека разликата меѓу Верковиќ од едната и Малецки од другата страна може да значи дека со време *та* се повлекло од говорите на Сухо и Висока. Таквата претпоставка би можеле да ја поткрепиме и со фактот, дека во Верковиќевата збирка спорадично наоѓаме *та* и во текстовите од Ениџе Вардар (т.е. „от Пазар“), додека во голем блок современи текстови од Ениџевардарско не успеав да најдам ниту еден пример. Сп. *Тогас цар'у́т са чудиши, как да сто́ра, та и пу́снал л'уди на друга́ царчина, баби да те́ра, да отрод'а́т него́ваа́та царица.* ВЕ, *„Не е харно, човек на Бога да погреши, ча јазе са мол'ах, ченду да ми даде, та нека е л'у́та змиа.* ВЕ, *И тој киниса та оти́де на планина́та и викнал „партал мајко“. Та излезе прас една сте́на една ста́ра самовила и му вели...* ВЕ. Значи, би можело да се претпостави дека на времето *та* во конјунктивна функција било присутно во сите јужномакедонски системи, а на југоисточната периферија покажува дури

тенденција да ја преземе улогата на *и* како основен сврзник со таква функција. Треба и да одбележиме дека во некои текстови од Корчанско *та* се појавува во една друга улога. Пред да понудиме некое толкување, еве два фрагменти од дијалогот: *„Кума-Малијо ! Г-је мешта? Кој ѓу-зједе?“* – *„Та знјем је? Ти можи ѓу-маш изедено“* МЦ, и: *„Ѓ-има сватови, мор Кума-Малијо?“* – *„Та ја море, тамо ѓоре н-и виде?“* МЦ – како што се гледа и двата фрагменти се од истиот текст од истиот дијалог. *Та* се појавува во иницијална позиција во дијалошка реплика која функционира како одговор на прашање. Во францускиот превод од Мазон првата реплика гласи: „Et le sais-je, moi?“ а втората: „Mais là-haut, tu ne les a pas vus?“ Се чини дека имаме работа со „метатекстуална конјункција“, со показател на надоврзување во дијалогот, најпосле: со функција која почесто му припаѓа на *а*; за соодветната интерпретација на *а* сп. подолу. За редоследот на аргументите на сврзничкиот предикат *та* mutatis mutandis се однесува истото тоа што го рековме горе во врска со редоследот на аргументите на *и*.

Иванов (ИПГ 208) наведува уште еден предикат на конјункција: *тачен*. Еве го соодветниот фрагмент од неговиот текст: „Обикновено при копулативни изречения съюз та често се засилва с *че*. След дълга употреба на двата компонента един край друг те са се слели в *таче*, а полученият комплекс се е удължил със съгласна н. Така се стигнало до твърде распространетата форма *тачен*: *Гле́да, ѓле́да, тачен си тъ́рѓна; въ́рна са, тачен ле́ѓна; да́доха му л'а́кове, тачен засна́ и са укроти́; ѓле́даше го, тачен му ре́че*, и др. Сп. *ре́коха, тач до́јдоха и ученици́те му* ТЕ.“ Последниот пример е од Трлиското евангелие. Судејќи по примерите *таче(н)* покрај конјункција имплицира и редослед на настаните, т.е. има од прилика интерпретација ‘и потоа’.

ПА како предикат на конјункција не секогаш е синонимно со *и* и со *та*. Го наоѓаме низ целата јужномакедонска територија, а неговата фреквенција во одделни текстови во голема мера зависи од индивидуалните навики на говорителот. Слично на другите предикати на конјункција и *па* или се јавува во централна позиција во сложената реченица или дејствува „преку реченичните граници“, т.е. се јавува во иницијална позиција. Еве една селекција карактеристични примери: *...Јо́сиф од Ариматија́ ... му се изма́ли везиру́ту́му Пила́ту за да зе́ми тру́по Ристо́соф от кре́сто, и Пила́то му да́де ѝзин да го зе́ми. Па то́ко до́јде и кре́на тру́по Ристо́соф.* МЕЦ. *...и во тој ѓро́б ни́кој нико́ј па́ш не бја́ кла́ден. Па то́ко та́мо за пето́ко чефу́ш-тим о́ти бли́зу бја́ше ѓро́бо, кла́дое Ристо́са.* МЕЦ... Сп. и: *Му отѓово́бри тој ти́ем...Опе́ш па му рекбе́:...* МЕ... – се чини дека во употребата на *па* како во горните примери насекаде е вградена идејата за врменскиот редослед на настаните; оваа значенска компонента би го поврзувала корчанското *па* со стандардната партикула *пак*, додека во борбоштенскиот дијалект во значење ‘пак’ почесто се јавува *опеш*. Не е неинтересен и фактот дека сите примери на таквата употреба на *па* доаѓаат од евангелискиот текст. Исто така во евангелискиот текст и само таму наоѓаме и едно друго *па*, значенски најблиско до стандардното *ама* (сп. долу) на пр.

Сѐтне а́ко око́то тфо́е е́сти чи́сто, тогас и ве́сјо тру́по тфој е́сти пресфе́тен. Па а́ко око́то тфо́е е́сти лошо и кле́то, тогас ве́сјо тру́по тфој е́сти те́мно. МЕ, *И тој му ре́че: „Ја ве́лјам о́ти е́сти е́ден профи́тин.“ Па не верва́е чефути́ти за не́го о́ти бе́ше сле́п...* МЕ, *Ако му прости́те л'уди́тим што в-и́ме фтеса́но, жа ви про́сти и та́тка ваш, небеско́му Господинбо́к, ваше́те фтезби́не, па а́ко не му прости́те ви́је фтезбине́те л'уди́тим, ни́ти та́тка ваш, Господинбо́к, не жа ви про́сти вам фтезбине́те ва́ше.* МЕЦ... И едното и другото *па* ги наоѓаме во текстови од различни преведувачи така што треба да ја отфрлиме хипотезата дека се работи за индивидуални разлики. Мазон во речникот го преведува *па* како ‘encore, de nouveau’, и се повикува при тоа на еден од наједнозначните примери на таквата употреба: *Опе́т пу́шчи други́ измики́ари, пове́ке от парви́ти, и ти́ам па та́ка му сторѝ́е.* МЕЦ. Со други зборови: Мазон го бележи *па* само во функција и со значење на стандардната партикула *пак.* Како што рековме, пофреквентно во ова значење во бобоштенскиот дијалект е *опе́т.* Шклифов во својата костурска монографија кажува еднозначно дека „Със съюза *па* се изразява последователност във времето.“ И продолжува: „Примерите с този съюз са малко: *До́јде при-ме́не, па ми-ре́че да́н-са́ ка́раме. О́јду на гра́до за-рабо́та, па-на-дру́гио де́н са́-ва́рна до́ма. Спече́ли то́ј по́бри, па-и-изе́де.* ШК. Во леринските текстови од Мазон *па* ретко изразува „чиста“ конјункција, меѓутоа релативно малиот број на примери и контекстуалната обусловеност на одделните значенски варијанти ја отежнува оценката дали имаме работа со вистински варијанти или со неколку хомоними сврзнички предикати. Во одделни контексти мошне жива е и врската со *пак,* кое редовно се јавува со своето стандардно значење. Еве неколку карактеристични примери: – *Земе́те и да́јте ти́ја на ли́бите. Но́ка ј изе́де“, ве́ли царо. Па вди на у́тро пак курацијата да ли изе́доа л'у́дјето.* МСЦ – еден пример кој имплицира временски редослед па настаните, а истовремено ја илустрира разликата меѓу сврзникот *па* и честичката *пак.* Натаму: *Во́ко до́јде да зе́ми ти́ја, па голе́мо сака́ше, и Го́спо го у́дри на полу́јната...* МСЦ – чиста конјункција. Натаму: *Пона́ки на е́дно по́л'е излегоа: та́мо момчин'а ... си фрлаа́т ка́мен ... Па на е́дно ме́сто се пла́тиваје борци́јте.* МСЦ – конјункција со нијанса на спротивставување, т.е. функција блиска на онаа на сврзникот *а* (сп. подолу). Натаму: *Була́јцата, деме́к, па ќе би́ди була́јца, ченѝцата па ченѝца.* МСЦ – значењето на *па* овде би можеле да го парафразираме како ‘и понатаму’, што е веќе мошне блиско до значењето на *пак*, а и синтаксичкиот контекст покажува дека имаме работа со класична партикула, а не со сврзнички предикат. Натаму: *...и вој фа́ти е́дна гре́да, па пли́вај, пли́вај, пли́вај...* МСЦ – конјункција + временски редослед. Натаму: *По́то ойти́ва ни́ваа́та: – „Е, мори́, чи́ја си?“ Па сѝн му одо́лу да́де гла́с отна́тре: „На по́то су“.* МСЦ – пак значење блиско до она на *а*, поврзано со временски редослед. Натаму: *„Сто́ и пе́десе“ – „Но́го се ти́ја“. Пак друг ре́че: – „Сто́“ – „Па но́го се“. А доне́соа на пе́десе гро́мој: „Па но́го е“, ре́коа.* МСЦ – пак значење на паратикулата *пак*; Мазон преведува со „encore“. Останатите примери како и

примерите од костурските села што ги регистрира Мазон не внесуваат ништо ново, а го потврдуваат претставеното шаренило. Ова го потврдуваат и поновите текстови од Леринско од антологијата на Видоески. Наоѓаме во нив *па* во функција на партикула со значење 'пак', 'исто така', како и примери на *па* – сврзник со значење 'и', 'а', сп.: *Же́ната па́ пе́реше на-ре́ката.* ВОшчима – 'пак', *Му-се-на́жали ду́шата на-по́то шо не-мо́жеше да-си-ана́јди ку́ката, па си-ре́че: „Мо́ре се́а ми-е-за́бар'лаена гла́ата, до́-зори ќече́кам па ќе-а-на́јда."* ВОшчима – 'и потоа', *А-ста́рите – па́ не́-му-чи́ни наста́рите.* ВНерет – 'пак, исто така', *Све́ке Та́нас но́гу у́баф о-напраќе, Све́т Нико́ла па́ у́баф, Све́ти Лу́ка па́ у́баф, се́те цркви и-изнапраќе но́гу уба́ќ.* ВНерет – 'пак, исто така', *Па́ то́гај, на-то́а вре́ме па́, бо́лес нема́ше ни́каква.* ВНерет – интересен пример каде што првото *па* личи на конјункција а второто на партикула, *...си-пра́е ку́ки, па́ се́тне со-пи́а си-жи́ве уба́о.* ВНерет – темпоралната компонента се изразува со *сетне*, а на *па* му останува улогата на „чиста" конјункција, итн. Се задржав прилично на ситуацијата во Леринско бидејќи таа, се чини, претставува клуч за различните лексикализации на елементот *па* во одделните дијалектни системи. Продолжуваме со примери од Мегленско: *И ја́с две́та́ пу́шики на-ра́мо и каза́нут на-едно-да́рву, а он, па то́рба́та.* БМег – ова личи на состав *а...па*, каде што *па* го засилува спротивставното значење на *а*. Натаму: *О́ѳима́ се́га, па́ кра́ј-се́лто си-ќи́ма́ скрива́лиште за-пу́шките...* БМег – типична сврзничка употреба. Натаму: *„Кој? А, бре́, не́ ви́е, па́ уд-ва́с не́кој...* БМег – 'а', *Са-убра́јка на-дру́гта сра́на су-гъ́рбут, па́ пу-гъ́рбут гу-уди́ра.* БМег - *Ама тре́ба, аку-мо́јма да-ви-бе́гма́ и ќи-ви-бе́гма́.* БМег – пример интересен по тоа што дозволува двојна интерпретација на *па* – и како сврзник и како партикула. Таков е и следниов пример: *„О́јте на-сто ме́три!" – па́, та́м имише еди́н-да́ѳ.* БМег... Се гледа дека во Мегленско *па* е во честа употреба и – како и во Леринско – бифункционално е. А еве примери од Еничевардарско: *...добро афендо дај ми ја кни́гата, па́ ќи ти ка́жам што пи́са у не́а.* УЕ, *Ко́га гу видел по́пот на вла́дикта дека бргу уздравел, па́ и на го́сти му иде му вели...* УЕ, *...и зафатил да чека да си стемни, па́ дур тогај да влези дом-мо.* УЕ, *Секој ден без кавал не тргнуваше на ни́вта, па и там наместо да ора се свирише су кавало́т...* УЕ – додека во претходните примери *па* можело да се парафразира со 'и, и потоа', овде се налага парафразата со 'а'; натаму: *...јаска знам оти ти дојде за мојта ќерка, па́ јаска ќи ти ја дам за нивеста.* УЕ, *Јаска имам да палам ешќе две мина брашка, па́ сеа и них требува да и најдам...* УЕ, *...а сеа ошќе појќе си занајтил, па́ дури и зафати́л да гу пцуе на детето.* УЕ, *...јаска и така, и така ќи умрам, па́ за што друк да ме́ќам? – си рекол мајсторот су умот.* УЕ... – во последната серија примери насекаде имаме конјункција со една нијанса на заклучување, иепгто како 'и во таа ситуација', 'и тогаш', и сл. Во истиот блок текстови *пак* се јавува редовно со стаидардно значење. Во речникот кон Кулакиското евангелие Вајан го преведува *па* со 'mais, et', што од прилика одговара на 'и, а', а еве неколку примери што го потврдуваат таквото толкување: *И риче́ на ни́х: Што са́ сторѝле? Па ви́ти му са́ ре́кле на не́го...* БК, *Да па Чифу́тите*

сă чудйле... ВК, ...*бйи друґ шо шо сéј, йа друґ шо шо жнйј*. ВК... – доминира спротивставното значење. Истовремено во текстот на Евангелието наоѓаме и *йа* во функција на партикула, сп. *Гуворй йа бн, да му рéкăл*... ВК, ...*сă вăрнăле йа на Јеросалйма су нбго рáдус*. ВК... – оваа ситуација нè наведува на заклучок дека бифункционално *йа* е карактеристично за постарата етапа во развитокот на системот, а дури подоцна доаѓа до специјализација на *йак* – паратикула и *йа* – сврзник. – Во својата дојранска монографија Пеев го наведува *йă* меѓу „најчестите копулативни сврзници“. Оваа констатација ја илустрира со пример: *Сум сă свикнăла сáма йă не мбжум ус чувéк*. и продолжува: „Сврзникот *йă*, освен со основното значење, го среќаваме и како партикула за засилување: *Трăгнă йу нăвéсша, йă шăйăне, йă свйрки, йă йéсни, йă цимбйи. Кучăшо йă сăдéл, йўйăша н'ă јăдéл. А он йă чăкбр бил, не бйла жéн-му*. Со таква функција се среќава и во простите искази: *А йă чинйле збор йó-пишйн. Пá кумшй биле ус цаго. А йă рăбушйл зă едйн лéйче*.“ ПДој – последната издвоена функција главно одговара на спротивставното *а*; новост во однос на досега разгледаните примери претставува редоследот – можната постпозиција на *йа*, интересни се и составите *а...йа*... што со истата засилувачка функција ги сретнавме веќе во Мегленско (сп. погоре). Во својата кукушка монографија Пеев пак кажува дека „од копулативните најчеста употреба имаат сврзниците: *и, йа, да*...“ и додава: „Сврзникот *йа*, освен со своето основно значење, се јавува како партикула: – *йă шрéва ймше, шам и стбкăша йăше; – йă шăшко-ми и брăш-ми, шó уф-Сăрбја шо умрé; – ...йă бни ус-кблша устăнăа нăsăди; – и йу-рўчбк, кулу ўжина, знáче, вујскăша йă сă-шăргна, йă нă-săде сă-вăрнá*...“ ПК – за жал сите примери се од овој тип, без поширок контекст кој би укажал па што се падоврзува исказот што почнува со *йа*; меѓутоа јасно е, дека за Пеев разликата меѓу сврзник и партикула се сведува на иницијалната наспроти средреченичната поставеност, т.е. на линеаризацијата. Семантички горе-приведените примери како и другите што тој ги наведува по тој повод дозволуваат *йа* да се парафразира или со ‘и потоа’ или со ‘а’. Натамошни примери барам во текстовите приклучени кон монографијата: *Сăгá удйх йă-нéма нйшшо. Сéга бих, шаа éсин*. ПК, ...*аднй зăминăа зă-Кукўи дерéк, нé зăпрéé ду-рéкша, а йа адйн клон ф-нăшшо сéло зăвăршéа йу-йăшо*. ПК – пак составот ...*а йа*...; патаму: *Кăрáме, кăрáме ду-Пурбј, нăшше йă шăм ги-најдéме, шăшко и мáјка*. ПК – типично копулативна функција со *йа* во постпозиција; патаму: *И нйă сшујáме йешнајс дéна, йă нă-мбж сă-рéшме сјбдме*. ПК... Со значењето ‘пак’ во принцип и се појавува *йак*, сп. *Си-вйкме: ду-шăа йлáнна к-бјме и йак сă-вăрниме*... ПК, и сл. но сепак во некои контексти и *йа* е блиско до тоа значење, сп. *А-бе дéцша сј-устăвйă чувéцше. Јá шкá нă-мбк дó нбсе жéна, нéкуј вујйнк ґу-зéме, ґу-шўр нă-кбјно, ґу-кáре бн, нéкăде ак сă-нă йă к'ин-ґу-дá*. ПК, и сл. Значи, како дојраискиот така и кукушкиот говор нудат цела гама па значења и фупкции, од сврзник до партикула, со надоврзување на претходниот текст како единствена инваријанта. – Во лагадинските текстови од Малецки воопшто пе го наоѓам сврзникот *йа*, додека партикулата *йак* е прилично фреквентна и со

стандардно значење. Слична е снтуацијата во Верковиќевите текстови од Висока, но сепак таму најдов еден пример на сврзничка употреба на *па* како и еден пример на *па* употребено во функција на инаку фреквентната партикула *пак*, сп. *Кога мес'ат, онаја дивојка за над'ани от зент'ут фесот, да така ки фати да меси, па другите около за пејат песни свадбарски...* ВВ, и: *Тогај излева зент'ув татко, ја изважда от кон'а па пехера ќ сос две ламбади запалени, ја дава ламбадите на нив'астата, сос св'атило да влези на удајата.* ВВ... Во текстот на Трлиското Евангелие *не го наоѓам* обликот *па*, додека *пак* се употребува со сврзничка, спротивставна функција, сп. *нувá шту сá é родúло от снáга, тој é снáга, пак новá шту сá é родúло от дýх, тој е дýх.* МТ, во современ превод: *зашто, роденото од тело, тело е; а роденото од Дух, дух е.* Јов 3/6, натаму: *Вéли му женáта: господáр'у глéдам ѓти си профѓтин, нáшите баштѝ на тáзи планина са поклонúха, пак вие врéвите ѓти на Јерусалúм е м'áстото, кадé тр'ѓбова дá са покланеме.* МТ, во современ превод: *Нашите татковци се клањаа во оваа планина, а вие велите дека во Ерусалим е местото каде што треба да се клањаме.* Јов 4/20, натаму: *И кáту дóјде на сéбе си рéче: сегá на колко бáштови ми ѓунлукчѝ артúкова л'áи, пак јас загúновам от глáд...* МТ, во современ превод: *А кога дојде на себеси, рече: Колку наемници при татка ми имаат леб во изобилие, а јас пак, умирам од глад.* Лук 15/17... Слична е ситуацијата во Верковиќевите текстови од Серско: обликот *па* не го наоѓам, додека *пак* се употребува и како партикула со стандардно значење и како сврзник со значење блиско на *а;* во последната функција *пак* често, иако не задолжително, се јавува во состав со *а*. Сп. *Тогá двамúната навáрвúха да си úдат, а пак трéтиа си рéче: „Сам шчо шче да прáв'а бис дрогáрето?“* ВС, *И цáр'а ... попúтал ха(н)жúата, колку му прáви харчтá, а пак тој му кáзова:...* ВС, *И катó вúдел цáр'ја чи дохóд'а б'азаргáнина, попúтал го е, колко вóда úма фаф бараáта и колко úма от земјáта до нибéто. Пак б'азаргáнина му рекáл:...* ВС, *и катó отишлú при визúр'а, покáзал са кóсто, чи тј му е сúн, пак дéтето го úма катó хизмикáр.* ВС, *Мечкатá е едéша, пак тја мислéше, чи нúчу хи прáви кату мáи.* ВС...

Да сумираме. На целата јужномакедонска терторија имаме работа со две функционални единици кои во дел од системите и – веројатно – кај дел од информантите се поклопуваат и формално. На двете единници им е заедничко значењето на временски редослед на настаните. Во сите горе-приведени примери тоа е присутно и кај чисто копулативните и кај адверсативните конструкции. *Па* со парафраза ‘а’ обично се појавува во исказите кои информираат за реакција на некоја акција, во дијалошките реплики, и сл. Значењето ‘редослед на настаните’ како инваријанта отвора две патишта на семантичка деривација: или кон повторливост на настаните – ова значење е карактеристично за партикулата која зема облик *пак*, поретко *па*, или кон адверсативна копулативна врска – значење карактеристично за сврзникот кој зема облик *па*, поретко *пак*. Како формална (иако семантички мотивирана) дистипкција меѓу партикулата и сврзпикот може да се прифати нивната способност да врзуваат еден (партикулата) или два

(сврзникот) пропозициски аргументи. Не претставува критериум иницијалната и/или средреченичната поставеност на елементот *ѿа/ѿак*. Во источниот дел од територијата сврзникот *ѿа/ѿак* се јавува не само на граница меѓу две реченични конструкции, туку и во постпозиција во однос на првиот ортотонски член на втората конструкција; таквиот редослед го прифаќа и стандардната норма (Конески 1982: 537). Впрочем, прозодиската разлика (партикулата акцентирана, сврзникот неакцентиран) во нашиот материјал, иако присутна, не е спроведена доследно. И на семантичкиот и на планот на релативната фреквентност се издвојуваат извесни географски зони. Имено, во западните говори доминира темпоралната значенска компонента, а на останатата територија – адверсативната; на целата територија *ѿа* во сврзничка функција е релативно ретко, додека во лагадинските и солунските говори речиси потполно се губи. Во Корчанско во функција на партикула се јавува *оѿеш*, додека *ѿа* функционира само како сврзнички предикат. Најпосле, присутен е и временскиот параметар – во постарите текстови партикулата и сврзникот формално почесто се преклопуваат. Од сето тоа што го рековме произлегува дека *ѿа (ѿак)* спаѓа меѓу сврзниците што строго го одредуваат редоследот на своите аргументи.

Интересно е да се одбележи дека Иванов (1977: 191) како карактеристичен за серско-драмските говори, покрај *ѿак* и *ѿа*, го наведува и сврзникот *аѿа* 'но', т.е. составот *а ѿа* го толкува како сраснат. Зачудува записот *ѿа* наспрема *ѿак* кој сугерира ортотонски карактер на првата форма наспрема клитички на втората.

ДА како носител на конјунктивната врска е хомонимно со субјунктивното *да* (Сп. Синтакса I, 1.1.3.2.5.2), а е и многу поретко од него. Меѓу досега разгледаните тој е и прв сврзнички предикат што нема виза во стандардната норма. Во јужномакедонските системи тој насекаде е маргинален, но сепак забележително позачестен во источниот дел од територијата. Одејќи како обично од запад кон исток првиот пример го најдов во Мазоновите текстови од Леринско, сп. *Имáше éден цар. Рáзговорил ѿој на éден чвек, да му дáл ѿáри да вúди да ли úма ѿоголéми човéци.* МСЦ. Сп. и: *Да éден комшúја нóго áрна жéна имáше.* МСЦ – во Мазоновиот француски превод: „Il y avait d'autre part un voisin qui avait une trés bonne femme." – и овде *да* се јавува во копулативна функција со адверсативна нијанса. Најпосле, во истата збирка наоѓам и еден пример со можна двојна интерпретација: *Остáна жéна ѿам у цéрква, да се смéаш сóечките.* МСЦОМокрени, – од двете можни Мазон прифаќа копулативна интерпретација: „La femme resta ... là-bas à l'église, et tout le monde de rire." – Следните примери на копулативното *да* ги наоѓам дури во дојранската монографија од Пеев. Цитирам: „Сврзникот *да (дă)* освеп во хипотаксата се среќава и во паратаксата – во копулативните реченици: *Ки си нăпрáве мулúѿива дă ѿăк ки си лéгне. Ки бáце рăка дă ѿăкá кá качăѿ нă кóјно. Ки си дóјде бăшчá-ни дă ѿăкá ки јăдáме. Јас сáке дă устăрéм дă ѿá ки дóм ѿаа мóма дá зéм, шо не бúвăш рăбóѿи. Кýмо уф них удделá дă а ѿу нóво свáдби, гóсте, жимбúже. Кáжи дă кáжи зăшчó мă качúсă уѿ кубúлиѿа нă кóјно.*" ПДој. Следен блок примери

наоѓаме во кукушката монографија на Пеев. Соодветниот пасус пак го наведувам во целина: „Како специфичност за овие говори ќе ја споменеме честата употреба на сврзникот *да* во составни реченици: – *о́фчки, гувéда, пруддéме дă-пла́тúме шо купúме нúвите шу́ка; – сă-чúне влăдúка ѓáвуло дă-ги-прăчикáл; – фăтúме, зăмнáме Димúр Исáрскō Мос да нă-гóре ду-Дўпница биѓáме; – ќи-ш-фрáсне аднá, дă-шéрј-о до-о-нáјш сéшне.*“ ПК. А еве и еден пример од текстовите приклучени кон монографијата: *„Дáл' шáшко бúше шăргнáл шу-шáквó јăгнúшшо пăшúло дó шéре дă-и-јс; дáл' шáшко бúше ланбáнтин дă-и-јáс дă-сýм лăнбáнтин дă-искáрум цилизúна нă-мăгăрúнша; дал' шáшко куцáбăшúа бéше дă-áс д-óдум куцáбăшúа.* ПК... Сепак, листајќи ги текстовите дојдов до заклучок дека копулативното *да* е многу поретко од *и* или од *па*; всушност и во кукушкиот говор тоа е маргинален сврзник. – Во продолжение на гореприведениот пасус Пеев наведува низа примери на конјунктивна употреба на *да* што ги нашол во текстови од соседните говори. Цитирам: „Во Кулакиското евангелиенајдовме, исто така, голем број примери со ваква употреба на сврзникот *да*: – *а неразбráни, да шéшки уф-сăрцшо, шребýве да...* – *гувóри жéната да му ричé: нéмам мăж...* – *му сă развикáле инсáнош, да рéкле...* – *а усшáвúл вúка жéната шáмо сшáмната, да си ушúди на грáда, да вéли на л'ýдише...* – *вéлеа: не-ј воа шо сéдиши, да прóсиши*“... Од Гевгелиско: – *глидáл дă рéкăл.* ПК1: 307. – За разлика од кукушките примерите од Кулакиското евангелие лесно можеме да ги умножиме, сп. *Гувори́ па óн, да му рéкăл...* ВК – интересен пример со *па* во значење на стандардното *пак* и *да* како предикат на конјункција; сп. и: *...и инсáнуш зарди нéго сă чúнú, да нé гу пузнајáле*, ВК, или пак, со иницијална поставеност на *да: Да му сă мóлиа на нéго, éм вéлеа...* ВК, *Да па Чифýшите сă чудúле...* ВК... Бројни примери најдов во лагадинските текстови од Малецки: *Јáдух л'áш и шрáгнах уш шáм да на гóр'ă в'éчер јајáн за да си йдам.* МС, *И си вилú шój: „шáшку умр'ă зарáш шас мáма, да јас ни ушúвам да ја в'éнам?*“ МС – еден пример во којшто покрај копулативната врска се чувствува и нијанса на адверсативното значење, натаму: *скóру вин'áши гу шóс чув'ăк – му велú на цăндармúш'ă – да у будрýм'у н'етр'ă да гу заншфбрúши!*“ МС, *...на мèн'ă бирик'áш кóн'уми млóгу áкшиóс да шój кóлку чабýки да пăк дизгúн'у му ги скýмна.*“ МС, *Си дóјди и К'ел'éшу думá и вилú на жинáшаму: „в'éни инó филцáнчă, да кáшни мрăва л'áкчи да млóгу да му сă молиш да шáшку ши клад'é и уш мój л'ăк.* МС – пример што може да послужи како доказ дека во анализираните текстови ни субјунктивното *да* не мора задолжително директно да му претходи на глаголот, со што понекогаш е отежнато оценувањето на карактерот на *да* – субјунктивен или копулативен; сп. и: *шój б'áши, шшу му зé паршú'ă на шфójш'ă зéнш'уфци да му дáди л'ăк.*“ МС, *... амá шр'ăбува да ши гу звáј шój и другушу óку, да шаká и шú да му гу звáши н'éгувошу;* МС... Посебно импресивни се примерите каде што конјунктивното *да* се наоѓа директно до субјунктивното *да*, сп. *...áку знáјаш да доаш да в'éнаш уш шóс клáјанц уш калó мрăва да да намáжаш чеширш'ăх кушáнша на кúпрúјаша...* МС, *„шр'ăбува шузú кóн'чă, да гу закóлим да да му изнд'é сшрăцéшу...* МС, *...и*

за мн дад'ѐш идѝн джа́ѓк па́рѝ да да ја́хна ко́н'чѧту... МС... Од приведените примери се гледа дека конјунктивното *да* во текстовите на Малецки од Сухо е релативно пофреквентно отколку во другите досега разгледани извори. Меѓутоа, во текстовите од Висока не најдов примери на конјунктивно *да*. Претпоставувам дека се работи за случајно отсуство на таквото *да* во соодветниот блок текстови (или во идиолектот на информантите на Малецки?), бидејќи во Верковиќевите текстови од Висока копулативното *да* е присутно: *Кога́ мес'а́т, онаја дивојка за над'ани от зент'ут фесо́т, да така ки фати да меси*... ВВ, *И кога́ се кинисаа́т да по́даат да и л'а́таат колачинта́т'а, (ки) ги носаа́т момите хем пејаа́т, да на друга́ махала ки заневаа́т да е пекаа́т;* ВВ, *Та за езми една баба от малките колачини, за ги намажи с мет или с пекмез да на момите за даде по едно, хем за ги намажи по лицето*... ВВ – интересен пример кај којшто варираат копулативните предикати *та, да* и *хем*. Натаму: *И јунаците вијаа́т сос хоро сичкото село, да така ходжаа́т на зент'оваа́та кашча*... ВВ – привлекува внимание повторувањето на составот *да така*... – тој наоѓа паралела во составот *и така*..., со што се потврдува копулативната функција на *да*, сп.: *От хоро́то сетне ходжаа́т на кумо́т, са го́стат, и така́ свадбата битисува*. ВВ... Натаму: *Тамо, колко роднини има нив'а́ста́та, за му бакнаа́т ра́нцата, по́сле и колако́т го́лемоју́т двамата ки го разбијаа́т на два комати́, да така за седнаа́т, да сто́р'а́т здраво-жи́во*. ВВ... Општо земено, лагадинските текстови покажуваат поголема зачестеност на копулативното *да* отколку што тоа беше случај со текстовите од западниот и од централниот дел на јужномакедонскиот ареал. Во текстот на Трлиското евангелие не го наоѓам копулативното *да*. Не го наоѓам ни во Верковиќевите текстови од Серско.

Сумирајќи треба да се каже уште еднаш дека *да* во конјунктивна функција се појавува ретко, релативно почесто на линијата Дојран–Кукуш–Лагадина.

(Х)ЕМ е последен сврзнички предикат на конјункција што ќе го разгледаме овде. Се работи за турска заемка којашто сепак во дел од источните македонски говори има нешто поместена функција и начин на употреба. Ќе ја приведеме прво кратката карактеристика на службата на овој сврзник во турскиот синтаксички систем: „*hem.. .hem... or hem.. .hem dé*. 'both... and...' [...] A single *hem* or *hem de* means 'and indeed'; 'moreover'..." (Lewis 1984: 209). Како што се гледа од цитатот турското *(х)ем*, односно *(х)ем... (х)ем*... е показател на засилена конјункција, т.е. релација со чија помош говорителот инсистира на истовремено присуство на двете именувани компоненти. Пошироко за таквата конјункција сп. подолу. Токму на таков начин функционира составот *ем... ем*... во македонскиот стандарден јазик, а на нашиот ареал во неговиот западен дел. Меѓутоа, во дел од југоисточните говори се појавува *(х)ем* (не удвоено!) како носител на „обичната" конјункција, т.е. како синонимно со другите копулативни сврзници. До поместувањето (во однос на турската стандардна частичка *hem)* дошло или во регионалната варијанта на турскиот јазик со која се среќавале Македон-

ците, или во самиот процес на позајмување, или (што е најверојатно) имаме работа со македонска семантичка деривација по моделот: *и... и... ~ и... (х)ем... (х)ем... → (х)ем...* „Осамостоеното“ *(х)ем* го најдов во текстот на Кулакиското еваигелие и во текстовите од Лагадинско – како во оние од Малецки, така и во оние од Верковиќ. Вајан кулакиското *ем* го преведува со француското *et* (VK 238). А еве ги примерите: *...дóшле, ем рéкле на нáс..., Да му сѫ мóлиа на нéго, ем вéлеа...* ВК, *сă-чудúле, ем вел'áле: как воа знáј книгa, не-учéн* – последниов пример од кулакискиот текст го приведувам според Пеев (ПК1: 309). Во современите текстови од Ениџевардарско не наоѓам примери од ваков тип. А еве ги лагадинските примери: *Тогăј земувăт един лингер ририф, и пак ракиа, хем вину.* ВВ, *...клăвăт мизенти благи и пијăт ракиа, хем и вину.* В – во последниов пример наоѓаме интересен состав *хем и* кој сугерира дека *хем* е употребено со адверсативна нијанса, т.е. *хем и* 'а и'; овој состав го забележува и Лавров (1932: 328), цитирам: „Любопытно наличие двух союзов *хем* и *и*...“ – по оваа забелешка покрај горенаведениот следат уште два примери: *...и хем раздава попот на сички по една хупка* – во оригиналниот текст *и* отсуствува; *и попот земува литургиата, шсосова и псалит „достојно есть“, хем раздава попот на сички по една хупка...* В 251; последниот, трет пример што го дава Лавров како илустрација на составот *хем и* гласи: *хем и едно шише с вино.* Во истиот, нелокализиран, текст најдов и: *И Лиму кехаја, кăту чу тăка, си оплаши, шчо лаф ки биди това, хем мо вели на чилибиата...* В, *Пак чилиби Теодорак ја сака, хем мо вели...* В, *Тогăсă чилиби Теодорак си зарадувă, хем ја викна на дивојкăта...* В, како и многу други такви примери. А еве уште еден Верковиќев пример од Висока: *Нивјастăта им бакнува ранците хем и дарува две по една пернища.* В... Следат примерите на Малецки од Сухо: *...и сă пучýди пашáта, какфó тузи́ ѝм' а? ем утúва и сă чýди и хúч ут умó гу ни звáжда.* МС, *„д'é сă варѝ?“ гу пúтат; и тój му вилѝ: „на туйлата на т'ăт'ăту;“ „ém вогн'у уд'é?!* МС – по вторпат овде во нашите примери се појавува адверсативната значенска нијанса. Натаму: *...шúчки си устáнаха пухáхани за да ги гл'éдат т'áх, ém си вил'áха:...* МС... Приведените примери еднозначно сведочат дека во јужномакедонските говори во околината на Солун *(х)ем* врши служба на конјунктивен, а поретко и на адверсативен сврзнички предикат.

Како што веќе споменав погоре, покрај средства за изразување на „обичната“ којункција јазикот располага и со средства за изразување на силна конјункција. Најтипичното такво средство на целата јужномакедонска територија е позајмениот „удвоен“ состав од турски *(х)ем...(х)ем...* којшто ѝ одговара на формулата: 'не е вистина дека *p* и не *q* и дека *q* и не *p*'. Составот *(х)ем... (х)ем...* не го бележи само Мазон во Корчанско, инаку го наоѓаме насекаде од Костур до Серез, еве примери: *Ém не-мóжи, ем-сáка. Ем-нéма пáри, ем-пúе рекúја и тýтун. Ем-éсти бóлен, ем-нéјти бúл'ки дапúе. Ем-éсти дóбро дéтето, ém не-é сироманшко.* ШК, *Дéтето ети árно, ем ýчи, ем штýка* ШД, *Е, нема ем без пари да ти работаш, ем зијан да не ти најде.* УЕ, *Сакам да ми вариш вичера да биди ем варена ем не варена. Сакам*

да и мии скалиште и да бидат, ем миени ем не миени; сакам да ми ѓу метиш дворот и да биди, ем митено ем не митено. УЕ, *ем ѓу-шиќа ем па ти-милува̀..* КЕВ, *Он на̀ кулѐнца, ем ѓи пцујал ем им стрилѝл на̀ Турците.* ПДој, *Ем шуто ем бо́де.* ПДој, *Ем са̀ ка̀рат ем са̀ ба̀рашќсуват...* ПДој - во последните примери посебно јасно е изразена концесивната нијанса *(иако... сепак...),* инаку често присутна кај конструкциите конституирани од предикати на силната конјункција. Тука може да се забележи извесна ескалација на значенската спротивставеност: конјунктивна врска – адверсативна врска – концесивна врска... Натаму: *ем на̀-лѐтито пра́ваа па̀хаѓѝр, ем на̀ зи́мта...* ПК1: 309, *Лу́уто ем же́нта ми-ѓа-утиќа, ем ко̀јно ми зима́...* ПК1: 309, *ем па̀се ѓувѐта, ем ѓи ра́не.* ПК1: 309, *ем ичуме́нут мо-о-инжнијáме, ем са́ке да-н-пуѓу́бе.* ПК1: 309. Пеев наведува и примери од збирката на Шапкарев со составот *емо... емо...,* цитирам: „Кај Шапкарев, во материјалите од долновардарските говори, среќаваме интересна форма *емо*: – *ка ќи дојдеш емо да веещ, емо да не веещ, емо да ми донесеш бакиш, емо да ми не донесеш.*“ (ПК1: 309). Следат примери од збирката на Верковиќ: „*јáзе, дивојку, хе́м смо́кви продáвам, хе́м сам хикимџѝа – ста́р мара́з излекувам.*“ В, *Хем пуснал еден човек от четиријсете, хем му рече да му кажи на цар'ут, да постеле од скалата дур на филдишната одаја се маргарит...* В, „*тате, јазика ем ки идам, ем умдисам на Бога да са вѝрнам сос млогу слава.*“ В... Сп. и од текстовите на Малецки од Сухо: *...и си утфа́ра идѝн дуѓа́н', е́м бакалѝк, е́м прамаџарлѝк.* МС... Составот *(х)ем... (х)ем...* е строго еднозначно специјализиран, што не е случај со неговиот словенски пандан *и... и...* Имено, изразите што ги поврзува *(х)ем... (х)ем...* (било да се реченични конструкции или именски синтагми) по дефиниција се наоѓаат во семантичка опозиција еден спрема друг, а честопати се семантички спротивставени. Оттука и целата конструкција може да ја прндобие споменатата нијанса на адверсативност. Истата карактеристика е и причина составот *(х)ем... (х)ем...* по дефиниција да е двоелементен. Од друга страна составот *и... и...* е семантички посиромашен и се јавува во повеќе функционални варијанти, а во врска со тоа тој не е „затворен“ состав: секвенцата може да биде продолжена и да зема облик: *и... и... и...*, а дури и: *и... и... и... и...* Покрај силната конјункција составот *и... и...* најчесто одразува конјункција со временски редослед или едноставно асоцијативна конјункција, т.е. секвенца асоцијации врз кои говорителот го доградува текстот. Сп. на пр. *И ја̀с мукажа́х, ве́ле, ќ нусѝх се́лто, та́ма сре́ѓ се́лто. И Га̀рците зима́а ут-се́лто на̀-ѓо́ре, па̀ има́ло едно ме́сто Ла́зарца там, џанаѓѝр са̀-пра́ве. И та́м има́ло ура́дие не́коо, ут-та́м стрилѝли два-трѝ пати на̀-Га̀рците, на̀-кавалерѝсто, и о́ни утста̀ѝли.* ПК. А еве и неколку примери на *и... и...* во служба на силна конјункција, од текстовите во кои не се појавува *(х)ем... (х)ем...*: *се́ѓа и видо́је, и додја́је и мја́не и та́тка мое́ѓо.* МЕЦ, *И мно́го па́та го и́ма кладе́но и во о́ган и во во́де за да го изѓу́мни.* МЕ, *...и му каза́је сфја́чке, и тја́зи шчо сторие, и тја́зи шчо научѝе л'у́ди...* МЕ, „*Кој смајина фурке (аршинке) и мотовиле, жа му умбри и жена-му и челја́ и сви.*“ МЦ, *И ту́ка и та́м, и ту́ка и та́м, а-нао́ѓе.* БМег, *...да са продаде́ и то́ј и жена́та му и*

децáта му и сúчко што úмаше да се оплати... ...сабрáха сúчките л'ýкáлко нáјдоха и лóши и хýбави... МТ, сп. и од костурската монографија на Шклифов, т.е. паралелно со *ем... ем...: Рáзни л'ýђја úма и-дóбри, и-лóши. Имáи-ми é áрен, и-дéцата árни. И-волóвите, и-óфците се-напасúе здрáво. И-нáшчо сéло, и-вáшчо сéло сé сиромáшки. И-тýрците бее лóши, и-гáрците се-лóши* ШК...

Ако кај секој член на една силна конјункција има надградена негација, тогаш таа обично има посебен експонент – составот *ни(шу)... ни(шу)...*; за овој состав стана веќе збор погоре, во врска со начините на изразување негација (сп. 1.1.6.4.). Овде ќе додадеме една мала селекција примери: *Пуглендáјте врáичинáта шчо лúте, шчо нúшти посјáве нúшти жнјáј, нúшти собéрве во амбáрúј..* МЕ, или во друг превод: *слушчéјте очúшти на лиотúшти небéшуј, óшти нúшти сéе нúшти жне, нúшто собéрве жúшто во амбарúшт...* МЕ; натаму: *...ни куршýм ше фáшива, ни нóши ше сéч.* МС, *...нéма шáмо ни чóјек, ни кýче, úч нéма жúво.* МСЦ, *Нéма ни-мáјка, ни-шáшко. Нúшу глáва ме-бóли, нúшу полвúна.* ШК, *Тогáј и шака бил времúшто óши ни пу селша, ни пу кáсабúше немал ни адна фаврикá.* УЕ, *...нúшиám ни да мú гу звáди, ни да му гу звáја!* МС, *...хáрно сúземáл рúбаша и ми вéлиш да гóшива мáра, а другáша да га нáсолја, ами кашу нéмами нúшти сóл, нúшу шúпéр, нúшу ширлагáн?* В, *„пашá, ефéнди, кóлку терáхми, ама н'áкој н'á можáхми да фáшими нишу цифаири најдáхми, нишу хизмикáрош, нишу кóј гу утепá“* В, *...нúшичо ни липсováша фáф сарáе нúшто óши едéне, нúшу ош пúшане, нúшу о(ш) дрéхи за нóсене, нúшу дрéхи за пошúлане.* ВС, *Загледáјше са пу фаркáшите пúлеша, как нúшу сéеш нúшто жнúеш нúшу фав хамбáре наспúоваш...* МТ... Сп. и еден интересен пример со *јок... јок...*: *фáшиха да сакáрам: јóк јáс за ја в'énам, јóк тú за ја в'énиш!* МС...

Пеев (ПКВ1: 308) меѓу адверзативните сврзници карактеристични за кукушкиот говор го наведува и *кам-ли*, еве ги неговите примери: *– нéма нúшто врáс н'á, кам-ли чúк д-úма; – нé сáкум до-о-вúдум, кам-ли дá-ми-бóје; – нé о-бúве зá-дóма, кáм-ли зá-вóнка...* Се чини дека имаме овде работа не со адверзативност, туку со конјункција надградена со негација, со истовремено експресивно потенцирање на вториот аргумент, т.е. со нешто како 'не *p*, треба да ти е јасно дека и не *q*', и сл.

1.1.2. Адверзативна релација.

А – примарен показател на адверзативната релација. – Повеќепати веќе ја споменавме адверзативната релација што не ретко е присутна во конструкциите конституирани од сврзничките предикати на „чиста“ конјункција. Ќе се сосредоточиме сега врз предикатот кој е примарен носител на таа релација, т.е. врз сврзникот *а*.

Адверзативноста (спротивставеноста) ја разбирам како комбинација од конјункција и негација. Сврзникот *а* изразува конјункција, но им поставува определени барања на пропозициските аргументи на таа конјункција. Имено, бара двете пропозиции да бидат конституирани од различни

предикати (т.е. предикати коишто можат да бидат спротивставени еден на друг), додека појдовните аргументи на тие предикати можат, но не мораат да бидат различни. Во специфичен случај разликата може да биде не во самнот предикат, туку во еден од не-појдовните аргументии. Сп. *Павле чита, а Јане си игра., Павле чита книга, а Јане некое списание., Павле ја држи книгата пред себе, а мислите му летаат.*, и сл. Во светлината на горната интерпретација разбирливо е дека, за разлика од „чистата" конјункција којашто поврзува реченици и/или именски синтагми, адверсативната врска по дефиниција поврзува само реченици.

Како единствен носител на соодветната содржина *а* е присутно на целата јужномакедонска територија. Примерите, како обично, ги редам од запад кон исток. *Сѣка жа бáнде сетнѣти пáрви, и парвѣти сéтни, óти мнóго сеа викнáти, а мáло се отбрáни.* МЕЦ, *...éден ...му давјáше да пѣе. А другѣти велјáје: „Устáви да видѣме áко грјáј Илúа да го куртулúса." А Рúстос óпет вúкна со глáс глóлем...* МЕЦ – се гледа дека *а* како и другите предикатн на конјункција дејствува и преку реченичните граници. Натаму: *И тој Јóсиф... го клáде во грóб кáмнен... А двјá жéне. пулјáе гéто се клавјáше.* МЕЦ, *Тој чињеше слабе деньата а маж-је нојчата.* МЦ, *Детјето јо позна мајката и сестрата, а тјес не го познаје.* МЦ, *„Н'е те стрáм, му рече, господино ќе се фале во болест, ести кедеросан, а ти токо играш со кокошкéте?"* МЦ, најпосле: *„Е дóбре тос, вéли тáткáта, а ми рéче éно другóго"*... МЦ – еден пример на засилена адверсативност, каде што во стандардниот јазик би очекувале *но* или *ами*, а не *а*; Мазон така и го преведува, сп.: „Ah, bien! fit le père, mais il m'a dit encore autre chose." Следат примери од Костурско: *Се-прáви гáрк, а-о-дýшата éсти бáлгáрин*, ШК, *И-цáрúцата рóди д'éте, змúкáркаата рóди чýпа, а-јóбата бéе тóлку л'éти кај-енóто идрýгото.* ВН, *„Тáтко, мóжиш сéга да-ижлéзиш нáдру, а кој да-нáши нáйстот да-ми-го-донéсиш"*... ВН – и двата нестрамски примери изразуваат конјункција речиси без адверсативна нијанса, меѓутоа во истнот текст наоѓаме и примери на вистинска адверсативност, сп.: *...едéнúсти корфелáк е дáржи от-енáта стрáна, едéнúсти е дáржи от-другáта стрáна. А-чýпата му-и-дáржи фустáнити озáди.* ВН, *И-д'éтето му-рéче... А-чýпата е-звé да-е-опúтиве...* ВН, *...другúте, л'ýд'је брáт, а тúја не брáт.* МСЦ, *Кој пáри извáдва, кој цевáир извáдва. А Јóван стóи на крáју.* МСЦ, *Тá учúла, сáдум годúни учúла: сиромáшка бúла вá, но тúја богáтите му давáли пáри, а та сиромáшка пóјќе знáе о другúте да учи.* МСЦ, *Áнгело... го опúта: „Шчо вúде?" Á тој му вéли...* МСЦ... Од Леринско: *Тогá невестáта сакаше да му даде кафе и да му баци рака на зето и на другјо шо беше со зето, а па тие сакае да ја дарве со жлтúцá.* ВБабчор; инаку во Леринско адверсативната врска многу често ја сигнализира *па* – сп. горе. Натаму: *Гéрман úмаше над двестé куки, а Л'ýбојно кáмо сто и педесé куки...* ШД, *Кóга дóјдоа сáрбите, ни вéлеа: Вúе сте стáри сáрби. А кóга са нáл'утúвá, на псýваа на сáрпцки: „Мájку вáшу бýгарцку"* ШД. Сп. и еден пример на карактеристично „адверсативно надоврзување", каде што *а* е употребено „метајазично", т.е. воведува нов мотив којшто се надоврзува на претходниот: *Дóјдоа*

на Црнѝчето, а фа́тија ку́ќата на На́ума Ге́рофцки. А На́ум Ге́рофцки и́маше ду́кан, на́палнат со сто́ка ШД 112. Натаму: *...зна́јш, си-гу́твиле а не-гу-дујдо́ле.* БМег, *...и́де една-пу́тера ут-то́-се́лто́, а уд-дру́зи се́ла, да-ка́жмѝ, ќу-па́тро́ла – гуле́ма па́тро́ла...* БМег, *...пу́л'мѝ – на-ве́чѝрта шо-а-бара́ли-сна́ фу́рната ле́т ут-се́лту, са́та сто́е ту́ка и една-то́рба субо́т, а и две́ пу́шки.* БМег – пак еден пример каде што конјункцијата доминира над адверсативноста. Еве ги и „надоврзувачките" контексти од истиот текст: *...узго́ра, на-една-ту́мба пе́чис-гла́ви са-ни́шат. А, ве́лѝмѝ, се́га на-фа́тија...* БМег, *И, ние ве́ќе не́ма́ше кра́ј, а ме́стуто та́ќво бе́ше шо-да-не-мо́ш да-ј-скри́ј ше не́шта...* БМег. Натаму: *Ја́јкучи́на бе́а ше, а во́ј-ска́та не́ бе́ше.* БМег, *...Кре́ва една-сте́на 'а-кла́ва на-кра́ја, а та́ пиште́ра да́-е.* БМег, *...сна уд-до́дну́ту – гу́бри́ту – ќи-му-гу-изва́диш, а го́рнуто́ шо-е ли́чи́ту, да-ре́чме ут-че́ра и ут-ва́-ден ране́та то́ су-се́ ки-а-кѝнѝш...* БМег... Материјалот на Бојковска од Мегленско покажува нагледно колкави можат да бидат индивидуалните разлики меѓу информантите во однос на употребата на сврзничките предикати. Нејзиниот информант од Волкојанево се служи со сврзникот *а* речиси во секоја реченица, додека во текстовите од Зборско, отприлика со истиот обем, воопшто не наоѓам примери. Натаму: *Мајко, мајко ела ту́ка да ти мијам пр́вно, а на́ќум ќи ти дадам да ручаш...* УЕ – со адверсативна врска тука се утврдува редоследот во време, што е инаку честа појава. Сп. натаму: *...кој уд них ќи влези у новиот обар са́ше ќи бидаш на Лудо а кој ќи влези у старо́то обар, тија гуведа ќи бидаш на умниот и по́стариот брат.* УЕ, *...гу извлечува ду буна-ро́т, а на́ќум гу пушча у на́тре...* УЕ, *Си обрнува накај брат му и му вели дека по́арно е да си качаш на јаворо́т да спијаш, а не долу.* УЕ, *Де́јту си гу зе́ў су не́гу, а мо́мта а устави́ў до́ма.* ВКронцелево, *Та́ќу ма́ пушчи́ да та́ загу́бам, а јас не те загу́бу́вам...* ВКронцелево, *Бе́ла-ј чинѝца́та, а ца́рно кла́се.* ПДој, *Су су́то зла́то кли́нци пра́више, а ќа́ра гро́нуве пло́чи кла́-више.* ПДој, *„Е, да-та́-фу́кне, о́ј ти про́си кума́те, а ја́ тво́јо ма́ѝ две ли́ри ми-да́де́...* ПДој, *Та́ во́да шо-са́-це́де са́-вѝка́ сурува́тка, а-у́рда аку пра́виш, уд-ма́ѝна́ца́та аку зе́миш да́ за́то́ли́ш на́-о́гно, та́ шо-са́-це́де цвѝк и́ вѝка́ме.* ПДој, *...уф-на́што се́ло Бу́гарто дујдо́а пр́во, а Га́рците флизе́ли пр́во уф-Со́лун.* ПК1: 308, *Саба́ј'то ти́ѝ избига́ли на́-до́лу, уддо́ ќа́-Смула́ре, а пр́-ти́ѝ ту́ка за́тне́ли уф-ќа́ште те́рат јаде́не, те́ра́ па́ри, ни́ѝ да́-јм ќа́жме...* ПК, *Ти́ѝ гуле́мте от на́-не́кој ти́ѝ о́де на́-то́ шке́мбто...* ПК, *О́дѝ, ура́чо на́тре́т, листѝца́та пу-не́го. А пр́-ка́ на́ближе́ли баш ду-дво́ро, да́-бе́ше вра́тта утво́рна, ба́ѝта сиде́ла та́м н-уѝ́ко.* ПК – еден пример кој убаво илустрира дека временскиот редослед и надоврзувачката адверсативност често се изразуваат со составот *а пр́*. Натаму: *Та́јчка, дру́ѓа́та: ку́чинце, ма́чинце прима́ла и с-јудде́ла ублé́чинка. А та́ѝ шо́ не́ прима́ла, ќара́ко́нцѝа́лта и ги-смута́ла цра́фта ут-ко́л на́-ко́л, ут-ќамара на́-ќама́ра.* ПК; интересно, во текстовите на Малецки од Сухо не наоѓам ниту еден пример на сврзничкото *а*; првиот пример во неговата лагаднинска збирка го наоѓам во текстовите од Висока: *Ку́га́ гу ви́д'а́ха и му р'е́куха: „шо бра́ќаш ту́ка?" а то́ј му р'е́чи...* МВ, и натаму:

Туг̀а́с лам'а́та са̀ упла́ши и му р'е́чи: ... а ти́ој и ка́за на лам'а́та: ... МВ, *...ти́'е́ куг̀а́ хо́ждаха за о́да, са̀ умур'о́ваха, а хи́тра Пе́тири на г̀лава́та г̀у но́си и игра́ј хо́ру.* МВ – сите тие и уште неколку слични примери доаѓат од еден ист текст; во другите текстови од Висока, и – што е уште почудно – во вториот текст од истиот информант не наоѓам пак ниту еден пример. Со ова се потврдува нашата констатација за поврзаноста на одделните сврзнички предикати со конкретни идиолекти и дури со конкретна јазична продукција на еден говорител. Во текстовите на Верковиќ од Висока *а* е присутно: *...и таја, шчо ки м'аси, да е дева сос мајка, сос та̀тку, а не сирачка.* ВВ, *Зева акалснарницата кумо̀т, благославја и здрави: ... А јунацѝту от̀говара̀т се амин.* ВВ. Следат примери од Верковиќевата збирка од Серско. *А* речиси без исклучок се појавува тука во составот *а пак*: *Тог̀а́ двами́ната нава̀рвт̀ка да си и́дат, а пак трета си ре́че:...* ВС, *Почу́ди са ца́р'ја, за́вида о́ниче двами́на сос не́к, та хо́д'ува на ха́на, а пак хала̀ји́ката, ка г̀у видела от̀ але́ч̀ја, позна́ла г̀о и ка́зала на маж̀а́си:...* ВС, сп. и: *Тога Бог̀ се нал'у̀тил, та тре́есте-то брата дигнал г̀оре на небо̀то да му пра̀вет̀ хизмет̀, и тѝе се нарекли Дефове, кои се спо̀минат сѐга само по пѐсни-те. А другѝ-те тре́есте брата се оженили за тре́есте-то си сестри и тѝе заселили фрѐт̀ земѐта.* ВС. Во Трлиското евангелие воопшто не наоѓам примери со сврзникот *а*. Па така, нашата појдовна констатација дека тој е присутен на целата јужномакедонска територија треба да се доуточни со оглед дека во југоисточните говори тој бил многу редок и – се чини – претставува релативно нова појава, преземена од другите ареали. Ова го потврдува и фактот дека Иванов во своите „Бъ̀лгарски преселнически говори“, во инвентарот на сврзници (с. 191) воопшто не го спомнува.

Поминуваме сега на „засилената адверзативност“ чиј најтипичен показател во стандардниот јазик е сврзничкиот предикат *но*. И овде имаме работа со комбинација на конјункција и на негација, меѓутоа она што се негира не е експлицитно изречено, туку пресупонирано. Сп. на пр. *Дојдов, но не ти ја донесов книгата*, што би можеле да го парафразираме како: ‘Дојдов и не ти ја донесов книгата и штом дојдов би можел да претпоставип дека сум ја донесол’. Значи, засилената адверзативност пак е еден предикат со два пропозициски аргументи меѓу коишто постои определен однос: врз основа на заедничките знаења на соговорниците констатацијата што го сочинува првиот аргумент би можела да го наведе адресатот на една претпоставка која се негира со констатацијата што го сочинува вториот аргумент. Од ова автоматски произлегува и зацврстениот редослед на аргументите. Во јужномакедонските говори силната адверзативност се изразува со цела низа сврзнички предикати. Најтипичните ќе ги разгледаме овде редум.

Ама, ами – се работи за две изофункционални форми од кои *ама* е познато и во турскиот и во грчкиот јазик додека *ами* како и еднозложното *ам* ги наоѓаме, покрај во македонските, само во дел од грчките дијалекти. Ќе ги разгледаме овде заедно, трудејќи се да утврдиме евентуални фреквенциски, дистрибуциски и/или географски разлики меѓу нив. Мазон во

својот корчански речник ги бележи обете форми и тоа со различен превод: *ама* го преведува со 'mais', *ами* и скратеното *ам* со 'eh mais!' Да видиме како изгледа употребата на тие форми во регистрираните од него текстови. Пред сè бие во очи дека во најбројните евангелиски фрагменти преведувани од Д. Цанко воопшто не ги наоѓаме – тешко е да се пресуди дали се работи за негов карактеристичен идиолект или за висок стилски регистер. Во евангелиските преводи од Икономо како и во оние од непознати преведувачи се појавува *ами*, сп. *И кога да постиите, да не се сторите кај тро шчо поосте та се помурше за да се виде прет л'удии бии поосте со образии расиани. Истина ви вел'а бии фајда не мате от този постејне. Ами кога да поостиш, да бандиш измиен глава и образ...* МЕ – во современиот превод *ами* нема никаков лексички еквивалент. Натаму: *...а тој киниса да тарга и да гладви тјашко. Ами от ка виде бии инак не мјаше ка да уздраве гладоста тогоф отиде се колиса у енего от тази касаба...* МЕ – во современиот превод наоѓаме проста конјункција. Натаму: *Келко измикари ташкуми му артариѕви једејна, а јаш тува умрам от гладос. Ами жа стана да ода при ташка ми...* МЕ – во современиот превод повторно отсуствува лексички еквивалент. Натаму: *Сој ести сти ваи шчо вие велите бии се роди слеп, ами сега ка шули?"* МЕ – и овде преводот е слободен, без адекватен еквивалент во современиот евангелиски текст. Таквата постапка сведочи дека во живиот јазик на преведувачите постоело *ами* во функција на адверсативен предикат, со меѓуреченична или внатреченична поставеност. Да видиме сега каква е ситуацијата во текстовите на приказните од Мазоновата збирка. *Сторије ка сторије: најдоје местото, коиаје, најдоје тамо три крестовци, двајтам арамитим и Ристосовјо. Ами не познавјаје Ристософ.* МЦ, *Бјаше ено мјасто: кој д-и давјаше паре за тос мјасто жа го земјаше маж. Ама тос местото бја најпоскапо.* МЦ, *Тија се зарадваје шчо се најдоје јоба браќа. Ам чули ташка шчо чини сега со тас кучка машчеја?* МЦ, *„Која жена имаш ти?" – „Ето-која" – „Ам и ја све тас имам"* МЦ... Значи, во текстовите на приказните сите три форми, *ами, ама* и *ам* можат да се сретнат употребени како сврзнички адверсативни предикати. Меѓутоа, таквата употреба е мошне ретка. Многу почеста, и секако за овие текстови основна, е една друга употреба која ја наоѓаме само кај кратката форма *ам*. Се работи имено за надоврзувачка функција во дијалог, при што првиот аргумент на адверсативната релација може, но и не мора да биде површински јазично оформен, тој може да биде присутен само во свеста на соговорникот чија дијалошка реплика почнува со *ам*; таквото *ам* го читаме најчесто како израз на чудење, меѓутоа, тоа е продукт на директна семантичка деривација од „комплетната", т.е. двоаргументна адверсативна релација. Надоврзувачкото *ам* семантички варира меѓу слабата и силната адверсативност, т.е. меѓу 'но' и 'а'. Идиоматизирано, тоа влегува во зацврстениот метатекстуален израз *арно ама* (сп. погоре 1.6.6.). А еве ги и примерите: *„Ја се, рече, кесметто зенгинутому." – „Ам кесметто мој ѓе је?"* МЦ, *„Куме! дома си?" Ижлајзе жена му: „Н-ести дома." – „Ам ѓ-отиде?"* МЦ, *„Шчо чиниш така", г-упита кумо. – „Ен гроп." – „Ам за когва го чи-*

ниш?" – „За еден маж." – „Ам сој е малечок... МЦ, *„Не т-и́мам видја́но нико́ј па́т." – Ам о́тка не м и́маш видја́но, што ми убја́свши мажа́тог?"* МЦ... Шклифов во својот „Костурскиот говор" констатира присуство на *ама* и *ами* и забележува дека од двете *ама* е пофреквентно. Приведува и пример: *Ни́ја има́а́ме мно́гу до́бар о́рман, со-не́го живе́е́ме, ама́ Га́рција ни-го-зве́ и-му-го-да́де на-белкаме́нци, за́што бе́ја пру́тф на́шето се́ло, пру́тив ба́лга́рите.* ШК. А еве уште неколку примери од текстовите приклучени кон монографијата: *Во це́ло Кости́рцко са́мо во на́шчо се́ло има́ше орга́низа́ција. А́ има́а́ме и на-дру́гите се́ла ме́ли.* ШТ, *Та́тка-ми бе́ше вла́ѓ, но то́ј тера́ше на-булга́рцко. А́ма му ве́лише, о́ти е́си га́рк...* – интересен пример со *но* и *ама* во едиа мисловна секвенца. Натаму: *И-ни́ја е-пе́е́ме, а́ма от-га́рците ни-бе́ше стра́ѓ.* ШК, *Ни́ја се ка́жвеме Чепо́фци, а́ма га́рците ни-го-мена́е...* ШК, *Же́но, ку́мата ви́ка, п'а́чките си-и-са́ка. – А́ми се́ја? - Сле́чи-се ба́рѓу!* ШК – прв пат се појавува *ами* во истата таа „надоврзувачка" функција што во корчанскнте текстови од Мазон ја врши *ам*. Натаму: *...ја́с за-до́да на-плани́ната ... А́ма ви́е вра́тите да-и-затво́рите до́бре...* ШК, *Гле́дајте, му-ре́че то́ј, ко́ј за-го́вори по-булга́рцки, та́ка ке-ви́ки, це́ли та́ка ке-ви-обе́са. До́бре, а́ма де́тето мо́е по́-голе́мо, што-е-гле́да, се́стра, ти́е зна́е от-ми́лос, от бра́тофчи́нца, мо́али – пу́шчи е, то́ј не́-е пу́шчи.* ШК – *наведов* поширок контекст, бидејќи овој пример многу убаво го покажува механизмот на семантичката деривација на изразот *арно ама* – имено *добре* претставува кондензација на првиот аргумент како заклучок од претходниот текст, додека вториот аргумент се наведува експлицитно. Тие се и сите примери што ги најдов во текстовите на Шклифов. Ако може да се суди нешто врз основа на еден единствен пример, се чини дека *ама* и *ами* се разликуваат не само по фреквенција, туку и по функција. А еве други примери од Костурско: *Ти́је ја́де па́рите чу́жди от сирома́сите. А́ми не́ма аир д'е́ата.* МСЦВишени – овде *ами* се јавува во класична сврзничка функција, меѓутоа во наредниот пример еве го со метатекстуална нијанса: *„...на Вич да не помни́ш: стра́шен е́сти; та́мо о́рли се вре́ше", му ка́за стари́о: „А́ми па збо́рвај", ве́ли курбечи́јата́.* МСЦЖервени; натаму: *Што ти́ е́сти, што прика́жаш? курбечи́јата му ве́ли. – Тво́јето де́те, а́ми ко́га пора́сте: и́ма дваје́се годи́ни, ве́ли жена́та, што ба́раш курбе́т".* МСЦЖервени... А еве примери од Леринско: *А́рно, ве́ли офча́ро, а́ма е́ден бра́ф сам не о́ди...* МСЦ, *Да́ ли су пи́сан ја́с та́мо? пи́та офча́ро. – Не́ си, му ре́че та́, а́ми от до́ната ва́ша не́ сте писа́ни ви́е са́ти.* МСЦ, *А́рна та́ бе́ше, а́ми ста́ра: не мо́жи да рабо́та.* МСЦ, *Ка́зал син му: – „Да а занесиш та́мо на плани́нта, да а зе́де либи́тите". А ве́ли ма́јката: – „А́ма си́нко, да́ј ми потро́а ле́ѓ, не ме но́си та́мо."* МСЦ, *Ка́к е тој Никол, мори́, ба́бо? а пи́тива е́ден. – Но́го до́бар чо́век е. – Ами тој Колу́жек, мори́, ба́бо?* МСЦ – еден пример каде што *ами* евидентно е употребено во функција на „слаба" адверсативност, т.е. на *а*; впрочем, такви примери не се реткост, сп. и : *Е́дна ве́чер бара ва́ко ова́ко и ви́ка: – „Па́ти́ла! Па́ти́ла!" А́ма та стре́да о́фци ле́жи, му одго-во́ри:...* МСЦ; натаму: *Ма́јка си ти́, а́ма та́тко ко́ј ни е?* МСЦ, *Е́ден а́рај на си́ла му зе́ми чу́пата на ту́рскио ца́р, а́ма не зе́.* МСЦ, *Јанку́ла и Марко*

жи́ви се, а́ма не и зна́е ни́кој чо́век де́ка се. МСЦ, итн. – во текстовите на Мазон од Леринско примерите со *ама* се многубројни, додека *ами* скоро не се појавува, па тешко е нешто да се каже за евентуалната функционална разлика меѓу нив. *Ама* и само *ама* се појавува и во леринските текстови во антологијата на Видоески, сп. *...ако-те-о́шта де́а, ти́ ре́чи-му о-пле́мната, ама да-о-на́а̀рши да-и-о́слечи пл'а́чките...* ВОшчима, *Се́а му-да́ве ма́лку пе́нзија, а́ма што-ке-ти-пра́ј со-та́а пе́нзија то́ј?* ВНерет, *И-де́н де́нес не́-мо́же да́-и, да-и-оси́гу́ре, да-ре́чиме, шо-и-ла́же. А́ма ти́ја се́ оси́гуре́ни во-синдика́то...* ВНерет – Во текстовите од Нерет се појавува неколкупати *еми* со надоврзувачко-адверсативна функција и строго определена дистрибуција во иницијот на дијалошката реплика: *Е́ми, по́напре, живее́ме и-то́гај уба́о.* ВНерет, *Е́ми, ко́а бе́ ма́л – волу́ па́сее...* ВНерет; еднаш и како конклузија на една реплика: *Е́ми, то́а.* ВНерет. По потекло *еми* би можело да биде грчко *ἐ ἀμή* – сп. од Корчанско: *Е ам ка да стори?* МЦ, сп. го подолу и коментарот на Вајан во врска со кулакиското *ами*. Шклифов пишувајќи за адверсативните сврзници во говорот на Долна Преспа наведува алтернативно *а́ма//а́ми*, меѓутоа меѓу неговите примери има 6 со *ама* и 2 со *ами* што веројатно добро ги одразува реалните пропорции. Еве некои од неговите примери: *Дојсе Ма́ра Пе́пелаша, а́ми Не́да не́ ке дојси, ...мно́гу на́ши от Пре́спа та́ргнаа до́бровољно со на́шата во́јна, а́ма го́лемите му ве́леја:... Една́ вечер гу́ште-а́ндарц, дојдоа во се́лото Ге́рман, а́ма та́тко не́ беше до́јден у́ште од Бога́рја. Ни́што е́ден ден не́ ојдоф на гу́цко ско́л'е, а́ма зна́м гу́цко пи́смо. Мо́жи да не́ зном чи́сто да збо́рвам, но мо́жи да ма ра́збери секи́ еден, што́ сакам да му ка́жа* – пак еден пример со комбинација *... ама ... но...*; сп. и: *А́ми мо́л'а ти са, ми тре́ба о́ваа сли́ва* – еден пример што ја засилува претпоставката (сп. горе) дека од двете форми *ами* повеќе се наклонува кон надоврзувачката функција. А еве уште по некој пример од текстовите приклучени кон монографијата на Шклифов: *...да не а́ врти́ш гла́ата, а́ми са́мо о́чите...* ШД, *...без да ма ви́де ту́рците, са ра́стрчаф и са скри́ф во ду́лото, са пи́скриф со ржи́ница. А́ ма внатре во ду́лото за́точнаф да са ми́сл'а „А́ми, што ке́ пра́а но́шпес“ и ма фа́ти стра́ф.* ШД – еден пример кој мошне убаво ги спротивставува *ама* и *ами*; натаму: *Ни на́тера да си обу́еме опинчи́н'ата и да ни за́јси во друга́ куќа. А́ма са у́плаши и си оста́нафме до́ма.* ШД, *...ке и́ма бо́ј со Бога́рија, со Ср̀бија, со Гу́ција и со Црна́ Гора, но ни́е ке и би́еме, а́ма ви́е ту́ка да си се́јте ми́рно...* ШД – уште еден пример кој уверува дека *но* и *ама* алтернираат заради стилската диференцијација. – Во мегленските текстови од Бојковска наоѓаме малку поинаква слика. Пред сѐ, и во двете основни функции се појавува *ама*, а доминираат примерите со надоврзувачка функција, сп.: *Е, рече е́ма и аку-не-гу-сре́тнаа о́ни, матрија́лу́т кучи́нта ки́-гу-на́јдаа. А́ма-ни-ку́чу гу-на́јде́ ни о́ни гу-сритна́ја то́ не́шту.* БМег, *„До́бро, се-ј-до́бро, ама ѓа́ва́лу́т са-у́тита?“ – са-у́тита.“* БМег, *Има́л никуј-чове́к, си има́л си́нуви, ама ни-је́де́н не-гу-са́ка́л.* БМег, *...ки-си-бе́риш ли́ниче ма́лце ама то́ но́гу си́тину ки́-гу-дро́биш...* БМег, *Ко-да-ви́де у-ко́шут – ри́би не́ма. Ама, пу-па́шут сина́ша́л адна-лиси́ца.* БМег... Многу често се јавува и *арно ама*, кое се одне-

сува како показател на уште повеќе потенцирана адверсативност. (Имаме, значи, градација: *а – ама – арно ама.*) Покрај тоа, во адверсативно-надоврзувачка функција се појавуваат и две други лексеми: *амăн* и *ми.* Првата е турска партикула-извик *аман* 'милост!', втората асоцира на турската прашална честичка *ми,* меѓутоа и двете по гласовен состав им се блиски на разгледуваните адверсативни сврзници, а и во текстот се јавуваат во адверсативно-надоврзувачката функција сп. *...бăтта са-изрăдува́ нъ́гу„: амăн, сы́ну, как-да-дъ́йдăм и йа́ска".* БМег – можна е двојна интерпретација - молба за помош или „чисто" надоврзување, *Амăн, кум-Во́йчо, нă-мо́жăм да-дъ́дăм, кре́ни-ме...* БМег – овде сме поблиску до изворното значење, и најпосле: *„Амăн ти-са-мо́л'ăм да-ма-изва́йи уд-дъ́гинуш!"* БМег – еднозначен повик за помош; се гледа ескалација која води директно кон почетното *ам/ами* во дијалогот. Сп. и: *„Ми шо́ се́тите ту́ка?"* БМег, *Ми, на-сва́дба да-са-ка́раш!?* БМег, *'Ми, са' нъ́е шо-ќи-йра́јнę?* БМег – и овде се гледа аналошка употреба со почетното *ами/ми...* Во текстовите од Ениџевардарско ситуацијата пак потсетува на онаа констатирана во Костурско и Леринско, т.е. во сврзничка функција *ама,* во надоврзувачка, ретко, *ами,* сп. *... си врнал уд сколјото, ама немајќи шо за шо да си зафатиш, ѓиби, да работиш, пак си закачил за ралците да ора.* УЕ, *Можи и влодиката да знајал дека йойот у во село нејзе йеан, ама тогај така бил векут и правиле толку дикаш.* УЕ, *Дедо йойе, прости ми, ама што нејзе нишчо!* УЕ, *Луде сеѓа ѓјо маана оди да викне йой, ама йак ѓу излажал брат му.* УЕ... *...йойот ... кажувал: Йойадија, на ме́нка не́ ми́ си́ јаде... Йойадија... кажала: Ами йойе и на менка не ми јаде...* УЕ, сп. и: *Ка́жи-му, а́ма не́-а вирува́ш* КЕВ. Мошне е интересно што за разгледуваните сврзнички предикати пишува Вајан во својата монографија за јазикот на Кулакиското евангелие. Приведувам in extenso: *„ma",* „mais" $7_{13}.8_{22}$, etc., pour *amá(n)* à Suho (Mal.), *áma* à Lerin (M., p. 76,1.6) et à Boboščica, bulg. *amá* (ce doit donc être une réduction du turc *ama* plutôt qu'un emprunt au grec μά;" *„amí* „mais" (gr. αμη) 40_8, 44_8, 45_{14}, 155_{16} n'apparait qu'au début de phrases interrogatives, avec une forme réduite *mi* 128_5 (cf. Gerov, Supplément); et une variante *imí* 71_5, *ími* 28_{11}, 41_8, *imi* 30_9, qui répond à Boboščica (M, N° 80_{35}), doit résulter d'une contraction de gr. ἔ ἀμή. Nous trouvons aussi *imí* „sinon" dans *prufítin né timisán nikden néma, imí uf séloto néguvu* 71_7, par simple conservation du grec." (VK 240). Толку е коментарот. А еве и дел од посочените примери: *...и крина́ носи́лото, и о́дници. Ма бе́ши собо́та на та́а де́н.* ВК, *Сака́ле ви́ки да ѓу фа́тат; ма ни́кој не са́ кла́ле ра́ка вра́ќ не́го...* ВК; *Ами́ ко́-ј шо́ шо ми и кумица́?* ВК, *Ами́ ко́ј а́ниба мо́жи да утки́ни? ВК; Ве́ли на ни́х: Ми ви́а шо ве́лиш ко́ј да би́дам?* ВК; *Ими́ удека́ на не́ѓу са́ши ви́ би́ло?* ВК, *Ве́ли на ни́х: Ими как Дави́д му ви́ка на не́го у-ду́хот Афе́ндо...* ВК... Во својата дојранска монографија Пеев меѓу адверсативните сврзници го наведува *ама* и го илустрира тоа со примери: *Избе́гале ама шо́ зе́л да ша́рче пу цх, ѓи стиѓна́л. Он са́ скрија́л пуш ко́мо, ама о́ни на́кум стя́на́ле...* ПДој. Во текстовите приклучени кон монографијата во адверсативно-надоврзувачка функција во дијалошки реплики наоѓаме и *ама* и *аман* и *ами* и *ими,* сп. *„Ама селшо ма́-пи́тай шиче уд-де́ка ши́ ша́ри́"* ПДој,

„Аман мајко не-сакум да-ми-кажиш, не-сакум пари“. ПДој, *...му-даве една шака пари. Ого-сај, што-им праве? „Ами шиче, ти сај-ого!“* ПДој, *„Ими, рачеле, ти ки-най-раниш уф та далга зима.“* ПДој. *Арно ама* се појавува со слична функција, но на повисоко, метатекстуално ниво: *...стариоваре кавето. Арно ама, един ден, царо нарачуве кавé...* ПДој. Во „Кукушкиот говор“ Пеев го наведува меѓу адверсативните сврзници *ама* со варијанта *ам* и дава примери: *ніа одахме нај-пазар нај-Кукуш, ама старше одаа нај-Солан; – слушиш, рекал, сус тебо парстин што да пусакиш ки-дубиш, ам-арно до-очувиш; – лигнуве си, ама таа зграата, пулило, куш пулиња злато...* ПК1: 307. Во кукушките текстови во двете функции доминира *ама*, покрај него во надоврзувачка функција ги наоѓам *ми, еми, аман, арно ама* (скратено *арама)*; тие се голем блок текстови и може да се забележи дека одделните информанти доследно се служат со определени адверсативни предикати - тие претставуваат особина на нивниот нараторски стил. Еве неколку карактеристични примери: *„Уддек кумо лесо тој јагне?“ „Ми а, н-ајн му-дех адно лисиче, вел'ум: уфчар дај адно јагне.* ПК, *„Јаринце беглинце, гладно-си, жедно-си?“ „Ми, гладно сум, жедно сум.“* ПК, *Пиши каиште каквиј биа? Еми ја, ниски каиши, не таквиј виски куту сјаа.* ПК, *Тој трése круши, бабата збире и вике: „Туналче, свал'-се, на-баба збери-ј круште“. Ама ка сај-свалило сетне дај-збере, круше имен нај-Туналчо гу-фаште...* ПК, *Седме там нај-мираа. Арно-ама видеме, праидеме сај-бутнаме уф-адна виран каша.* ПК, *...кај-шериш царуфта мома дај-сај-женум“. „Аман бре сичко ніа, ду-чера бихме гувидаре...* ПК... Во лагадинските текстови од Малецки наоѓаме *ама* во двете функции; во правата сврзничка функција тоа има скоро иста фреквенција како *ала* (сп. подолу), а во надоврзувачката во Висока покрај него се појавува и *аман: „таси мојта жена, ама да видими, што за стани?* МС, *...жинатаму бална, икимиџиата ја гл'еда, ама и тој кушиш ут д'ат'атиу...* МС, *Тој р'ечи аку ји касмет за стани. Ама ни ни тр'абува да сај бавими...* МС, *Дур да фат'ат да идат, чукна обратата; „аман, поп, д'е да т'а искрија, манџотми хлота?!“ „аман, ти са мол'а ниф'астиу, да м'а скрии...* МБ... Во текстовите од Висока вклучени во Верковиќевата збирка не наоѓам ниту *ама* ниту кој било друг показател на силна адверсативност, што е веројатно во врска со самиот карактер на тие текстови – раскажување за старите обичаи. Инаку, во текстовите од збирката се појавуваат и *ама* и *ами* со типична дистрибуција, првото во двете функции, второто во надоврзувачка функција во дијалозите: *...тинака ки ги повелиш, ама да си отвбриш очите...* В, *Отиде човекот, ама когу ке да најди?* В, *...сички на нога станаха от радост и која по-напред да му рече: „добр'а дојди!“ Ама Кулуф немаши кеф...* В, *..Јазе сакáх да ти закол'ам кату јагне, ама пак ти сожалúх“.* В, *„чиа магазиа са продава?“ Тел'алот му каза: „ету на фалан богати“. – „Ами колку гроша го сака?“* В, *„ох мажу, харно си земал рибата и ми велиш да готива мара, а другата да га насол'а, ами кату немами ниши сол, ниту пипер, ниту ширлаган?“* В... Во Верковиќевите текстови од Серско меѓу малубројните примери се нашле и *ама* и *ами*, и двете во основната сврзничка функција, сп. *...не можа чул'ак да*

отберé напрáвата хи, óти не и чулéшта напрáва, ами от jýди, змjýве... ВС, *Такá и селенéте стáнаха та отjýдуха при пешчерéта и нájдуха дýката, от кадé са вл'áва, амá на мóже бодjн да флéзе там.* ВС, *„Ти, прéтел'о, какó поминá тази нáши сами?" И тój ре́че: „Хáрно поминáх, амá мáлку бáлхи ма ед'áха."* ВС, *И тój са зáчýди пак, шчó да е прáви, ами стáна та е зимá та е откáра фаф горáта.* ВС... Во Трлиското евангелие ситуацијата е слична, но *ами* е пофреквентно од *ама* и се појавува во две функции: *Сетне пак му рекоха: ами кој си тиj?* МТ, *...мóета прjказна ни é мóе, амj на новá што ма е прáтил...* МТ, *...от само сéбе си ни дójдох, амj наjстинские новá шчу ма прáти дéто вjке ни гý знáете.* МТ, *Рéкоха му тjке: амj кадé е тój?* МТ, *...нéе знáеме, óти товá е синá ни и óти са сл'áти родj, амá сегá как гледа ни знáеме...* МТ, *Тогá гу фáтиха та гу покáраха от лозéту от вáн та гу утрéпаха. Амj кугá дójде стопáна на лозéту, што шче стóри нéзи лозáре?* МТ, *...ету сфáтбата е гóтова, амá калéсаните не бéха вр'áдни...* МТ – Најпосле Иванов (ИП 191) во својот инвентар сврзници ги наведува само *ама* и *ам*.

Да сумираме: скоро на целата јужномакедонска територија се појавуваат паралелно *ама* и *ами*; самата природа на адверсативната релација прави поврзувајќи две дијалошки реплики (т.е. два фрагменти од дискурсот изговорени секој од друг учесник во дијалогот) таа често да е придружувана со релации на чудење и на (помалку или повеќе) благ протест. Токму како показател на таквата „дијалошка" адверсативност почесто, а во некои говори дури исклучиво се појавува *ами* со варијантите *аман, ам* и *ми*. Во поврзан, кохерентен текст (т.е. во „правата" сврзничка функција) доминира *ама*, само на крајниот исток во некои текстови *ами* доминира и во двете (позиции и) функции.

Токо/туку по својата географска распространетост се реди на второ место меѓу јужномакедонскнте адверсативни предикати. Еве некои примери што ја потврдуваат оваа констатација: *Токо шчо вél'а óти чинjáje жлé лýдjим, от ка и на црквáта кладóе рáка?* МДЦ – во францускиот Мазонов превод: „Mais qu'ai-je à parler de ce qu'ils ont fait de mal aux gens, alors qu'ils ont mis la main jusque sur l'église?" – еден класичен пример на надоврзувачката функција; натаму: *...ни éно от сjáзи не жа мóжи да ви влáйса. Тóко не се радвjáте за сóзи, óти духовjти ви се свéдве, тóко мнóго повéке радвеjтé се óти именишчáта вáше се писáе во небенишчáта...* МЕЦ, *„Жа ме земиш и жа те зема, токо да м-уставиш четирjесе нови да стóриме по ново наш...* МЦ, итн. Впрочем, во корчанските текстови како и во стандардниот јазик *токо* се употребува и со темпорално значење, за подвлекување на актуелноста на некое дејство токму во моментот на зборувањето. Шклифов го бележи адверсативното *туку* и во Костурско: *Тýку вjáни-гo кóно дурjáта на-jáшто за-да-и-фтáсаш., Тýку чáрна-ми мájка ми-имеше речéно, на-рáката дéсна имеше нjиан, Нé-ме вjке Стáврос Дудýмис, тýку ме-вjке Кáрсто Дудýмоф* ШК. А еве и (единствен!) пример што го наведува Шклифов од долнопреспанскиот говор: *Мнóгу ми пáдна на кéдеро,*

тýку тój злáтен óсѓора да ти дój на áк. ШД. Во текстовите на Бојковска од Мегленско не го наоѓам адверсативното *тýку*, но еве го пак во текстовите на Угриновски од Ениџевардарско: *...сáте деца нéј устáвил да рабóтат кáто чивчиј, тýку некуи уд них и пушчил да пéјат за да зафáтат некуја ука или некáкво заанáт.* УЕ, *И не сáмо тo, тýку сеа и сáто џумбуш си истури.* УЕ, *Уд сеѓа нанака ќи му раскáжувам на сáте л'уѓе да си чинат сабур не сáмо за ва рабóта шo ни си пуѓоди, тýку да си чинат сабур и за ноѓо друѓи рабóти.* УЕ, *И не сáмо тo, тýку кoѓа и закупуваа луде му вели на дробáрите...* УЕ, *Е не си л'утáм, не, тýку чини се малку мáлку домакѝн.* УЕ, *Гостúнoт та рабóта не а прáвил óти најстúна бúл јáден, тýку какó ѓостúн си устрамѝл и за тo си тргнал.* УЕ – наведов повеќе примерн, за да гн истакнам врз фонот на пошироκиот контекст карактеристичните зацврстени секвенци *не... тýку...* и *не само... тýку...*; се наметнува заклучокот дека *тýку* на своите аргументи им наложува честопатн други, построги ограничувања во споредба со *ама/амu*. Имено, конструкциите со *тýку* се поексплицитни. Тие се остваруваат според шемата *не p тýку q*, со задолжителна површинска негација во првиот аргумент, или пак изразуваат не права адверсативност, туку конјункција со потенцирање на вториот аргумент, т.е. нешто што бара парафраза од типот: *'p* и *q* иако би можел да помислип дека не *q'*. – Вајан во својата анализа на јазикот на Кулакиското евангелие не го наведува *тýку* во поглавјето посветено на сврзниците (238–242), меѓутоа, можеме мирно тоа да го сфатиме како превид, бидејќи на други места (42 и 68) алудира на него како на сврзник со адверсативно значење. Во текстот на Евангелието соодветните примери се среќаваат на секој чекор, сп. *Заради тó* Μωυη *ви дадé сунéтут, áџиба нé ј ут* Μωυη, *тýкý ут Таткóви...* КТ, *Ним на крúво сúдити, тýкý на прáву да сúдити.* КТ, *...и ут сáм ут мéн не испаднáх, тýкý тóк шo ми пушти прáвин, шo вúа нé ѓу знáјте.* КТ, итн. Во монографијата на дојранскиот говор од Пеев се појавува формата *тики: Ки ѓу зéмум, тики шo ки кáже мајкá-ти. Лóшo ѓá бише удрúл, тики ин пумúна.* ПДој. Во својата кукушка монографија Пеев наведува примери и со двете форми, *тýку* и *тики*: *он купúл, тúки нá-мужéл дó-прувáле тимéл'о; – кóјно ричéл: áрăнто сă-зăбрáува тúки лóшo сă-пáмте; ...ас тă-тирáх, тýку ти не бúше дóма; – нúкуј нé сă-пујăвúл, тúки нă-трéтијó ден нúкуј мил'ундéрин прáстѓе.* ПК1: 308. Пеев приведува и примери на партикулата *тики*, едноаргументна, која изразува асерција на констатацијата што директно ѝ претходи во текстот – таа во исказот е поставена во финална позиција, сп. *мăчúме, мăчúме, нă-мужéме дă-искáрме вóда, тики.* ПК1: 308. – Во Верковиќевата збирка текстови, во оние текстови што не се точно локализирани, наоѓаме примери на адверсативното *тýку*, сп. *Не знаш, ча јазе имам тýка две брáткја, аку ти најдáт, ки ти изјадáт? Туку ела да ти чинам един илик, да ти искриа на едно местo...* В, *Тиа двéте брáткја не бéха човеци, тýку бéха змејуви...* В, *"е башчу, до сеѓа ниа бéхме заѓубени, тýку ти шчо на сúори туз добро, на прихрáни, си нарастóхми.* В, *„сеѓа не моѓа да дојдá, тýку утре и јазе сос ва сам!"* В, *башча ни мнoѓо ки си радува сос нас и сос тебе, хем за ти даде мнoѓо дар,*

ама ти да не си земал нишчу; туку нај-сетне да испросиш от него едно каминче... В, *...на мени алтани не ми требуват, нити законот дозволува, туку сос женката никјах са чинех, не га оставам...* В... Судејќи по јазикот на овие приказни, имаме работа со источните говори. Сепак, нити во лагадинските текстови од Малецки, нити во Верковиќевите текстови од Висока нити од Серско, нити во Трлиското евангелие не го наоѓам *туку*, а не го спомнува ни Иванов во „Преселничките говори" (с. 191 – преглед сврзници).

Но го нема во корчанските текстови. Се појавува во костурската монографија на Шклифов и тоа меѓу најфреквентните адверсативни сврзници, меѓутоа меѓу илустративните примери нема ниту еден со *но*. (ШК111). Сепак, во текстовите приклучени кон монографијата наоѓам неколку адверсативни конструкции со *но: Нови Чифлик беше турцко село, но-имаше и болгари...* ШК, *Татка-ми беше влах, но тој тераше набулгарцко.* ШК, *...сеја на-мајка-ти да-му-бјме на-гости, но со-шо да-бјме?* ШК, *И-изеде и-двѐте, но-неможеше да побегни.* ШК. Адверсативни конструкции со *но* Шклифов бележи и во долнопреспанскиот говор: *Можи да нѐ зном чисто да збрвам, но можи да ма разбери секѝ еден, шо сакам да му кажа* ШД, *...ке има бој со Богарија, со Србија, со Грција и со Црна Гора, но ние ке и бееме...* ШД, *Мало са врнаф назат, но сетне си рекоф: „Чекај да вида каква војска ет таа?"* ШД... Во мегленските текстови од Бојковска не најдов конструкции со *но*. Не наоѓам такви конструкции ни во текстовите на Угриновски од Ениџевардарско, а не ги наведува ни Каранфиловски во својата монографија. Најпосле, ги нема ни во текстот на Кулакиското евангелие. Не ги бележи Пеев ни во Дојранско ни во Кукушко, а ни Малецки во Лагадинско. Ги нема во текстот на Трлиското евангелие, а не ги спомнува ни Иванов (ИП 191). Во таа светлина сомнително е нивното присуство во некои нелокализирани текстови од Верковиќевата збирка. Сепак, ќе наведеме дел од тие примери: *...добих не само тија стока, шчо имам туку, но и двајси гимја дадох на един така, бакшиш.* В, *Тојнака беши млогу слаб на снагата, но имаши живо сарце.* В, *„мале, мила мале, динеска излезох сос јунаштву и јазе да си радувам на шиумбушут, но повики си пожалих, сиракот, зашчо они си фал'аха...* В... – Значи, *но* е регистрирано на западната периферија, но не и во Корчанско, и ако му веруваме на запишувачот на Верковиќевите текстови – може да се појави и во источниот дел од ареалот. Од примерите се гледа дека тоа главно врши основна сврзничка функција, но може да се појави и во почетната позиција во реченицата, т.е. со адверсативно-надоврзувачка функција.

Ала (али) со варијантата *ал* исто како и *но*, одејќи од запад, се појавува прво во Костурско. Нина Димитрова-Шмигер од селото Сничене наведува: *Пудобар ести патут ут Кожане, ала трб верти...* и коментира дека се работи за грчка заемка. Шклифов (ШК 111) ја бележи формата *ала* и ја илустрира со примерот *Тие сиромаси, ала си-играе, си-се-смее.* Во текстовите приклучени кон монографијата наоѓам натамошни примери; до-

минира скратената форма *ал: На четѝрдесе и сéдум годѝна го-утепáе тáтко-ми гѝрцките фашѝсти, ал бéше брáт-ми партизáн.* ШК, *...ни бéше стрáä, ал не-знаééме да збóрваме гѝрцки.* ШК, *Édан дéн дóјде мáјка-му да-го-вúди. Ал не знаéше мáјка-му да-збóрва гѝрцки...* ШК, *"Кнóка éсти - вéле тúе. Ала чé да ти вúме нóгата.* ШК Во монографијата на долнопрспанскиот говор Шклифов не го споменува адверсативното *ала/али*; наведува *али...али...* и *ели...ели...* како варијанти на алтернативното *или...или...* (ШД 112). Ни во мегленските текстови на Бојковска не наоѓам *ала/али*. Тоа пак се појавува во формата *али*, во текстовите од Енишевардарско: *Тој мă-вúкаше, áли јас не мóжих.; Он мă-сáкаше, áли тáтко не ме дáваше* КЕВ, меѓутоа и во Енишевардарско присутно е само во текстовите снимени од Каранфиловски, додека ни кај Верковиќ ни во големиот блок текстови запишувани од Угриновски не го наоѓам. Пеев во својата дојранска монографија, откога ги има наредено типичните адверсативни конструкции додава: „Се среќаваат и адверсативни реченици со сврзникот *али*, што претставува реткост ие само во долновардарските, туку воопшто во источните говори. Сп. *О дунцéл си тŏ, ако кој ки-т о кýше. Кутý куритo-ј – уд дăрво, али купáна мож да сă рéче. Ако-ј лáдно врéмутo мóже трúјсе дéна дă сă зăдăрже, али двáјсе дéна óбично фтúсýве.*" ПДој. Во кукушката монографија Пеев пишува: „Адверсативниот сврзник *али* во кукушкиот говор не е многу раширен, но сепак се среќава. Сп.: *пăрмáк сă-вúке ка-удúре пичáт, пăрстут, ак-ej нéпúсмин нéкуј, али пармáци вúкме и нă-сúтúте нă-тăркалúнта; – сúнка-ј брýнка, нóбго бóлее али и зă-лош чувéк мош сă-кáже сúнка* ПК1: 308. Пеев ги приведува и горецитираните дојрански примери и при тоа уточнува дека се тие од селото Николич (ПК: 308). Во лагадинските текстови од Малецки ја среќаваме формата *ала: „млóгу хýбав'а – му вилú – пруминáх, алá сабáлин мрáва стрáха вúд'ах"* МС, *...и стóрих мухабéт нóс д'éн, алá ни жинáта му кáзува на д'áт'ату, ча кшéнудóхину ij мáнч нúту кшéнудóхину му вилú на д'áт'ату, ча нáс мij жéна.* МС, *...д'ат'ату и з'éлу иднá книгá на ранкáта, п'áј. Му вилú на д'áдуту:*
звáд'а пишúбту, алá да'áт'ату úма з'éнту иднá книгá, на хýрната п'áји; МВ... Лавров во Верковиќевата збирка не наоѓа ни *али* ни *ала*. Примерот што го приведува Пеев (ПК1: 308) од студијата на Лавров му служи на Лавров како илустрација за една друга појава, а во оригиналниот текст на приказните истиот тој пример место *али* содржи *ама* (В 7/29). Ни во текстот на Трлиското евангелие не наоѓам ни *али* ни *ала*. Најпосле, Иванов (ИП 191) пишува: „Съюзът *али* записахме от няколко информатори (струмски говор). От иего има слаби следи в българските диалекти. Тој е бил изместван лесно от гърцизма *ала* поради фонетична прилика между двата предлога.", при што се повикува на „Историческа граматика..." на Мирчев, но не кажува ни дали ни каде тој самиот во опишуваните говори има сретнато *ала*. – Да сумирам: примерите со *али* ги наведува само Пеев од дојранскиот и од кукушкиот говори, додека во Костурско и во Лагадинско (т.е. во говорите коишто се под јако грчко влијание) е забележано *ала*. И двете форми се среќаваат ретко. Сите примери на Пеев се двозначни или дури и

само еднозначни во смисла дека секогаш можат да се толкуваат како алтернативни (а не секогаш како адверсативни) конструкции, т.е. со *али* како варијанта на *или* – таквата употреба ја регистрира и Шклифов во Долна Преспа (сп. погоре). Нашиот заклучок гласи дека во јужномакедонските говори како показател на адверсативната релација се појавува само – спорадично – сврзникот *ала/ал*.

Него како јужномакедонски адверсативен сврзник е одбележано само од Пеев во три примери, еден од Дојранско (информантот е рибар од Дојран) и два од Кукушко, и двата забележени во неврзан разговор, без точна локализација. Еве ги тие примери: *...јас не́-сум са́мо за̀-тво̀јо гра̄т до́ктур, не́гу сум за̀-це́л све̄т.* ПДој, *пудничарка-ј ка̀рта̄ка за̀-ба̀ршне по̄дници, та̄кви ра̀бо̄ти, не́го мош са̀-жне̄ти, да̀-н-са̀-се́чиш, не́го и за̀-гуле́ми ра̀ци ви́кме па̄ла̄ма̀рки.* ПК1: 308. Тешко е што било дефинитивно да се заклучи врз основа на три примери. Сепак, не може да се исклучи дека *него* е заемка карактеристична само за одделни идиолекти. Да додадеме дека адверсативната релација се крие и во конструкциите со *без да* (Синтаксе, т. I, 1.1./1.6.4.) и во апозитивните релативни конструкции (2./4.).

Сумирајќи треба да се каже дека показателите на адверсативната релација (којашто по дефиниција содржи една имплицитна, не-артикулирана пресупозиција) посебно лесио поминуваат од вистинската сврзничка кон надоврзувачка функција; последната е карактеристична пред сè за дијалогот, а дијалогот пак по самата своја природа овозможува показателите на адверсативност да се здобијат и со прашална модална нијанса според моделот: 1. врзан текст од еден автор: *Напишав едно писмо* ('иако си можел да помислиш дека ќе ги напишам и двете') *ами второто мора да го напишеш сам.*, 2. дијалог: А. *Напишав едно писмо.* Б. *Ами второто*?, и сл.

1.1.3. Алтернатива. – Поминуваме на разгледување на последната релација од асоцијативните, алтернативата (во лингвистичките студии често присутна и под името: дисјункција). Природните јазици обично не прават разлика меѓу таканаречената слаба и силна алатернатива, т.е. меѓу формулите 'не е вистина дека (не *p* и не *q*)' и 'не е вистина дека (*p* и *q*)'. Во јужномакедонските говори – како и во стандардниот јазик – основен показател на алтернатива е *или*. Кај експресивно засилената алтернатива често *или* се појавува и пред првиот и пред вториот аргументски израз, т.е. имаме работа со составот *или...или...* Таквите случаи нема посебно да ги издвојуваме. Во алтернативен однос можат да бидат ставени настаните или само нивните протагонисти; следствено, *или* поврзува цели реченични конструкции или само одделни именски синтагми, а можна е и комбинација од двете шеми (*или Петре ќе оди или Павле*). Покрај *...или.../или...или...* во јужните говори среќаваме и *...ја.../ја...ја...*, а исто и *ем...ем...* може да биде употребено алтернативно.

...или.../или...или...: *Ијта да му да́м са́му сетнете́му кај те́бе. Или не́ ми е прости́во̀но да сто̀ра та̀ви шчо ијта...* МЕЦ, *„Господи наш, ко̀га те*

видо́јме угла́днат, та те наранѝјме, ко̄га заго́рен та ти дадо́јме да пѝеш, ко̄га те видо́јме чуждѝнец та те собра́јме, ѝли го̄л та ублеко́јме, ѝли ко̄га те видо́јме бо́лен ѝли во апсана́та та дојдо́јме при те́бе?" МЕ – еден пример кој убаво покажува дека алтернативата може да биде и со повеќе од две компоненти и дека не е далечен патот од конјункција до (слаба) алтернатива. Натаму: *Жа бје̄гаш, ил да викна мама!* МЦ. Интересно дека Мазон во својот индекс лексеми не ги има одбележано ни *или* ни неговата скратена варијанта *ил*. Шклифов во костурската монографија меѓу „съотносителни съюзи" наведува меѓу другите и *ели-ели (или)*. Единствените негови примери за *ели...ели...* доаѓаат од една песна запишана во селото Косинец: *Ко̄го ке зе́ваш, фѝдан Сто́јно, ту́рчин е́ли ка́урин?* и натаму: *И-то́ј нео-зна́е на шчо-де́н му-падѝна, сре́да е́ли пе́ток, е́ли чѝсти понеде́лник.* ШК110. Во текстовите приклучени кон монографијата најдов и пример со *или: За е́ден на̄ш ла́ф треба́ше да-пла́тиш три́ста дра́хми про́стима, ѝли пишува́е на-су́рго̄н.* ШК. Еве и пример од село Бапчор, Леринско: *...а па тие сакае да ја дарве со жолтица или наполеон или лира...* ВБ. Во Долна Преспа Шклифов бележи три варијанти: *или/ели/али*, сп. *И́ли у́тре, ѝли у́тре ке до́јда да са ви́диме. Баст ѝсваа (ту́рците), е́ли шо пра́еа во се́лото не́зном. И́маше го̄лема́ кавга ка́кво уч ѝлиште, бо̄гарцко е́ли го̄рцко. Шом са л'у́беа мла́дите и ке пу́штеја се́тине е́ден та́коф, стро́јник го̄ ка́жваме, не́кој прѝјател е́ли от стра́на на чу́пата, е́ли от стра́на на де́тето. Шту́кам на̄ште се́л'ани, на̄ште по́знати, шо бе́а, шту́кам прѝкажве, о́ти не́ма да о́јме да́леку, ке о́јме а́ли во О́ро̄, а́ли во Гра́ждено, та́му ке заста́ниме.* ШД 112. Примери со *ели* има и во текстовите од Леринско: *Да́ли коренчѝња е́ли се́ме и-доне́се, не́-знам.* ВНерет, *Пе́т е́ли ше́з годѝни.* ВНерет... Во мегленските текстови наоѓам примери со *или: ...ќи-си-кла́виш, на-бо̆ару́т или ма́са...* БМег, *Ко́ј мо́р', го̄ле́мјут или ма̄ле́чкиут?* БМег, *И, кинисак па, си-бига́к. Да́ли-не́-бише Тре́сину мо́јо, да́ли-не́-бише По́лини мо́јо, да́ли-не́-бише Сарак ѝнуву или Бѝзуву, ама мо́рак да-рӑбо́тик.* БМег – интересен пример кој покажува врска меѓу *дали* и *или*, односно покажува дека алтернативата во себе содржи прашање. Од Еницевардарско: *...ѝли дӑрабо́тимә̆ ѝли дә̆-си-ојмә̆...* КЕВ, *...некуи уд них и пушчил да пејат за да зафатат некуја ука или некаќво заанат.* УЕ, *Ако не работи или нема да биди мил уд друѕите нејни бра́тка, или ќи му извадат лаф ка́то нерабо́тливо де́те-момче...* УЕ. И во Кулакиското евангелие наоѓаме *или* покрај спорадичните *ил* и *илим*. Последното Вајан (ВК 239–240) го објаснува како контаминација со турското *ille(m)* 'ама'. Вајан се повикува тука на Геров. Во турските извори ја наоѓам лексемата *ile* 'и'. Еве ги кулакиските примери: *Шо па́лаш, ѝли шо збору́ваш су не́а?* ВК, *Ми́на и ви́а си планиса́хти ут не́го? И́ли не́кој уф Старе́јте си верува́ на не́го, ѝли уф* Φαρισαίοι-*те?* ВК, *Па то́ кој ки си ка́жи, ѝли ки чѝни, во́а на̄јго̄ле́м ки си ка́жи на небе́сината царшти́на.* ВК, *Дида́скале, кој и гре́шѝ, во́а, ѝлим та́ткото, ѝли ма́јка му, да сӑ роди́ сле́п?* ВК... Натаму: *Или она ке-ј или ниќуј друк. Или Ста́на нӑ ду́ша, или вӑже нӑ гу́ша.* ПДој, *„Сӑ или ќи-тӑу́тепум или ќи-кӑјш шо́ дӑ-нӑпра́јме мо́сто зӑ-дӑ-не́ пӑдѝне"* ПДој, *ил' ќи-*

кáјш ус-кáквй мурфéше мá-зимá ил' к'и-сá-вáрнум; – ил' кo-o-дáјш ас до-очýвум или кu-сá-удáвум уф-мóорш. ПК1: 309. Единствената алтернативна сврзничка конструкција што ја најдов во лагадинските текстови од Малецки гласи: *...за фáрлйш с'áм' а на инá л'áха йши шшинйца, йши ичумéн, йши рáи, йши ув'éс, шшу дáји...* МС – не ми е јасно дали може тука да се работи за упростување на *ишши*, т.е. 'сакаш пченица..., сакаш 'рж...', итн., или можеби за контаминација на *или* и *ишши?* Втората карактеристична алтернативна конструкција што ја најдов во тие текстови е без сврзнички предикат и потсетува на она што го рековме горе за прашалната компонента во алтернатива, сп. *...шас мумáша р'éчи: „да сă уклáвам? да сă уб'áсам? да сă закóл'ам? кутрój шóкулáј Гóспудим?* МС. Во Верковиќевите текстови од Висока наоѓам примери со *или: Преде една нид'ал'а или един мес'ац за шуснаш хабар за бракош да си чинаш хазир.* ВВ, *И кашу за го бричаш, зенш'уш изважда неколко стребрени пари или онлуци...* ВВ, *После дарош јадаш, шијаш шрво ош зенш'уш за кладаш шрапеза л'аш и ош заколените кози или офци глави пачја!!* ВВ, *Перво за везмаш овенош, каков да биде, или чарно или белó.* ВВ. Конструкциите со *или*, иако ретки, ги има и во Верковиќевите текстови локализирани во Серско: *Тáрговецо ош три месеци сетне сă вáрнал през овчар-о и го питал, излáзал ли је женá-шá му, ил ни је јá.* ВС, *„Ил ми кажи този даро ош шча ша остáве."* ВС... Ги има конструкциите со *или* и во другите, нелокализирани текстови од збирката на Верковиќ, чиј јазик меѓутоа еднозначно покажува дека се работи за крајниот југоисток, сп. *шйника, шáлку пáри што ймаш, йли нéкоја цáрска хазнá стáйна или најдé нéкоја магасйа цáрска.* В, *аман, владика мој, ши са мол'ја да дојдиш дури на нашча кáшча, да гу пеши нашчу дете или да умре или да стани!* В... Го има *или* и во текстот на Трлиското Евангелие: *нéе знáеме, йши товá е синá ни и йши са сл'áш родúк, амá сегá как гледа не знáеме, или кój му отвóри очúше ни знáеме;* МТ, *За товá немój да са гајлúше да врéвише шшу шшé јадéме и шшу шшé пúеме, илú шшу шше са облечéме* – МТ... Меѓутоа, Иванов (ИП 191) во својот инвентар сврзници карактеристични за преселничките говори како единствен показател на алтернативната релација го приведува *ја*.

...ја.../ја...ја..., поретко *...а.../а...а...* како алтернативен сврзнички предикат е турска заемка. Иако фреквенцијата варира, сепак го наоѓаме на целиот јужномакедонски ареал. Еве една селекција примери: *јá земú-ме на рáмо, јá да ше зéма јá...* МЦ, *...јá кажú-ми éна прикáзна, јá да ши кáжа јá.* МЦ... Мазон во директен превод го предава *ја* со *ou*, меѓутоа во својот индекс на лексеми како преводен еквивалент за оваа служба на *ја* го воведува француското tantôt со што сугерира дека се работи за алтернативно преплетување во време. Шклифов во монографијата за костурскиот говор ги раздвојува – се чини без мотивација – *а...а...* и *ја...ја...*; го приведувам соодветниот фрагмент од неговиот текст: „Съюзът *а-а* означава неутрална заменяемост на свързаните понятия: *А-шój е, а-друк, нúшчо нéма да-сáмéни. а-мój сé óфците, а-шивój, и-пáса лéто. А-чúпа é, а-дéше.* Съюзът *ја-ја* по значение съвпада със съюза *éли-éли*, само че той се употребява по-рядко:

Ја́ке-си-до́ј во́јден, ја́ не́." ШК 110. Во монографијата на долнопреспанскиот говор Шклифов без коментар *а-а* и *ја-ја* ги става меѓу „сътносителни съюзи" и дава илустрација само за *ја-ја: Ја́ има да́дено три́ ѝл'ади, ја́ не.* ШД 112. Во современите текстови од Ениџевардарско не наоѓам конструкции со *ја*, меѓутоа во Кулакиското евангелиетие се присутни, сп. *Го́спо̄т, испула́ѝти, што не́ са́м ка̄ту́ дру́зити л'у́ди, ла́жи, кри́ви, ѝу́ѝти, ја́ ка̄ту ва́ јумбрукчѝа̄та.* ВК. Основниот показател на алтернативната релација во кулакискиот текст сепак останува *или*. Од Дојранско Пеев (ПДој 110) како пример за *ја-ја* приведува поговорка: *Ја Ка́̄та ја ла́зѝа.* Во неговата кукушка монографија наоѓаме побројни и „живи" примери: *ја дај-ми лиша́нуѝ, ја ѝа ќи-ѝ-испу́ѝиѝум да-уста́ниш до́ло; – ја да́-ми ва́рниш ду-нидо́л'а ѝа́рѝе, ја ќи до́јдум до́ма; – ја са́-прибѝ́ри на́-вре́ме, ја ќи-ѝ-за̄ѝвбрум ѝо́рѝта;* ПК1: 309. Најпосоле, како што веќе споменав, Иванов како единствен алтернативен сврзник во преселничките говори го наведува *ја* (ИПГ 191).

Во кајларските текстови кај Дрвошанов во функција на алтернативен сврзнички предикат се појави *исе: „Зашо́ ма́-са́каш ѝи: за́-жена́ и́се за́ измиќа́рка?"* ДКај, *Дека сичел о́н има́ло на́стре́де идна́-бу́ка, и́се што би́ло.* ДКај ... Најверојатно се работи за турската заемка иако семантички поместена. Стандардното турско *ise* граматичарите го преведуваат како *'as for', 'whereas', 'however'* ... (Lewis 1984: 217, Swift 1963: 186). Тешко е да се каже дали до пометувањето дошло во турските дијалекти или во македонските.

Во **заклучокот** на овој преглед на сврзничките предикати-показатели на асоцијативните врски меѓу пропозициите („чиста" конјункција, адверсативност, алтернатива...) би сакала да истакнам некои општи правилности:

а. Врските меѓу настаните (ситуациите, состојбите, процесите...) што се одразени во конструкциите конституирани од овој тип сврзнички предикати претставуваат продукт на интелектуална активност на говорителот. Тој во нив ни нуди не само резултати на својата опсервација, туку и резултати на своето толкување на светот. Јазичните средства коишто му служат за таа цел се објект на неговиот слободен избор во значително поголема мера отколку оние средства кои пренесуваат резултати од „чиста" опсервација, и тоа по две линии. Како прво, тој може едноставно да ги реди настаните, а може и едно множество настани да врзува во некоја логичка конструкција. Како второ, тој обично има на располагање повеќе инофункционални показатели на соодветните релации отколку што тоа е случај во други, „поконкретни" семантички полиња. Следствено, описот и анализата што ги понудивме во поголем степен отколку во претходните глави се опис и анализа на идиолектите на одделните информаити кои не мораат да бидат (единствено) репрезентативни за системите на соодветните говори.

б. Меѓуреченичната граница (во вид на точка) во говорениот текст од еден автор ја внесува запишувачот. Таа често оди меѓу првиот аргумеит и сврзничкиот предикат, но за конструкцијата што ја конституира тој

предикат е нерелевантна. Релевантна може да биде на ниво на текстот ако е поврзана со измена на говорителот, т.е. во дијалогот.

в. Што се однесува до селекцијата на аргументите, таа е ограничена само од познатиот семантички принцип кој важи за секаква конјункција во природниот јазик. Имено, аргументите на една асоцијативна релација мора да бидат елементи на едно исто множество основано врз некоја особина релевантна за ситуацијата за која станува збор во текстот.

г. Аргументските изрази што ги врзува сврзничкиот предикат можат да бидат формализации на цели актуелизирани пропозиции или – по пат на кондензација – можат да бидат сведени на аргументски изрази на две (или повеќе) пропозиции-аргументи, ако се тие конституирани од еден ист предикат. Следствено, тие можат да имаат форма или на реченици или на именски синтагми.

д. Редоследот на аргументите обично е произволен и зависи од комуникативната хиерархија што на исказот му ја одредува говорителот. Од ова правило отстапува само силната адверсативна конструкција (тип: *...ама...*) којашто има зацврстен редослед на аргументите, бидејќи првиот од нив ја носи пресупозицијата што е задолжителна семантичка компонента на целата конструкција.

1.1.4. Сврзнички показатели на споредба. – Споредбата претставува посебен тип асоцијативна врска и има свои посебни показатели на површината на текстот.

Сè може да биде предмет на споредба. Се работи за една релација со помош на којашто констатираме дека некој предикат што е поврзан со определен објект/класа објекти може да биде применет и на предметот/настанот за кој станува збор во текстот што во моментот го градиме. Во т. I, главата 1.1./2. стана веќе збор за споредбата како основен предикат во простата реченица, т.е. за споредување на материјалните предмети со помош на предикатот '*X* (не) е рамен со *y* со оглед на *a*', каде што *X* е предмет за кој станува збор, *y* предмет со којшто го споредуваме X за да му го спиеме на нашиот соговорник, додека *a* претставува релација/особина со оглед на која се врши споредбата.

Сега ќе се занимаваме со конструкции во кои предмет на споредба се настаните (ситуациите, процесите, итн.), а предикатот 'споредба' е оформен како сврзнички збор.

Како и обично, одиме со примерите од запад кон исток. Сп. *И тја му рекóе óти никóј пат нéма зборвáно сúка кај шчо збóрви сој чóвек.* МЕЦ, *Кај то ме пýшчи мјáне тáтка, тáка и јá ви пýшчем вам.* МЕ, *Кáшчо бéе нарендéни мáжите му-викáе на-úме по-гáрцки.* ШК, *какту как си благодарих јасика, и теби ке да ти благодарим* В, *На прáмно-јут вечир, как беши трапеза-та пáлна, и неговата кáшча така ке да е пáлна дури до век* В...

Како што се гледа, примерите се малку, што има семантичка мотивација. Имено, обично предмет на споредба се два настана конситуирани од еден ист предикат, а со различни аргументи, различни модални и временски параметри, и др. Во таа ситуација нема потреба на површината на текстот експлицитно да се повторува предикативниот израз. Многу почесто вториот реченичен аргумент на релацијата 'споредба' зема облик на трансформа, т.е. место, да кажеме, *Ана се смее како што се смее Кате.*, и сл. добиваме *Ана се смее како Кате.*, и сл. За овој тип трансформи сп. I, 1.2./2.3.1.

Се јавуваат и други секундарни решенија и трансформации. Како што се гледа дури од оваа мала селекција експлицитни примери, настанот со којшто се врши споредбата може да биде фактивен или нефактивен. Во вториов случај имаме обично работа со сврзничкиот состав *како да*, при што испуштена е протазата на условниот период која би претставувала непотребно повторување, па така експлицитно се именува само можната причина на соодветниот нефактивен настан – термин на споредбата, сп. *...та пуста рибка зафатила да скока дури врс водата като да сакала да кажи нешко.* УЕ, т.е. '...како што ќе скокаше да сакала...', и сл. Во Корчанско во таа функција наоѓаме состав *кај кога да*, сп. *Ти не стапинјаше ич на земи, кај кога да литјаше.* МЦ, во Мазонов превод: ...tu avais l'air de voler. Натаму: *Го викна царо кај кога д-имјеше сторено некоја фтесбина.* МЦ, *...и префрли очити наѓоре кај кога да му изљази душата.* МЦ...

Прилично често споредбата со нефактивен настан се изразува на уште поинаков начин. Имено, место тој настан директно да се именува во текстот, се кажува на чиј мисловен свет тој му припаѓа, т.е. кој и по која прилика го замислил/го најавил... како можен/пожелен..., итн. Сп. *Арапиноп стана и отиде на един златар и сторил един сандук, како сакаши нејна-та душа* В, *Идите синку и Бог да даде да добијте, како шчо сакате* В, *Кату как му речи мома-та за соноп, така са чинило* В, и сл.

Како што се гледа од овој наш краток преглед, како сврзнички предикати на споредба се појавуваат *како (как, кај), като* и составите *като как, като што, как(о) што*...

1.2. Сврзнички предикати – показатели на темпорална врска меѓу настаните. – Втора голема група сврзнички предикати се оние кои одразуваат темпорална врска меѓу настаните (ситуациите, состојбите, процесите...). Ова, се разбира, не значи дека темпоралната врска не може да биде основа на една асоцијативна релација – за конјункцијата заснована врз временски редослед стана збор погоре. Меѓутоа, темпоралните сврзнички предикати **експлицитно** укажуваат на врска во време, а повеќето од нив и поблиску го определуваат карактерот на таквата врска.

Темпоралните предикати се формално многу повеќе диференцирани во однос на асоцијативните, така што микросистемот што тие го создаваат се менува од говор до говор низ целиот јужномакедонски ареал. Во врска со тоа нашата постапка во оваа глава ќе се разликува од онаа во

претходната. Имено, прво ќе го утврдиме минимумот неизбежни темпорални релации чии показатели се обично сврзниците, а потоа ќе гледаме како се остваруваат тие релации во одделните јужномакедонски говори.

Првата основна дихотомија што се однесува на временскиот тек на настаните е онаа меѓу поклопувањето во време и временската одвоеност, т.е. меѓу истовременоста и временската последователност. Се разбира, границата меѓу нив честопати не е, а и не може да биде остра; имено, често имаме работа со делумно временско преклопување на два настани (процеси, состојби...), односно со одвивањето на едниот врз фонот на другиот и тогаш автоматски се поставува прашањето кој од нив се наоѓа на прв план во анализираниот текст, кој почнува порано, кој завршува подоцна, итн., а сето тоа може да биде сигнализирано преку доминантниот сврзнички предикат. - Кога се работи за временската последователност основна е дихотомијата меѓу релацијата 'по' и релацијата 'пред', т.е. одговорот на прашањето дали говорителот ја опишува ситуацијата од перспективата на поранешниот или на подоцнежниот настан и кој од двата настани го претставува како поважен во комуникативната хиерархија на исказот. Најпосле, сврзничкиот предикат може и да сигнализира помала или поголема временска дистанца меѓу настаните. Во анализата што следи ќе утврдуваме какви сврзнички предикати ги носат наведените содржини во јужномакедонските говори, а ќе обрнеме внимание и на тоа дали некои други временски релации се изразуваат со помош на сврзниците. Нашиот пат, како секогаш, води од запад кон исток.

Пред да поминеме на анализа на примерите уште една важна забелешка. Разгледувајќи ги асоцијативните конструкции утврдивме дека исти формални елементи вршат и сврзувачка и надоврзувачка функција, т.е. сврзуваат две (или повеќе) дел-реченици оформени како еден исказ (една „сложена реченица“) или стојат на почетокот на еден нов исказ и реченицата што следи ја „надоврзуваат“ на претходниот исказ. Се работи за два аспекти на една иста постапка: градење кохерентен текст. Кај темпоралните врски механизмот е сличен, но двете функции ги остваруваат различни лексеми: „сврзуваат“ лексемите од типот *КОГА*, а „надоврзуваат“ лексемите од типот *ТОГАШ*. На референцијален план на првите обично им припишуваме релативна, а на другите анафорска функција. Сп. *(Тогаш,) Кога се сретнавме, децата веќе мирно си играа.*, наспрема *Децата мирно си играа. Тогаш се сретнавме.*, и сл. Разликата е во комуникативната хиерархија на пренесуваните содржини. Во првиот пример на прв план е играта на децата, во вториот – средбата. Сличниот ефект би го постигнале со формулациите: *Се сретнавме. Тогаш веќе децата мирно си играа.*, наспрема *(Тогаш,) Кога децата веќе мирно си играа, се сретнавме.*, и сл. Во прегледот што следи во центар на нашето внимание се наоѓаат сврзниците, но сепак ќе се осврнеме по потреба и на надоврзувачките временски предикати, најчесто оформени како таканаречените заменски прилози за време.

Корчанско – анализата ја вршам врз основа на Мазоповите бобоштенски текстови. Најфреквентен временски сврзник е *кога*, а се појавува и *ка*. Во натамошната анализа не ги раздвојувам *кога* и *ка*. *Кога/ка* носи информација не само за постоење на временска релација, туку и на временски контакт меѓу два настани (две состојби, два процеса итн.). Тоа задолжително стои на почетокот на соодветната дел-реченица, а најчесто и на почетокот на исказот и воспоставува определена комуникативна хиерархија: имено, настанот за којшто станува збор во реченицата што почнува со *кога* служи како локализатор во време на настанот за кој зборува таканаречената главна реченица. Пред да ја продолжиме функционалната анализа на конструкциите со *кога* еве неколку карактеристични примери: *На тој за́ман, ко̄га Ри́стос бја̏ше на зе́ми, влја̏зе во места̄ Ти́ро ҳαι Сидо́н шчо се зовја̏је.* МЕЦ, *Ко̄га се сте́мна, му ве́ли го̄спо̄ди́но лозје̄то́му векилуто́му то̄гоф:...* МЕЦ – веќе овие два први примери покажуваат како „соработува“ *кога* со глаголскиот вид и време на дел-речениците. Во првиот пример реченицата која почнува со *кога* стои во имперфект, а главната во аорист – во резултат на таквата распределба на глаголските форми целата конструкција одразува ситуација во која *кога*-реченицата претставува фон за настанот претставен со главната реченица. Во вториот пример реченицата со *кога* содржи предикативен израз во аорист и со самото тоа соочени сме не со истовременост, туку со директна последователност на настаните. Ист е односот и во следниот пример: *Ко̄га се прибли́жа зама́но гро̄зја̄там, пу́шчи измикиари́ти то̄го́ви и ти́ја шчо го̄ работја̏је за да зе́ме ушу́ро.* МЕЦ. Сп. и: *Ко̄га да до́јди го̄спо̄ди́но, кај шчо жа му сто́ри ти́ја̄м лозја́ри?* МЕЦ – еден пример каде што свршениот вид во *кога*-реченицата овозможува да се изрази последователност на настаните со футурска перспектива; вреди да се одбележи дека во сите бобоштенски текстови *кога* редовно се врзува со *да*-футурот (т.е. не постои комбинација **кога жа*). Натаму: *И ка до́јде де́но шчо и до́јде ра́сто Ироди́а̄де, ко̄га ца́ро Иро́ди чинја̏ше го̄зба на де́но шчо бја̏ше ро́ден, и имја̏ше викна̄то сфи́ти го̄ља́ми и сфити бимба́ши и сфи́ти па́рви оф вил'ае́то Галиле́а, влја̏зе то̄гас шче́рка тја̏зи Ироди́а̄де, и ӣгра́ бро...* МЕ – пример интересен по две причини: како прво, се преплетуваат тука *кога* и *ка*, што е можеби свесен обид да се одбегне повторувањето, т.е. свесна грижа за стил; како второ, со оглед дека делот од конструкцијата што ги содржи *ка-* и *кога*-речениците е прилично разграден и долг, во главната реченица се појавува корелатот *то̄гаш*, кој формално му припаѓа на конститутивниот сврзнички предикат и „потсетува“ на временскиот однос што ја конституира целата конструкција. Значи, недискретниот сврзнички предикат е претставен со секвенцата *ка/кога... то̄гас...* Поради присуството на корелатот таквиот тип конструкции бидуваат класификувани како релативни (*кога..., то̄гаш...* како *кој..., тој...*, и сл.). Односот *кога – то̄гаш* и неговата семантичка позадина подетално ќе ги разгледаме подолу. Еве уште еден интересен пример со идна временска перспектива во минато и повторно со составот *кога да*, т.е. со *да* како оператор на таканаречениот минато-идно време, сп. *Друј па̄т машчеја-му*

му измажвјаше скалата со фармак за кога да поминвјаше детјато да му се измашвјаје рубјаше. МЦ. А еве и уште неколку примери со *ка: И ка дојдое тија от идинајсе сато, звјае по сто паре. Ка дојдое парвити, му се семнјаше оти жа земе повеке...* МЕЦ, *Ка го ставросае тогва, поделе рубјаше тогове...* МЕЦ, *Ка се роди Ристос во касабата чефујска Витлеем, во замано кога цар бјаше царо Ироди, дојдое от анадоло три голјами философи во Јерусалим...* МЕ – повторно еден пример со (стилско?) варирање на *ка* и *кога.* Натаму: *А вије седјте во касабата Јерусалим дур да земате куед от Бога, ка да ви дојди сфети Дух.* МЕ, *Ежо и рече: „Ка да се приближи пандаро, ти опет да се сториш кај тцовисана.* МЦ – последните два примери докажуваат дека составот *ка да* функционира на ист начин како и *кога да.* Натаму: *Тамо к-отиде ф-планина, ка фати да бери рошке, излегоје дванајсе мажи.* МЦ. Од приведените примери се гледа дека *ка,* скратено од *как(о)/кај,* во временските конструкции функционира како рамноправна варијанта на *кога;* во натамошниот текст таквото *ка* ќе го бележиме како $ка_{Т}$ (т.е. „темпорално *ка*") за разлика од $ка_{Ц}$ (т.е. „компаративно *ка*") кое функционира како варијанта на *кај* што е бобоштенски пандан на стандардното *како.* Од нашите досегашни анализи произлегува дека сврзничките предикати *кога* и $ка_{Т}$ им поставуваат извесни, иако не големи, барања на своите аргументи. Имено, се бара и двете дел-реченици преку своите глаголски предикати да бидат соодносени со една иста временска зона, т.е. да зборуваат за настани лоцирани или во минатото или во сегашноста (како што ја одредува говорната ситуација) или во иднината. Во последниот случај тие и двете содржат предикатски израз оформен во субјунктив, било да се работи за идна перспектива од гледна точка на говорната ситуација било од некоја друга временска точка во минатото. Покрај тоа, како што веќе споменав, *кога* наложува определена појдовна хиерархија на настаните – на прв план се наоѓа настанот одразен во главната реченица (оттука и атрибутот „главна"), додека настанот формализиран во реченицата која почнува со *кога* служи како временски локализатор. Меѓутоа, појдовната хиерархија не мора да е идентична со актуелната комуникативна хиерархија во конкретен текст. Ретки се случаите (кога и двата настани се од ист карактер и иста појдовна тежина во дадениот текст) кога само „местото" на сврзничкиот предикат е показател на комуникативната хиерархија (сп. на пр. *Кога дојде Павле, Петре решил да излезе. ~ Кога Петре решил да излезе, дојде Павле.,* н сл.). Почесто, комуникативната хиерархија ја покажува самата линеаризација на *кога*-конструкцијата сфатена како целост, а таа пак зависи од контекстот, т.е. од таканаречената функционална перспектива на текстот. Сп. на пр. во дискурсивен текст: *Дали често слушаш музика? Обично слушам музика кога работам.* наспрема *Дали ти е потребна апсолутна тишина кога работиш? Кога работам обично слушам музика.,* и сл. Најпосле, кога настаните ги редиме како подеднакво важни, тогаш обично ќе прибегнуваме не кон катафорски, туку кон анафорски временски предикат, со што место една „сложена" добиваме две сукцесивни, „независни" реченици. Тука во својата основна

функција се јавува *тогаш* и другите слични изрази. Сп. во бобоштенските текстови: *И сфе́ти Пе́тар су́рва от гимја́та и фа́ти да вле́ти во водја́те. Тогас му ви́кна Ристо́су...* МЕЦ, *И тас му ре́че... Тогас Ри́стос и се ви́сви тја́зи...* МЕЦ, *По три години му дојдоје шеста маске со паре, тогас бја́ше радости́ти поголја́ми.* МЦ ... Сп. и: *И Господин Бог Ри́стос го фа́ти за ра́ка, и ста́на. Потос влегое во е́на ка́шча...* МЕ – еден пример каде што анафорскиот израз еднозначно покажува дека се работи за последователност во време. Пошироко за таков тип конструкции сп. подолу.

Анафорскиот израз *во тоа време*, и сл., иако на око синонимен со *тогаш*, сепак е од него значенски и побогат и посиромашен. Побогат е бидејќи еднозначно информира дека се работи за истовременост или барем за делумно поклопување на два настани, а не за временска последователност. Посиромашен е, бидејќи за разлика од *тогаш* не е ограничен на анафорска служба, туку може да се употреби и за директна временска референција. Така на пр. во библиските инципити *во тоа време* не мора да значи 'во времето во кое се одвиваа настаните за кои зборувавме во претходниот пасус' туку воопшто 'во времето кога Ристос живеел на земјата', сп. *На то́зи врја́ме звја́ Ри́стос дванајсја́та апости́ли тогови, и кини́ка да му ве́ли тја́м тја́с шчо жа му ганисфја́је...* МЕ, инципит, или: *На то́зи врја́ме до́јде Господно́ наш Ри́стос от касаба́та Назаре́т...* МЕЦ, инципит ... Но сп. и: *На тој за́ман ко́га Ри́стос бја́ше на зе́ми, влја́зе во места́та Ти́ро хаи Сидо́н шчо се зовја́је.* МЕЦ, инципит, или *На то́зи врја́ме от ка дојдо́е низамти́ чифу́цки на место́то, ко́је се ве́ли Голго́та ... му дадо́е Ристо́су да пи́е киселе́на...* МЕЦ, инципит... Најпосле, се среќаваме и со „метатекстуална анафора" како на пр. во: *По сја́зи ви се ма́л'а ка́бул да ме сторе́те да отговбра́ ма́ло нја́ши и за маде́то о купејнето́му селуто́му.* МДЦ, што Мазон го преведува како: „Ceci dit, je vous prie de me permettre quelques mots...", итн.

Пред да поминеме на другите временски предикати треба да одбележиме уште една, регистрирана од Мазон, служба на *кога*, или поточно: на удвоеното *кога..., кога...* Сп. *Тас отшчо бја́ самка и се додевја́ше, и кога пја́ше, кога плачја́ше.* МЦ, и натаму: *„во сватa касаба не-маме чувено ни ена шамата, сал в-ена кашча чујме ен глас от жена, кога пја́, кога плачи".* МЦ – во современа стандардна верзија би можеле соодветниот пасус да го предадеме со *...на моменти пееше, на моменти плачеше...*, или: *...наизменично пееше и плачеше...*, и сл. Вреди да се подвлече двојната паралела – од една страна со удвојување на асоцијативните предикати како *и...и...*, *или...или...*, и сл., а од друга со удвојување на неопределените заменки, од типот *кој пее, кој плаче...*, и сл.

Најпосле, треба да се одбележи и мошне интересниот пример со *ѓето* (калка од грчкото που): *Двата измика́ри клавја́је в-у́ мевја́ше.* МЦ, во Мазонов превод: ...à quelles occasions il souriait ainsi., т.е. буквално: *во какви ситуации/прилики...* – еден пример кој нагледно покажува колку е мало растојанието од просторната до временската локализација на настанот.

Вториот темпорален сврзнички предикат кој во корчанските текстови се јавува со голема фреквенција, и тој – како *кога/ка* – во две варијанти, е *откѐн-отка*. Значењето на *откѐн/отка* е побогато во однос на *кога*. Се работи за релација на временската последователност, а не и преклопување во време, при што – како кај *кога* – имплициран е временски контакт меѓу двата настана. *Откѐн/отка* стои на почетокот на една од двете дел-реченици, при што дел-реченицата која почнува со *откѐн/отка* го именува поранешниот настан, а тој претставува временски локализатор за подоцнежниот настан именуван во главната реченица. Значи, со термините на основната хиерархија на реченичните аргументи на прв план се наоѓа подоцнежниот настан, кој воедно најчесто претставува рема. Реченицата која почнува со *откѐн/отка* скоро без исклучок ѝ претходи на главната реченица, т.е. линеаризацијата на целата конструкција го одразува временскиот тек на настаните. Еве неколку примери: *...му дадо́е Ристо́су да пи́е киселѝна накатоса́на со жа́лци, и от ка кла́де во у́ста, нејзи́ните да пи́е.* МЕЦ, *То́ко мно́го от калабале́ко, от ка чу́е сој збор, велја́е: ...* МЕЦ – интересен пример каде што заедничката субјектна синтагма на двете реченици им претходи и на двата предикатски изрази, т.е *отка*-реченицата е вградена во главната. Натаму: *...и от ка поми́на́е новѝти празникутѝ му, ко́га ти́ка се варна́е, уста́на Ри́стос детја́то во Јерусали́м...* МЕ, *От ка се отвори порта́та, тој влја́с изла́с внатри.* МЦ, *Ела́јте, блосова́ни Тати́ку́ ми да клирономиса́те царѝчина́та што е́сти гото́ве́на за́ вас, оте́н е сторе́на дуја́та...* МЕ – еден од ретките примери со инвертирана линеаризација. Натаму: *Откѐн се бити́ка манајсти́ро, свја́то јо катари́ка мечка́та...* МЦ, *Марја́то, откен побја́ња валко, му вели друга́рити́м:...* МЦ – пак еден пример со интерпозиција на *откѐн*-реченицата; таквите конструкции како да го потенцираат вторичниот, локализаторски статус на поранешниот настан. Натаму: *вечер ка да ленји, откен да го фати соно, да земиме секавицја́те да му сманјиме гла́ваа́та.* МЦ, *„Откѐн да ме зе́ми рунјеса́ньо мој и да ме кла́де в одеја́та, да кла во парајти́ри ска́ла, ури́вам от скала́та да ме зе́ми“.* МЦ – последните два примери покажуваат дека *откѐн* – слично како и *кога* – за изразување една временска перспектива се поврзува со *да*. Како што се гледа од примерите, а што е разбирливо со оглед на значењето на разгледаниот сврзнички предикат, реченицата што почнува со *от ка/откѐн* ја конституира задолжително свршената глаголска форма. Најпосле, да споменеме уште една статистичка особина на *откѐн*-речениците. Имено, сместени во еден кохерентен текст тие обично претставуваат тема на соодветниот исказ и се надоврзуваат на нешто веќе речено за настанот за којшто зборуваат, т.е. за настанот-локализатор.

Релативно-анафорски корелат на *отка/откѐн* е *отога*, сп. *Цар-отога се зара́два, и побја́на отгри́жен за чупа́та.* МЦ, во Мазонов превод: „Le roi, de ce moment, fut tout heureux et s'en alla libre de souci à sa fille.“

Како што рековме, предикатите *отка/откѐн* обично имплицираат непосредна суцесија на настаните, или поточно имплицираат дека временскиот период меѓу тие настани е нерелевантен за раскажуваната фа-

била. Во случај кога тој е релевантен мора и експлицитно да биде именуван, па имаме работа со сосема друго синтаксичко решение, сп. на пр. *...и тас устана многу желна. Вјарва тјес шчо и рекоје сестрјате. По тра нови дојде царо.* МЦ, и сл. – пошироко за трансформите на таканаречените временски реченици сп. подолу 2.2.3.1.

Во спротивно, т.е. кога треба посебно да се нагласи непосредната (и брза) сукцесија на настаните, се појавува специјализиран предикатски израз *токо шчо*, сп. *Дјатето токошчо отиде у цараторо, заборави чупата.* МЦ, *Токо шчо влјазе царицата во одејата чупјатуј, се почуди от масниньате шч-имјеје сторено.* МЦ... Од примерите се гледа дека *токо шчо* има иста линеаризација како и *откен*, т.е. или стои на почетокот на целата сложена конструкција, или пак е вметнато по субјектската синтагма на таканаречената главна реченица.

Брза сукцесија на настаните сигнализира и временскиот предикат *ототенаш*, кој не спаѓа во категоријата на „класичните" сврзнички предикати, бидејќи врзува само еден реченичен аргумент, т.е. реченицата што го именува подоцнежниот од двата настана; сепак, семантички е имплицирван и поранешниот настан-локализатор. Сп. *Тогас му вакна Ристосу, и му рече: „Господне, куртулисај ме". И Ристос от отенаш исупшчи ракатa, го фати и му рече:...* МЕЦ, *...не јтјате да и варни от зборо, и отенаш пушчи царо целатин...* МЕ, *и тјес и тјакна от има панато гердано во тас тресната во хамамо. Ототенаш отидоје во хамамо...* МЦ, *Царицата му писа братује: „Ти се мола многу, пушчи-ми жош имам кьате чупата". Ототенаш царо го проводи и му рече: „Да се варниш опет назат у мјане".* МЦ... Како што видовме, покрај *ототенаш* се појавува и пократка варијанта *отенаш*.

Дур(и) е предикат којшто сигнализира временска граница, а исто и просторна граница. Употребуван со не-реченични аргументи тој истовремено и потенцира дека се работи за завршна граница на едно големо временско и/или просторно растојание, сп. *И тој ден от на шести сато дур на девет се стемна на сата зема...* МЕЦ, *...и ја кубето церквјатуј се рајцјати на две от горе дур долу...* МЕЦ... Употребуван со реченични аргументи предикатот *дур(и)*, како што реков, сигнализира завршна временска граница на еден настан (состојба, процес...) при што таа може да се поклопува или со почетокот или со крајот на настанот (состојбата, процесот...)-локализатор. Со други зборови: или два настана следат еден по друг и тогаш завршната временска граница на првиот настан во појдовната хиерархија се одредува со почетокот на другиот настан, или пак два настана временски се поклопуваат при што завршната временска граница на првиот се одредува со крајот на вториот. Сп. *А вије седејте во касабата Јерусалим дур да земјате куед от Бога, ка да ви дојди сфети Дух.* МЕ, *...му закла ена коксшка, и јо тиганиса кокошката дури изгоре.* МЦ, *Тој вјана коно и се шета дур го скумбоса коно.* МЦ, *„За играме дур да се умориме...* МЦ – од приведените примери јасно се гледа дека и тука идната временска перспектива (и само таа) имплицира *да*-футур, т.е. составот *дур(и) да*.

Бобоштенските текстови го потврдуваат општото правило дека во процесот на меѓусебното временско определување на два настана нивното делумно или потполно поклопување во време или нивното согледување од гледна точка на релацијата 'по' се многу почести појави отколку одредувањето од перспективата на релацијата 'пред'. За пренесувањето на втората перспектива во бобоштенските текстови служи само еден сврзнички состав: *пред да*, а и за тој состав најдов само една потврда, додека Мазон ниту *пред* ниту *пред да* не ги вклучил во својот речник. Еве го споменатиот пример: *„Прет да ми земиш душата, да спримниш во дунатa, да ми ја сарвиш, да ја јем и сени нека умбра"*. МЦ. Настанот именуван во *пред да*-реченицата е подоцнежен од двата и затоа природно доаѓа составот со *да*. Во функционалната перспектива на текстот, како што знаеме од стандардните примери, токму подоцнежниот настан се наоѓа на прво место како тема, а од тој модел не отстапува ни нашиот бобоштенски пример. Предикатот *пред (да)* бара свршени глаголски форми и во двете дел-реченици, како во идната, така и во минатата временска перспектива. Мазоновиот пример го илустрира само првиот дел од ова правило.

Со ова го исцрпивме инвентарот на темпоралните сврзнички предикати присутни во Мазоновите текстови од Корчанско. Со цел да ја покажам коивенционалноста на границата меѓу сложената реченица со сврзнички предикат и „независната" реченица која со помош на некој анафорски темпорален израз се надоврзува на претходниот текст, овде претставив и дел од тие корелативни изрази како *тогас, штука, штотенаш*, и сл. Ред е да споменам дека покрај оние што се надоврзуваат „позитивно" на веќе идентификуваните временски параметри во претходниот текст има и доста конструкции со неопределена (индивидуализирачка) референција, па така системот на временската референција на настаните по бројот и карактерот на главните дистинкции покажува полна паралела со системот на референција (идентификација, индивидуализација) на материјалните предмети, сп. подолу, 3.3. Еве некои примери на индивидуализирачката временска референција: *Ен ден марјето му вели волутому...* МЦ, *Еден ден ка једјаше грозје, лисицата се фати во стапицата.* МЦ, *Понатре лудити живјаје многго.* МЦ, и сл.

Костурскиот систем на временските сврзнички предикати само во детали се разликува од корчанскиот. И тука како најфреквентен и семантички најсиромашен сврзник се појавува *кога*. Како изофункционално со него се појавува *като* и, почесто, скратениот облик *ка*, сп. *Кога стигне сватбите, у-невестата сé é затворéно,* ШК, *Цигли́нте и-пра́веме отдéрво. Кога волбјте и кéршее, нѣја и-пра́веме цилéзни.* ШК – интересен пример на хабитуална употреба на *кога*-реченицата, кој убаво покажува како се пресечуваат основните функционални зони на *кога* и *като*. Сп. и: *Като се-стéмни да-дójдиш при-мéче* ШК, *Ка-дójде на вичéрата вичéрнијот човек, и му рéче чýјата:...* ВН, *Тѣја (дéчките) ка дојдóе до крѣ-врáтата и викнáе:...* ВН, и сл. Во споредба со корчанските текстови *кога* е пофреквентно, *ка* поретко. Како анафорски корелат и тука се јавува *тогас: Кога-*

си-е-ви́де же́на-му по̄правѐна на-ца́рцкити п'а́чке и-то̄гас то́ј му-ре́че:... ВН, *И-та́с-му-ве́ли: ...И-то̄гас то́ј е-и́зби л'е́то̄ и-е-оста́ви...* ВН. Привлекува внимание фактот дека во текстот од Нестрам во антологијата на Видоески кога една од дел-реченицитe почнува со *ко̄га* или *ка*, втората почнува со *и*, па така добиваме состав *ко̄га/ка... и...* Тешко е да се оцени дали е тоа некој пошироко зацврстен состав, или особина на идиолектот на конкретниот раскажувач. – Треба да се подвлече дека, за разлика од корчанската ситуација, во повеќето текстови од Костурско не го наоѓаме составот *ко̄га да;* употребено во една конструкција со идна или хабитуална перспектива *ко̄га* се врзува со *ќе* (сп. горе еден пример што го дава Шклифов) или со *за*, сп. *...а-ти́ ко̄га за-ми-истри́еш три́ за̄рна со́л' нара́ката?* ВН. Врз фонот на таквите примери изненадува горенаведениот пример на Шклифов: *Като́ се-сте́мни да-до̄ји́ши при-ме́не* ШК, каде што идната временска перспектива се одразува преку *като* + „сегашно свршено време". – *Ка да* во Костурско (во селото Сничене) бележи Нина Димитрова-Шмигер, што убаво географски се надоврзува на корчанската ситуација, сп. *Ка́ да оста́ри чо̄ве́куто, за се ске́рши...* Привлекуваат внимание конструкциите во кои со темпорална функција се појавува релативното *што*, сп. кај Шклифов (кој го квалификува како начинско!): *Ка́што ва̄рве́ше, са̄ со̄́тна и па̄́дна.* ШК, што е несомнено калка од грчкото που и може евентуално и да се толкува како специјална релација; инаку, преклопувањето на временските и просторните параметри е присутно насекаде во јужните говори. Сп. и во материјалнте на Димитрова од Сничене: *Да си помни́те се́га шу сте мла́ди.* – Во функција на корчанското *отке́н-отка* и во Костурско бележиме *отка*, сп. *Отка́ дојдо́е га̄рците, не-видо́ме бе́л де́н.* ШК. – Во материјалите со кои располагам од Костурско не наоѓам еднозначен показател на релација што во Корчанско ја сигнализира *токо што.* – Како пандан за корчанското *дур(и) да* Шклифов посочува *дуркога: Дуркога ке-не-ма́че, не́ма да-и́ма ра́ат.* ШК, меѓутоа, и во неговите и во другите текстови што ги ексцерпирав, во таа функција редовно се појавува *дур да*, сп. *...ста́веме но́ќија на три́ са̄ати́ш и-оре́ме ду́р-да осу́нвше, ду́р-да посте́лише са̄нцето.* ШК. Во текстовите на Видоески од Нестрам *дур да*, со карактеристичното за него потенцирање на временската граница, сепак е многу блиско и до *откога* и до *токо што*, т.е. сигнализира последователност и брза секвенца на настаните, поточно: имаме последователност на почетните граници на двата настана и – имплицитно е сигнализиран нивниот паралелизам во време, сп. *Дур-да-ижле́зи де́тето на-Рома́нија, а-чу́тата има́ше те́мен па́мпур, ижле́зе пре́т де́тето, на-ена-кафа́на се́на...* ВН, *Дур-да-си-уби́ д'е́тето, чу́тата се облѐче на-дру́ги пл'а́чке...* ВН, *Дур-да-си уби́ де́тето, си-оти́де и-чу́тата...* ВН, и сл. Само еднаш *дур* (без *да*) ја сигнализира крајната, завршната граница на еден период: *И-та́ка д'е́тето си и́зварва до́лго вре́ме дур-дојдо́је де́вет месе́ци.* ВН, а има и еден пример нејасен, кој би можел да сведочи за отсуството на еднозначна граница меѓу *дур до* и *дур да*, сп. *Три́ годи́ни се́ди на Мисир, дур до пора́сте бра́тата.* МСЏЖервени. – Интересно е да се одбележи дека во истиот

текст од Нестрам во којшто се појавува составот *кога... и...* го наоѓаме и составот *дур да... а...* што сведочи за поопшта тенденција да се врзуваат темпоралните и асоцијативните сврзници. – Ни кај Шклифов, ни во другите костурски текстови со кои располагам не го најдов составот *пред да,* што сепак не е доказ за неговото отсуство во говорот – како што веќе споменав, таа е прилично ретка релација.

И во **Леринско** системот е сличен. *Кога* се појавува со варијанта *коа* (многу често) и *ко*; релативно поретко, но и тука како изофункционално со него се јавува *како* и (почесто) *ка*, сп. *Кога сакаше да стигне стројнико со даровите од невестата, сакае да п'усне три пати...* ВБапчор, *Као-сестемна, бјде при-племната;* ВОшчима, *Ко гредеа грцте во нашите места, за да не уче, млади бемеф, паметиам, бјде бој, шо ни даваа, бој;* ШД, *Ка дојде естанамијата от Кономлати, ка и фати децата млади со бој и скапае на сред село: да прикажве грцки, да не прикажве македонцки.* ВБапчор. *Желефчани како видоа тоа чудо, цело село да дојди тамо...* ШД... За изразување идна временска перспектива *кога* се врзува со *ке: Е сега ке се зговоре сватовите и од еднаша страна и од другата страна кога ке биди свадбата...*, ВБапчор. Само кај Шклифововите информанти од Нивици наоѓам *кога да*, и тоа само во „минато-идна" перспектива, сп. *Ко да гредеше Велјвден, са слеквамеф убао...* ШД, *Ко да одел тој таму, му било жал' за кон'о, му дава скрјшем сено...* ШД, но: *Кога ке а зеаш уздата, да са пазиш...* ШД... Како корелациски пандан на *кога* се јавува *тога(ј): ...а невестата да му дади по едно рало чорапи долги до коленаша, плетени од нинаша рака. И тога веке е сигурно ниноо армасвало.* ВБапчор; *Турците не знаеа кој са и фатиа да му и соблекве алјнтата. Тогаа еден го позна...* ШД, сп. и за директна референција: *Еми, пајнаире, живеме и-тогај убао.* ВНерет... Шклифов во својата преспанска моногрфаија како одделни позиции ги наведува исто така *и кога* и *кога и да* – за последниов состав за жал не дава пример, но се чини дека е во прашање заменски прилог, а не сврзник. – Како показатели на релацијата 'откога' во Леринско се појавуваат *откога, отка* и *оддека*, сп. *Откога ет дојден во Богарја, по-арен ет* ШД, *Отка са седоф на умо, отка са свршиф и са женаф и свршиф војнјклако, почнаф и јас тке работи да и барам.* ШД, *Ама оддека го разбраа нашите богари, та кога фатија да п'уске со тојбте и наполна гнашите залдијата...* ШД... Во функција на брза последователност на настаните, т.е. во функција на темпоралното *штом* најдов само една конструкција со составот *тука да* во текстовите приклучени кон преспанската монографија на Шклифов: *Туку да се скрје зад едно рјтче, фатиа да п'уске и го удриа во крсто.* ШД. Шклифов составот *туку да* не го приведува меѓу темпоралните сврзници, а го приведува *шом* (ШД 113), меѓутоа за *шом* не дава пример, а нитуј јас не можев да најдам пример за темпоралното *шом* во неговите текстови (за условното *шом* сп. подолу, 2.1.3.5). Во функција на показатели на граничната временска точка Шклифов ги наведува сврзниците *докога, дуркога, докако, до шо* и *дур да* (ШД 113). Првите три се ретки (не ги најдов во текстовите!) и еднозначни – две

состојби траат паралелно при што крајот на онаа именувана со *докога/дуркога/докако*-реченицата може (иако не мора) да значи крај и на втората, сп. *Дýркога сáкаш, мóжиш да сéдиш прú нам.* ШД, *Дóкога сáкаш, лéжи си.* ШД, *Дóкако са жúф јáс, тú нéма даýмриш.* ШД; примерот со *до шо* не е јасен, сп.: *Éдно излéгван'е тáмо, не посéдомеýште éден мéсец до шо са урéдиме кój кáко и му рéкоа: Éла тýка, тú ни си пóтребен нáм.* ШД – се чини дека *до шо* се јавува тука во функција на 'откога', меѓутоа тој е единствен пример и не е лесно да се протолкува еднозначно. Интересна е употребата на *дур (да)* кое, се чини, се појавува и како сигнал на почетната и на крајната временска граница, во перспективата 'по' и во перспективата 'пред', т.е. соодветно во функција на стандардното *додека* или *пред да*. Ако еден од двата негови аргументи нема форма на реченица, туку на „директна" определба за време, тогаш тоа редовно ја посочува крајната граница на настанот именуван во „главната" реченица, сп. *Úграме бро дýрдо вéчерта...* ШД, *...ке си úграа цéла нош дýр на ýтринаша.* ШД, *Водáлните сéла дýр до – сéа бúче мó-о зéва émбор.* ВНерет. Од друга страна, употребено со два реченични аргументи, т.е. како составот *дур да* тоа менува интерпретација во врска со видот на глаголскиот предикат во „главната" реченица. Имено, *дур да*-реченицата именува настан чиј почеток го означува крајот на настанот именуван во главната реченица, со што се доближува до временската перспектива на *пред да*. Сп. *Тúке, лáшотилáците, дур да пúеваа пúрвите пéтли ке си бáраа нáпрет, тáка беше.* ШД, *Дýр да му óдговора јáс на бáба Јáнејца, пúкна нéшата на Стéфана Óгненоф Éлена Рúстофицка...* ШД, *Дур да óсуни шó да прáј?* ШД. Во Мазоновите текстови од Неолани *дур* врзува реченичен аргумент без помош на *да*, но тогаш со задолжителна негација, сп. *Дур не се прúроди Гóспо, не мóжи да ни о зéми нúшето.* МСЦ, *Дур не вúда да си óклам прúсто на рéброто, не вéрвам.* МСЦ... *Пред да се* појавува во Леринско во вообичаена функција: *И прéд да са óсуни сá-двá, стáнаме, зéдоме рéките ýгаре, ни бéше стрáф од ероплáните да не ни вúде.* ШД, *Во нáшите прéспенски сéла пред да дóјде гърците ýчеме по бóгарски.* ШД, *Л'ýдјето и зáклаа кáмо чéтири сáто пред да се стéмни.* ШД, *И јаска си дојду пред да осуни дома со зората заедно.* ВБапчор...

Материјалот од **Меглеиско** и од **Кајларско** ќе го претставам заедно. Не регистрирав никакви разлики, а бидејќи имам релативно малку примери од Кајларско, ваквиот начин на претставување ми се чини најпогоден. И овде *кога* се појавува и во полната и во скратената форма, а со него алтернира *ка(к)*, сп. *Кóга са-усунá дéтту утúдé на-тто мéсту кáде вилéше мéчкатá.* БМег, *Кóга á-вúил жéнта вáрзана, си рéкăл...* ДКај, *Коки-рéче жéнта, кáж-му!* БМег, *Вá как извадúлă идну-кумáтиче, пá, идну-мáче тăм са-згодúлý.* БМег, *Árну-ам, ка-влизéмă у-курбúта цáрквăта ни-бéше нăдéсна стрáна а сéлту прет-нáс.* БМег, *Кá-вичирáле турлáнките му-идáшле нă-жéнта.* ДКај... Како иадоврзувачки корелат го забележав *тогај, тогаш, тогин* во Мегленско, *туга* во Кајларско, сп. *Е, нéјсе, тогај са-изрáдувáмă нúе.* БМег, *И тогăш тó казáнут нúј-гу-пручистúмă...* БМег,

...ќи-си-кла́виш, на-о́дарут или ма́са, што́гин бе́а ма́лце па мо́жиш на-сињ̀а на-шо би́ло. БМег, *И тугá, кога му-дашле ра̀кѝа на̀-Ѓу̀тинут, о́н, тугá пругувуру́ва.* ДКај... Во функција на *откогá* го регистрирав само еднаш *от ко,* сп. *Ут-ко-умре́л та́тку-му, гу-зе́л то́ ку́пут гу-ма̀кне надо́ло.* БМег; во иста функција се појавува и *од дека,* сп. *„Удде́ка гу-и́мате во́а де́тто? - „Гу и́мме три́ гудѝни....* ДКај; мегленскиот пример не е толку јасен, повеќе асоцира на стандардната употреба на *кога,* сп. *Уд-де́ка си-гле́да́м ја̀с та̀ка́ и ми́сл'а́м што́-ќи-ста́не су-на́ша ра̀бо́та, што́ѓи една-змѝја уткаде-него ...замина́...* БМег... Како надоврзувачки показател на временската последователност и во мегленските и во кајларските текстови се појавува *оттам,* сп. *...ќи-си-о́дијме на-ни́ва, на-же́тва, на-купа́јне. Утта́м са-сва̀рши́ла че́нката па ќи-бјме ут-че́нка на-же́тва.* БМег, *Са-израча́ја, са-издра̀ву̀ва́ја, нам и си-избига́ја. Утта́м си-ста̀ну̀вне су-деца́.* БМег, *На́м са-качи́ле утта́м и ва́-ј. Са-сва̀рши́ сва̀тта.* БМег, *Тѝа шу-би́ле у-та́тку-му му-и-да́ва на̀-л'уѓа́тта. И утта́му си-уста̀ву́ва то́лку па̀ри – ко́лку да̀-ја̀де о́н.* ДКај... Во некои контексти не е лесно да се утврди дали *оттам(у)* има темпорална или спацијална интерпретација, сп. *Во́, бѝи му-ка̀жа́л змѝјта, разбира́л. И утта́м си-утѝѝа́л до́ма̀, си-зе́ве идна-купа́чка, о́де си-ј-отко́ру́ве тше ли́рте́.* БМег, *Ста̀ну́вмà на-за̀стра̀тта си-вја̀јну́вмà на-тре́нту. Утта́м надо́ло са-свали́ма̀...* БМег, *И му-про́ста̀л што́. Изле́гле утта́м се́а.* ДКај, *Же́нта зна̀е́ла, му-кла́ѝле нѝшто. И утта́м о́де о́н пуле́ка-пуле́ка нико́лку де́на.* ДКај... Забрзаната секвенца настани ја сигнализира *што́м,* сп. *Што́м гу дукимаса́ле дека и́де и пучна́ле да ма́јат су-каме́јна пу-не́гу за-да́-са́-врне на́зат.* БМег – патем да го одбележиме познатиот состав како модел од Леринско *шом... и... Дур да* се јавува во веќе порано одбележаната функција, имено потенцира дека настанот именуван во *дур да*-реченицата се остварил доцна и сигнализира инвертирана последователност како кај *пред да,* сп. *Дур-да-иси́а̀дне вудинча́рут да-гу-спуло́ва во́дкуп, о́н има̀л ка́ша на̀пра̀ве́но ма-а-нама̀ѝла гла̀вта...* БМег, *Дур' да-му-гу-за̀нци на што́ тѝа санал'утѝја, ве́л'а̀т не́-са-качува̀т узго́ра.* БМег... Сп. и: *У-на́с сиде́ја це́ла но́ќ, дур-дур за̀сра̀тта.* БМег, каде што удвоеното *дур* се појавува без *да,* линеаризацијата му одговара на „природниот" редослед на настаните, а *дур-дур*-реченицата именува настан чиј почеток означува крај на состојбата именувана во главната реченица. – Најпосле тука е и *пред да: Идна вичери́на у-селто, пре́т-да-за́јде сла̀нцито, у-за́јди-сла̀нце, дујде́ иде́н уд-младѝнта да-пала бе́нзин.* БМег, *А́рну-ма, пре́т да-фта́смà нѝќе у-се́лту, узго́ра, зна́чи, вра̀ѯ-се́лту и́ммà курѝја, вра̀ѯ-курѝјта гле́дмà: узго́ра, на-идна-ту́мба пе́чис-гла́ви са-нѝѝа̀т.* БМег...

Поминувам кон примерите од **Воденско** и **Енидевардарско.** Како обично почнуваме со *кога/ко* и *ка(к),* сп. *Кога си врна луде дома брат му гу пита:...* УЕ, *Кога тргале уд дома Луде си зел за успомена уд мајка му адно пресмлен шо тежише колку адно вудинички камен...* УЕ, *Ко о́де на̀ ба̀јнта, пу́ле че́јли на̀друв ногу...* ВКронцелево, *Наќум ка зафати да и брка су купралјата тија палени бијала, у тенекијата наместо качамак, стана мајина како луј.* УЕ, сп. и: *Попот кај и виде децата на такво ал, зафати да*

плака... УЕ, што веројатно треба да се толкува како *...ка-ји-виде...* Паралелни примери наоѓаме и во текстови од другите долновардарски говори, во Солунско, сп. во текстот од Ватилак: *Кога ги истепали мажите, турците га зимали за исирка.* МВат, *Ка а купи жената, сердаро̀т разбра, оти жената а зе дедо Георги, татко ми...* МВат; сп. и од Кулакиското евангелие: *И вба ј Јоа́нува кажува́нито, кбга а пуштѝле Чифу́тите уто Јерусали́ма книговѝтите и Левѝтите, да му расѝпаш на не́го:...* ВК, *Како фле́гле уф гро̀бот, виде́а мла̀д дете́нци...* ВК, *Ка му риче́, му дујна́ на ни́х...* ВК... За изразување на идната временска перспектива насекаде во тие текстови го наоѓаме моделот *кога ќе...* Како надоврзувачки анафорски корелат се појавува *тогá(ј),* сп. *Да Луде имаш прао, оти кукот кука са̀мо на пролет и на тепка тогај ти е времито за одејне.* УЕ, *Ниja си ричевме оти адна сестра имаме и ај да а дајме на зингиница кујка да не трпи... Тогај си врнува накај сестра му и му вели:...* УЕ, *„Ај ми ти су здраве Луде, бог нека ти прости! Тога си одзава Луде и му вели:...* УЕ, *Јанкула тога одише си криен...* МВат, *Гуворѝле Хаха́мити: Не́мами Цар, са̀л на* Колсара. *Тбга ви́ки му гу даде́ на ни́х, да гу раскри́сташ.* ВК... Ако нараторот својата релација ја поставува во временска перспектива на таканаречениот praesens historicum, како корелат може да се појави и *сега,* сп. *...ко̀пот са̀ти носи си издраскал и крфтосал* [...] *Сега попот пала друго чаре...* УЕ, *Влахат дојде на Дармица. Сега тој сакаше да удри козите от-та̀ј можеше.* МВат ... *Сега* може и да има метатекстуална интерпретација 'во таквата ситуација', 'со оглед на реченото', и сл., сп. во евангелискиот текст од Кулакија: *Кбј сеја́ уто ви́ти тро̀ити ве́лиш ти́ шо падна́ на арами́ти?* ВК, во современ превод: *Кој, пак, од тие тројца ти се чини дека му беше ближен на оној, што падна во рацете на разбојниците?* Лук 10/36... – Како показател на релацијата 'откога' најчесто се појавува *од как,* сп. *Уд как си азарисал, си качил на памуро̀т...* УЕ, *Уд как и жениле синоjте, дујдел време и момата да а мажат.* УЕ, *...виде́ идно́ човек шо бе́ши сле́п уто ка́ си роди́л* ВК – интересен пример со инвертирана линеаризација. Во текстовите од Ватилак не наоѓам посебен показател на релацијата 'откога' – неа редовно ја покрива *кога/ка(к).* Впрочем, таквото решение е можно и во текстовите на Угриновски од Ениџевардарско, сп. *Три гудини как и имаш затворено у земни темни зандани ни ветар да и пудујниц, ни слнце да и види.* УЕ. Најпосле, во истите тие текстови во иста функција го бележиме и *от като,* сп. *Уд като си и пуделија работите, шо и имаа зајдно, си разделија адното навака, другото нанака.* УЕ, *Пу неколку дни, уд като си утидија младите, адно уд бра́тката – најгулемуто – си правил азр и утишол на гости кај нејната сестра...* УЕ. Надоврзувачки релатор, пандан на *од как/од като* е *од тогај,* сп.: *...наместо да му вика на имто, та му викала пепелјашка. Зато уд тогај навака н Мара а викале Пепелјаш Мара.* УЕ. – Се појавува и релаторот *од сега,* сп. *Исти́на, исти́на ве́лјам на ва̀с: у сéа на́ка ки ви́дити на не́бито утфоре́на...* ВК, *Е́ту уто сéга на́ка са̀ти ро́ди ки ми благосо́вај;* ВК, *оди си, и уто сéга на́ка да не си гре́ши.* ВК, *уто сéга на на́ка ки би́диш лова́ч на сфе́тут.* ВК...

Судејќи по примерите имаме работа со зацврстената секвенца *од сега (на) нака* која стои во директна опозиција наспрема *од тогај на вака* (сп. погоре). Показатели на забрзаната секвенца настани се *туку што* и *штом*, сп. *Аман туку шо а кладеле синијата, попот и попадијата пак си ја зафатија старата песна.* УЕ, *Ама туку шо а кладе турпата у огиноп гостиноп ритнал пак на ногa, си а зева купралјата и пак оди кај попот...* УЕ, *И најстина имал и полошо отти туку шо зафатила да пајцува бурта, му си јавува адно гулемо и страшно змех...* УЕ... Истиот состав може да се појави и со обратна линеаризација, сп. *И шотуку зафати да свири и му набраја сајте друдзи дивини окулу негo, му си јавила адна змија...* УЕ ... Со иста функција може да се појави и *штом* кое – за разлика од условното *штом* – ќе го викаме овде темпорално *штом*, т.е. *штом*$_T$, сп. *Шом чуја сајте момчијна, си субрале у дворот на царот...* УЕ, *Шом стигаја си прeправија на чувеци...* УЕ, *Сајте ѓаволи, вампири, самовили и сенки шом ќи удри зора си одат на нејната дома.* УЕ, *...и шом ќи легни врс них ќи лицa.* УЕ, *Том гу извадија зафатија да гу лижат...* УЕ, сп. и: *Штом ќи дојдиш к'испаднимај зајдно* КЕВ... Со многу блиска иако поместена функција се употребува во разгледуваните говори и *таман*, сп. *...таман зафатил да и туварува на шајката, гу зафаќа адна толку силна бура, шо никуѓаш ду тогај не запамтил.* УЕ, *Тамам слизех от скалата, и Исув паша ми виде.* МВат ... Судејќи по примерите има една интересна семантичка разлика меѓу *тукушто/штотуку* од едната и *штом* од другата страна. Имено, *тукушто* – да кажеме условно – се појавува во „инхоативна перспектива", т.е. сигнализира настан што се случил веднаш по започнувањето на некое дејство (настан, состојба, и сл.), додека *штом* се поврзува со „терминативна перспектива" – сигнализира настан кој се случил веднаш по завршувањето на некое дејство (настан, состојба, и сл.). *Таман*, се чини, е во тој поглед неутрално. На крајот, еднаш во кулакискиот текст се појави и *емен да*, сп. *На тоа врéмц, ка си ѝдиши éмен да флéзи на идно сéло, гу причикувáле дéсет мáна кéл'ови...* ВК... Со иста функција *емен* се појави и во Ватилак: *Емен доближихме и псетата са пушчиха;* МВат. – Во ситуацијата кога едниот настан ја одредува временската граница (крајната или почетната) на вториот како показатели се појавуваат *дур да* и *додека;* статистички почесто *дур да* се појавува со парафраза 'до моментот кога...', а *додека* со парафразата 'за време кога...', меѓутоа, остра граница нема, сп. *И се така се вртел околу мајка му дур да си дојди брат му уд урманоп.* УЕ, *Ама за да не и изедиш вуловите дур да дојдам јаска, дојди влези у ва врејќата и да е врзам арно...* УЕ, *...дур да си разбуди змеоп јаска ќи ја фатам дáлгата.* УЕ, *...рипката ќи нурни длáбоко у шадрваноп и не испаѓала дудека не скршувала глава нака,* УЕ, *...и никак не испаѓја дудека ј она там.* УЕ, *На вампирите и на сајте сенки шо слушаш, времито за шитајне е нојќа, дудека удри зора...* УЕ, *...најмалото брат, шо толку и толку си мачил и на них да и најде, а камо ли друзите мáки шо и видел дудека гу клај на рáка дрвичуп и момата.* УЕ... Вајан во својата монографија на кулакискиот говор пишува: „дýри 'tant que' (dans le présent), 'jusqu'à ce que' (dans le passé), 'à ce

point que', etc. (дýр); et *дури да* 'jusqu'à ce que' (éventualité), etc. (*дур да*, etc.), locution qui peut etre dissociée par un groupe nominal: *дýри Човéшноу Сúн да уживéи*; *дéка* 'dès que', *дудéка* 'tant que'" (ВК243). А еве и некои од него посочени примери: *„Јáс úмам бóрц да си гледам рабóтата ут тóв шо ми пушти, дýри дéноћ стóј.* ВК, *Нé верувáле Чифýтите за нéго да бéши слéп, да сă упулú, дýри а викáле на тáтко му, шо сă упулú.* ВК, *...и заседнá тáму дýри умрé Ирóди;* ВК, *Па вúти седéјтисе на грáда Јерусалúма, дýри да си зéмите пувéла уф узгóри.* ВК, *дур да си óдам јáс, друг при мéне слéгал.* ВК... Интересно е дека во кулакискиот текст, се чини доследно, *дур(и) да* се појавува како показател на идната временска перспектива, додека во фактивните конструкции го наоѓаме *дур(и)* без *да*. Во интерпретацијата на горепосоченият пример со *дека* во смисла 'откога' се чини дека Вајан има грешка и дека се работи за локативната функција на *дека*, инаку вообичаена во кулакискиот говор. Еве го примерот: *...и дéка ки пикáса шо ки гу фáти, гу трéси, и си упинýа, и си трéси зúбити, и си сýши;* ВК, а еве и современиот превод: *...и секогаш, каде и да го фати, го купнува, и тој се запенува, и чкрта со забите, и се здрвува.* Марк9/18. *Додека*, согласно со Вајановата интерпретација, доследно се појавува во кулакискиот текст во смисла 'за време кога', сп. *Дудека сам тука на земн'ата, сам видело на земн'а.* ВК... Еднаш во функција на посочување на завршната граница се појавува и составот *дури кога*, сп. *Стáни си, и зéва-си дéтито и Мáјка му, да бéгај си на Мисúр; и тáму да бúдиш, дýри кóга ки ти рéчам јáс;* ВК. – Како надоврзувачки временски релатор на ова подрачје многу често се јавува *напокон*, најчесто едноставно во смисла 'потоа', поретко како експресивно маркирано 'најпосле', сп. *...мајко ела тука да ти мијам прво, а напкум ќи ти дадам да ручаш.* УЕ, *И шо ти прај луде? А зева блтијата и гу закол'ува волот. Напкум му а издера кожата и а убеси врс адна круша...* УЕ, *Луде тогај зева адна маштагарка и му трча на децата и зафати да и тепа се дудека не умреа. Напукум оди на попот и му вели...* УЕ, *Ка сă научú árно вúки шо и бáлăн, тóга устанá тáму, бти му бéши далéко двé дéна пăт. – Напăкон пу тóа вéли на ученúците...* ВК – еден интересен пример со секвенцата *напокон по тоа*, кој може да послужи за доказ дека *напокон* барем во некои контексти е експресивно маркирано иако Вајан го преведува само со *ensuite*. Натаму: *Афéндо, си а смилúсми бти тáа лáжа шо рéкăл, жúв бидéки: пу трú днú нáпкун ки застáни.* ВК, *Как не гу најдóа, сă вăрнáле на Јерусалúм, да гу пáлат. И пу трú днú напкон, а нáшле...* ВК, *...и шо падná пу пăтут, бúле тúа шо слушáт; напкунта úди дјáволот, и му извáги уф сăрцăту шо слушáле...* ВК... Најпосле, со инвертирана перспектива и во овие говори се јавува *пред да*, сп. *Арно ама, кој знај как, ошче пред да пукни пушката си рекол су умот...* УЕ, *Ама пред да си зафати су работа, Луде си пазарисал...* УЕ, *Ама пред да тргни за да чува пу аерите си рекол...* УЕ, *Ама ошче пред да си разделјат си и извадиле сăте три прстејната...* УЕ, *...ама кога му тикнал дека ошче пред да влези у пшичерта оџта му кажал дека у дрвенăто прстин му е кăсметут, си дујдел на сумлукут и му ричел на Арапинут...* УЕ – приведов поголема серија

примери, бидејќи примерите од текстовите на Угриновски, сите без исклучок, ја содржат секвенцата *(ама) уште пред да*, која убаво го раскрива психолошкиот механизам што води кон таква инвертирана временска перспектива – имено, преку неа нараторот посебно го потенцира значењето на фактот дека нешто се случило уште пред (т.е. и без влијание од страна на) некои други настани. Мошне е интересно дека во текстот на Кулакиското евангелие *пред да* воопшто не се појавува. Вајан не го споменува ниту во текстот на монографијата ниту во индексот лексеми, а не го бележи ни самото *пред*, исто како што Мазон не ги бележел во Корчанско (сп. горе). Со оглед на таквата негова дистрибуција се чини дека би можеле на *пред да* да му припишеме одреден стилски регистар и да го оцениме како балкански колоквијализам, кој немал пристап кон свесно редигираните литургиски текстови.

Во **дојранско-кукушкиот** дијалектен комплекс во однос на системот на темпоралните сврзнички предикати не наоѓаме многу новости. И тука во центарот на системот стои *кога/ка*, сп. *Кога ки сă уја̀гне о́фцата, о́на ки гу изблѝже ја̀гнато, ки гу учѝсте.*, *Ка пурасна́ло де́тто, а пи́тте ма̀јка-му: „Зашо́ дă не ми ка̀јш та̀ткуфто има̀јне“.*, *Ка ки па̀дниш, ра̀че́, нă до́ло уф лива̀јте, та̀м ки та̀ пра̀че́ка̀т две кучѝјна.* ПДој – последниот пример убаво илустрира вкрстување на темпоралните и на спацијалните параметри. Сп. и: *не́ зи́мум па̀ри ве́ле, ас ка ќи-до́јдум да́ма, ќи-ви́дме;* ПК1: 310 – пример што добро ја покажува тенденцијата кон преместување на сврзничкиот предикат од почетната позиција, на позицијата директно пред предикатскиот израз; натаму: *ка виде́л то́лко инса́н и́дат пу-не́го, са̀-бупна́л уфпича́лто;* ПК1: 310, *Ка бига́ме ас бих идина́јсе-два̀на́јсе гуди́ни.* ПК, *Ка́ и́де, гле́де не́што ва̀тре, с-упла́ши́ла.* ПК... Како надоврзувачки корелати најчесто се појавуваат формите *тогај* и *тогиц*, сп. *тогѝ нă мо́жат да̀ кра́да̀т, тогѝ са̀ испла́ши́* ПДој, *Адѝн бра̀т и́мăх, мале́чки измре́а та́м, тогај.* ПК, *Ни́а удде́ме да̀-ра̀бо́тиме, тугај ме́-ј ро́дин ба́ч-ти* (му се обраќа на синот...) ПК, *А-а, бре сѝно, ми-та̀кну́ве а тка́ са́ма ка̀к се́днум, ка̀к-са̀-зду́мум. Тугај ќи-памѐтум, ќи-м-и́де нă-ака̀л и у́мрини и жѝвиц, сè-ќ-м-и́де нака̀л.* ПК, *Ја та́ ма́ма ка́ ќă-сва̀л'а̀т сја̀ ут-та́м. Тогај и ца̀руфто би́ли буда̀ли́.* ПК, *И се́тне на̀ја̀лни́ме ти́ја та̀ва̀нто мисѝрка. Дă-тугај уста̀ни́ме жѝви.* ПК, *Ка́ удде́ме уф-Со́фја, не́мше на̀ро́т но́го.* [...] *А не́мше но́го на̀ро́т тогѝ уф-Со́фја.* ПК – еден убав пример којшто нагледно го покажува алтернирањето на *ка* и *тогѝ*. Натаму: *...на̀ѝушти́ја Бугà́рто и Герма́нците Сулу́ѝцко́ фро́нт шу-гу-ви́кме, оса̀мна́јста гуди́на. Тугај ка̀д-на́с дуј де́ уд-го́ре не́кој на̀ши Ма̀кидо́нчата...* ПК, *...бра́т ѝ ...качи́л-се на-а́дно да̀рво. ... И тугај извика́л:...* ПК. Еднаш одбележив и *тогава*: *Ако са́киш пă-дă-пра́виш кѝсало мле́ко, о́бично, за̀-ја̀дане, тугà́ва тоа̀ са̀-за̀пѝл'уве пă-са̀-турýве уд-не́го, ма̀ја̀ са̀-ви́ке та̀'...* ПДој. А еве неколку примери во кои нараторот се поставува со „сегашна перспектива“: *На̀ра̀чала и о́на едно ка̀ве́. И са̀ ста̀рио му-ве́ле...* ПДој, *До́брo. И са̀ де́тто си-но́се, си-ра̀зно́сува ка̀ве́та...* ПДој, *„А-бе, ко́јн, а́ра̀нто са̀-за̀бра̀е ли?“ – ви́ке сја̀ ура́чо.* ПК, *Ут-та́м нă-на́м, ка́ нă-сти́гна́а, тво́ вол гу-дука̀ра́а. И се́га, ле́ќ не́ма...*

ПК... Впрочем, дојранско-кукушките текстови добро го илустрираат фактот дека присуството и фреквентноста на определените темпорални (како и на другите) релатори зависи и од индивидуалните навики на нараторот и од навиките што во тој поглед ги споделува целата јазична средина. Имено, во овие текстови темпоралната релација на истовременост, директен допир, или преклопување во време на настаните обично се изразува во рамките на еден ист сложен исказ, т.е. со помош на сврзнички предикати, додека сукцесијата настани се изразува со релатор и со сукцесијата искази (сп. подолу). – Пред да поминеме на разгледување на другите релации да одбележиме уште дека Пеев има регистрирано во Кукушко и *как* во контексти што ја сугерираат релацијата 'кога', цитирам: „Со значење 'кога' се употребува и сврзникот *как: – как ќи-дóо стрбјникуш, арисáл, нé арисáл трибýве до-о-прáчéкиш; – как ќа-а-истрéмиш нúвша, сéшне мóји да-а-сéји.*" ПК1: 311 – и двата примери, се чини не случајно, имаат хабитуална, омнитемпорална (= неактуализирана) интерпретација. – Релацијата 'откога' се пренесува со составот *ош ка*, сп. *Уш ка ки гу изл'áкýвши дéшто, цáро ки нéма мéсто дек дáшá шýре шéбе.* ПДој, *Уш-кá-пумúнале двáјсе гудúни, сáдукáрало рет шо шáргóвајцо дá-до па уф-шо сéло.* ПДој, *Уш-кá, уф Цéрмин живáме, уш-кá бигáме шáм устáнáме.* ПК... Меѓутоа, составот *ош ка* се употребува прилично ретко, кога треба експлицитно да се нагласи дека од настанот кој претставува референтна временска точка до настанот за кој станува збор е поминато извесно време. Инаку, релацијата 'откога' ја покрива *кога/ка* и само глаголските категорни (вид, време) сигнализираат дали се работи за преклопување или за редослед на настаните. Од друга страна, надоврзувачката релација 'потоа' многу често се изразува експлицитно, а нејзиниот најкарактеристичен показател е *ош там*, сп. *Уш-шáм рáчéл:...* ПДој, *„Ми, рáчéла, ки-дáдум". Уш-шáм, фáрлúла нá-кукóшките чинúца иúўши нá-кýчáшо.* ПДој, *Е. уш-шáмка шóй рáчел:...* ПДој, *Е́, уш-шáмка, вáчáрáли, си-легнáли...* ПДој, *Е уш-шáмка, нáдéл'а дујдéла...* ПДој, *Елéнче сá-чúнúл, уш-вó шо сá-нáшúл. И уш-шáм шá фáшше, сá-кáчýве пó-гóре...* ПК, *Уддé. А, уш-шáм излéвáш, пáрстáно-о-нéма.* ПК, *...ус-кáмине сá-гудушúпáли нá Милáн Дéлчуф, брáш нá-Гóце Дéлчáф. И уш-шáм нá-дéду-ми гу фáшшáш...* ПК... Mutatis mutandis со иста функција *ош там* може да се појави и во метатекстуалните вметнувања, сп. *Е, уш-шáм дрýго нéм шó дáши-кáжум.* ПК... *Уш-там* спаѓа во карактеристичната група релатори способни да ги посочуваат како темпоралните, така и спацијалните параметри на настанот, па се чини дека и кај него, како и кај другите членови на групата, генетски примарна е спацијалиата релација. Во кукушко-дојранските текстови, посебно во оние, многубројните, каде што станува збор за бегството од егејските села за време на балканските војни, многу чести се контекстите кои сугерираат чисто спацијална интерпретација, а има доста и такви, каде што интерпретацијата може да биде двојна, сп. *Аднá зúма сáживјáли уф-Сóлун. Уш-шáм прáку Тýрција дујдéли-сá уф-Бугáрија.* ПК, *...Кóлша сјá-устáвúме. Уш-шáм, а-брé, а-брé, шáа зúма уддéме уф-Сóфја, шáм сидéме.* ПК. Мошне интересен во таа ситуација е еден пример од

Николич, Дојранско, каде што наоѓаме експлицитно разграничување на темпоралниот и на спацијалниот релатор, сп. *И-тѝка сéга тѝй шó ки-нàйрáвăй? Ут-тàм ки-бéгăт, ки-бéгăт, ут-тàмока.* ПДој. Покрај *от тàм* се среќаваат и чисто темпоралните релатори *сетне* и *напокон*, сп. *Сѝчко изгурé. Сéтне дăржáвăта дáваше куту нăрјàт нéшто.* ПК, *Струмá сă-гă-минувáли, нóго тишку тѝј сă-имáли. Сéтне сă-јăвѝла нéкă бóлис, испáнска бóлис...* ПК, *Кá удгувурѝле, димéк кá си-кажáле мăките, шó рăбутѝле, кàк прăвѝле, е нàйкунта тѝй му кăжáле...* ПДој. Пеев пишува: „Паралелно со прилогот *сетне* 'после' ... се употребува и *напкум, напкумце...: нàйкум сăвăрна сам* Мор", ПК1: 218. Сепак, се чини дека *напкон* има во тие говори интерпретација 'најпосле', т.е. се инсистира на фактот дека соодветниот настан се случил доцна (доцна во секвенцата настани или доцна во однос на временската референтна точка). – Забрзаната секвенца настани во опишуваните говори се најавува на разни начини и тешко може да се определи кој од показателите е доминантен. Пеев на прв план ги става *чим* и *истум*, и двата по негова проценка „од регионален карактер". Еве ги неговите примери: *Чим ки пóчне дă гу сувăрзуве, кóјно вѝке. Чим ки сă стéмне, ки пóчнăй дă звăнкăт. Чим гă дунцé дóма, пучнá кàвгă. ... Истýм зàвăрнá, сă рăзбăгă. Истýм испàднá нà вóчка, пучнá дă вѝке.* ПДој 311, *чим-о-тăргнáл јургáно, лăснáло нéшто жàлтo, злàто; – чим сă-чѝнăй плóччита, лѝстито пàдѝнăт; истýм о-сувăрsá, тóо пàлéн избигá.* ПК1: 310 Покрај тоа во текстовите најдов: *И-тýку-шо-зăспáли нéгувите брáте, двýјцăта, лáмјăта пучнáла дă-бýче, дă-свѝре и-дујдéла тáмо.* ПДој, најпосле Пеев од Кукушко наведува и еден пример со *шом: шом ки-гу-пудójц, тóо ки-жѝвне...* ПК1: 310 – се наложува омнитемпорална, хабитуална интерпретација што и покрај присутната темпорална компонента го поврзува овој пример повеќе со типичното за овие говори, каузативното *штом* (сп. подолу 2.1.3.5). - Најтипичен позајмен предикат што ја сигнализира забрзаната секвенца настани и во овие говори е *таман*, сп. *Тăмáм сă-чинáло пулýнуш дујдéле нăрéчницúте...* ПДој, *Тăмáн сă-пудăдéла нă-балкóно, брáл'то сă-пушчѝле уд-гóре, а-фàтѝле, а-нусѝле.* ПКДој, *И-тăмáм утѝнула óфцúта уф-тăрлуто, лéгне уф-срéп óфци, сă-скрѝла ф-тăрлуто.* ПК... – Како показатели иа временската граница на еден настан и тука се појавуваат *дур (да)* и *додека (да)*. Примерите, за жал, не се многу, а интерпретацијата варира скоро пример до пример. Ќе ги приведам прво примерите со *додека (да)*: *„Óтти пàпинајсе минýти мă-дăржá дудéка гу-зѝме фàлцáно".* ПДој, *Ут-тàм пóсле, удѝл нóго дéнуве, дудéка гу нàјде Лóндун.* ПДој, *Кá сă-испàлнуве врéмуто дудéка му-рàчѐл дéуто, нă-тă дàта дă-сă-нàјдăт пàтăм, о-зàпре пăрáхбдо там...* ПДој – еден елиптичен пример, кондензиран, кој сепак ја поддржува основната интерпретација; натаму: *...тéлето трéбă дă-гу-пудójц пăрво, дудéка-ј мàлéчко...* ПДој, *...нàшо тàтко ду-вàдин, ду-дéк умрé, óн сè лàгише Кýкуш...* ПК, *дудéк дă-нàпăлне тáа дàта, дéшто нé-сă-пујавѝло; – дудéк сă-вăрне вудничáро, лисѝцúта сă-нămачкáла глàвúта кáша.* ПК... Од формална гледна точка треба да се одбележи дека со еден исклучок *додека* се појавува без *да*, од семантичка гледна точка на сите примери,

повторно со еден исклучок, им е заедничко дека остварувањето на настанот којшто директно е доминиран (надграден) од предикатот *додека* претставува завршна временска граница на настанот, процесот, состојбата за која станува збор во втората дел-реченица; така е во сите примери во кои глаголскиот предикат на првата дел-реченица („*додека*-реченицата") е во свршен вид и токму таквата релација овозможува во соодветните конструкции *додека* да се замени со *пред да*. Во единствениот пример во кој дел-реченицата воведена со *додека* е конституирана од глаголски предикат во несвршен вид *(...ј мале́чко...)* релацијата е поинаква: состојбата формализирана со таа реченица претставува временски фон за настанот формализиран во втората дел-реченица, а завршувањето на таа состојба ја претставува и завршната граница, до кога може/треба да се .оствари настанот. – За разлика од *додека, дур* е показател не само на темпоралните релации. Тоа во себе содржи константна компонента 'повеќе отколку што би можело да се помисли' која во својство на предикат може да се однесува и на време, и на простор и на секаква друга 'мера'. А еве ги примерите со темпорална интерпретација: *То̄ дур дӑ ви́де па̄рѝште, му удри́л еден мију́р.*, *Дур дӑ стӣгна̄ме, о́ни изба̄га́ле.* ПДој, *А́с дур дӑ-му-удго̄вбо̄рум, тӣбе́ друго̄ва́ро ве́ле:...* ПДој, *Дур би́ше жи́ва ма̄јка́-мц, друго̄ би́ше.* ПДој, *дур да-а-истре́сум кру́шта, дур дӑ-спа́днум, дӑ-не́ ја̄јте;* ПК, *Ни́а дур-до́јме ду-Ку́кущ, дур до́јме ду-Крунди́рци, на́ш-се́ло го̄-за̄ба̄лѝа.* ПК, *Ка́ нӑ-збра́а, нӑ-бӯга̄рцката гра́ница нӑ-нуси́а... Ду́р та́м нӑ-нуси́а, ду́р-та́м сме биго̄а́ли.* ПК... Општо земено, сликата личи на онаа со *додека*. Од формална гледна точка остава впечаток бројноста на примерите без *да*, што мора да е поврзано со послободната употреба на презентските форми од свршените глаголи во источните говори. Од семантичка гледна точка: со исклучок на единствениот пример каде што *дур* доминира (надградува) несвршен глаголски предикат *(...дур би́ше жи́ва...), дур(да)* може насекаде да се замени со *пред да*. – И најпосле, самото *пред да* во дојранските текстови не го најдов, додека во кукушките – колку што можев да утврдам – се има појавено два пати: *Па́ има́л ка̄сме́т, пред дӑ-са̄-по́чне вујна́та го̄-пушти́а...* ПК, *И пре̄т дӑ-го̄ре́е сла̄нцто пукна́а ти́а.* ПК... Толку ниската фреквентност на употреба како да потврдува дека истата релација може да се изрази и на друг начин (сп. погоре).

И **лагадинските** текстови покажуваат некои специфичности во однос на сврзничките показатели на темпоралните релации. Со константната содржина 'допир во време' и тука се појавува *ко̄га̄: Мисѝр кӯга́ ѝштӣш да с'а̄и за ур'е́ш ни́ва̄та ху́бав'а̄...* МС, *...кӯга́ за т'а̄ стр'а̄ти по̄тӯ, да му ричѐш, да до́јди вичарбо̄т...* МВ, *Ко̄га мес'а̄т, онаја дивојка за над'ани от зент'ӯт фесо̄т...* ВВ... Покрај *ко̄га* во текстовите од Малецки се појавува *как*, а во текстовите од збирката на Верковиќ („Обичаи в Висока...") - *ка̄то*, сп. *...как за си ути́ваш, за пруминѐш прис б'а̄ла во́да...* МС, *...как го̄ ви́д'аха, са̄ упла́иаха шичка̄т'а̄ и тӯга́с го̄ милова́ха мло́го̄.* МВ, *Ка̄ту за си расѝл'ајат жените, то̄гај зент'ӯт за стани...* ВВ, *И ка̄ту за си исфа̄рши та̄ја работа, то̄гас от јӯнако̄т за вра̄зат една ка̄тка...* ВВ... Покрај тоа,

еднаш во еден текст на Малецки од Сухо со иста функција 'допир во времето' се појавува *д'е*, што претставува директна грчка калка, сп. *Д'е́ си с'ад'а́ха, са̀ гу̀тф'а́ха, ча̀ за си л'е́гнат, му вили́ мума́та на д'а́т'ан'ту*... МС.... Во функција на надоврзувачките релатори и тука се појавуваат *тогас/тогај* и *сетне/посетне/ насетнина*, а во случаи на временската актуализација и *сега*. Само еднаш се појавува *од там* со временска (а не просторна) интерпретација, сп. *Утам с'етн'а прумина осим гудини*... МС. Освен тоа, во текстовите од Верковиќевата збирка се појавува и *после/после това/ по това*, сп. *И хламборџиата собира јунаците, играјат хоро на дворот и вунка на стред'а селото. После хорото си собираат и акалесаните сватови*... ВВ, *И сватовите за метнат дар... После това ки тиат поеднош от јуначката ракиа*... ВВ, *И така са чини отпушчение. По това сетне за седнат сички*... ВВ. – Не е јасно дали има посебен показател на релацијата 'откога', меѓутоа судејќи по примерите таквата интерпретација може да ѝ се даде на грчката заемка *афу* којашто ја среќаваме во текстовите од Малецки од селото Висока. Еве неколку примери: *„афу́ с'а́ т'а ви́д'ах са̀с учи́т'ами, за т'а фа̀рл'а са̀с маг'а́р'ан'ту бараба́р у му'ре́ту!“* МВ, *Афу́ утиду́ха на дламбо́ку ве́јки, ја та̀кна ва̀рката на жина́тамуу*... МВ, *Афу́ са̀ уму́ д'а́т'ан'ту ху́бајаа и са̀ прим'а́ни са̀с нова́т'а ру́ба, д'а́т'ан'ту ста́на мло́гу пре́ту*... МВ, *Афу́ забе́тинут гу сиќ кафе́ту, ви́кнува д'а́т'ан'ту*... МБ... – Показател на забрзаната секвенца настани е (според Лавров, В 335), *л'у*, што е една од повеќето функции на овој релатор. Еве неколку примери на „темпоралното“ *л'у*: *...л'у за нарасте́ дур на кул'а́нуту, утиваи, гу зарива́ми курин'о́*... МС – еден не многу карактеристичен пример, каде што за *л'у* се наложува интерпретацијата 'откога', *Тос ма́стор б'а́ши такме́н и лу тра̀гна да о́бј на гурбе́т и вили́ на гудини́ца́тамуу*:... – тука повторно се наложува интерпретацијата 'кога', *„тугас лу до́хми са̀с цар'у иди́н умр'а́нт ка́раха*. МС – повторно 'кога', *л'у за до́бј да т'а упа́да, за до́бјти на м'е́н'а ви*... МС – повторно 'кога', а тие се и сите примери што ги најдов во текстовите на Малецки од Сухо. Во неговите текстови од Висока наоѓаме состав *л'у што*, кој е вистински показател на забрзана секвенца настани, сп. *лу́ шту́ ќиш'а́ши да тра̀гнц, на̀тигу и дја́кут утир'а́т н'е́ја*... МВ, *Лу́шту фа́т'аха да ида́т, хло́ина о́бртата;* МВ, *лу́шту утбри, па́дна на̀тр'а у бакал'е́ту о́бут*... МВ. Самото *лу* кај истиот информант се појавува еднаш, а интерпретацијата е двозначна, или 'кога' или 'штотуку', сп. *Лу гу ви́д'а о́бут хи́тра Пе́три, му р'е́чи:*... МВ... Во функција на забрзаната секвенца настани во текстовите од Висока еднаш еднозначно се појавува грчката заемка *молис*, сп. *Мо́лис гу ви́д'а про́едро́ту ца́р'ут, гу пузна́, ча̀ј д'а́думу*... МВ ... Во текстовите од Висока вклучени во збирката на Верковиќ еднаш се појавува *л'у*, а интерпретацијата повторно е двозначна, сп. *И л'у за дојди кумот, седнуваат на една удаја все кумови, на друга одаја сватови*. ВВ. Значи, според приведените примери, *л'у* се појавува во Лагадинско како синоним на *кога*, а составот *л'у што*, со ограничена употреба, функционира како пандан на стандардното *тукушто*. – Како „граничен сигнал“ во Лагадинско наоѓаме *дур (да)*. – *Дур* и овдека се појавува со кон-

стантно значење 'повеќе отколку што би можело да се претпостави'. Како темпорален сврзник-предикат тоа најчесто воведува дел-реченица со глаголски предикат во свршен вид и повторно најчесто се работи за *да*-реченица, меѓутоа и во двата случаи има отстапувања. *Дур (да)* му одговара на стандардното *додека да*, или на *пред да*. Се чини дека има корелација меѓу редоследот на речениците-аргументи и семантичката интерпретација на целата конструкција. Имено, ако *дур да* има средреченична позиција, интерпретацијата е 'додека да', а кога има почетна позиција – се наложува интерпретацијата 'пред да'. Значи, имаме работа со еден темпорален граничен сигнал којшто може да се согледа или од перспектива на еден од двата настана, на поранешниот или на подоцнежниот. Еве неколку карактеристични примери: *...за гу вадими катa д'ен' и два пант'а на дин'о дур да нараст'е...* МС, *...и там за стујат дур да усахнат хубав'а...* МС, *...и така с'е ткајам дур да битиксува оснувата.* МС, *...така дур да битиса частуту пруститрат, субират, субират;* МС – еден пример чија линеаризација отстапува од горе претпоставената корелација; натаму: *Мумата чака, чака дур усамна...* МС, *Тамо за постојат, дур да ја стигнат;* ВВ... И со друга перспектива: *„дур да пода јас сабалин, дур да с'една, јатигу и ман'цбји чукна на портата;* МС, *дур да си пој тој думá, цар'у си бити учел понапр'ат.* МС, *И јас там б'ах, с'а си дох, амá си умурих дур да си дója.* МС – повторно еден пример што со својата линеаризација ја минира нашата претпоставена корелација. Натаму: *Дур да сá стипли удата и р'ечи на нив'астатаму:...* МВ... – *Пред да* се појави само еднаш: *Прин да пој питти на кшенудухијуту, гу вижда ина баба и гу пита:...* МС...

Последна група текстови што ќе ги анализираме тука од гледна точка на присутните во нив темпорални сврзнички предикати се текстовите од Серско. Како показатели на основната релација 'допир во време' овде се јавуваат *кога, как* и *като,* при што се чини дека *кога* и *как* имаат повисок, а *като* понизок стилски регистар со оглед на фактот дека во свесно уредуваниот превод на Трлискоto евангелие наоѓаме скоро исклучиво *кога* и *как,* додека во текстовите од Серско вклучени во Верковиќевата збирка се појавуваат *кога* и *като.* Сп. *...куга́ са воскре́се от ме́ртвите Јису́с, тога́ са смя́слиха ученицúте му отúи това́ хми вре́веше...* МТ, *...та куга́ са научи́ от јусбашúката, чи е умр'а́л, харúза на Јо́сифа снагата...* МТ, *Кога́ са расположúха дене́то на пра́зника, покачи са Јису́с на цáрквата...* МТ, *Кога́ изл'а́ли момúте от ба́н'ата́, детето сосе́чено.* ВС, *...и сега́ тој ма млогу гарези́ и те́ра колáј да ма́ отре́пе, кога́ за́спем...* ВС, *На нова́ вре́ме, как заминаваше Јису́с, ви́де еди́н чул'а́к де́то бе́ше сл'а́ви́ше от как са бе́ше роди́л...* МТ, *Пак Јису́с как чу́ така́ почу́ди са и ре́че...* МТ... А еве еден фрагмент од Трлискоto евангелие кој нагледно го илустрира паралелизмот меѓу *кога* и *как: Се́тне кога си подигнаха очúте на го́ре, никок ни ви́деха, са́ме Јису́са само́и. Се́тне как сл'а́ваха от планина́та, пора́че хми Јису́с и хми ре́че...* МТ. А еве примери со *като: И като ви́деха свинáрете това́ шту ста́на, поб'е́гнаха...* МТ, *...пак това́ ти син шту изе́де и́моите сас блу́дните, като до́јде, закла́ му биза́лното те́ле.* МТ, *И млозúна от*

чефу́тето, шту бе́ха дошли́ ду Марѝа, кату́ ви́деха, шту сто́ри Јису́с, в'а́роваха на нек. МТ – тоа се сите примери со *като* што ги најдов во текстот на Евангелието, додека во текстовите од Верковиќ тоа е најфреквентен сврзник во соодветната функција, сп. на пр. *...и като́ си отиде́л на сара́е, ѝу́снал л'у́де та ги́ дока́рали.* ВС, *И като́ зе́л да ги ѝи́та, пак ти́а са срахо́вали...* ВС, итн. Во истите текстови неколку пати се појавува и *когато: И когато́ отиде́л ханжи́та да ви́ди, измр'а́ни ли́ са, и ги наше́л зра́ви, почу́ди са...* ВС, *Кога-то излевала по́ гора-та да се шета, и диви-те живини стојали умајани...* ВС. Иванов (ИПГ 209) покрај *кога* во иста функција одбележува и *ага(то).* Цитирам: „За врзски в изречението могат да служат наречието *ага* 'кога' и местоимението *агато* 'когато'; *Дојде си, ага фре́т си бе́ха ле́гнали; оти́де, ага гу ни те́раха; шта ра́ботиш, агато јас ти ка́за; Нимо́ј ви́каш, ага́то фрет са ра́дова́т* и др. Срещат се и в Родопите." Како надоврзувачки релатори и во двата извора се појавуваат *тога, сетне, посетне,* а во текстовите од Верковиќевата збирка уште и *после* и *сега.* Отсуството на ова последното во Евангелието е разбирливо од стилски причини. – Како показател иа релацијата 'откога' и во двата извора наоѓаме *откак,* сп. *И това откак рече, издахна.* МТ – еден од бројните примери со сврзничка предикат сместен директио пред глаголскиот предикатски израз; натаму: *л'а́хим сас фрет те́зи е́ту тре́ти ден е днеска, откак станаха те́зи работи...* МТ, *Та откак ре́че това́ пока́за хми рака́те и нога́те си...* МТ, *И това́ ско́ро ста́на; мо́же да има 25 годи́ни, от как ста́нало;* ВС... Ги забележив и релаторите: *от тога, от тука, от нова час* во Евангелието и *от сега, от малко врем'а* кај Верковиќ. – Во Евангелието не се појавуваат показатели на забрзаната секвенца настани. Во Верковиќевите текстови во таа функција ги наоѓаме *л'у* и *тамам: л'у ја виде, и му се наумило да ја залиби...* ВС, *Тама́м да са ва́рне, пак коси́то зел еди́н ка́мен наш не́к, за́ да го́ отре́ја в бонарја.* ВС. Иванов (ИПГ 203) го потврдува присуството на *л'у* во таквата функција: *л'у поте́ра и му да́доха; л'у са пода́де и го удри́ бу́мбата; л'у до́јде тус и го ви́доха...* – Како временски граничен сигнал и овде се појавува *дур да* и, поретко, *дур не.* Настанот кој претставува референтна точка се најавува со свршени глаголи, а интерпретацијата и тука е двојна: 'додека да' или 'пред да', сп. *Пак ви́е се́дите на гра́д Јерусали́м, дур да са облече́те ја́кос от го́ре.* МТ, *јас ако и́скам тој да оста́не дур да до́јда пак, ти шту бере́ш каха́р за нек?* МТ, *...о́ти ни ште ви́ди умира́чка дур не ви́ди напре́д Христо́са го́сподјоф.* МТ, *И там приси́́ дур да са́мне...* ВС, *...доила ги змеевито млеко, дур да нараснат.* ВС; – *Тога́ за фчеса́ прерукна Јису́с учени́ците си фа вл'а́зат фав гимна́та тада измина́т ута́шак, дур да испу́сне л'удето.* МТ, *...дур да́ исмине́ небе́то и земе́та, една ја́бта ја една́ пра́чка ни ште́ измине́ от на́мото дур да стане сичко.* МТ, *...ела не може ништо да устори, дур не земе изим от стара си мајка.* ВС. Како пандан на стандардното *додека* во текстот на Евангелието еднаш се има појавено и составот *до де: о́ште ма́лко вре́ме е сфети́лото сас вас, ходите, ду де́ и́мате сфети́лото, да ни ва зати́сне темни́ата...* МТ. Присуството на овој состав во серско-драмските говори го одбележува

и Иванов (ИПГ 191). Најпосле, со интерпретацијата 'пред да' (стандардно *додека не*) во Евангелието еднаш се појавува и составот *дур кога: ...тта ни е разбираше за стопаница дур кога роди сина си првородниа, тта му насова име*то *Јисус.* МТ, во современиот превод: *И не се доближи до неа, додека таа не Го роди својот првороден Син и Го нарече Исус.* Мат 1/25.

Со ова го завршивме нашиот преглед на сврзнички предикати показатели на временските релации во јужномакедонските говори. Мрежата на експлицитно изразените релации изгледа на следниов начин:



Релацијата *1* 'контакт во време' низ целата разгледана територија е претставена со *кога;* освен тоа западно од Вардар се јавува *ка*, источно од Вардар *как*, а во серско-драмските говори и *когато* и *като.*

Релацијата *2* '(делумно или целосно) преклопување во време' низ целата територија е претставена со *дур (да)* при што дел-реченицата што ја воведува сврзникот мора да е конституирана од глаголски предикат *во несвршен вид;* покрај *дур(да)* во Костурско, Леринско и Серско наоѓаме *дур кога*, во Костурско и Леринско и *до кога*, во Енидевардарско и Воденско и *додека*, најпосле во Серско *до де.* Со оглед на релативно малиот број примери горната географија значи само потврдеио присуство, а не и потврдено отсуство на соодветните сврзници во соодветните говори. Таа е единствената ралација каде што сврзничкиот предикат добива определена интерпретација само во комбинација со субморфата на глаголскиот вид.

Релацијата *3* 'последователност базирана врз релацијата *по*' во скоро сите говори се пренесува со составот *от ка*, во Корчанско и со *отќен*, а само во Лагадинско во соодветната функција ја наоѓаме грчката заемка *афу*. Впрочем, за оваа релација е карактеристично дека честопати се изразува не на ниво на една сложена реченица, туку на ниво на секвенца формално независни реченици, т.е. таа честопатн е сигнализирана не со

сврзнички предикат, туку со меѓуреченичен релатор од типот *после, сетне, по малку време, от там*, и сл.

Релацијата *4* од релацијата *3* се разликува по една дополнителна семантичка компонента: инсистирање дека двата настана се редат бргу еден по друг. Неа ја претставува: во Корчанско *токо шчо*, во Костурско *туку да;* во Мегленско се појавува *штом* кое е присутно и во еницевардарските и во воденските говори паралелно со *тукушто* и *штотуку*. Во дојранско-кукушкиот дијалектен комплекс соодветната функција ја вршат *чим* и *истум*, во лагадинскиот – *л'у што* и грчката заемка *молис,* а во серско-драмскиот – *л'у*. Освен тоа во источниот дел од разгледуваниот ареал бележиме *тамам*, а во Кулакиското евангелие еднаш се појави и *емен да.*

Релацијата *5* 'последователност базирана врз релацијата *пред*' низ целата територија се изразува со составот *пред да.* Овој сврзнички состав има колоквијален стилски регистар и следствено не се појавува во евангелиските текстови. Впрочем, воопшто, се работи за ретко употребувана временска перспектива.

Релацијата *6* од релацијата *5* се разликува со дополнителна семантичка компонента: задолжителен временски контакт меѓу настаните. Оваа релација низ целата територија ја изразува *дур (да)*, а во Серско и *дур не* во задолжителна комбинација со субморфата *свршен вид* на глаголскиот предикат што ја конституира дел-реченицата воведена со *дур да/дур не.*

Како што произлегува од овој краток преглед, релациите *2* и *6* имаат ист сврзнички (т.е. лексички) показател, а се разликуваат по граматичката карактеристика на имплицираниот појдовен аргумент (а често – сп. погоре – и по линеаризацијата). Тоа што им е заедничко е функцијата на граничеи сигнал на еден настан како референтна точка за некој друг настан; тоа што ги мотивира разликите меѓу нив е фактот дека границата - природно – може да се согледува од двете страни, како почеток и како крај. Се разбира, во гореснцираната мрежа основни релации можевме и да ја внесеме релацијата 'временска граница' и да покажеме нагледно што ги поврзува двете функционални варијанти на *дур (да).* Сепак, решивме дека релациите 'временско преклопување' и 'последователност во време', 'контакт во време', и 'отсуство на контакт', а на крајот и перспективата 'по' и 'пред' сите се поважни во семантичката хиерархија и затоа ја понудивме горната мрежа.

1.3. Сврзнички предикати – показатели на каузација. – Третиот и последен голем круг сврзнички предикати се оние што сигнализираат причински врски меѓу настаните. Следствено, соодветните конструкции одразуваат не само опсервација, туку и толкување на стварноста од страна на говорителот. Основните релации овде се 'причина', 'последица' (т.е. конверс, односно „дијатетичен парник" на 'причина'), 'цел', 'услов', 'концесија'. Тие се делат на фактивни, како 'причина' или 'последица', и не-фактивни, како 'цел' или 'услов'; релацијата 'концесија' е неутрална во поглед

на оваа опозиција. Ќе ги разгледаме редум показателите на одделните каузативни релации во јужномакедонските говори.

'причина' – Одејќи од запад кон исток во Корчанско ја наоѓаме грчката заемка *оти* како основен показател на релацијата 'причина'. Хомоним на причинското *оти* функционира во корчанскиот дијалект како семантички празен комплементарен оператор, а тоа е и неговата примарна функција во грчкиот јазик. А еве неколку примери на причинското *оти*: *„Дјај пат, оти вѝчи по нас“.* МЕЦ, *Сѝка да бѐнде сетнѝти пѐрви, а пѐрвѝти сѐтни, оти мнóго сја̀ викнати, а мáло се отбрáни.* МЕЦ, *„Тој éсти со истина израилѝтис, оти у нéго не се нàјдвѝни éно ѝље.“* МЕЦ, *Кој нé зне оти трјàби со сùолајвàјне да сùоменвѝме добринјàте ѝпам шчо ѝме сторéно во селóто нáше. Оти тој чóвек шчо не разбéрви добрóто шчо му чѝни друѓо, не можиѝме да го речѝме ѹмен и рàзбран чóвек...* МДЦ, *„Ти се мàл'а* [...] *да довéда éден сàндѹк' да о клáм в одејàта твòја, от ѝма внàтри прик'àта чупјàтиуј моје;* МЦ... Од примерите се гледа дека *оти* може да стои и во средреченична и во почетна позиција. Се чини дека тоа во говорот има висок стилски регистар. Имено, привлекува внимание фактот дека тоа е единствен причински сврзник и во алокуцијата на Цанко и во евангелиските текстови. Во приказните тоа се појавува поретко, обично во скратениот облик *от*, а покрај него бележиме и некои други, словенски по потекло, показатели на истата релација. Меѓу нив најфреквентно е *жош*, сп. *Ка не те изедоје кученишчата, жош дур сега ни еден чужинец н-еје дојден тува: ѓу-зјеве кученишчата ако не банди нјекој от нас при кученишчата.* МЦ, *...није јѹ-тѝме со свéто сáрце, жош јо пулјáме, éсти мнóго добра.* МЦ, *„Ти се мола много, пушчи-ми ен сат побаргуј хекимо твој, жош имама клјàте чупата“.* МЦ, *„Жено, не ми стàйни нàт ѓунàта, зош ј-отвòри да с-исуши“.* МЦ... Доказ повеќе дека *жош* функционира паралелно со *оти* е и фактот дека тоа може и да се појави како комплементарен конектор, сп. *„И нѝје знајàме жош éсти грóба, тóко не мáме шчо да сторѝме, жош ѝнак жа ésме нѝје расипáни“.* МЦ. Спорадично може и да се појави „долгата форма“ *жоошчо (за тоа шчо?)*, сп. *Мàжо, тóко шчо јо вѝде, се зарàдва мнóго, жоошчо ѹме женá му да рабóта тѐлка мàсно.* МЦ - примерот е интересен и по тоа што допушта двојна интерпретација: *жоошчо* е тука примарно комплементарен оператор, но со јасно изразена причинска нијанса; ова ни го открива механзмот на зародување на двојната функција, како на *оти*, така и на *жош*. – Релативно поретко се јавува показателот *отшчо*, сп. *Тас отшчо бјà самка и се додевјàше, и кога пјàше, кога плачеше.* МЦ, *От шчоо бјàје уморени, зуснàје.* МЦ... Судејќи по примерите, *отшчо* од претходните показатели на причинската врска се разликува по комуникативната перспектива во која е поставена конструкцијата. Имено, настанот протолкуван како причина се појавува прв, а оној протолкуван како последица е втор, т.е., со други зборови, редоследот на настаните во текстот го одразува нивниот природен редослед. Со таквата линеаризација конструкциите со *отшчо* се доближуваат до последичните конструкции (сп.

подолу). Стандарден пандан на овој показател би бил на пр. *поради тоа што, со оглед на тоа што,* и сл. – На крајот забележив и една конструкција во која носителот на причинската врска е *ѓето.* За да се протолкува таа, потребен е малку поширок контекст: *Леньàје да сијàй. Дојдòје бракјàта, видòје: нéма пастàрма. Гéто сијàје: отùде едéнјо брат, се стòри кај на мјàсто мàж-је и вéли: „Жéно, ѓе јо кладòјме пастàрмàта?" Тàс кве сóно му вéли...* МЦ; клучната дел-реченица во Мазоновиот превод гласи: *Comme les maîtres dormaient...* – конструкцијата личи на оние горепретставените со *отшчо*, а стандардниот пандан би гласел *со оглед на тоа...* Како надоврзувачки причински релатори во корчанските текстови се јавуваат составните како *за тос,* и сл., сп. *„Ишча Госпатóго", му вели старецо, „да ни да лјàй, жош је и жена-ми устàрјàјме, не можиме да раотиме, и за тос ишча да најда Госпатóго".* МЦ. – Неколку пати во корчанските текстови се појавува турската заемка *чунки*, чија комуникативна перспектива се поклопува со онаа на *отшчо,* сп. *И сфéти Пéтар сýрва от ѓумјàта, бàра нàт водјàтје за да дòјди при Ристóса. Тóко чýнки вùде вјàтро мнòго сúлен, се уплаши, и фàти да влéтиви во водјàтје.* МЕЦ... *Го искàје во своју̀ти и во познавицàта тјàмна. И чýнки нé го најдòје, се варнàје òпет во Јерусалúм...* МЕ, *„Сјàди ношчес тува, та утре бјàгаш, чунки се стемна."* МЦ. – Најпосле спорадично како показател на релацијата 'причина' се јавува и друга турска заемка, *дилми* (од *дегли ми*), која инаку е во служба на релацијата што овде ја нарековме 'ограда' (сп. подолу), сп. *...ешче телка ѓодине шчо имаш ашкетепцано жа ашкетепцаш, дилми искри еденјо пешник тас вечера шчо бјај је у тебе.* МЦ, *Царо, дилми не јтјаше да му јо да чупàта, тогас порачи да стòре ено желјазо шчо да не можи да го привали никој...* МЦ.

Ситуацијата во Костурско и во Леринско не се разликува битно од корчанската. Се појавува *отш*, но не е многу фреквентно, доминира *зошчо*, спорадично се појавува *отшчо* и – новост! – *пошто*; анафорскиот релатор гласи *зашто*. Ќе наведам прво една селекција типични примери, па ќе поминам на неколку детали кои бараат посебен коментар. Еве ги примерите: *Дòјду ѓéч, зàш завàрна дош* ШК, *Дòјду ѓéч, зàш нé ми-барàше мàгàрто* ШК, *Андàрите ми-и-утепàе двàта стрикови, заш-криéе éн от-сéло Грàче...* ШК, *Чàрни и напрàвјте от-бòј, зàшчо бéе бàлгари.* ШК, *„...јàска àку-дòјда дóма трéба да е-ѓàсните ламбàта, зашчо се вичéрен чóвек."* ВН, *Зàшчо се зàсме тàмо на пàзаро? – Зашчó јéдна жéна, вéли, открàде брдàчи, зéм'ја со зéм'ја се крàде, за тòјо зàсме".* МСЦВишени – еден од бројните примери кои нагледно го покажуваат поклопувањето на прашалната и „сврзничката" форма. Резултат на таквата состојба е проширувањето на прашалната функција и на причинското *отш*. Судејќи по примерите од Мазоновата студија, разликата меѓу интерогативот и релативот би можела да биде во акцентот, меѓутоа и оваа разлика е недодржана, а на дел од текстовите и непозната. Натаму: *...ошче т'élку пòвеќе тùгдај Гóспо, зашчó се мàлиш на Гóспо.* МСЦВишени, *Ме-забàли ѓарлотo, зàшчо пùј студéна вóда.* ШК, *Станае мòјата мајка ја затворие, зашчо да има една книѓа от старовремцко шо кажваше ка ќе се бие државите.* ВБапчор – еден пример

интересен поради составот *зашчо да*, кој исто така може да послужи како доказ за мешање на интерогативот и релативот (сп. ги стандардните секвенции како *затоа што...* и сл.), *Ние́ е́сме на синбрите со-Албáнија, затó не-вéле албáнки* ШК – пример којшто може да послужи како доказ за лабилноста на границата меѓу таканаречените сврзници и таканаречените релатори. Сп. и: *Лéтото волбјте штреке, затóс стáвеме ноша на-три́ сáтут и-бреме дýр-да осýнвише...* ШК... *И сéтне јáс го забрáиф тáтка, зáшто не гó пулеф* ШД, *Нé му кáпај на друк грáд, зáшто сáм ке пáдниш вó нéго.* ШД, *„Зáшто да не знáете?" – „Зáшто пó-рано нé било грцко тóа."* ШД, *„Áма не сáкате да са ýчите. Зóшто вúе го наýкофте тój лајнó јáзик бóгарцки!".* ШД, *Не се вóики, тýко се бáли. – Зáшчо бéли? – Зáшчо остарúа, му вéли бабата. Зá тоа се бели. – Ами зáшчо тáкви плáсковáти? – Зашчó лéжем на ни́, за тóа тáкви се сплашчéни.* МСЦМокрени... Се гледа варирањето: *зош/зошчо/зошто/зашто...* Натаму: *Не-збóрвај сúлно, óти é бáлна нивéстата.* ШК, *Шчо плáчиш, сúнко? рéче тáтко му. Му вéли рéче: – Óти пéсук зинцир да напрáвиме.* МСЦ, *Нé му кáпај óчите на друго, óти сáм ке сиúскопаш.* ШД, *И Сúпро Јáнкоф éти зáклан, áма ýчите дúши и кáрз рéброто гáргори, óти му éти дýпено...* ШД, *Му рéкоф: „Óти бéгам за Богáрија со мнóгу пáри, кáк можи да а мúна грани́цата?"* ШД, *Кој напрáј лóшо, тáмо ке му дáје Гóспо голéми прóстава, áми ке прости пак, óти нéма сеá вéшно пéколо.* МСЦ, *Цúрни да бúдете, рéче, óти вéлите тáка!* МСЦ, *Се úспáтиса демéк, оти отéпан е.* МСЦ... – Шклифов во својата долнопреспанска монографија го наведува и сврзникот *отшо* и го илустрира со примерот: *Óјдоф на Голéмотоézеро, си зéдоф кáмче и трéска од езéрото и кóга ке ýмра, сакам да ми кладе во гробо, óтшо ми ети мúло, дја са рóдена* ШД. Истнот автор го приведува и *пошто*, со примерот: *Пóшто нé го пулеф пред óчите, го забораиф, сóсем ми úзлезе од ýмо и нé го дојкоф.* Втората конструкција со *пошто* ја најдов во текстови од Орово: *„Пóшто ети тáка – рéче тój – ке му кáжа на éден кáсај"...* ШД. Судејќи по тие примери *пошто* има иста комуникативна перспектива како *отшто* и иста како корчанското *отшчо* (сп. погоре). – Коментар бара сврзникот *ал* што го наоѓа Шклифов и во костурскиот и во долнопреспанскиот говор. Ќе ги приведам прво неговите примери: *Ал é бóлен не-мóжи да-дój.* ШК, *Ал мáш-му бéше комúтин, тýрците му-е запалúе кáичата.* ШК... Врз основа на овие примери би можеле да претпоставиме дека се работи за семантичка деривација од *а.ли* 'но', а со значење 'меѓутоа', 'но за тоа има причина', и сл. – Коментар бара и сврзникот *каштo/коштo* што Шклифов го иаведува од Долнопреспанско, а го илустрира со единствениот пример: *Јáс му вéл'а: Дáј мúа лúтурјата да ти а зájса, кóштo ке óда.* ШД 114. Тешко е што било да се заклучи врз основа на еден пример и тоа пример изолиран од контекстот, меѓутоа се чини дека се работи повеќе за темпоралната, отколку за каузативната врска, нешто како *кога што, како што*, а само вторично се надградува и односот 'со оглед на тоа што', и сл. – За каузативното *штом* сп. подолу.

Во над десет страници текстови што ги има запишано Дрвошанов во Кајларско не најдов ниту еден сврзнички показател на релацијата 'причина'. Иако ова се должи на техниката на раскажувањето на конкретни информанти, а не и на системот на говорот, останува фактот дека немам примери од Кајларско.

Единствен причински сврзнички предикат што се појавува во мегленските текстови од Бојковска е *оти*. И овде оваа му е една од двете функции; втората функција му е на комплементарен оператор. Еве ги примерите на причинското *оти*: *Е, нéјсе, тóгај са-изрáдувáмă ние, ричемă оти – сéга вúке завăршúва с-фашúзмут*... БМег, *Вójскăта на-идно-пăтúните бéше, а тó пăтúните оти-баирлúев мéсту-ј, кăту-рóуви прăвéну, дăлбнăту мéсту*. БМег, *И вá оти-глáдна бúла си-исчúла уп-тó-лéбут*... БМег, *...ама тó нóгу стúну кúгу-дрóбиш оти-тó бúте пл'ýнкичка-и*... БМег... Како единствен показател на релацијата *оти* тука се појавува и во двете комуникативни перспективи.

Во текстот на Кулакиското евангелие паралелно функционираат *зашто/зашо* и *оти* (ВК242), сп. *Брáт ти дуjдé тфój, и тáтко ти заклá на ранéтиту тéли, заштó* ('поради тоа што') *гу виде здрáв*. ВК, *Елájте благосовéни уф Тáтко ми, да зевájтисти царшти́ната шо и азúр за вáс ка сă курдисá дунjáта. Зáшо угладнéх, да ми дадóхти да jáдам*... ВК, *Манéjтисте ут мéн прикăлнăти на вéшново бгин, шо и чинéто за дjáволут и за измикáрити нéгува. Зáшо бéх глáдин, да нé ми дадéхти да jáдам;* ВК... *Илим jáс гу знáм óти ут нéго сăм, да óн ми пушти*. ВК, *...ма нúкој не сă клáле рăка врăс нéго, óти нé му бúло дóшăл бúти врéмито*. ВК, *И уговорú jузбашúјата, да ричé: Афéндо, нé сăм врéдин да мú дójдиш уф стрéата; тукýсăл да рéчиш, и дéтито ки ми сă ликýва. Óти já-сăм човéк пу пувéл'а, шо úмам пу мéне аскéр; и вéл'ам на тóа: óди си, и си óди; и другúјут: éла, да úди*... ВК... Покрај *зашо* и *оти* како показатели на релацијата 'причина' се појавуваат и турските заемки *чунки* и *зер*. *Чунки* е прилично фреквентно. Пред да поминам на примерите интересно е да видиме како го карактеризира Левис во својата граматика: „*çünkü, zira* 'for'. These Persian borrowings almost always begin a sentence but, like the English 'for', always explain the preceding statement [...] *zira* [...] is not much used." (Lewis 215). А еве ги и кулакиските примери: ... *имáла пéт дерéци. На вúи лéжија нóго л'ýди бóлни, слéтиш, крúви, сýј, фатúени, шо чéка вóдата кóга си разúграши. Чýнки "*Αγγελ-от *слеваши на времито наκολυμβηθρα-та, да си стрéсиши вóдата;* ВК, *Па другóго падná уф кáминут, ка сă никнá сă сушú, чýнки нéмаши влáга*. ВК, *Дидáскале, знáими идéн су тфójто úми шо извáги дjáволи, да су нáс не úди; и гу запрéми чúнки не идéл су нáс*. ВК – употребата на *чунки* во горните примери одговара точно на неговата употреба во турскиот текст како што ја опишува Левис (сп. погоре). Во таквата употреба тоа е практично еквивалентно со *зашо* и со *оти*. Меѓутоа, има и примери на една друга употреба што Бајан го толкува со француска парафраза: 'puisqu'il en est ainsi' (ВК 242), т.е. отприлика 'во оваа ситуација', 'со оглед на тоа', и сл. Сп. *А лáшо измикáр и тешковúти'* [...] *Зевájте чýнки*

таќа́ ут не́гу карагро́шот... ВК, *Е́ла су на́с, о́ти умря́ќа, и ѓумина́ де́нот. И ути́ѓал да си ноќа́ва су ни́х. Да чу́нки са́ прибра́ су ни́х, а зе́ле́тот и благослови́...* ВК, во современиот превод *А кога седеше со нив на трпеза, зеде леб, го благослови...* Лук 24/30, т.е. врската се интерпретира како темпорална. Истиот тој пасус на друго место во Кулакиското евангелие повторно е преведен со: *Да стана́л да си нуќа́ва су ни́х. Да чу́нки са́де́ да си нуќа́ва су них, а зе́л ле́тот, благусува́...* ВК; сп. и: *Да как си флегле, не а најделе снагата Господинова* Ἰησους. *Да чунки биле зачудени они зарди него́.* ВК, современ превод: *И додека се чудеа...* – повторно темпорална врска; се гледа дека преведувачот на Кулакиското евангелие се служел со *чунки* и во една друга комуникативна перспектива, невообичаена за турската лексема, а која има паралела во темпоралните релации 'откога' и/или 'додека'. А еве го примерот со *зер: ...о́ти* Ἰησους *са́ тра́гна́ на стра́на, зер но́го л'у́ди би́ле на то́ ме́сто.* ВК – се гледа овде желбата на преведувачот да одбегне повторување на еден ист причински показател; во современиот превод фрагментот гласи: *...зашто Исус се беше отстранил, оти на тоа место имаше многу народ.* Јох 5/13 ... – Составот на причинските сврзнички предикати во современите дијалектни текстови од Угриновски од Еничевардарско доста се разликува од оној застапен во Кулакиското евенгелие. Ги нема двете турски заемки, се појавува главно *оти* и нешто поретко *бидејќи*, сп. *не знајл как да застани на носи оти имал пеан чувек у нејн та кујќа.* УЕ, *Ами поше и на менка ми с јаде, оти и јаска пред малку кснаф.* УЕ, *...шом е за млада Јанкулица ела да ми фатиш, оти она зимно време ми даваше леблеблија и суво грозде...* УЕ, *...Арно ама ког тргнал уд кај них, бидејќи падарницта била ногo висока, му ја зел скалата и ај нанака.* УЕ, *И бидејќи ногo му беше жал' на бабата му вели пак на дивојчито...* УЕ, *...ама бидејќи татко му сакал ногo пари за него, туцеритe не закачувале су лесно...* УЕ... – од примерите убаво се гледа разликата во комуникативната перспектива меѓу *оти* и *бидејќи*; имено, дел-реченицата воведена со *бидејќи* се реда пред, а онаа воведена со *оти* по дел-реченицата што го формализира настанот-последица. Вреди, во врска со тоа, и да споменеме дека во текстот на Кулакиското евангелие *бидејќи* доследно се јавува како „жив" глаголски прилог, сп. *Но́ка биде́ки на та́а де́н уф наде́лата да по́рти́те би́ле зтифоре́ни, та́мо шо би́ле Ученици́те...* ВК, *идно́ са́л зна́м, шо сле́ѓ биде́ки, се́ѓа гле́дам.* ВК, итн. Да се вратиме на текстовите од Угриновски. *Зашчо* тука доследно се јавува со прашална функција, на пр. *...сакам да знам, синко на мајка, за шчо ми викнате на менка да дом тува кај васка?* УЕ, *Па добро мори сестро, зашчо сакаја да ми закол'аш?* УЕ, и сл. Има само еден пример каде што интерпретацијата не е еднозначна: *...двете мина браќа на суд ќи и извадат... Кога чуја нејнто татко и мајка треска и фати, зашчо да имат само два таквија арни синови и да не и радуват.* УЕ. Од друга страна, „анафорското" надоврзувачко *зато* се појавува доста често, сп. *...та му викала пепел'ашка. Зато тогај навака на Мара а викале Пепел'аш Мара.* УЕ, *...го маана турцка мома задрале, и зато у темни зандани и фрлиа...* УЕ, *Ногo си итра мори лија и уд ногo душманцки раци ми утки-*

наше, па зашто јаска вел'ам вија да ја судите ва мојта не касметлија и запустена сестра. УЕ, итн. – Каранфиловски во својата енциевардарска монографија како „локално ограничено" го наведува и причинското *дека*, сп. *Не йдăм кај вас дéка не йдитă кај нас* КЕВ. Значи, *дека* – на лик на *отти* и (сп. подолу) на *ча* – поминува по истиот пат на функционална деривација: од комплементарен оператор, семантички празен, до причински сврзнички предикат.

Во дојранско-кукушкиот дијалектен комплекс доминантен сврзнички показател на 'причина' е *отти*, сп. *Цáро éдна шăкá пăрй му дáве бăкшти, отти дăшто сăфтé о виждýве. Отти бише дилéко, уф нас спијă.* ПДој, *...áку има нéкō тăквó дéте и нéго дă-гу-изл'ăкýвува. Óтти зашто сум јас доктор...* ПДој – интересна секвенца ... *отти зашто* – показатели на две различни комуникативни перспективи. Натаму: *...нé дăржише нăшто мéсто снек, óтти мóрто блúзо тáмка – óтти нóго мéсто, ти кажýм тúа чифлúци бúа, нă-сéдăмте гудúни идéло зă-рáбота éдно мéсто; – óтти мучурлýк бúше, нúшто нé вирéјше; – óтти дăбут сă грáхме...* ПК1: 131. Покрај *отти* се појавува *от што*, сп. *Утшó-j пусéран, нă смéе дă дójде. Утшó си тăкóф и дéцта не ти-j бúве.* ПДој, *ут шу бúше лáким зă-рăкúа, си-умрé млáт; – ут шу нă-мужéа дă-с-рăзбéрат кутý-брáше, ду-сут гa дукăрáа рáбōта; – ут шу си асúа, нé-ти-бúве.* ПК1: 314. Спорадично се појавува и *зашо: зашо биа скарни, за-тоо ги-кливитил.* ПК1: 314. Најпосле во кукушкиот говор Пеев бележи и *зер: дă-пувáркше зер кúи-нă-стéмне; – дúгни тóо прáмчишто зер сé бирбáт кúи-нăрáвăт.* ПК1: 315. Тука се наоѓаат и два примери на *дилми* како показател на типично причинска релација (а не на релацијата 'со оглед на', сп. подолу), сп. *дúл'ми висóк, сáмо нéгăвша глáва сă-глéде; – дúл'ми сă л'уше ич нé му-гувóри* ПК1: 315 – *дилми* тука се појавува како изофункционално со *од што*, веројатно се работи за локална семантичка деривација од *дилми* 'со оглед на тоа дека...'. Што се однесува до *бидејќи*, Пеев констатира дека тоа „има широка употреба како глаголски прилог". ПК1: 315.

Во лагадинските текстови на Малешки од селото Сухо како сврзнички показател на 'причина' редовно се појавува *зашто*, сп. *си вил'áх н'éка йдја у с'éлушу да н'éка ýмр'ам. Заштó ут Сулýн на гóр'а ни можиши да прумúн'еи за силáша, áку н'éмаш пáсу ут ингилизúшу.* МС, *Амá инá бáбичка ја пузнá мумáша, заштó утúва д'ă'т'а пукрăj н'éја;* МС, *„крф тúче клăjáнцу заштó на кинōшитăj, кинōшитáша парúз'éва сăс зóр ут сирумáси и зă тузú на клăjáнцу крф"...* МС – имаме работа со анаколут, бидејќи нараторот во текот на кажувањето ја менува комуникативната перспектива, па во резултат на тоа се јавуваат и *зашто* и *за тузи*. Натаму: *Мăшúхáша изилéпсувăши на д'улберлúку и гл'éдаши, кăк да ја загубú нас мóма, заштó н'éјната бúши бéш.* МС. *Зашчо* го срекаваме и во Верковиќевите текстови од Високо: *И веки од млого просини за мо ја дадат, зашчо една дивојка, ако ја не просат млого и заедно да ја дадат, онаја дивојка нема ихтибар.* ВВ. Како пандан на *зашчо* во иста серија текстови се јавува и *затова: Кога шче да си вјахни нив'астата на кон'ут да киниса,*

ошчи на таткова и кашча, за разби едноту малка колачинта, та за ги метни напрет и назат, ги земувай човеците, а кој за фати на рънкаша му, онова го имай за л'ак. Затова си вел'ай ти триде колаци за армен. ВВ. Меѓутоа, во текстовите на Малецки од Висока редовно како основен причински сврзник се појавува *дашо*, додека *зашто* го немам најдено ниту еднаш, сп. *„Скóру, нивáсту, дóнисúми да пúјам мáра ракúја да шó за умурéнт!"* МВ, *„дáј ми туфéјк'ут, дашó дóјх на Ќéф"*... МВ, *„јас вéјки за т'а осúпаја, дашó áку сă тýка, цар'ут за м'а закáли!"* МВ... Спорадично и *ча* врши причинска функција, сп. *„н'émаш штóгуди ти да ричéш, чă за т'а уб'áсами в'éјки?"* МС, *„скóру стáн' азăр, да б'ăгами ут тýка, ча тáткуми идвá та за нá закáли!"* МВ... Натамошните примери на причиското *ча* ги наоѓаме во Верковиќевата збирка (ги приведувам по Лавров, В 737): *Сетника мома-та гу не зема за мăж, ча беши млогу грозн* В, *Испастри мáлко тýка, чá цăр'ув син ки дојди áф нáзика* В, *Мале, дај ми мăра л'ат да јам, ча време дојде да ида на сколио-то* В, *тојнака ми куртулиса, сос негу ке да идем, ча тинака прăстеноп миловаш, меника не миловаш* В, *Си уму, си зема книги-те, ча ки ходи на школиа* В. Инаку *ча* во источниот дел од опишуваниот ареал е познато како комплемеитарен оператор. Се чини дека тоа ја прошири својата функционална зона по модел на *оти*, кое исто така скоро на целиот ареал ги поврзува двете функции. Вреди да се подвлече дека токму лагадинскиот дијалектен комплекс е единствен кој не го познава *оти*.

Во говорите во Серско *оти* повторно зазема централна позиција. Наведувам прво неколку примери од текстот на Трлискоto евангелие: *И ако заѝмаше у дé са ýздаше да си зéмеше заéма, какáф хаѝр? Óти грехóвите такá заѝмаш ки да си зéмаш заéма.* МТ, *Пак новá шту пáдна на транéто, тúе са нéзи шту са чýли пак от млогупо гајлѝ и от зингиѝлáк и óти хóдеш по кéфа си на това сф'ат та са забáвеш сас тјáх, затовá не прáвеш берекéт.* МТ – еден убав пример кој покажува како функционира тандемот *оти... затова...* Натаму: *моле ти са, бáшто, да гу пýснеш на бáштоваша ми кáшта, óти имам пéт брáта, да хми кáже, да ни дójдаш и тúе на това мáчно м'áсто.* МТ, *Пак Јисýс гу попúта: как тúе ѝмето? Тој рéче: Легеóн. Оти млогу дјáволе фл'азоха фав нéк...* МТ, *Рéче гóспод, л'ý кој ѝска пý мéне да дójде, нéка са арниса от сéбе си и да зéме кáрста си та нéка ги притéра. Оти л'ý кој ѝска да си спасé душéта, шта е загýбѝ.* МТ... И во серските текстови од збирката иа Верковиќ го наоѓме *оти: ...сегá тој ма млогу гарезѝ и тéра колáј да мá отрéпе, когá зáспем, óти ѝнак не мóже;* ВС, *...са фăрли грóм та пáдна та одáви змијета, шчошу беéше на кóне, та гу отрéпа, óти тој ни бéше ошче изл'ál од пешчерéта.* ВС, *...породѝ до три сѝна, шчошо сегá чол'ак кашу тјах нéма на јунáшшу, шчó са вр'адни да дѝгаш ду пéтстошин окѝ и са жлѝви óиче, оти тувá скóру стѝáна.* ВС, *...са покáчи на едно дăрво та седéше, оти го бéше срах од змијýвете.* ВС... Во истите тие текстови како сврзнички причински показател се појавува и *зашчо*, кое инаку редовно врши прашална функција, сп. *Едно врем'а когá Бог направил земе-та, тија била запустена тамам хилјада годѝни, зашчо*

немало л'уде да ја заселеш. Еден ден сла̀нце-то не хтело да изгрее, и Бог го питал, зашчо не изгрева? – „Зашчо, вели да изгрем? Зер на пуста зема шча грее?" ВС... Повеќе пати, во текстот на Трлиското евангелие се појавува и *чунки*, сп. *Та бо́лнио ни зна́еше котри́ е́ Јису́с чи́нки имаше кала́бала́к на нова́ м'а́сто, то́ј изле́зе от ва́н...* МТ, во современ превод: *Но исцелениот не знаеше кој е, зашто Исус се беше отстранил, оти на тоа место имаше многу народ.*, сп. и: *Тога́ едни́ от кни́жницы́те ре́коха на се́бе си: това́ клеве́та. Пак Ису́с чи́нки позна́ мы́слите хми, ре́че́...* МТ, во современ превод: *А Исус, штом ги разбра мислите нивни, рече...* најпосле сп. и: *Се́тне умр'а́ и чорбаџи́ата та са закупа́ та чинки́ бе́ше фав пиклбто нама́ки, подига́на си очи́те та гле́да от дале́че Авраа́ма и Ла́зара фав ску́пите му та ру́кна и ре́че́.* МТ... – На крајот, Трлиското евангелие нуди и една конструкција со *кату* со двојна можна интерпретација: релативна или причинска, сп. *Пак Јису́с, кату зна́еше сичко што му дохо́дя, изле́зе та хми ре́че: ко́к те́рате?* МТ, во современ превод: *А Исус, знаејќи сè што ќе стане со него, излезе и им рече: „Кого го барате?"* Јох18/4. Натамошни примери *кату* да изразува 'причина' – моделот е, се чини, романски - наоѓам кај Верковиќ, сп. *И то́ј, кату бе́ши мло́гу ихтибарля́ја човек, как гу и бил кадя́ата, гу бе́ши стра́м да изле́ва пре́д човеците́.* В. *Кату беха торфанда смоквите, друк не можи да га купи, цар'ут га купи́.* В... Така употребеното *кату* се доближува најмногу до *одошто*.

Покрај гореразгледаните сврзници, Лавров во Верковиќевата збирка го наоѓа и причинскиот сврзнички предикат *понеже*. Тој се појавува во текстовите од Серско и во некои други говори. Еве ги примерите на Лавров: *Понеже са причуло това до крај земја, че таја жена е нај-гиздава, един цар сакаши да ја види., Понеже јасика ги милувам, и за това ти вел'ам, да идиш аф село-то ти на братова-та ти кайча.*, сп. и: *Тја вйрх купања-тй оставила си йрстења и понеже хи завикало горе дете-то, оставила си там йрстења и утишила горе да го види.* ВС. Се работи за еден предикат кој тежи кон почетна позиција, т.е. има комуникативна перспектива слична на *от што*. Кај другите автори тој не се појавува.

Да сумираме: од овој наш преглед се гледа дека меѓу сврзничките предикати-показатели на причинската врска централно место зазема грчката заемка *оти*. Неа ја нема единствено во лагадинските говори. Меѓутоа, грчкото 'οτι е комплементарен оператор, додека како показател на 'причина' се јавува γιατι, кое по функција и структура му одговара отприлика на македонското *зашто/зашчо*. Би можело да се претпостави дека на македонска почва *оти* ги соединило функциите на 'οτι и γιατι, а исто така – по модел на *зашто* – прифатило и прашална функција. Од гореприведените примери се гледа дека јужномакедонското *оти* е способно да ја изразува релацијата 'причина' независно од комуникативната перспектива.

На целиот опишан ареал, со мали и, се чини, случајни ограничувања, паралелно со *оти* се јавува и *зашто/зашчо*. Во однос на *оти* тоа покажува обратна хиерархија на функциите: додека кај *оти* примарна е сврзнич-

ката функција, кај *зашчо* доминира прашалната. Спорадично наоѓав записи кои сугерираат дека меѓу прашалното и сврзничкото *зашчо* има разлика во акцентот, меѓутоа соодветната разлика во ниеден систем не се чува доследно.

Како надоврзувачки пандан на *зашто* регуларно се јавува *зашоа*, кое влегува во директна опозиција според комуникативната перспектива не само со *зашто*, туку и со *отш*.

Во лагадинските текстови на Малецки од село Висока наместо очекуваното *зашто* редовно се појавува *дашо (= да што)*.

Се чини дека *од што*, иако употребувано поретко, им е познато на сите говори. Релативно почесто тоа се појавува во дојранско-кукушкиот комплекс. *Од што* се карактеризира со стриктно определена комуникативна перспектива – се јавува во почетна позиција во однос на целата сложена конструкција и со тоа се отсликува природниот тек на настаните: прво причината, па последицата. Во Верковиќевите текстови од Серско наоѓаме и надоврзувачко *од тоз, од това*, сп. *Един търгювец имал си жена многу умна и гиздава, от тоз јъ миловал и љубил много.* ВС, *тој тога хи казал, как съ с чубан-о обложил и как је женъ-тъму излъгал, та сйал при нејъ и хи зел гердан-о; от това искал да јъ убијъ и поб'агнала...* ВС.

Со слична комуникативна перспектива како *од што*, единствено во Верковиќевата збирка, се појавува и *понеже*.

Локално во функција на причински предикати се појавуваат турските заемки *чунки* и *зер. Зер* се појавува спорадично во Воденско и во Кукушко – по функција тоа се поклопува со *отш* и *зашто*. *Чунки* се појавува во трите евангелиски текстови, бобоштенскиот, кулакискиот и трлискиот. Тоа функционално се поклопува со *од што*.

Најпосле, двапати се сретиавме со конструкции во кои причинската интерпретација на сврзничкиот збор се наслојува врз релативно-просторната или релативно-временската ситуација која е потенцијално присутна во сите словенски и не само словенски системи.

'последица' – Согласно со тука прифатеното толкување на релацијата 'причина' секоја таква релација поврзува настан-причина со настан-последица. Меѓутоа, во граматичката традиција е прифатено конструкциите со настанот-последица оформен како појдовен (т.е. оформен во главната дел-реченица) да се викаат причински, а конструкциите со обратна дијатеза – последични. Соодветните сврзнички предикати остануваат во однос на конверзија. Значи, во овој параграф ќе ги разгледаме конструкциите за кои во стандарднот јазик се карактеристичнн сврзниците *така што, толкуў... што..*, и сл. Во дијалектнот јазик таквите конструкции прилично се ретки, иако треба да се претпостави дека тие се потенцијално присутни во сите говорни системи. Малкуте регистрираннн примери ќе ги приведеме како и обично, движејќи се од запад кон исток.

Првиот пример го наоѓам дури во мегленските текстови од Бојковска. Тој е конституиран од сврзничкиот состав *толку... шо да...* и гласи: *И, кашу-шо, ѓалайчишу литнал су-шолку ѓулема бајзина, су-шолку ѓулема сила шо да-не-ѓу-виде ѓавалуш ама на-граништа пририпал...* БМег. Впрочем, ни овој пример нема еднозначна интерпретација – би можеле врската да ја толкуваме како финална. Меѓутоа, корелативната секвенца *толку... шо да...* сугерира консекутивна врска. Имено, релацијата 'последица' многу често е придружувана со дополнителна информација за зголемен интензитет што го карактеризира конститутивниот предикат на настанот-причина и директно го предизвикува настанот-последица. Наредниот пример, повторно единствен, го најдов во ениџевардарските текстови од Угриновски. Показателот тука е составот *така шо... да*, а примерот гласи: *...за минуш нивесшаша а прави адна шенка и висока шапола и су ноѓо ѓсш бршлен, а завишкува уд доло ду вршкаша шака шо ни ветар да наможи да а дуни.* УЕ – се повторува истата ситуација, т.е. *да* во оваа конструкција внесува финална нијанса.

Во Воденско Каранфиловски бележи примери: *Толку ѓу-шиша ја шо не моје да-сшои., Ја сам сирумах шшошо не можам дă-дăм.* Тука првпат се среќаваме со една друга варијанта на последичната врска, која содржи нијанса не на финална, туку на релативна релација (сп. '...сиромав кој што...', '... ') Н
сврзник, цела серија, но со „чисто последична" врска ги наведува Псев од Кукушко. Тој пишува: „Во консекутивните реченици, освен *што* [Веројатно се мисли на *така...што...* З.Т.] се среќава и сврзникот *штото,* кој претставува дијалектна специфичност: *шăкă сă-нăл'уштхме, шшошо нé сăкум до-о-вйдум; – до-о-измăзниц, шшошо ич да-нé сă-пузнăве* [интересен пример во кој *штото* се појавува во состав со *да* З.Т.]; *ѓу-наустрй убаво, шшошо сéче кушу-брч; – кăр сă-вйке ѓу-бйве сăмо за-шишун.* " ПК1: 315–316.

Голомб (ГД 139) приведува една интересна серија конструкции со - во неговата терминологија – последично *да.* Од четирите негови примери цитирам два, со најчитлива последнична компонента: *„шшо йăк му фш'éса на шăшкуши, да йăк сшăна магăр'а?!"* МС, *„шй, што йишиш уш шос чув'ăк да ѓу ѓони?!"* МС – и двата примери имаат иста карактеристична конструкција, имено првиот аргумент (т.е. главната реченица) има облик на прашање со што целата конструкција добива прашален карактер. Последичното *да* може да се најде и во серските текстови во збирката на Верковиќ, сп. *„Јас рéкох – да е шакăф цăр'а да ми даде дéс'ăш хилјăди ѓрошове, ша да си йăа".* ВС.

Со ова се исцрпуваат последичните конструкции, или поточно: конструкциите со последична компонента. Како што се гледа тие не претставуваат хомогена класа ни на семантички ни на синтаксички план, а за нивната реткост сведочи и фактот дека повеќето од нив се регистрирани од авторите на монографиите кои посебно се труделе да утврдат како во

говорот се предава последичната врска. Како што видовме, разгледаните конструкции со присуство на *да* во составот на сврзникот имаат финална нијанса и нефактивна последична дел-реченица, додека оние со *што* се појавуваат како фактивни. Тие најчесто го поврзуваат настанот-последица со интензитетот на дејството, карактеристичен за настанот-причина. Оттука и зачестеноста на последичната нијанса кај релативните реченици што ги релативизираат придавските показатели на предикатите со зголемен интензитет. Најтипичните конструкции за консекутивна врска со сврзникот *ичото* посебно се фреквентни во долновардарските говори; ги спомнува и Лавров во својот монографски опис на текстовите од Верковиќевата збирка (В: 335). Истиот Лавров приведува и еден пример на *ичото* со причинска диијатеза, сп. *Ох побратими, како да не сам кахарлија, ичото цар'ут планина-та сака да ја стор'а рамно поле?* В: 337.

'концесија' – Се работи за една релација која претставува, општо земено, негација надградена врз причинската врска, т.е. за констатација на отсуство на очекуваната причинска врска, поточно: отсуство на очекуваната последица при присуство на причината која би можела да ја предизвика. Појдовен аргумент е настанот чие (не)остварување значи неостварување на можниот настан-последица, додека вториот аргумент, формализиран во дел-реченицата што ја воведува концесивниот сврзнички предикат, ја посочува можната причина на неостварената последица. Во стандардниот јазик концесивните сврзнички предикати се *иако, макар да/макар што*. И оваа релација во дијалектниот јазик е прилично ретка. Мазон во корчанските текстови регистрира една конструкција со концесивно *макар: Ви се мóла, кажитé-ми ѓé ј имáте, да и вúда мáкар умбрјáни невестáта и челјáта!* МЦ – *макар* тука воведува не дел-реченица, туку реченична трансформа конституирана од глаголска придавка. Во речникот на Мазон *макар* во овој контекст е преведено со *même*. Во истиот речник наоѓаме уште еден израз кој судејќи по францускиот превод би можел да функционира како концесивен сврзник. Тоа е *сосве ичо* преведено како *биен љуе* (Мазон 1936: 98), меѓутоа *сосве ичо* се појавува само во Мазоновиот монографски опис на бобоштенската лексика; ниту тој го има локализирано во текстовите, ниту јас можев да го најдам во тие текстови. Во костурската монографија од Шклифов наоѓаме пасус под наслов „Обстоятелствените изречених за отстъпване" (ШК 129). Тука наоѓаме два убави примери со *макар ичо: Мáкăр ичо-нé ја познáвам мáјка-ти, дáј му мнóго клáнăтје. Мáкар-ичо бéше о чужúна, нúчо не донéсе дóма.* Покрај оние со *макар ичо* Шклифов приведува во истиот пасус и неколку примери со сврзничкиот предикат *ако* и го интерпретира со „'не пречи че'". Еве ги тие примери: *Áку дóјди дéтето, ке ѓу пýлиме нúја. Áку завăрна, нема зúјан., Áку úма ѓрýтики нúната, ки и скăршиме. Áку сé вудéни рóшките, ке сă исýше.* Во ниту една од тие конструкции *ако* не би можело да се супституира со *макар ичо,* сите тие се со идна временска перспектива и можат да се протолкуваат како таканаречени можни условни периоди. Меѓутоа, ни интерпретацијата на

Шклифов не е погрешна. Соочени сме со не-фактивни концесивни конструкции коишто се многу блиски до условните и нагледно можеме да се увериме како се зародил денешниот стандарден сврзнички предикат *иако.* Во својата долнопреспанска монографија Шклифов повторно приведува примери на концесивни конструкции од два типа, со *макар што, макар и да* и *ако и да,* сп. *Мáкар што и рáнемеф (србите), влéгваа да кáжиме во кýќата мóја, са кáчваа по скáлата и кáжваа: „Мáјку бýгарцку вáшу, нáш крáл Пéтар нéма тáкву кýчу“* ШД, *Бáбата, мáкар и да не збóрва гáрцки, рáзберва шó му вéле* ШД, *Áко и да éт лóшо дéтето, кóга ке пóрасти, ке си дój на ýмо., Áко и да úмаше пáри Кúро Мúфцки од Óро, сáмо са плáчеше ко гýтин, што нéма ништо.* ШД. Во оваа група примери *ако и да* претставува точен пандан на стандардното *иако;* истовремено овие примери ни овозможуваат попрецизно да го определиме односот меѓу концесивните конструкции со *макар* и оние со *ако.* Имено, се чини дека конструкциите со *ако* се немаркирани по однос на фактивноста додека оние со *макар* се по дефиниција фактивни. – Наредна серија конструкции со *макар* наоѓам дури во еницевардарските текстови од Угриновски, сп. *У тó време л'угúто живеле у куп сáте, мкар колку сакале л'угe да биле у адна тајфа.* УЕ, *Најстина сеа не забилижил никáква грешка оти се шо фаќал, п мкар и су двете рáце, се си пришравувало у злато...* УЕ – *макар* овде доминира една предлошка трансформа: *мкар и су двете рáце* = 'макар фаќал со двете раце', сп. уште: *И ето, на филјан и филјан место има адна мома кáто капка лична и е армасана, ама нија ка а зеаме мкр ако сака и кавга да прáјме.* УЕ – примерот е интересен од повеќе аспекти. Како прво, се работи за нефактивна конструкција, а сепак се појавува *макар,* но тоа е прндружувано со *ако*; тешко е да се пресуди дали се работи за (редундантен?) сврзнички состав *макар ако,* или можеби сме соочени со анаколут – нараторот во тек на кажување се прешалтувал од *макар* на *ако.* Како второ, релацијата чии показатели тука се концесивните сврзници би можела да се парафразира како 'дури во случајот ако'. Ова нè потсетува на француското *même* 'дури' во Мазоновиот превод (сп. погоре). Ова значење мора локално да се зародило на македонската дијалектна почва, бидејќи тоа не му е познато ниту на грчкиот извор ниту на другите балкански системи, а не е ни регистрирано во тритомниот стандарден речник. Интересно е дека во кулакискиот текст *макар* воопшто не се појавува, а не го бележи ни Каранфиловски во својата монографија на еницевардарскиот говор. Во текстовите на Угриновски од Еницевардарско се појавува и *барем,* сп. *...зафатиле да пáлат работа за да можат, ако не другó, брм, леб да извадат.* ЕУ, *Сеа детето имал пójке гájрет óти, ако не другó, брм, су адно брат су дрвичут и су млада нивеста ќи си врнат назут кај тáтко му.* УЕ. Двата примери имаат иста структура, т.е. вметната секвенца *...ако не другó, барем...* – на тој начин релацијата 'концесија' се надградува во првиот случај над релацијата 'цел' а во вториот над релацијата 'причина'. – Во Милетичевиот текст од Ватилак наоѓаме и една типично концесивна конструкција со *ако,* сп. *Ако умреха овците, кожите не ми ги донесехте, как сакаш хак ти?* МВат. -

Наредната серија концесивни конструкции му ги должиме на Пеев. Тој во својата кукушка монографија приведува неколку типови такви конструкции. Еве го целиот тој пасус: „Концесивните подредени реченици за главната се врзуваат најчесто со сврзниците *иако, мăкăр: кукушкăр сă-вúке нă што шу-крáде, мăкăр да-нé крáде кукóлики; – ăкăр гу-бóле куремýш, ки-рéче сăрцту мă-јáде; – завăртница мóли сă-кáже, мăкăр дă-нé тă-ýдре пу-врáто; – дă-зúме уд-рăка тéсто сă-вúке кóга кúсне, иáко нé зимýве нúшто; – уцăк ej тóо, иáко-j нă-двóрут, дек ќи-нăвáлиш бгин.*“ ПК1: 315. Натаму Пеев наведува и допусни конструкции со *и да: и дă-т-бóле, ќи мóлчиш; – и да-j студéно, ќ-бjме; – лéтната кýjна, и да-j гулéмо и дă-j мăлéчко, сă-вúке пичáло; – вéзат и му-кажýват тúа: и дă-сă-наýчиш, и дă нé сă-наýчиш сè дă-вúкиш: нé знáм.* ПК1: 315 – интересен е паралелизмот на двата условни сврзнички предикати, *ако* и *да*, во концесивните состави. Ова нагледно ни ја предочува основната шема на една концесивна конструкција: негација во една дел-реченица, условна врска меѓу двете реченици и над сето тоа надградена конјункција, т.е. *и ако/да p, не q.* Меѓутоа, тешко можеме без коментар да ја прифатиме следната забелешка на Пеев за допусните конструкции со сврзникот *што* во Кулакиското евангелие: *Вéли на нéго жéната Самарúтица: Как и тúj, шо си Јудéин, ут мéне сáкаш да пúш, шо сăм жéна Самарúца?*“, во интерпретација на Пеев (ПК1: 315) „...иако си Јудеин ... иако сум Самарица.“ Концесивната интерпретација овде е само имплицитно присутна, додека синтаксичката врска е типично релативна, што го потврдува и стандардниот превод: *Жената Самарјанка Му рече: „Како Ти, бидејќи Јудеец, бараш од мене жена Самарјанка да пиеш?“...* – Составот *и да* со концесивно значење го наоѓаме еднаш и во текстовите на Малецки од Сухо, врз што обрнуваат внимание Голомб (ГД140), а по него и Пеев (ПК1: 315). Се работи за примерот: *с'ă jаз т'а кýт'а пăк амá т'а ни пýштам в'éjки и да т'а прустúт тăткути!*“ МС. Вториот пример што го приведува Голомб во таа врска веќе не е толку чист и може да се толкува само како имплицитно концесивна конструкција, сп. “*Тузúк за си ричé демéк дванájси м'ájнц'а да рáбут'а за трújси пúвата зăмб'а ни ни фтáсува.*“ МС. Примерите со концесивното *да* Голомб ги придружува и со коментар, кој гласи: „Тоа што токму *да* е употребено во функција на „ако“ [во допусна функција – З. Т.] изгледа нормална работа. Зашто во многу јазици можеме да ја набљудуваме етимолошката врска меѓу условните и допусните сврзници со тоа што во допусната функција покрај првобитниот условен сврзник се појавува уште некој дополнителен показател на меѓуреченичниот синтактички однос, на пр. српх. *иако,* герм. *wenn auch* idem, лат. *etsi* idem. Секаде тука го привлекува вниманието идентичната структура на тие сврзници заснована врз додавање кон основниот условен сврзник (*ако, wenn, si*) елементи со општо значење „и, исто така, дури“; спор. уште полските *gdybys nawet prosił, to nie dostaniesz!*“ (ГД 140). Го приведовме целиот тој пасус бидејќи тој убаво ја доградува нашата концепција дека сите каузативни релатори всушност претставуваат еден семантички круг со компонентата ‘услов’ вградена во сите нив (сп. подолу). – Во Трлиското евангелие не наоѓам концесивни

конструкции, што значи дека тие не се забележени во ниту еден од јужномакедонските евангелиски текстови. Не е јасна ситуацијата во текстовите од Верковиќевата збирка. Лавров (1932: 337–338) пишува: „Предложения уступительные соединяются союзами *та нека, билја, барим, макар.*" Од овие изрази: *та нека* се појавува во оптативни конструкции воведувајќи или реченици или реченични трансформи, сп. *Дај ми Боже едно чедо, та нека е магарешка глава* В. *Милички Боже на нам от сърце чендо да ни дадеш, та нека и змиа* В. *Дај ми, тате, на него, та некас чопл'ак* В; *билја* е турска заемка, османлиско *биле* 'дури' (Левис 197–198) и во два од понудените три примери така и е употребено, т.е. како партикула со значење 'дури'. Третиот пример гласи: *И цар'ут, билја цар шчо е, пак кусур има* В - со ова уште еднаш се потврдува веќе споменатата врска меѓу релацијата 'концесија' и таа партикула, која содржи во себе компонеита 'не така/не толку...како што/колку би можело да се очекува'; *баре* се појави во два примера кои место *'p* дури во случај ако не *q'* сугерираат интерпретација 'ако не *p*, нека е и *q'*, т.е. имаме работа со нефактивни конструкции со друга комуникативна перспектива, сп. *Кату имам тиа посати, ке да ми чуваш барим* В – привлекува внимание финалната позиција на партикулата; сп. и: *Чорбациата вели на сиромахот: не ми гу даваш това мамче на меника? Виа така и така ки гу харкати, бари дад'ати гу на меника* В; најпосле *макар,* кое во целиот тој состав за нас е најинтересно, во примерите воопшто не се појавува, а го нема ни во преглед на грчките заемки. Од друга страна пак, се појавува, и тоа во текстови експлицитно лоцирани во Серско, концесивно *ако и да,* што Лавров не го одбележува; сп. *Ако и да та је мајк-о ми пратил, ал јаз ни та напушчам внетре.* ВС.

Како што се гледа од овој наш прилично некомплетен преглед, концесивните конструкции во јужномакедонските дијалектни текстови се ретки и прилично диференцирани по својата синтактичка структура. Најфреквентните сврзнички предикати се *макар (што/да), (и)ако,* освен тоа се јавува *(и)да, биле* и – со друга комуникативна перспектива – *баре(м)* и *та нека.* Конструкциите со *макар* и *ако* се јавуваат низ целата територија. Се забележува тенденција *макар* да се појавува со фактивни конструкции, додека *ако* е во тој поглед немаркирано. Останатите показатели, барем во светлината на овде анализираните текстови, се од локален карактер.

'услов' (импликација) – Се работи за семантички основна релација во овој каузативен круг. Таа е прилично фреквентна во текстовите, а показателите не се бројни и се повторуваат низ целата територија. Кон тие факти ќе ја прилагодиме и нашата постапка во овој параграф. Имено, нема да го докажуваме присуството на основните показатели (т.е. *ако* и *да*-субјунктивот) во сите јужномакедонски говори, туку ќе се концентрираме врз присуството/отсуството на корелацијата меѓу типот на условот и површинската синтаксичка структура што го одразува. Условните конструкции се сите нефактивни, а основната семантичка опозиција е онаа меѓу таканаречениот реален и ирреален услов, т.е. на пр. меѓу конструкциите *Ако*

дојдеш, ќе ти ја дадам книгата. нспрема *Да дојдеше ќе ти ја дадев книгата.*, и сл. Нашиот пример го илустрира и фактот дека показателите на разликата меѓу реалниот и ирреалниот услов се глаголските форми во предикативните изрази на дел-речениците.

Тргнуваме од системот карактеристичен за бобоштенскиот говор како што е одразен во Мазоновите текстови. Основен сврзнички показател е *ако* кое се појавува и во фонетската разновидност *око.* Еве неколку типични примери на реален услов: *„Ако ти си цáро чефутúтим, куртулисај себјáси.“* МЕЦ., *...áко окóто ти е прáво, вéсјо трýп жа ти е со сфетлúна, а áко окóто ти е крúво, вéсјо трýп жа ти е темнúчеф.* МЕ, *„Ако си шчо да вéрвиш, со верáта сфé се чúни“.* МЕ, *„Дóбре, óко те зéма невјáста, т-ý-стóчва.“* МЦ. *„Око дојде сосве марице во дворо, земам пáре; око нје, работај за душата.“* МЦ, *„Око штите, ви се мола, извадите-ме во суво“.* МЦ – убав пандан на стандардниот конвенционален апел на љубезност“ *ако сакате...* Натаму: *„Ако банди шчо да најдиш Госпатóго, упитај-го и за мјáне...“* МЦ, *Ако банди да најдиш Госпатóго со истина, да го упиташ и за-нас...* МЦ – во последните примери се јавува интересен плеоназам што Мазон го преведува со: *s'il advient de...,* т.е. буквално *ако се случи да...,* сп. и: *Уздравива ако банди шчо д-имаме ено сарце от конче самовилче...* МЦ... Натаму: *„Је не бијем пеза, токо ако нејтиш рубјáте моје, да ти дам пáре калко да ти чини ако...“* МЦ, *ако ме натможиш, жа дојдиме јобата, со сој човек, во коласо; а ако те натможа, да ми даш ен два луди от коласо;* МЦ... Иако поретко, *ако* може и да воведува дел-реченица која стои во втора позиција, т.е. комуникативната перспектива да биде обратно насочена, сп. *...и му даде збор царо шчо жа му да шчерка-му за невјáста ако провали железото.* МЦ... Од примерите се гледа дека по *ако* стои форма на презент од несвршен или – почесто – од свршен глагол. Со други зборови: *ако* спаѓа меѓу малиот број сврзнички предикати што се поврзуваат со презентските форми од свршените глаголи. Да се потсетиме дека во југозападните говори, исто како и во стандардниот јазик, тие се врзани форми и не се појавуваат во текстот без поддршка од соодветните сврзнички предикати. Во втората дел-реченица, т.е. во аподозата на таканаречениот условен период наоѓаме или *жа + презент* или *да + презент* (во функција на футур и/или на императив), или морфолошки императив, или – поретко – презент од несвршени глаголи, т.е. – функционално – сегашно време; таквата употреба на сегашното време сугерира дека сме соочени со таканаречената категорија на готовност (сп. горе 1.5.1.4.). – Како што споменав, *ако* се појавува и во ирреален условен период и тогаш без варирање на глаголските категории: во протазата имаме *ако* + имперфект, а во аподозата *жа* + имперфект. Сп. *Ако не бјáј дóјден, и áко не му úмеј зборвáно, нé жа имјáје грјá...* МЕЦ – формите на плусквамперфектот се градени врз имперфектот на помошниот глагол; *Ако бјáјте от дунјáта, жа си ијшјáше дујнáта тојнóто њáшчо.* МЕЦ... Забележив и една условна конструкција со *да*, реален услов: *„Да го вúдиш, жа го познаш?“* МЦ.

Преминувам на анализа на условните конструкции во другите збирки текстови. Ќе наведувам само комбинации што не успеав да ги најдам во бобоштенските текстови. Шклифов во монографијата на костурскиот говор меѓу условните сврзници ги вбројува и *стига да* и *само да* (ШК 112), меѓутоа, приведувајќи примери на условните периоди се ограничува на конструкциите со *ако* (ШК 129). Во монографијата на долнопреспанскиот говор од истиот автор пак во инвеитарот на условните сврзници покрај *ако* се појавува *само да* (ШД 115). Сигурно е коректна анализата според која конструкциите со *стига да* и со *само да* спаѓаат меѓу условните конструкции. И двата состави имаат иста парафраза 'доволно е да...', т.е. функционираат како показатели на еден двоаргумеитен сврзнички?/надоврзувачки? предикат. Се поставува прашање за границите меѓу трите класи предикативни изрази: глаголи, предикативи (како *доволно, стига...*) и сврзници-предикати. За да се реши ова прашање и да се постигнат по можност „чисти" дефиниции на трите класи би требало да располагаме со полни инвеитари на нивните потенцијални членови како и со нивната семантичка и функционално-синтаксичка интерпретација, а ова е сигурно задача што далеку ги надминува рамките на овој мој текст. Значи, за сега треба да се помириме со фактот дека во сите анализирани текстови се кријат уште извесен број изрази слични на *само да*, и сл. кои не спаѓаат во канонскиот список на сврзници и за кои не се нашло место во овој опис.

Во Мазоновите текстови од Екшису, Леринско, најдов една необична конструкција со составот *ако ќе*, сп. *Ако јас ќе се жена, ако сум жиф, да си дојда тува од Стамбол, паритe ќе ми и дадеш назад; ако несум жиф, да умра, на тебе се сетти тија пари.* МСЦЕкшису – истиот пасус ни нуди и убава алтернација иа *ако* и *да*: *ако сум жиф* наспроти *да умра.*

Неколку слични конструкции наоѓа Вајан во текстот на Кулакиското евангелие (ВК 241), сп. *Акý не а вúдам уф рáцáтe дýпкитe ут карфúтe, и да клáдам прáстот уф дýпкитe ут карфúтe, и рáката да клáдам уф рéбритe, кабúл да верýвам.* ВК 2/11–13, сп. ја и покоректната варијанта на истиот пасус во ВК 5/11–13, каде што последната фраза гласи: *нé ј кабúл да верýам,* исто и ВК 153/11–13; натаму: *Мúна Нáмото нáш гу сáди на човéкот, áку нé а слýши нáтри ут нéго, и да разбúра шо да чúни?* ВК – тој е истовремено нашиот прв пример со прашање во аподозата. Коментарот на Вајан гласи дека „...la conjonction *da* sert... comme substitut vague de l'élément conjonctif de la première phrase...". Вајан наоѓа и еден состав *да ако: Па да áку ти грéши брáт ти на тéб, óди си, и кáрај гу мигу вáс сал двéти; áку ти слýши, гу кирдисá на брáт ти.* ВК. Коментарот, несомнено коректен, овде гласи дека составот *да аку* „paraît être une locution redondante avec *da* qui 'reprend la conjonction d'une phrase hypothétique antérieure..." (ВК243). Најпосле, Вајан го бележи и составот *ако да* „...dans des cas ou la phrase conditionelle apparait dans un tour indirect..." (ВК243), сп. *...и áку да си верýвате, жúвот да úмати су нéгувутy úми.* ВК, *Истúна ви вéл'ам на вáс, áку да úмати вéра колку идно́ зáрно ут синáп, да рéчите вá планúна: нáмистu сá ут тýка, да óди си тáму, ки сá намéсти;* ВК, итн., соодветните

контексти го потврдуваат Вајановиот заклучок дека *ако да* значи колку *ако е така дека...* – Покрај оние со *ако* во Кулакиското евангелие се појавуваат и *да*-конструкции во протаза и на реалниот и на ирealниот условен период, сп. *кој верува на мен, и да умри, та ки стани;* ВК, *Да знаеши дарот Господиново, и кој ти шо ти зборува ем ти вели: дај ме да пијам, ти ќе си сакала ут него, ки ти дадиши вода живо.* ВК... Во врска со кулакискиот текст треба уште да обрнеме внимание на акцентот на сврзникот *ако*. Имено, тој се појавува со акцент или на првиот или на вториот слог и тоа независно од функцијата и од контекстот.

Во еницевардарските текстови од Угриновски наоѓаме примери на некои шеми на условниот период, до сега неразгледувани. Сп. на пр. *Ако било за арно, за радус, тија знајле и мирно си спиеле.* УЕ – и во двата дела од периодот наоѓаме *л*-форми во служба на прекажаност. Сп. го и интересниот и доста типичен пример на редуцираниот период, т.е. на протаза употребена без аподоза: *...адно ден попот си рекол су аклот: Ако не одам вадин да видам шо прај и како и пасе во Луде вија мојте овци.* УЕ. Конструкциите од ваков тип се прагматично мотивирани, нивниот втор дел се „чита" од конситуацијата; во нашиот случај тој би можел да гласи отприлика: *може тој да направи некоја глупост,* или нешто слично.

Во текстот од Ватилак што го објавил Милетич наоѓаме една *да*-конструкција за ирealен услов: *И јаз да бех един, да ми кажаха: „Ај да карами тија дубици до Пазар и да ми дајт 10 гроша, ке ода".* МВат – во вториот дел од конструкцијата нараторот неочекувано се префрлува на шема на реален услов!

Во својата дојранска монографија Пеев како условни сврзници ги наведува *ако* и *да*, при што – веројатно не случајно – неговите примери со *ако* се воедно примери за реалниот, а примерите со *да* – примери за ирealниот услов. Еве ги тие примери: *Аку не сакме да цице, тугај гу удбивме уд мајка му. Аку сакиш кисало млеко, тугај уд мајкицата ки туриш со него и он сафајте. Д-имише рачка, ки ти пърфатах, немише сама да гу носиш. Да мојше, ки му удрише куршумо.* ПДој 111. Првиот *ако*-пример ни нуди и една нова за нас комбинација во реален период: *ако* + имперфект од несвршен глагол во протаза и аорист во аподоза, а сето тоа со интерпретација на повторливост во минатото. Освен двата приведени показатели еднаш во дојранските текстови во реален условен период се појавува *отколку,* сп. *Ут-колко не-ти-ги-даде ти работи ки-му-кајш спулај-ти, збогум, јас сиодум.* ПДој. – Во кукушката монографија на Пеев наоѓаме два интересни примери на *да* како показател на реален услов, сп. *ки-ма-пуштиш, да-ти-кажум дек са-скрија?; – да-ј-пулиј сус злато, са-вике вражлиа* (ПК1: 315).

Голомб во монографијата за Сухо и Висока приведува „примери на условни реченици во кои *да* врши функција на модална партикула и истовремено на сврзник што поврзува условна зависна реченица" (ГД139), т.е. во овде употребуваната терминологија, *да* кое поврзува функции на субјунктивен оператор и на показател на релацијата 'услов'. Следат два при-

мери од кои првиот е типичен за ирealниот услов: *...да зна́ја, го̄ ни шӣрӑксувах хи́ч!* МС – примерот е интересен поради отсуството на какви било показатели на нефактивност на аподозата. Вториот пример е уште поинтересен. Тој гласи: *„е́х, мари́ же́ну, да ӣдиши мрӑ́фка да вӣди, ц'а́ла тӣ'е́б'ӭ ина́ нив'ӑ́стаји“;* МС. Се работи за една ситуација во која мажот ја наговара жена си да оди на свадба да ја види невестата којашто многу личи на неа, при што нему веќе му е јасно дека наговарањето не вреди и жената нема да му ја исполни желбата. Соочени сме со осамостоена протаза на ирealниот услов, како што погоре наведовме пример на осамостоена протаза на еден реален услов. Покрај *ако* и *да* во лагадинските текстови на Малецки се појавува уште еден сврзнички показател на релацијата 'услов', барем така Голомб го толкува елементот *икси*, како во *икси́ да зна́ја̄т да до́ба̄т да в'е́нат мрӑ́ва во́да ӯт то́с кла́ја̄нц тӯка́, да му го̄ умӣја̄т учӣт'ӭ, ӯтӣно́би за му са́ ӯтфор'ӑ́т...* МС, или *„икси́к да б'ӑ́ши и го̄ӑскаша, тӯзи́, шӣту го̄ па́т'ӑх ја́с н'ӑ́ји за ка́зува́ни!“* МС. Мене лично ми се чини дека *икси* е модален прилог, а како показател на релацијата 'услов' во овие конструкции функционира само *да*. А еве уште два интересни примери на реален *да*-период од Сухо: *тӣ'а му вили́: „да ја вӣдиш, да ја тӯзна́ши па́к?“ „да ја вӣдим, ја тӯзна́вам!“* МС – во протаза и во двата примера имаме *да*, во аподоза еднаш *да*-футур и еднаш презент во служба на готовност. Завршувајќи со лагадинските текстови приведувам уште една „нова“ шема за реален услов: имперфект во протаза, презент во аподоза – *...а́ку м'ӭ ла̄нциаха м'е́н'ӭ и ја́с тӣ'ӭ ла̄нциам тӣ'еб'ӭ,* МС.

Привлекуваат внимание неколку конструкции што ги приведува Лавров од текстовите на Верковиќевата збирка. Еве уште еден пример со презент во аподоза во служба на категоријата готовност: *аку можиш тӣнака меника да ми излекуваш, јазе тебика за мӑ́ж тӣ земувам* В. Во истиот текст се појави и една конструкција со самостојно употребен презент од свршен глагол во аподоза: *Дивојку, цар'ува мома, јазе тӣ изл'акувам, ами, аку ми зеваш меника мӑ́ж да ми имаш.* Меѓу *да*-конструкциите Лавров приведува и неколку интересни итеративни конструкции со составот *ќе да* во аподоза: *На нива да тра̄гниши да иди да оре, ке да заго̄биши или тесла-та или дрӯгу нешчу* В, *Каква нива невредна да сејӣш то̄ј, о̄т неа жетва за чуду ке да жнеиши* В – се работи за неактуализиран реален услов што се повторувал во минатото, при што вториот од двата примери е на граница на условна и допусна конструкција. А еве уште некои примери на релативно ретките, иако присутни низ целиот ареал *да*-конструкции за класичен реален услов: *Ме́ни да ми зе́ми цӑр'-ӯт, сос едно́ врате́но да собле́чам фре́т аскерӯт* В; – една мошне интересна конструкција, судејќи по други особини – од Серско, каде што имаме *да*-кондиционал во протаза и *да*-футур во аподоза. Сп. и: *и пе̄т хилјади алтӣни да ми дадети, јас па̄к кожа-та не го̄ давам на ваши ра̄ци* В. Најпосле и еден пример на реален условен период со *ли* во протаза: *Са́каш ли да го̄ земиш, дај едӣн гро̄ш, земај го̄* В... Во Верковиќевите текстови од Серско најдов и уште еден пример на реален

услов со *ако да: ..аку да ви́диш оти́ на́зи ба́рчи́ња да са̄ по̄даде́ н'а́каква ма́̄гла, и на чеса́ да ме ру́каш...* ВС.

Сумирајќи го овој краток преглед треба да се подвлече дека условните конструкции, како нефактивни, поставуваат посебно строги барања во однос на предикативните изрази на нивните реченични аргументи. Всушност, ако сакаме да бидеме доследни, би требало да се каже дека показателите на релацијата 'услов' се или *ако* + соодветниот глаголски израз во аподозата, или нулти показател + соодветните не-фактивни глаголски изрази во двете дел-реченици. Се забележува теиденцијата, иако послабо изразена отколку на пр. во стандардниот јазик, *ако* да сигнализира реален услов, а *да*-субјунктивот за минато – ирреален услов. И уште една рефлексија: распоредот на глаголските предикативни изрази во условните периоди иагледно ја потврдува повеќе пати споменуваната изофункционалност на *да-* и *ќе*-конструкциите во многу контексти, како и илузорноста на границата меѓу „балканскиот" футур и „балканскиот" кондиционал, барем што се однесува до нивното функционално оптоварување.

'со оглед на' – Оваа релација ја издвојувам како нешто посебно бидејќи таа се наоѓа меѓу условот и причината, што го потврдуваат и оценките на одделни монографисти коишто ги вклучуваат нејзините показатели или меѓу условните или меѓу причинските сврзници. Забуната ја предизвикува категоријата фактивност. Се навикнавме причинските конструкции да се фактивни, условните – нефактивни. Меѓутоа, овде сме соочени со ситуација кога условот веќе е исполнет, а неговата последица допрва треба да следува. Релацијата е фреквентна во текстовите и има свои посебни показатели. Ќе ги наредиме овде одејќи како и обично од запад кон исток.

Во Мазоновите корчански текстови регистриран е само еден пример со турцизмот *дилми* (од *deglin mi*, што Левис 1984: 211 го преведува како *сиџе*), сп. *Кадијата устана многу по̄сраотен, и велја̄ше сам со се́бе: „Дилми куртулисај жиф, алал есе свја̄."* МЦ.

Натамошните примери ги наоѓаме во костурската монографија од Шклифов. Показателите се *што̄м* и грчката заемка *афу: Афу́ е́сти бо́лен, не́ма да-до̄ј, што̄м си-е-пусе́че но̄гата, немо́жи да о́ди на-па́зар* ШК 112. - Нина Димитрова-Шмигер опишувајќи го говорот на Сничене, Костурско, ја приведува во функција на каузативното *што̄м* грчката заемка *ама*, сп. *А́ма кипи́са че́векуто̄, за бј., Па́ре зе́ва, а́ма и́ма па́ре, не́ка и́ма бра́да...* Во својата долнопреспанска монографија Шклифов го наведува *шом* само меѓу временските сврзници (ШД 113) и не го илустрира со ниту еден пример, додека меѓу условните и/или причинските сврзници не го наведува. Меѓутоа, во текстовите приклучени кон монографијата наоѓаме примери на каузативно *што̄м*, сп. *Ја́с му ка́заф: „Шом и вр̄за ни́ми и и зе́миш синоџи́ја, вр̄зи ма и ме́не и ја́с со̄ ними."* ШД, *Што̄м са л'у́беја мла́дите и ке пу́што̄еја се́̄тине е́ден то̄́коф, стро̄́јник го̄ ка́жваа...* ШД...

Во текстовите на Угриновски од Енџевардарско покрај временското *што̄м* не е ретко ни каузативното, сп. *Шом дојде при менка, лесно ќи*

си нај нивеста за тетка... УЕ, *Ама шом си стретнахме синко, јаска ќи ми ти пумогнам ти најстина да станиш царцки зет.* УЕ, *Шом е така работата и не вируваше на менка и на мојта сила, бујрум да ви кажам и да дукажам.* УЕ, *...Шом е за млада Јанкулица ела да ми фатиш...* УЕ... Соодветни примери од Воденско наведува и Каранфиловски: *штом ќи дојдиш јас не ќдам,* исто и со *чим* коешто е карактеризирано како „локално ограничено": *Чим не можиш ти, не можам и јас., Чим те сака, нек те зема* (Крушаре), и најпосле исто со турската заемка *дил'му: Дил'му нă-можă он, нă-можăм и јас., Дил'му не мă сака и јас не гу-сакăм.*

Чим и *дил'ми* ги наведува и Пеев во својата дојранска монографија, сп. *Не пуминувајте уд нијните меѓи, чим сă л'ут.* ПДој – ова е прв приведен пример овде со обратна комуникациска перспектива. Натаму: *Чим сă тијани, ним и пуштајте. Чим гу нема ду сă, ним о чакајте. Дил'ми сă арăсале, нек сă зимăт. Дă не му пăрпиуве имăнто, дил'ми не о гледе.* ПДој 111 – и последниот пример повторно покажува обратна комуникативна перспектива. Во текстовите приклучени кон монографијата наоѓаме и конструкции со *штом,* сп. *„Штом мăшинта те-ј по-мила, зим-си-а-мăшинта..."* ПДој, *Добро, ричели, штом тă-пуштили дă-тă-јаде лăмјата, си-одиси ти...* ПДој; сп. уште и: *Чим-сакиш него дă-знајиш, на-ти-кутеко, стани бј-си.* ПДој, *„Вија дил'ми ги-устăвите и-јас ги-устăвиќ."* ПДој – пример интересен по инверзија на *дил'ми* од почетна во втора позиција; најпосле сп. и: *Сја, дими тăква-ј рабăта, тувăрејте една камила пари.* ПДој. Во кукушката монографија Пеев ги наведува сите три показатели: *чим, шом* и *дил'ми.* Сп. – *чим уд-мен кријте, ас ки-с-живеам там;* – *чим беге, значе уфнего-ј;* – *чим има сол' она-ј бела, га-блиџат овците, гирен га-вџме;* – *шом ќу уд-дал сă-вџке јужан вџтар,* – *вункашлиф сă-вџке шом уд-вонка пăдне;* ... *дил'ми сакте чедо, ки-ви-дăам по-адна јабулка* ПК1: 314–315.

Во лагадинските текстови во функцијата што нè интересира тука пак се појавува *афу,* кое инаку во тие текстови е познато и како темпорален предикат со значење 'откога'; сп. *„афу јас ќитам, така за стăниш и тиј!"* МС, *...а будала ниv'ăсту, афу ни фарлиќ на бăнчфата, м'а ни устăи, н'ăји прувал'ена...* МВ, *„Афу ќитити ви и јас ќитам."* МС... Покрај *афу* наоѓаме и *дилму: „дилму така ќитиш за прумтна напр'ăт!* МС...

Од Серско Верковиќевата збирка исто нуди потврди за *дилми,* сп. *„дилми е така", риче, „удејте!"* ВС, *„брат ми на лов дилми отиде, не е харна работа."* В – последниов пример не е директно локализиран во Серско, меѓутоа другите особини на текстот еднозначно упатуваат на таквата локација.

Да сумираме: релацијата 'со оглед на' со исклучок на западната и источната периферија иа јужномакедонските говори се изразува најчесто со сврзничкиот предикат *штом* и/или со неговата локално ограничена на долновардарските говори варијанта *чим.* Низ целата територија е присутна турската заемка *дилми,* а во системите што остаиуваат под силно грчко влијание (Костурско, Лагадинско) и *афу* (и *ама*). Како што веќе реков,

имаме работа со причинска релација со уште неостварена последица. Следствено, вториот реченичен аргумент, т.е. дел-реченицата што го формализира настанот-последица има ограничен избор глаголски предикативни категорин – само нефактивни. Во таа ситуација привлекуваат внимание конструкциите со предикативниот израз на втората дел-реченица оформен во сегашно време; имено, сегашното време, кое примарно има фактивна интерпретација, во конструкциите од ваков тип наложува ограничен избор глаголски предикати – се работи за модалните предикати како што се 'сака', 'може', и сл.

'цел' – Повторно се работи за релација со нефактивен настан претставен во вториот реченичен аргумент. Следствено, соодветните сврзнички предикати на својот втор аргумент му поставуваат определени барања околу изборот на глаголските конструкции во за него конститутивниот предикативен израз – сите тие се нефактивни конструкции. Сврзнички показатели нема многу – низ целата територија се појавуваат алтернативно *за да* и само *да,* т.е. – со други зборови – показател е или субјунктивната конструкција *да* + презент или истата таа конструкција по балкански модел засилена со предлогот *за*, или пак – во уште поинаква формулација – имаме нулти показател или *за* како показател, и двата задолжително поврзани со субјунктивната конструкција *да* + презент. Статистичкиот однос на *да* и *за да* во одделните говори е различен, со што нема посебно да се занимаваме. Ќе наведам само репрезентативни селекции примери за двата типа конструкции.

Кога бјаше тискуто наш Неофит во Стамбол, не му пушчиме книге со Сиил'а Дуровего от Дрјановјане за да види и да упита а се продаве села. МДЦ – едно *за* им претходи на две *да*-конструкции; натаму: *...сви тија бјаје дојдени за да чуве зборовити тогови...* МЕЦ, *...се сторје сјази, за да се плати писмото шчо велјаше за Ристоса...* МЕ, *...оти и сто човјацки не дојде да му чине измети, токо да чини измети...* МЕ, *Носјаје еден умрен да го погребе. За да позне кој е ристософ, кладоје над умрјанјо еден крест од арамтии...* МЦ... – еден прилично карактеристичен пример: формално зависната финална реченица содржи само *да*-конструкција, додека осамостоената реченица во почетна позиција има *за да*, со што се потенцира нејзиниот финален карактер. Еве уште еден пример на таквата „графички независна" финална реченица: *сега и видоје, и дојдјаје и мјане и татка моего. За да се плати зборо шчо ести пишан во номо тјамен...* МЦ. Привлекува внимание дека во корчанските текстови составот *за да* ја проширува својата функционална зона и на контексти кога се чека само *да*-конструкцијата. Сп. *Ристос го упита, и му рече: „Шчо штиши де ти стора?" А тој му рече: „За да улем."* МЕЦ – надредениот предикат *ишти* бара субјунктивно *да* како комплементарен оператор и со него и се појавува во првиот исказ. Меѓутоа, во одговорот на слепиот (со функција на експресивно потсилување на изразената желба?) се појавува и едно редундантно *за*. Во стандардниот превод соодветниот пасус гласи: *„Господи, да прогле-*

дам!". Се случува дури *за да* да се појави место *да* во функција на комплементарен оператор во еден наративен (а не дијалошки) текст каде што нема можност неговото присуство да се објаснува со експресивна мотивација, сп. *...му се измоли́ ве́зирут сму Пила́ту за да му здро́бе шупелѝти да се кре́не.* МЕ; во стандарден превод: *...го замолија Пилата да им ги прекршат колената и да ги симнат.*

Шклифов во монографијата на костурскиот говор во инвентарот на сврзниците во финални реченици приведува само *за да* (ШК 113), меѓутоа во синтаксичкиот дел од монографијата паралелно приведува реченици-примери и со *да* и со *за да*, сп. *Јас и-пе́е пе́лчени́ца, да-не́ шчу́ка ни́кој. Та́ка вѐрза́ни и-со каме́ња на-ти́ло и занесо́е о-Бѝлишча, за-да и омо́ре., Му-пушетѝ нѐ-у́шето нѐ него, дѐ-не́ разбе́ри ни́кој.* ШК 128. Во монографијата на долнопреспанскиот говор од истиот автор повторно се појавуваат и *да* и *за да*, сп. *Та́тко ви́де ке па́дни жи́ф во ра́ѣте на ту́рците, зе́де да пл'у́ска по ту́рците, да и за́пари малу, за да ма́жи писма, шо и́маше со́ нега и дру́ги ку́мички ра́боти, да и фрли во езе́рото и и фрли. Е́ден ден стри́ко и та́тко го зе́доа ко́н'о, ма зе́доа и ме́не и о́јдоме на зи́мница да го фрле гно́јо на ни́вата. Други пѐт пак стри́ко и та́тко со ко́н'о ма зе́доа и о́јдофме на ливаџе́то на Ра́мна да пу́шиве во́да. Накрѝшфме ве́тки со шу́ма и напо́слафме, за да спи́ме.* ШД 114.

И во леринските текстови од Мазон се појавуваат и *да* и *за да*, сп. *Ра́зговорил тој на е́ден чо́век, да му да́л па́ри да ви́ди да ли и́ма поголе́ми човѐци.* МСЦ, *Три дни да го́рете фу́рната, да и пѝкнете на̀тире да изго́рат.* МСЦ, *Пу́шчи ца́ро: три ми́на зе́ от та́ земја, нѐго да и ра́ни, ушче за да пора́стат.* МСЦ.

Во кајларските текстови од Дрвошанов најдов исклучиво *да*-конструкции: *К-о́дам дѐ-си-гу-па́лам ка́сме́тут...* ДКај, *Гу-зави́ва дѐ-сѝе а́рно.* ДКај...

Во мегленските текстови од Бојковска кај финалните реченици наоѓаме и *да* и *за да*, сп. *Утѝшилѐ та́м ва́, зе́лѐ да-гу-ти́ске наро́дут за-да-влезе́ она́ па́рно и су-ба́клавѝта да-му-да́де на-ниве́ста да-у́мре.* БМег, *Су-ни́х напра́ви́ е́дна гуле́ма фа́брика и у-не́ја кладѝ ар̀га́ти да-ра́бо́ти.* БМег, *...пучна́ле да ма́јат су-каме́јна пу-не́гу за-да-са-вр̀не на́зат.* БМег, *...фа́ј̀ка́т му-утѝтигна́ле идна-фо́ртума, 'а-утѝтигна́ле за̀-да-не-ва́рва́т.* БМег. Овде пак го наоѓаме она проширување на функционалната зона на *за да* и во комплементарните конструкции со кое се сретнавме веќе во Корчанско, сп. *Пу-вре́ме до́шло ре́т вѝке за-да-у́мре.* БМег.

Во енидевардарските текстови на Угриновски по фреквентност надвалдува *за да*, иако може да се најде и *да*, сп. *Тогај луде гу зева коталот и гу убрнува врс мајка му, го да а мие.* УЕ, *...јаска дојдех да ти пумол'ам да ми дајш адно јагне...* УЕ, *...ама ај ојте да а видите нивта...* УЕ, *...пак си чуди и а стега попадијата за да најди нешчо за јадење.* УЕ, *Ето, зато си ја прудавам мојта прикија за да му платам џизата на мојте брата.* УЕ, *...кладе у пујасот двете сабји кулаклии за да биди азр за секој зло.* УЕ, *...на*

бесилка и носаш за да и убесаш. УЕ, *Лафош му бил, кој пишим ќи си врни да си ѓу зева нејнто прстин и да си оди дома.* УЕ, *...влизех у најдлабокото бунар за да му дам вода...* УЕ. И овде *за да* понекогаш се појавува во контексти каде што не би го очекувале, сп. *он направил појќе уд петнајсит ѓудини за да си врни дома.* УЕ, Присуството на *за да* во Еничевардарско го потврдува и Каранфиловски: *Госпут ѓу-пушти ќи-ндна жена да-му-а-зева дуќата* КЕВ. Го наоѓаме во Милетичевиот текст од Ватилак, како обично покрај *да*, сп. *Кога ќе се женише никоја невеста, ќе отиваха да ѓа пречекаш* МВат, *Ајде бе Трајко, јаз дојдох да ти конкам...* МВат, *...са вадрна, за да оди на Гуменца...* МВат, *...задагни го на ѓоре, за да се гледа...* МВат. Сп. и: *Двамата кинисахме за да идиме на панагур.* МВат – се чини дека овој тип инхоативни конструкции со глаголи на движење, коишто се мошне бројни во текстовите, можеле да ја претставуваат онаа клучна алка во деривациското процес којашто овозможила *за да* да се шири надвор од финалните конструкции. Привлекува внимание фактот дека во текстот на Кулакиското евангелие го нема составот *за да*, а финалните реченици се оформуваат редовно со *да*-субјунктивот, сп. *Вога дојде шаптин, да ни каќи за вделот...* ВК, *И вога ј Јоанува кажуванито, кога а пуштиле Чифуштите ут Јерусалима книговштите и Левштите, да му распиташ на него.* ВК, *Афендо, дај ми ут та вода, да не жеднам, нито тука да тдам да налијам.* ВК. Отсуството на *за да* во евангелискиот текст сведочи, се чини, за нискиот стилски регистар на тој состав, бидејќи неговото присуство во текстот од Ватилак докажува дека не се работи (или не се работи само?) за факторот време.

Во кукушко-дојранскиот дијалектен комплекс ги наоѓаме пак алтернативно *да* и *за да*, сп. *О изгунах да не-т закачуве. Бегге кубилта, не сто да не гаи фаташ. То уддел за питер за да зголиваш. То рачел: „Ма пуштиј еднаша рака за да ти расцепум дарва". Дефо тарче пу него за да гу фате. Парво сакоше за да саде гаст расаш.* ПДој 110, *Фатиќа да-терат пушики уф-народо да-нема, да-не-ј удрат уф-грат.* ПК, *имше ајн саат, гу растурили, саато на-камбанита, саат да-чуке, такова. Гу растуриќа, да-не работе.* ПК, *и тумач ки-ви-фатум за-да-не ва-собрат на-границта.; – дујде адин Грак за-да на-истегле уф-негафто село; – идин рибар удил пуселта, нусил риби за да ги прудаве.* ПК1: 310.

Иста е ситуацијата и во лагадинските говори, сп. *...м'а дади мајка да сан аучја занајат'* МЦ, *...м'а пусна у Сулун за да сан аучја похубав'а занајат'* – МС, *...и фат'ах рабута у Англиту, четир драхми на дин'о ут т'ах за си ид'еми, камин'а да ц'апими, халак да правими...* МС, *...клават и идин т'ешук камин' на врах кошката за да сан гирдисува оснувата;* МС, *за бра пулувин вр'аптин', за ха остаја да пучинат олувету, да почина и јас.* МВ, *За стана прис вичароп да ха вид'а олувету да му дам пак да идат пл'ава,* МБ, *...за ха напуи кошиту и за ха куштиса пак ут нбу за да стани пл'авата подр'ебна...* МВ, *И д'ап'антиу клади на врах пуртукалит'а мара смокфа за да си ни гл'ендат пуртукалит'а...* МВ. И еве повторно еден пример со експанзија на составот *за да* во инхоативни конструкции: *...и другајут д'ен' трагнаха за да си дојат назат'.* МВ.

И во Верковиќевите текстови од Серско ситуацијата пак е иста: *И кога́то отишéл ханжи́ата да ви́ди, измр'а́ни ли́ са, и го́ нашăл здра́ви, почýди са...* ВС, *...и отридѝли на цăр'а да е да́ват, за да са ни кара́т за не́а.* ВС, *като́ дошéл сéтне цăрцкиа ахчи́а, за да зéм'а отридéната ри́ба, и рибăр'а му ка́зал...* ВС, *За да́ го́ изеде́ ламја́та, дăл му еди́н са́ти и го́ испра́тил да донесе́ от назика́на во́да.* ВС... Интересно е дека Иванов (ИПГ) никаде не го споменува составот *за да*, ниту во инвентарот на сврзниците (ИПГ 191) ниту кога зборува за нивната употреба или за употребата на предлозите (ИПГ 206–209).

Конструкциите со *да* и *за да* ги наоѓаме и во Трлиското евангелие, сп. *Та куга́ замина́ сабота́та, Магдали́ни Мари́а и Мари́а Иако́вува́та ма́јка и Сала́ми купи́ха мѝризми да и́дат да го́ нама́жет...* МТ, *...дохо́да една́ жéна от Сама́рија да пока́ра во́да от бона́ре.* МТ, *...така́ тр'а́бува да́ са подго́тне и чуле́шиија сѝн за да ни са́ загу́би́ боеди́н от не́зи шту в'а́ровăт на не́к...* МТ, *Та сега́ ја́с дохо́дам каде́ тéбе, пак това вре́ве на сф'ата́, за да и́мат мо́ета ра́дос сваршена пу се́бе си.* МТ. Меѓутоа, во Трлиското евангелие наоѓаме и една новост без преседан во сите други текстови. Имено, место *за да* се појавува составот *ki да* со позајмена турска субјунктивна партикула *ки*. Цитирам што за турското *ки* во финални реченици пишува Левис: „Clauses of purpose containing a subjunctive may, but need not, be introduced by *ta ki* ... or by *ki* alone..." (Lewis 1984: 265) и натаму: „It must be emphasized that *ki* merely introduces such clauses; it is the subjunctive ... that expresses purpose, so that *ki* may be omitted from purpose-clauses, expecially in less formal language..." (ibid.). Од цитатот се гледа дека *ki* по дистрибуцијата потсетува на *за*, а по функцијата на *да*. А еве една селекција од соодветните трлиски примери: *...шта и вас шта за́веда сас ме́не ки л'у каде́ сам ја́с, и ви́ќе да сте́.* МТ, – еден пример што докажува дека составот *ки да* може да се појави како недискретен (т.е. како *ки... да...)* што впрочем не му е туѓо ни на составот *за да*, сп. на пр. *и зима́ на́рòдо вăрве, за-на́-Пăро́ј да́-са́-слéзе.* ПК1: 310. (Пеев овој исказ погрешно го наведува како пример на финална реченица без *да.)* Натаму: *Тéзи лакардѝи ви ка́зах, за да оста́не сас ва́с мо́ета ра́дос ки и ва́шета ра́дос да ста́не сваршена.* МТ – убав пример за да се докаже изофункционалност на *за да* и *ки да*. Натаму: *Тéзи лакрдѝи ви ка́зах, ки немо́ј да ви́ са ви́ди тéшко.* МТ, *Ду сега́ ни поте́рахте нишчо сас и́мето ми; тéрајте та шта зéмете, ки да ви́ е сваршена радоста́.* МТ, *Тéзи лакардѝи ре́че Јису́с, сетне си подго́тна каде́ небе́то та ре́че: ба́што, до́јде часа́, прослави сина́ си, ки и сина́ ти да прослáви тéбе ка́ту ка́к му да́де да и́ма бојурунтѝа нат с'а́ка сна́га, ки сѝчко, што му́ си да́л, да го́ даде́ на т'а́х в'ечен живо́т.* МТ, *Ба́што сфети, очу́вај го́ сас и́мето си тéзи што му прида́де ки да са едно́ка́ту не́а...* МТ... – примерите се многубројни и сите одговараат на предложената интерпретација. Чудно е што не биле до сега забележени, односно не биле коректно интерпретирани. Имено, Иванов во своите *„Български преселнически говори"* пишува дека „В ТЕ имаме случаи, когато частица *ки* заместува съюз *че* или *што́.*", и

натаму: „В живите говори такива случаи не се срещат. Може би има грешка *(ки* вм. *чи)*" ИПГ 208 (ТЕ е кратенка за Трлиското евангелие).

Во истата студија Иванов (ИПГ 197) меѓу примерите на негираните комплементарни *да*-реченици приведува и еден пример на финална реченица негирана со *немој*, сп. *Изб'ѣгах за нимбј да у́че.* Овој пример убаво ја потврдува како врската меѓу комплементарните и финалните *да*-реченици така и тенденцијата во нефактивните конструкции да функционира посебен вид негација.

Сумирајќи треба да се каже дека релацијата 'цел' слично како и релацијата 'услов' во вториот реченичен аргумент бара субјунктив како главен показател. Меѓутоа, за разлика од релацијата 'услов', каде што со субјунктивот во втората дел-реченица соработува субјунктив и/или соодветен сврзнички показател во првата, кај релацијата 'цел' на првата дел-реченица не ѝ се поставуваат никакви барања, додека субјунктивот во втората е често подзасилуван со предлогот *за*, што претставува балкански, пред сѐ грчки модел на конструкција на финалните реченици.

Сумирајќи го она што го рековме за каузативните конструкции со сврзнички предикати треба да кажеме дека:

– појдовниот реченичен аргумент (т.е. таканаречената главна реченица) во сите тие конструкции формализира настан-последица на некое остварено или замислено дејство. Единствено кај последичните конструкции среќаваме обратна дијатеза. Тие се во конверзивен однос спрема вистинските причински конструкции;

– од основно значење за натамошната класификација е категоријата фактивност и субјунктивот (*да*-конструкциите) како нејзин основен формален корелат;

– импликацијата (релацијата 'услов') е основна и насекаде присутна семантичка компонента врз која се надградуваат другите;

– во конструкциите што ја изразуваат релацијата 'услов' и двете дел-реченици се од нефактивен карактер. Кај релацијата 'за да' (т.е. 'цел') и 'со оглед на' тоа се бара само од втората дел-реченица, додека на првата не ѝ се поставауваат посебни услови. Кај релациите 'причина' и 'последица' и двете дел-реченици се фактивни, додека релацијата 'концесија' бара само и двете дел-реченици да имаат иста карактеристика по фактивност: +и/или–;

– за релациите 'услов' и 'концесија' релевантна е категоријата време. Од неа зависи дали сме соочени со нереален или со реален услов, а тие имаат различни површински показатели; од неа зависи и дали се работи за фактивна (сместена во минато) или за не-фактивна (сместена во иднина) концесија.

2. Кондензирани трансформи на сврзничкиот предикат и на неговиот втор реченичен аргумент. – Се мисли на вториот реченичен аргумент на претставените сврзнички предикати во претходната глава. Вториот, т.е.

аргументот кој по основната дијатетична хиерархија на исказот е на втор план, може да биде поместен на уште пониска позиција и да има облик на една не-реченична конструкција.

Процесот на трансформација го зафаќа сврзничкиот предикат и неговиот втор реченичен аргумент, па во резултат на тој процес примарната предикативна релација (онаа чиј показател во основната конструкција е сврзникот) може да остане без посебен лексички експонент и да се реконструира од контекстот.

Трансформите се градат главно врз инфинитните глаголски форми, т.е. глаголскиот прилог, глаголската придавка, (од)глаголската именка, иако може да се случи – во последната овде прикажана група трансформи - глаголскиот облик воопшто да биде исклучен; показателот на релацијата што ја врзува трансформата за реченицата што таа ја придружува тогаш е предлогот.

Кондензираните трансформи, како и други кондензирани конструкции, не се многу чести во говорниот јазик воопшто, па ни во дијалектниот говорен јазик. Почести се во народната литература, во приказните, а посебно во свесно уредуваните евангелиски текстови кои остануваат под влијание на грчкиот оригинал. Впрочем, фреквенцијата во голема мера зависи од типот на трансформата.

Овде нема да се трудиме да го докажеме присуството на сите типови трансформи во сите дијалектни системи. Потенцијално тие се присутни насекаде. Ќе се потрудиме да приведеме репрезеитативни селекции примери од гледна точка на нивната синтаксичка структура и на показателите на релациите што содржински ги врзуваат за определените реченични конструкции.

2.1. Трапсформи конституирани од глаголскиот прилог. – Нема овде да се занимаваме со морфолошките разновидности на глаголскиот прилог во јужномакедонските дијалекти. Оваа проблематика детално ја има обработено Б. Видоески (Видоески 1992). За нас овде се важни два моменти. Како прво, дека во дел барем од јужните говори глаголскиот прилог не е веќе регуларен дериват на сите глаголски лексеми. Видоески пишува: „Класичниот *participium praesentis activi*... во јужните говори на правецот Преспанско Езеро–Корча–Костур–Лерин–Воден–Кукуш–Серез–Драма–Гоце Делчев ... се јавува поретко, наспоредно со други прилошки формации, а во некои локални говори на тој дел дури и не се среќава, како на пример, во некои пунктови во Преспа, во Леринско на правецот на селата Арменско - Асаново, во северозападните костурски села (Косинец, Брезница и др.), во Костенаријата, потоа во јужниот дел на битолското подрачје на линијата Диково–Добромир–Скочивар–Живојио, како и во иекои говори по долината на Струма на серско-валовишкото подрачје (сп. Иванов 1977: К. 30), и во гоцеделчевскиот говор. Слична појава познаваат и ароманските говори на тој ареал, па може да се претположи дека од нив дошол и импулсот за

губењето на глаголскиот прилог (Атанасов 1990: пар. 2.2.3.; Тумб 1974: пар. 236)." – Како второ, важно е за нас дека и оние затворени множества прилози со глаголски основи и со секундарни наставки како *-ичем, -ичец, -ница, -ник*, и др. множества присутни во бројните јужномакедонски системи, синтаксички се изофункционални со „класичниот" глаголски прилог. Нивната семантичка функција како трансформи во голем степен зависи од лексичкото значење на нивната глаголска основа, за што ќе стане збор подолу.

Денешниот глаголски прилог води потекло од прасловенската глаголска придавка, т.е. од една категорија прилагодена да ја определува именската синтагма, а не и предикативниот израз. Во денешното синтаксичко однесување на глаголскиот прилог во одделните словенски системи се гледаат траги од неговото потекло. Имено, во едни системи појдовниот аргумент на главната, матрична реченица (т.е. реченицата во која се вградува трансформата) мора задолжително да биде кореферентен со појдовниот аргумент на трансформата, во други пак оваа рестрикција не е задолжителна. Јужномакедонските (а и воопшто македонските) системи му припаѓаат на вториот тип. Сп. од една страна, конструкциите како *Тъ́рчетна́та о́ду на нѝвата.* ШК., или *...хо́ди, хо́ди, рѝши'ем ги но́духа пари́'а* МС, и сл. со кореферентни аргументи и од друга страна, на пр. *Ра́ботѝчум на нѝвата ми штрекна́ја вулови́те и ми гу скъ́ршѝја* или *ф'аешти́м дру́гу, прибли́жалу то́ ја́гнѝту...* БМег, и сл. каде што отсуствува кореферентноста. Треба веднаш да кажеме дека кореферентноста е најзачестена таму каде што претставува единствен избор, т.е. кога и двата предикати се едноаргументски, тип *дојде тр̀чајќи, седи пла́чејќи*, и сл. И – што веројатно не е случајно – токму таквите трансформи се најфреквентни во оние системи каде што се губи глаголскиот прилог. Покрај предикатот во облик на глаголски прилог трансформата може да опфаќа и други елементи од предикатско-аргументската структура, на пр. аргумент во номинативен однос (обично во постпозиција, сп. за тоа Конески 1982: 448), сп. *По пато́ зборваничким јобата му вели Госпо́ Светему Петру...* МЦ, *На то́а вре́ми, уде́ки пу пато́т Јису́с, а виде́ идно́ чове́к шо бе́ше сле́ пу ка́ си роди́*. ВК, *На то́а вре́ми, уде́ки Јису́с кра́ј мо́рито Галиле́јцко, а виде́ две бра́тка...* ВК, *Ошти дале́ку биде́ки о́н, гу виде́ та́тко му;* ВК, ... но и: *Арманџи́те ва̀рше́јќи, сла̀нцто за̀ си-ла̀гна́л* Пдој, најпосле сп. и: *Двујцта уде́јќи фа́јќат адѝ и затво́рувај.* ПК1: 264; аргумент во акузативен однос: *...и оти́ Господинбо́га.* МЕЦ, *Па́сѐичум о́фците ми у́дри е́дан ва̀лк на̀тре и ми гу фа́ти о́зѝно.* ШК, аргумент во инструментален однос: *Фа̀рга̀ичум ка́мѐно му е скриш но́гата на̀ о́фцата.* ШК; придавски предикат како дел од именскиот прирок, сп. *...идно́ са́л зна́м, шо сле́ биде́ки, се́га г* просторна определба: *Ра̀бота̀ичум ми гу скъ́ршѝја ура́лто.* КШ. Трансформирана може да биде и конструкцијата со нулти појдовен аргумент; сп. *Пале́ичум о́гън са̀ за̀пали́ја це́ли ста̀*

тја́ дéн уф надéлата, да пóртите бúле затфорéни... ВК. Најпосле трансформата може да претставува и појдовен прв аргумент на една сложена конструкција со сврзнички предикат, сп. *И тој пулја́ичем за да одбери некоја киска со биґје чу сија зборови...* МЦ... Сигурно се можни и други шеми што не ги најдов во мојот материјал.

Релацијата што го врзува настанот во матричната реченица и настанот претставен во трансформата е во основа од темпорален карактер. Глаголскиот прилог по дефиниција изразува трајно, несвршено дејство, така што во соодветните конструкции обично се работи за две дејства кои паралелно се развиваат (ако матричниот предикат е исто од траен карактер) или пак дејството изразено со глаголскиот прилог претставува фон за „матричното" дејство (ако матричниот предикат е претставен со свршен глаголски облик). Сп. *„Шчо сја́ сúа зборóви шчо зборвúте мéжцу вáс барја́ичем и стја́ помуртéни?"* МЕ, *Ка чуви тјес пјесне, тоґас му дојде в уме чупата, и урива долу тарченичкум, да виј от кој есши.* МЦ, ... или: *Игра́ичум бро му пáдња ґáичите.* ШК, *Удéјкин вá да-си-óде дóма а-сриспна́ла снá-му* БМег... Најфреквентни и најтипични се конструкциите кога дејството изразено со матричниот предикат именува почетен или краен момент на дејството што го именува трансформата. Тука спаѓаат конструкциите како *Отúде плачја́ичем при брата́-је.* МЦ, *Отúде óпет при брата́ је плаченичкúм...* МЦ, *...и отúде по Ристóса славја́ичем Господинбóґа.* МЕЦ, *...утúди плáчишт'ém на мáитихата...* МС, и сл. каде што експлицитно е изразен почетокот на движењето, но евентуално имплицитно и крајот, т.е. моментот на стапување во контакт со лицето кон кое се упатува јунакот. Натаму: *Пучúваш'ém пучúваш'ém си дóјдух у с'éлуту...* МС, *Упитиваничким ґо најде детја́то...* МЦ, и сл. каде што експлицитно е сигнализиран крајот на едно трајно дејство, т.е. каде што глаголскиот прилог изразува дејство што му претходи на дејството изразено со матричната реченица. Иако изразуваат последователност во време, последните две конструкции во парафразата што би содржела сврзнички предикат би гласеле, најверојатно: *...се одмарав по пашот и стúґнав...*, *...прашував и најдов...* и сл., т.е. би биле изразени со конјункција и повторно само лексичкото значење на глаголските предикати би ја сигнализирало темпоралната релација. – Кај првите два примери, со обратна временска перспектива, парафразата би гласела на пр. *...отúде и при тоа плачеше.../...отúде со плачење...*, *...отúде и при тоа славеше....* и сл., значи пак конјункција. Од друга страна, кај примерите од кои го почнавме овој преглед, т.е. кај примерите од типот *Помина прет порти царуτому, бувеничким ґеменцето.* МЦ, и сл. најприродната парафраза би била онаа со *кога поминуваше, буваше...*, и сл. Уште поинтересен е примерот од Кулакиското евангелие: *идно́ сáл знáм, шо слéп бидéки, сéґа ґлéдам.* ВК, во стандарден превод: *но знам дека бев слеп а сега гледам* – глаголскиот прилог изразува состојба која ѝ претходи на состојбата изразена со матричната реченица! Анализираните примери покажуваат дека темпоралната релација што ги поврзува двата настани: оној во матричната реченица и оној во трансформата, може

да биде од различен карактер, а се реконструира од контекстот и, пред сè, од лексичкото значење на соодветните глаголски предикати. Понекогаш таа релација може да има и каузативна нијанса, така на пр. во веќе користениот пример *Палăичум бăан сă зăталѓа цéли стăрнѓича.* – имаме работа со последичен однос, нешто како: *...и поради тоа...*, и сл. Сп. и: *Палајќи а кутлата скоро сăте кумиши разбрале, та дури и селцкиоѓ поѓ. Наможајќи да трае поѓоѓ и тамаќар на лири, оди и си качува врс кујќата на Луде...* УЕН, т.е. *...од што/поради тоа што ја гледале кутлата..., ...бидејќи/од што не можел да трае...* и сл.; натаму: *Ес, цáрă бидéјќи, не мăжум дă дустóјум!* ХК, т.е. *бидејќи сум цар...*, еден пример којшто истовремено и ни покажува како одела семантичката деривација што од глаголскиот прилог *бидејќи* води кон каузативен сврзнички предикат. – Од гореразгледаните примери суштински се разликува релацијата меѓу двата глаголски предикати во примерите како *Тас тарченичким отиде поѓ ена каѓина.* МЦ, или *Тăрченѓца бíду на нăвата.* ШК, или *И така, лазаникум, лазаникум испаѓа уд дома...* УЕ, или: *Л'ăтăшт'ém исл'ăзуха уѓ Гирѓи...* МС, и сл. Насекаде тука сме соочени со само еден настан – глаголскиот прилог врши функција на еден качествен прилог, т.е. го дополнува и го модифицира лексичкото значење на глаголскиот предикат во матричната реченица. Предикативните изрази како *...излезе трчајќи...*, *...се движи лазејќи...*, и сл. би можеле да ги ставиме паралелно со *...излезе брѓу...*, *...се движи бавно...* и сл. И, како во последниве изрази синтаксичката хиерархија на компонентите е обратна во однос на семантичката (сп. погоре т. 1, 1.2.3.). Имено, прилошките предикати ги доуточнуваат параметрите на релациите изразени со финитните предикати, т.е. финитните предикати претставуваат аргументи на прилошките предикати. Прилошките предикати како 'бргу', 'бавно' определуваат темпо на произволни процеси што се одвиваат во време, додека прилошките предикати како 'трчајќи', 'лазејќи', 'летајќи' определуваат темпо на разни видови движење или средина во која се одвива движењето (воздух, вода, земјина површина, и сл.), па се семантички побогати. Таквата семантичка хиерархија може да се докаже и со фактот дека во текстовите не се ретки исказите во кои отсуствуваат финитните предикати, т.е. целиот предикативен израз е сведен на глаголскиот прилог, сп. *И тăтăрчинѓк прáво дóма.* БМег, *Чупата тарченичкум внатри и вели мајке-је:...* МЦ, и сл. Со испуштањето на финитниот глаголски облик се постигнува извесна експресија, се потенцира токму темпото, но тоа не го менува фактот дека семантички таквите конструкции ги прифаќаме како комплетни – тука е основниот предикат како и аргументските изрази коишто ја определуваат целта на движењето: *...дома...*, *...внатри...*, и сл. Анализата на исказите со реченичните трансформи во облик на глаголскиот прилог ни донесе уште едно корисно сознание – таа нагледно ни покажа до која мера е конвенционална поделбата на асоцијативните, темпоралните и каузативните сврзнички показатели, односно ни покажа дека нема еднозначна корелација меѓу релацијата што ги врзува настаните и површинските показатели на таа релација.

2.2. Трансформи конституирани од глаголската придавка. – Како што самата негова морфолошка структура го одредува глаголскиот прилог како додаток кон предикативниот израз, така глаголската придавка е морфолошки прилагодена да биде определба во или на именската синтагма. Следствено, и многуте реченични трансформи градени врз глаголската придавка можат да имаат, во најдобар случај, двојна интерпретација, т.е. да ги ставаме во директен однос или со целиот исказ (целата матрична реченица) или со еден од именските аргументски изрази во рамките на исказот. Сп. на пр. *Потпрен на вратата, Иван ја следеше дискусијата.* што може да се парафразира или како *Иван, којшто беше потпрен на вратата, ја следеше дискусијата.* или како *Иван беше потпрен на вратата и ја следеше дискусијата.*, и сл. Во конкретен случај едната или другата интерпретација ќе ни се пристори поприродна, но честопати тешко би можеле таквата одлука објективно да ја образложиме. Од помош може тука да биде пред сè општата функционална перспектива на текстот и како нејзини површински показатели линеаризацијата и лексичките значења на двата предикати: матричниот и трансформираниот.

Релативно наједноставен е случајот кога глаголската придавка еднозначно линеарно е ставена во директен однос со матричниот предикативен израз, сп. *Ашчетијата, ка виде така, побјања много зарадван во планината.* МЦ, т.е. '...се зарадува и побегна...', и сл. Сп. и: *Цар'отога се зарадва, и побјана отгрнжен за чупата.* МЦ, или: *Си утиди парапунисану д'ат'ату...* МС – интересен пример каде што местото на членот еднозначно ни покажува дека глаголската придавка не спаѓа кон именската синтагма. Сп. и: *...и ту малце време, направен сато кал и вода ... а напълнил торбата су жаби...* УЕ, или: *Па ойи, па, кладени мартва стража натрити, едён тука – друјќ таму, друјќ там одат гу-причистувајќ местиу* БМег, – и во двата примера во доминантната темпорална релација јасно се чувствува резултативната нијанса; посебно интересен е вториот пример каде што се работи за последователност во време: *...откога кладоа стража...*

Со класична трансформа сме соочени кога појдовниот аргумент на трансформата (аргументот во номинативен однос) не е кореферентен со ниеден аргумент на матричниот исказ, сп. *Го носеа, вързани нозете.* КЕВ, *Кладени рацште така две, така да седне узгрун то шо не може да оде, го носат пунужда.* КЕВ, *И ние одоме во една кука со чивири катој, само стисојте нашрагени и покрнена...* ШД, *Свекрвата пуштена шамијата до носо и рацете од една во други пикнати во пазуата и мочи* ШД, *Оиче попадијата не удавена, пајоп станува..* УЕ, *И оиче лафот не доричен, гу пушчи прешлеиот дало...* УЕ, *И оиче речот недуречен, испаднија мечката и влкот...* УЕ, *...ошке јаска не кснатa вија сакате да зафатите а?* УЕ... Последнава серија трансформи опфаќа два типа конструкции доста различни со оглед на релацијата што ги поврзува трансформираниот и матричниот предикат. Во првиот тип, како на пр. *Го носеа, врзани нозете,* и сл., се работи за конјункција, односно за таканаречениот придружувачки фактор, во стандардниот јазик ова би можело да се изрази со предлошкиот

предикат *со*: *го носеа со врзани нозе*, и сл., т.е. *го носеа и кога го носеа нозете му беа врзани*, и сл. Втората серија еднозначно имплицира темпорална релација: почетокот на матричниот настан му претходи на крајот на настанот претставен во трансформата, т.е. една релација за која не постои адекватен сврзнички предикат, односно – една релација која спаѓа во функционалната зона на *пред да*, но побогата е и на комуникативниот и на експресивниот план, бидејќи сигнализира забрзана секвенца настани како и инсистирање на таквиот карактер на секвенцата од страна на авторот на текстот. Сп. на пр. *„Ако бабо ако нѐм сѝ пла̀ши та ѐ мо́ја рабо̀та шо ќи пра́м ја̀ска су Ара̀пинут.“ И ошќе ла̀фот нѐ свршѐн, ѐто ти г Ара̀пинут ќа̀ј ѝде*. УЕ, т.е. ‘[најмалечкиот брат] уште не си го докажал она што го кажуваше, кога се појави Арапинот’, односно: ‘пред да го доврши тој кажувањето, ете го Арапинот’, и сл. Задолжителна компонента на оваа серија конструкции претставува негацијата надградена врз трансформираниот предикат. Интересно е дека конструкциите од овој тип ги наоѓам само во еницевардарските текстови од Угриновски. Во истиот извор има и конструкции со блокирана позиција на номинативниот аргумент, сп. *Ошче нѐ арно усамнато, царовта ќерка о̀би кај та̀тко му*... УЕ, но и: *Ошче нѐ бил арно усмна̀то, тѐча̀т на̀ по̀бјте уштиша̀л и викнал адно̀ амалин*... УЕ. Овој паралелизам на конструкции со и без глагол-*copula* нè потсетува дека – од чисто формална гледна точка – сите трансформи градени врз глаголската придавка можат да се толкуваат и како реченични конструкции со испуштена copula, на лик на соодветните конструкции со *л*-формата. Најпосле, во истиот извор, кај Угриновски, наоѓаме и конструкции со паралелна структура, но со кореферентен појдовен аргумент на двата предикати: матричниот и трансформираниот, сп. *Ошќе нѐ влизе́на до́ма, у̀ дво̀рут, г у̀ стретну́ва нѐјна̀то мо́мче*... УЕ, – паралелизмот меѓу кореферентните и некореферентни конструкции нè зацврстува во уверувањето дека и кореферентните конструкции треба да се толкуваат како трансформи на темпоралните, а не на релативните дел-реченици, или поточно, на семантички план: треба да се толкуваат како поврзани со матричната реченица со темпорална релација, додека врската што ја претставува кореферентноста на аргументите е од второстепено значење. Клишираната формула може и да варира, т.е. место *уште* (коешто е сврзано со почетната позиција) може да се појави *веќе*, сп. *Ма̀јка му вѐќе у́мре́на, Лу́до смѐјаќи си му ве́лише на ма̀јка му*... УЕ.

Она што го рековме горе за испуштање на глаголот-copula како можен пат на синтаксичката деривација на разгледаните трансформи би можело да послужи и како објаснување на фактот дека во текстовите доста се бројни таков тип трансформи со статус на самостојни искази. Сп. *Избе́га та̀а, си до̀јде во Ра̀бри Бе́ена, сѝна напра́ена це́ла. мо́сто*... *Мо́с, таквѝ, на̀првин на̀-ло̀шки. Расту́рин мо́сто гла́вн'о, на̀ло̀шки напра́вин*... ПК... Тие се најбројни во позиција на комплементарна дел-реченица со нулти комплементарен оператор, зависна од предикати на визуелна перцепција. Сп. *...што да̀ вѝди! Две́те де́ца на̀ ме́сто утѐпани и*

ка́то кло́че па́дна́ти адно́ вре друго́. УЕ, *Иде до́ма, ка́ гле́де ца́рица́та у́мрина.* ПК, *...ко́о гле́де се́ со́муве и кра́туве на-то́о тава́но зака́чини.* ПК, *...гле́даме ко́ол'те тува́рини ... и да-бе́гат.* ПК, *...што да ви́ди: иди́н по́ сас едно́ маг'а́р'а ја́хнанто и врави́ па́нто́ут сас куштја.* МВ, *Пу́л'ат кривато́ут – мо́ме лигна́ту ... пу́л'ат – ма́мту умре́ну* БМег, *...што-ки-ви́де: де́цта умре́ни* БМег, *...гле́дам партиза́ните бе́е по ко́кошки..., за́пален бе́ган, ја́де, гла́дни бе́а.* ШД, *Што да види? Мајка му умр'анта на фтисот пропр'анта.* В... Впрочем, и таквите конструкции можат да бидат двозначни. Имено, глаголската придавка едноставно може да претставува определба на соодветната именка, а целата конструкција да биде во функција на именска аргументска синтагма во акузативен однос. Сп. *Са разбу́жда мума́та... ги ви́д'а́ и шанда́нту м'ан'е́нти.* МС, и малце потаму во истиот текст: *...гл'е́да шанда́нту м'ан'е́нти и шурбе́т'у испи́ја па́к*; – во првиот случај имаме експлицитен сигнал на акузативен однос, додека во вториот сме наклонети да гледаме трансформа. Лесно може да се случи да нема експлицитни показатели, барем не во пишуваниот текст, а единствен сигнал е реченичната интонација која пак за жал пишуваниот текст не секогаш среќно ја одразува.

Сумирајќи ги тие забелешки треба да се каже дека во јужномакедонскиот дијалектен јазик постои изразита тенденција кон предикативна употреба на глаголската придавка, при што дел од соодветните конструкции претставуваат трансформи на релативни, а дел на темпорални делреченици; границата меѓу едниот и другиот тип не секогаш е јасна. Во долновардарските говори темпоралните трансформи се почести, и дури се здобиле со една канонска форма: почетната позиција во исказот и присуството на партикулата-предикат *уште* или – поретко – *веќе*.

2.3. Трансформи конституирани од (од)глаголската именка. – Зависно од синтаксичката служба, а и од самото присуство на (од)глаголската именка овде разликуваме две групи конструкции. По бројот на можните модели, по нивната семантичка интерпретација, а и по фреквентноста во текстот групите се диспропорционални: првата е од маргинален карактер додека втората ја претставуваат главнините примери. Освен тоа, првата ја чинат затворено множество конструкции од клиширан тип, додека второто множество е отворено, а карактеристичниот за него синтаксички модел е продуктивен. Првата група апсолутни, клишрани конструкции во целиот мој матријал е застапена со еден пример, го најдов во еден текст од Медово приклучен кон долнопреспанската монографија на Шклифов. Еве го тој пример: *Е́дно влегван'е та́мо, не посе́оме у́ште еде́н месец до што са уре́диме ко́ј како, му ре́коа...* ШД. Парафразата, пак со глаголска именка, би гласела: *Веднаш по нашето влегување тамо...* – значи, се работи за темпорална релација меѓу настанот претставен во матричната реченица и оној во трансформата. Се работи за забрзана последователност во време, при што појдовниот аргумент на двата предикати задолжително е кореферентен. Во монографскиот дел од својата книга Шклифов не ја спомнува таа конструкција. Меѓутоа, таа е позната од други извори и се сврзува со

западномакедонските дијалекти. (Конески 1982: 453–454, Чашуле 1989: 91–95). Конески (1986: 185–186) приведува нејзини балкански – албански и ароманси – паралели и ја доведува во врска со типот *едно влезе* којшто е посведочен и во грчкиот и во турскиот јазик. Во мојот материјал ваков тип наоѓам само во примерите што ги наведува Пеев од Кукушко, сп. *еднó ќи-зѓне, щýјнто мо-ј уф-ýстта; – еднó ќи-сă-смáркне и пóрштта гă-зăѓнăхме.* ПК1: 311.

Втората, главната група трансформи ја чинат предлошките конструкции со (од)глаголската именка. Предлогот тука обично врши функција на лексички показател на релацијата што ги врзува матричниот и трансформираниот предикат, додека (од)глаголската именка е во функција на тој трансформиран предикат. Следствено, материјалот тука ќе го редиме според предлозите. Тие се обично полифункционални, или – во попрецизна формулација – тие се семантички посиромашни од повеќето сврзнички предикати што ги конституираат реченичните аргументи – можат да сигнализираат различни релации. Во претставувањето на материјалот ќе се држиме по можност до истиот редослед којшто го прифативме во целата таа глава, т.е. ќе се движиме од асоцијативните (конјунктивни) врски преку темпоралните до каузативните.

***Со* + (од)глаголска именка.** Кај *со*-трансформите релативно најчесто се работи за асоцијативната врска меѓу дел-реченициte, односно во трансформата се именува таканаречениот придружувачки фактор, во случајот состојбата или процесот што се одвива паралелно со настанот претставен во матричната реченица. Сп. *...и кој ѓи вас со чаластисфајнéто мóзи да прибóса на трýто тбгоф éно ендéзе повéќе?* МЕ, *Токо да ми дате шчо да ви питам, и је ода со голјáмо итјáње.* МЦ, *Малечкáта со науléње јо дáде у ќерозѓно..* МЦ, *И со бéган'е са куртýлија* ШД, *Сéлото ма ќспрати со плáчен'е.* ШД, *И как испаднáле скóро éмен ут гробýт су стрáх и су рáдус гулéм, тарчаа..* ВК, *...утшел...и с питане нашел кáичă-тă му* В, *...си промина живот се сос милос.* В, *Тамо умр'а и тја сос лоша умирачка.* В... Неретко *со*-трансформите одразуваат темпорална релација. Темпоралните од асоцијативните трансформи ги одвојува една карактеристична разлика која наоѓа одраз и во површинската структура на текстот. Имено, кај темпоралните трансформи глаголската именка задолжително се членува што е сигнал на определеноста на настанот. Се работи за последователност во време, при што настанот претставен во трансформата претставува временски ориентир за настанот во матричната реченица. Настанот претставен во трансформата е прв во временската секвенца и мора да биде идентификуван. Сп. *Со дојдéнјето на гăрците нáшиот йбă избéга* ШК, *Сă вăрнивáтје от Бúтолја прес Вúчо сúштите партизáни го утейáја бес прúчúна.* ШК, *Су пукáјнто бóмбата ние видéмă плáмин са-дигнá* БМег, *Сударéјнту на-шес мéтра ки-на-клáвăт на-нишáн* БМег, *И бúче с качувáјнето дéтето врх орлúцата кáто стрéла литнáја...* УЕ, *...а јáска бúќе су пушчéјнто надóло ќи гýклвнам цáрот...* УЕ, *Áрно áма бúче сý влизéјнито у нéјнто двор дрвичут, шбóлку врéме стбјше пувинат и ни адно пиле нé*

пејше ду тогај, зафати́ да́ призилине́е, а пилиичата и тија зафатија да пејат. УЕ, *Су́ удејнто кај бра́т му, пр̀во му кажа́л ка́к што́ е рабо́та...* УЕ... Како што се гледа од примерите имаме работа со временската релација која на ниво на сложената реченица се изразува со сврзничкиот предикат *откоѓа* или – ако формулата ја трансформата ја опфаќа и партикулата *уште* – со сврзничкиот предикат *штом*. Во последниот случај, значи, се работи за една забрзана временска секвенца. Привлекуваат внимание конструкциите како *...су пукајнто бо́мба́та..., ...су качувајнето де́те-то...*, и сл. каде што појдовниот аргумент на трансформираниот предикат, т.е. аргументот во номинативен однос се остварува со инверзија, а без сегментални показатели на синтаксичкиот однос, што потсетува на познатата „балканска" акузативна конструкција од типот *пиење тутун*, и сл. (сп. 3.5.). Текстовите од Угриновски, кои обилуваат со темпоралните *со*-трансформи, донесуваат и извесен број конструкции каде што во позиција на глаголската именка наоѓаме поимеичена глаголска придавка од среден род (?), сп. *Ку́тро́то риба́р би́ке су́ врна́тто дома зафати́л дури леб да не ја́ди ӯд са́кал̀мак.*
сестри... УЕ... Слични конструкции наоѓам и во текстовите на Бојковска од Меглен, сп. *Су-узарна́тту*
на-ме́н... БМег... – Со ретки исклучоци темпоралните *со*-трансформи зазе-маат почетна позиција во исказот. Во Мазоновите текстови од Корчанско најдов и две *со*-трансформи кои најадекватно се толкуваат со 'концесија' како надредена релација. Сп. *Тија се почудије ка устана жиф со вес тој бој шчо му дадоје.* МЦ, и: *старицата сосве немозање, стана и најде едно дјете...* МЦ – и во двете конструкции (од)глаголската именка ја придружува експресивниот заменски предикат 'сиот'. Последниот пример го објаснува и погоре (сп. 2.1.3.3.) споменатиот факт дека Мазон во речникот приклучен кон монографијата внесува *сосве* со превод: *bien que*, без локализација и без реченична потврда.

Сумирајќи треба да се каже дека *со*-трансформите во јужномакедонските говори се главно од двоен тип. Тие можат да го изразуваат таканаречениот придружувачки фактор, т.е. остваруваат асоцијативна врска и по самата своја природа се сведени на чисто предикативна употреба. Имено: матричната реченица и трансформата имаат заеднички појдовен аргумент, а конјункцијата ги врзува предикатите, тип: *дојдов со радост ≈ дојдов и бев радосен*, и сл. Површинскиот показател на предикативниот карактер на трансформата е задолжителното отсуство на членот. Во втората група спаѓаат темпоралните и (мошне ретките) каузативни трансформи кај коишто конструкцијата конституирана од (од)глаголската именка е во функција на вториот, идентификуван аргумент на соодветната темпорална и/или каузативна релација.

Најпосле најдов и една каузативна-резултативна конструкција во Верковиќевата збирка: *И сос млогу моленје на Господа, шчо са молиха, Господ му даде по едно по едно пр̀и деца.* В: отсуството на членот, а и самото лексичко значење на трансформираниот предикат сугерира дека

имаме работа со семантичка деривација од *со*-трансформата во функција на асоцијативната врска: *...са молиха млогу и Господ му даде...*, или сл. Сепак, релативната реченица што е вметната како определба тоа му на трансформираниот предикативен израз во извесна смисла го заменува отсутниот член, така што конструкцијата се надоврзува и на темпоралната серија *со*-трансформи.

***Без* + (од)глаголска именка.** *Без*-трансформите, единствени покрај *со*-трансформите, изразуваат примарно асоцијативна врска. Разликата во однос на соодветните *со*-трансформи се состои во фактот дека кај *без*-трансформите трансформираниот предикат е надграден со негација, т.е. станува збор за отсуство а не за присуство на „придружувачкиот фактор". Нема многу примери. Сп. *...трéба да óда во Амéрика бéз изим...* ШД, *...фáти да са чýди, кáк за жубáят бис рáбута...* МВ, *...вúше другú нчо седјáе во пазáро без рабóта...* МЕЦ, *Разбервéјте от луленишчáта нивéтем ка порáстфе без мáка.* МЕ.

***На* + (од)глаголска именка.** Тука се издвојуваат два типа конструкции, едни со доминантна темпорална, други со доминантна каузативна парафраза. Впрочем, ни едните ни другите не се многу фреквентни во текстовите. Сепак главнината ја чинат темпоралните трансформи.

Темпоралните *на*-трансформи најчесто изразуваат релација 'за време на', 'во моментот кога', т.е. (делумно) поклопување во време. Сп. *Сéтне опе úмаше збóрван'е. На тóа збóрван'е сúте...пýштеа дáроj...* ШД, *И мóмче изгýбиф на пáртизанстúто.* ШД, *На поминáтје пред Вúчо нат сéло Лáген и пречекáе гáрцки партизáни...* ШК, *...да как сá пузнајá на скáришнúто на лéпот.* ВК (во стандарден превод: *...и како го познаа, кога го прекршуваше лебот*), *Като видела, как с'а чаша-та найáлне алтанjá на с'ако пијáне от нејá, поискала да ја земе* В – интересен пример каде што покрај временската коинциденција се изразува и итеративност со помош на заменската определба *с'ако*; натаму: *На врáчане-тúо тој нихт'ал да ја прибáрка...* В, *На това пришрани цар'ут мегу целатите ету дошли прет цар'а две калугери...* В – пак, како и во случај на темпоралните *со*-трансформи (сп. горе) појдовниот номинативен аргумент во трансформираната конструкција се појавува без сегментални показатели на синтаксичката функција; натаму: *Áрно-ама на-тáргинáнтúо!, негувúте брáте ки-вúјат негo гу-нéма тýка...* ПДој, *...и гу прифтáса гурáта на зашфáран'ету...* МС... Од примерите се гледа дека и овде како и во случајот на *со*-трансформите, (од)глаголската именка задолжнтелно се членува – се работи за идентификуван настан којшто овозможува да се лоцира во временската секвенца настанот претставен во матричната реченица. Следствено и овде трансформата обично е врзана со почетната позиција во исказот.

Јасно е дека темпоралните *на*-трансформи настанале по пат на директна семантичка деривација од просторните предлошки *на*-конструкции.

Поврзано со nomen actionis *на* може да има исклучиво темпорална интерпретација.

Како пример на каузативни *на*-трансформи можам да приведам само една конструкција: *На-тóлко кулáј тéрăне дō-фáтуме, нă-мужéме...* ПДој – како надредена релација се наложува тука 'концесија'.

***Во* + (од)глаголска именка.** *Во*-трансформите претставуваат паралела на *на*-трансформите, за што најубаво сведочи примерот од бобоштенското евангелие: *...бúи гo познáје во скаршењéто лебутáму* МЕ – истиот пасус којшто во Кулакиското евангелие (сп. погоре) е предаден со *на*-трансформата. Натаму: *...и во лафосвајнéто одозгóра женáта му вéли мажýје...* МЦ... Во други текстови не најдов соодветни примери.

***По* + (од)глаголска именка.** *По*-трансформите имаат или темпорална или каузативна интерпретација, при што двата типа претставуваат различни линии на деривација.

Темпоралните *по*-трансформи изразуваат последователност во време при што настанот претставен во трансформата се случува порано од настанот во матричната реченица; *по* е тука пандан на сврзничкиот показател *откога*. Еве примери: *...и от ка ижлегóе от гробјáто по ожившењéто тогóво, влегóе во осфетенáта касáба...* МЕЦ, *...и пу убиенéто трекáо дéн йма да бжи.* МЕ, *По бегајнето твоје от тува звјáј ена карта постала от лала Андреа...* МЦф, *По служењéту пак он, шчо стúгна сватовúту, сáбира зелени кáтики от нив'астината грáдина...* ВВ, *По венчаванúту сички ки излезáт на хорóто.* ВВ, *...за пóмете кашчáта. По метенúту за езми два малка, едно машко и едно женско, за пој на улицáта да метни гýбрету.* ВВ, *...на ти това пăрстен,*
чини спомин по умирањето ми... В... Во иста функција во Верковиќевите текстови од Висока се појавува и *после: После пиенúту за излези един от дивојкúните роднúни, или брáт, или брáтученд.* ВВ, *После вичерáта јунацúту прáват млóго ахенг.* ВВ... Од примерите се гледа дека и овде, како и кај претходно разгледуваните темпорални трансформи задолжително настанот е претставен во трансформата да биде идентификуван, со членот како најтипичен показател.

Каузативните конструкции со шемата: *по* + (од)глаголска именка не претставуваат вистински трансформи на реченици во функција на втор аргумент на каузативната релација. Се работи за една специфична, се чини балканска, или поточно: романска по потекло серија конструкции со семантичко-синтаксичка шема од три хнерархизирани компоненти: *глагол на движење + (по + глаголска именка со процесуално значење)* и со парафраза 'тргнува од некаде со цел да прави нешто/да се занимава со нешто'; на реченично ниво има паралелни конструкции во кои на *по* + (од)глаголска именка му одговара *да*-субјунктивот. Со други зборови: се работи за една серија сложени инхоативно-финални предикати чија задолжителна компонента претставуваат *по*-конструкциите. Примери: *Тој мажо бјá арамија. Еден ден и вели женјá-му: „Шено, денес да ми стóриш ена пóгача и една*

пашка ѿиѓанисана, ѿ ж-ода ѿо работа“ – ѿо краденја ж-одјаше. МЦ 68/1–3, *По два-ѿри нови ѿидоје ѿо лоф свиѿи ѿри.* МЦ, *Во деветѿијо мјасец, кога да родвјаше, царо ѿиде ѿо луфѿ.* МЦ, *Јас... бдум ѿу-крадане на вечар* ПДој, *...испадна чувеко ѿу-мочане...* ПДој...

***Од* + (од)глаголска именка.** Се работи за каузативни трансформи. Најдов само еден пример со темпорална интерпретација: *Ѿ гудениѿу сеѿне за дојди един панаир...* ВВ, што може да се протолкува паралелно со темпоралните *ѿо*-трансформи. Кај останатите примери доминира релацијата 'причина', сп. *...кого му пуспавја муцињаѿа уѿ гризење си гувурета...* МА, *И ѿу малце време, направен сѣѿо кал и вода уд скукајне ѿу андацѣѿе, а напълнил ѿорбаѿа су жаби...* УЕ, *...адно ден му си бакѿисал уд берајне на дрва...* УЕ, *ел да а видиш мајка ми как си смеј уд радус.* УЕ, *зафаѿила да а врѿи јаблакаѿа, здрачејќи уд лакајнѿо на златоѿо* УЕ, *...ѿ биене умре* КЕВ, *„пуспај, пѿиц, уѿ млогу пијени падна!“* МВ, *с'етин'а пак фаѿ'аха да играјаѿ хору уѿ гул'ама радус...* МВ, *уѿ страх гул'ам уѿ пакаи ни мужаши и да вр'авц;* МВ, *...и ѿ млогоѿо викани и проминал ѿогас ѿ пантиоѿ един кусе, да и кажу чу ѿаков викаш, ѿиде на бунароѿ...* В, *...и шча са изѿрепаѿ ѿ карание.* В, *...и ѿ млогоѿу му малени господ дочу неговаѿа малба* В... Понекогаш не е лесно да се спроведе границата меѓу трансформата и реченичниот аргументски израз, сп. *...клечеше под дрвѿо дур не му са смачи на листѿа уѿ чекајне...* МА.

***За* + (од)глаголска именка.** И овде исклучиво се работи за каузативни трансформи со доминантна релација 'цел'. Сп. *Дојде ено дјаѿе ѿ напаѿ за женење.* МЦ, *Уѿ д'евиѿ' м'асинца за дојди за жен'енѿи* МВ, *...ѿаму му носеха сичку за госпени...* В... Сп. и една поконденсирана конструкција: *...мјаси лебовиѿи за умбрењѿо...* МЦ, што Мазон ја преведува со: *...pétris les pains pour le repas des funérailles...* Натаму: *Уѿре састра кога ки и пушчи овците за пасење, ѿи заѿвори и ѿије пусѿи чувари...* УЕ. Најпосле сп. и една интересна апсолутна конструкија: *За врнувајне или да гу палаѿ дрвичуѿ да гу најдаѿ...* УЕ, т.е. 'мора да се вратат или...'. Веројатно се работи за семантичка деривација од широко употребуваната синтаксичка формула *нешѿо е за + глаголска именка* 'нешто треба/може да... + финитен глаголски облик'.

2.3.1. Предлошки трансформи со предлогот како единствен показател на предикатот. – Се работи за конструкции без лексички показател на предикатот што го конституира вториот реченичен аргумент, а чии основни парафрази сугерираат реконструкција на тој предикат во облик на (од)глаголската именка. Соодветните конструкции, со ретки исклучоци, се од каузативен карактер. Доминира предлогот *за*, освен тоа сретнав *со, од, заради* и *сроѿи*. Еве некои карактеристични примери.

за: *Поѿна Грција да ни мачи за јазико.* ШД, 'поради тоа што зборуваме македонски јазик', *Тој уѿепа ен аврен за пари.* ШК, 'за да му одземе пари', *...посѿароѿо брат оди на урмануѿ за дрва* УЕ, 'за да донесе

дрва', *...трагна сас аратлиџитаму за драва* МС, *...јазе за вода ки ходам.* В, *...фатиа уфчаре-то да идат за житто.* В, *...није умираме за љат* МЦ... Прави впечаток големиот број на глаголи на движење во главната реченица. Соодветните конструкции се подложни и на друга, поедноставна интерпретација според која предлошките *за*-синтагми претставуваат секундарна формализација на аргументот директно имплицикуван од страна на соодветните предикати на движење (сп. т. I, 1.3.1.2.5.2.). Токму таквата интерпретација сигурно важи за единствен пример со предлогот *по*, сп. *Татко ма пушти по месо.* ШД... – Кај оние примери, каде што сме соочени сигурно со трансформи, привлекува внимание дека *за* може да биде показател не само на релацијата 'цел', туку и на релацијата 'причина', зависно како ќе ја реконструираме кондензираната конструкција. – *За* се појавува и во комбинација со други предлози, сп. *А там ни-дадеа и-една врејка брашно за-ту-ката* ПК, *...тија трниале за на гости* УЕ...

со: Располагам со два примера: *Со тиќе, со рибите, си зевамеф брашно, леп и сè.* ШД, 'со (про)давање риби...', 'продавајќи ги рибите...' и: *...да не се сторите кај што што посте та се помуртве за да се виде прет л'удити сти посте со образити расипани* МЕ, '...бидејќи образите им се расипани...' – интересно овој пасус го нема во стандардниот превод: *Кога постите, не бидете жалосни како лицемерите; зашто тие си ги прават лицата мрачни, за да се покажат пред луѓето дека постат.*

од: Имам еден пример, и тој со двозначна интерпретација: *Оште уд ного малечко Стојан устанал сирак уд мајка и татко.* УЕ – не е јасно дали се работи за именската синтагма *сирак од мајка и татко*, која треба како целост да се толкува и да се изводи, или за сложена причинска конструкција, нешто како: *...останал сирак бидејќи му умреле таткото и мајката...*

спрости: *субрами идин кош, два, спрути л'уд'ету, спрути аргатиту шту за имаш.* МС, 'зависно од тоа какви аргати ќе имаш...', и сл. – се работи за специфична комуникативна хиерархија според која е издвоен и ставен под реторичен притисок персонален аргумент во акузативен однос.

заради: *зарати тас мама си умрам јас* МС – класична причинска трансформа, со толкување 'заради однесувањето на таа мома...', 'заради она што станало со таа мома...', и сл. Како што се гледа од приведените примери, со исклучок на *за*-трансформите, разгледуваните конструкции ниту се карактеристични за дијалектниот јазик ниту поседуваат некои карактеристики како класа, па така треба да се откажеме од секакви генерализации.

Посебен случај претставуваат споредбените трансформи. Нивната посебност, како што рековме погоре (сп. 2.1.1.4.) потекнува од фактот дека во споредбените конструкции и во двата реченични аргументи се појавува истиот глаголски предикат, во врска со што во вториот аргументски израз тој обично се испушта на површината на текстот. Како последица на таквиот деривационен процес во споредбените трансформи носител на

релацијата 'споредба' е истиот сврзнички збор, *како/като*, и сл. како и во конструкциите со два глаголски предикати. Со други зборови, тој може да доминира и реченица и именска синтагма, т.е. да се појавува и во вистинска сврзничка и во предлошка позиција. Сп. *Ијта да му дам сому сетнетему кај тебе.* МЕЦ, т.е. '...како што ти дадов тебе...', *И ви вел'а оти нити Соломон, со сфата големичтна тогова шчо имјаше, не се ублјаче телка масно кај ено от сјази л'уленичича.* МЕ, т.е. '...како што се облекуваат тие цвеќиња...', *Работата на децата му тргна толку арно, шо скоро никој немаше друк като них.* УЕ, т.е. '...на којшто му тргнало како ним...', *Пак сă фатат да играјат кумар'; пак гу пати кутў правната патка...* МС, *...и гу гл'еда кутў партал тўликаштi'ем на в'ѯтиро падна у мур'ету...* МС, *...јадјаха кату браткја...* В, *...тебдил га чини сос други машки дрехи и праве га закара кату ќуле аф таткувата му кашча...* В...

2. МЕХАНИЗМИ НА НОМИНАЦИЈА

0. Именската синтагма. Нејзината формална и семантичка структура. – Под именска синтагма подразбирам синтаксичка конструкција чиј главен, конститутивен член е именката. Покрај конститутивната именка во именската синтагма факултативно се јавуваат нејзините определби, т.е. дополнителни членови на синтагмата. Тие можат да бидат во форма на придавски зборови, на (зависни) именски синтагми или на (таканаречени релативни) реченици. Следствено, шемата на формалната структура на именската синтагма може да се претстави како:

ИС → *КЧ (ДЧ)*
КЧ → *И*
ДЧ → *{Ø, П, ИС, Р}*

каде што: *ИС* – именска синтагма, *КЧ* – конститутивен член, *ДЧ* – дополнителен член, *И* – именка, *П* – придавка, *Р* – реченица, *Ø* – синтаксичка нула, → – 'се реализира како...', (...) – 'може, но не мора да се појави', {...} – 'и/или'.

Од семантичка гледна точка (сп. т. I, 0.1.) именската синтагма е продукт на номинација. Употребена во текст, таа на адресатот на текстот му овозможува да ги идентификува предметите (настаните, состојбите...) за кои станува збор. Оваа способност на именската синтагма ќе ја викам нејзина референцијална служба. Референцијалната квантификација на предметите (настаните, состојбите...) спаѓа меѓу основните семантички компоненти на именската синтагма и претставува нејзина референцијална карактеристика. Деловите од светот (предметите, настаните, состојбите...) именувани со именската синтагма ние ги перципираме како дискретни единици што можат да се мерат и да се бројат според нивните просторни и/или временски параметри. Следствено и информацијата за количествена квантификација на предметите (настаните, состојбите...) исто така ќе ја издвоиме меѓу семантичките компоненти на една именска синтагма – таа е нејзината количествена карактеристика. Споменатите две компоненти: референцијалната и количествената квантификација се од универзален карактер, што овозможува тие да стекнат делумно граматикализирани експоненти – ги знаеме како граматички категории „посоченост" („определеност") и „број". Останатите содржини на именската синтагма се предмет на референцијалната и на количествената квантификација – нив ќе ги викаме едноставно

предикативна компонента на именската синтагма. Следствено, семантичката структура на една именска синтагма може шематски да се претстави како:

РК (п)

каде што: Р – референцијална карактеристика, К – количествена карактеристика, п – предикативна содржина, (...) – 'е семантички потчинето'.

Мојата задача во претстојниот опис е да претставам како во јужномакедонските говори наведените семантички компоненти се остваруваат со помош на наведените формални компоненти. Меѓутоа, пред да пристапам кон таа задача ред е да кажам и некој збор за соодносот меѓу именската синтагма и реченицата, од една страна и меѓу механизмите на номинација, и на предикација, од друга. Ми се чини дека е неопходно на овој проблем да му посветам малку внимание, бидејќи соодветните мои сфаќања ми налагаат определена хиерархија во толкувањето. Оваа хиерархија е невообичаена во граматичкиот опис и затоа бара коментар.

Рековме (т. I, 0.1.) дека предикатот како семантичка единица го сфаќам како релација. Треба да додадам дека се работи за мошне широко сфатена релација. Според тоа сфаќање на пр. во реченицте /1/ *Тој пее.*, /2/ *Јас сум заѓатена.*, /3/ *Ова е камен.* како експоненти на предикатите соодветно би ги издвоиле /1/ глаголот *пее*, /2/ глаголската придавка *заѓатена* придружена од помошниот глагол *сум*, /3/ именката *камен* придружена од помошниот глагол *е*, и сл. Со други зборови: сите особини што им се припишуваат на идентификуваните објекти – термини на релацијата ги сфаќам како предикати, биле тие релациски (т.е. такви што поврзуваат едни објекти со други) или инхерентни (т.е. карактеристични за соодветните објекти независно од нивните врски со други објекти). Ако одиме доследно по овој пат, доаѓаме до заклучок дека во класата на *не*-предикати спаѓаат единствено т.н. индекси што се определуваат преку говорната ситуација, т.е. 'јас', 'ти', и нивните деривати како на пр. 'сега', 'овде' и др. Индексите ни се јавуваат како основни носители на референцијалната информација, како примарни кандидати за улогата на аргументи на сите можни релации. (Пошироко за индексите сп. во § 2./3.1.1. Во светлината на ваквиот пристап номинацијата се јавува како вторична во однос на предикацијата, т.е. називите никнуваат по пат на вградување на предикати во семантичките структури конституирани од индексите. Следствено, именските синтагми, со исклучок на оние кои се директни експоненти на индексите (т.е. кои се карактеризираат со п = 0), претставуваат резултат на вторична формална акомодација на содржините што најлесно се оформуваат на реченично ниво. Имајќи го ова на ум во делот посветен на именската синтагма редовно ќе го упатуваме читателот кон т. I, 1.1. и 1.2. каде што станува збор за реченицте.

Нашата задача е да го опишеме постојниот јазичен материјал и тргнувајќи од него да стекиеме увид во механизмите што го определуваат. Следствено почнуваме со описот на максимално разградената именска син-

тагма, а дури ex post ќе поминеме на синтаксички редуцираните модели, иако од семантичка гледна точка последните се често од основно значење.

Ќе се занимаваме прво со формалниот одраз (репрезентацијата) на семантичката компонента *ū* врз којашто дејствуваат квантификаторите *P* и *K*. Површинската репрезентација на *ū* ќе ја викаме **јадрена именска синтагма** (*ЈИС*).

1. Јадрена именска синтагма. – Јадрената именска синтагма - слично на актуализираната (= обогатена со компонентите *РК*), полна именска синтагма е составена од задолжителен конститутивен и од факултативни дополнителни членови (сп. § 2./0.).

1.1. Конститутивниот член на јадрената именска синтагма. – По дефиниција конститутивниот член на именската синтагма е именката. Посебно внимание заслужуваат оние конструкции во кои семантичкото тежиште паѓа врз дополнителниот, а не врз конститутивниот член. Се изделуваат (1) конструкциите каде место именката како конститутивни се јавуваат составите од типот *тоа што..., тој кој...* и сл. и (2) конструкциите каде конститутивната именка – од семантички причини – бара до себе задолжителна определба.

1.1.1. Конститутивен член во форма на составите *тоа што..., кој што...* и сл. – Има содржини кои само во нивната примарна реченична формализација можат да бидат вградени во именската синтагма. Сп. на пр. *Тој што дојде веќе си замина.*, и сл. Имаме работа со две предикативни структури: 'си замина (*X'*)' и 'дојде (*X''*)' (каде што *X* е референт на соодветните глаголски релации) такви каде *X'* = *X''*. Како главна, од комуникативна гледна точка поважна, се јавува структурата 'си замина (*X'*)', следствено нејзиниот аргумент (X') го определуваме преку неговото учество во втората структура (како (X'')). Синтаксички експонент на опишаниот тип на семантичка зависност е составот од показната и од релативната заменка, во случајов составот *тој што...* Значи, разгледуваната именска синтагма има форма: *тој што дојде* – формално, конститутивниот член е составот од показната и од релативната заменка, којшто содржински е многу сиромашен – носи само информација дека се работи за елемент од множеството 'човек', додека побогатата информација, што го идентификува референтот на синтагмата, е содржана во глаголот *дојде*; составот *тој што...* од функционална гледна точка е неразделив, показната заменка како негов составен член е лишена од својата примарна посочувачка функција – не посочува ниту деиктички ниту анафорски, нејзината функција се состои во блокирање на местото на експонентот на X' во главната реченица. Показната заменка може и да отсуствува и составот да биде сведен на соодветната релативна форма, сп. *Кој пее, зло не мисли.*, и сл. Следователно разликуваме два модела:

$$ПЗ \bullet Рел \quad \text{и} \quad Ø_{ūз} \bullet Рел$$

каде што: *ПЗ* – показна заменка, *Ø$_{ПЗ}$* – показна заменка заменета со нула, *Рел* – relativum, • – симбол на конкатенација, т.е. на непосредно соседство во текстот.

Во јужните говори ги наоѓаме и двата модела. Нивната варијација останува во директна зависност од разликите во локалните системи на показните и пред сè на релативните заменки; за застапеноста на одделните варијанти релативни реченици сп. и § 2.1.2.3.

Моделот *ПЗ* • *Рел* се јавува без или со конгруенција меѓу двата составни дела, т.е. со relativum generale или со променливи релативни заменки. Доминира relativum generale. Тоа стои самостојно или е придружено со посебни експоненти на синтаксичката зависност на показателот на X", сп. *...тá мáкијта шо-му-бíла на тá мáмта, сакáлá да-а-закóле* БМег, *...гунајдéх на Нúко Кузáруф, тóо шó-рабóте уф-Кулéчино...* ПК, *Óти и грéшнити л'уди тúи шо и милýват на нúх, и óни а милýват.* ВК, *...тó... .шо нé сам врéдин...да му удвúрзам рéминоū уū скóрнити му* ВК, *.. вóа шо йди ūу мéне, óн ј йбголéм уū мéне; шо нé сúм врéдин да удвúрзам рéминоū уū скóрните.* ВК, *еūу, йобрашими, га земах онаја, шчо сакáх'.* В, и сл. Relativum generale може и да се појави кога заедничкиот аргумент е од локален карактер и со прилошка формализација на показната заменка, сп. *Уūтúм, шо бúја сватушūúте не-са-качúја узгóра, са-налуūшија...* БМег. Посебно внимание заслужуваат конструкциите карактеристични за источниот дел од егејската територија, каде што во позиција на *ПЗ* место придавската (= со примарна функција на дополнителен член во именската синтагма) се јавува именската показна, т.н. лична заменка за трето лице, сп. *...он шчо слушаш, йод земјата шчо се чинúш, и чул,* В, *...га зема момата на рамоūо он, шче носúш каūу муле и каūу зајак бегаши* В, *...дýјде Исус на Виганúја, тúму шо беши Лáзар шо умрé, óн шо гу крúна ýū умрéшūи.* ВК, *Да видиш јунак авџиолиата, он, шчо уūера филдишūе и филјýū, тој е јунак.* В, и сл. Последниов пример – инаку карактеристичен по тоа дека синтагмата од типот *тој кој...* се јавува во апозиција со функција да доопредели една определена дескрипција – ги содржи и двете форми: *он* и *тој*, со што како да се истакнува правилото по кое во состав со relativum влегува токму *он*. Меѓутоа, спореди и: *Тó шо ми ликувá, óн ми ричé:...* В и наведениот веќе пример: *Óти и грéшнити л'уди тúи шо и мулýват на нúх, и óни а милýват* ВК.

Малубројните примери со морфолошки зависните форми на показната заменка исто така сугерираат дека се работи за формите на именската заменка, сп. *„...мечката коѓу да најди, неѓу да јади."* В. Најпосле спореди и еден пример каде што место очекуваната зависна се јавува независната форма на *ПЗ*: *Гóсйод да прóсти тáтка му и мајка му он, шчо чинú тáја харнотúја.* В.

Како што се гледа, сите примери потекнуваат од два извора: од Верковиќ и од Вајан. Разгледуваните конструкции веројатно се никнати врз основа на (а) бифункционалноста на лексемата *тој* којашто се јавува и во

именска и во придавска позиција и (б) факултативното редување на *он* и *тој* во именска функција на централната егејска територија.

Променливите релативни заменки се среќаваат многу поретко. Сп. *Кој не работа, тој не јаде* ШК; сп. и со формите на лексемата *он* место *тој: Кој ке надбори, он да земи ниве'астата.* В, *„...котра има навăрх неа милос и љубоф, она е по-харна на земјата.* В, *Нези, на котри ни може да млеје воденица-та, да угрее един казан вода...* ВС. Сомнителен е примерот: *Ѓти кој'ошо сака да си уткани дуњата, трибува да и загуби туќка;* ВК, – можеби се работи за погрешна линеаризација, па сме соочени со формата *кој-шо.* Инаку, заменките од типот *кој(то), котри* се доста фреквентни на источната периферија и – што е многу интересно – се јавуваат како релативни исклучиво во разгледуваниот модел, сп. *Кој знај млогу мурафети, на негу ки га дај* В, *Кој ки оди понатр'ат, он ки земи ниве'астата* ВВ, *Мечката, когу да најди, негу да јади.* В, *Котриј сакаш, онја земи.* В, *Котра има навăрх неа милос, она е похарна.* В...

Вреди да се подвлече дека – од разбирливи причини – relativum generale е линеарно врзано, залепено во постпозиција за показната заменка, додека променливите релативни заменки можат да одберат позиција, па заедно со воведената од нив релативна реченица да се најдат во антепозиција во однос на главната реченица. Следствено, среќаваме следни модели на линеаризација:

– со relativum generale:

Тој што ..... , ... (*РР ГР*)

..... *тој што* ..... (*ГР РР*)

– со променлива заменка:

Тој кој ..... , ... (*РР ГР*)

..... *тој кој* ..... (*ГР РР*)

кој ..... *тој* ..... (*РР ГР*)

каде што *РР* – релативна реченица, *ГР* – главна реченица

Моделот *Øиз • рел* е релативно поредок, сп. со relativum generale: *Аку дăвиш шо-ти сăкум, ăрно* ПД, *...стоји, шо не гу знаите* ВК и сл., со променливи релативни заменки: *Кој го фаѓаваа да зборва бугарицки, плаѓаваше трѓста дракми прстима* Ш, *Нашето село беше стромашко, кој оде, оде во Америка, кој седе, брави пасе* ШД, и сл., со релативна прилошка лексема: *...си-оде ... дек-шо-му-била куќата нејна* БМег. Последниов е интересен пример на постпозитивно *шо* кое, залепено за една прашална заменка, ја сигнализира нејзината релативна функција.

Регистриравме двојна линеаризација:

– со непроменливи заменки:

$$\underset{\cdots\cdots}{ГР}\ \underline{што}\ \underset{\cdots\cdots}{РР}$$

$$\underset{\cdots\cdots}{ГР}\ ПЗ + \underline{што}\ \underset{\cdots\cdots}{РР}$$

– со променливи заменки:

$$\underset{кој}{РР}\ \underset{\cdots\cdots}{ГР}\ ,\ \cdots\cdots$$

каде што *ПЗ* – прашална заменка

Не е лесно да се одредат условите на појавување на моделот $\emptyset_{\underline{из}} \bullet$ *рел*, меѓутоа можеме да претпоставиме дека се тие од стилски карактер. Еве еден пример што јасно ја одразува стилската варијација на двата модела: *И на вечерта, кој беа сиромаси, са береа при тој, шо имаше.* ШД.

Во стандардниот јазик синтагмите со конститутивните состави *тоа што, тој кој* алтернираат слободно со синтагмите во кои ПЗ е заменета со една именка исто толку семантички сиромашна и сведена на чисто формална улога, сп. на пр. *Дај ми го тоа што лежи на масата. / Дај ми го тој предмет што лежи на масата., Тоа што ми го раскажа ме возбуди. / Случката што ми ја раскажа ме возбуди., Тој што ти го рекол тоа мора да е будала. / Човекот што ти го рекол тоа мора да е будала.*, и сл. Народниот јазик како да не ги познава конструкциите со „позаменчени именки".

1.1.2. Конститутивна именка со задолжителна определба. – Се случува именската синтагма – иако конституирана од именка – од семантички причини да не може да се сведе на конститутивен член. Се работи:

– за именки што како такви семантички се несамостојни,

или

– за именки што контекстот на употребата ги прави семантички празни и несамостојни.

Во првата група спаѓаат:

– именки со релациска содржина, на пр. *брат, мајка, комшија, душман, измекар, муштерија*, и сл.; тие, примарно употребени, бараат да биде именуван аргументот во однос на кој тие се определени, сп. *брат ми, мајка му на царот, царев комшија, неговите душмани, измекарка на чифутинот, братовите муштерии*, и сл.

– именки кои именуваат објекти што ги перципираме како делови од нешто, на пр. *глава, курем, кокал, дно, рачка*, и сл.; тие, примарно употребни, бараат да биде именуван вториот аргумент на релацијата 'е дел од...' во однос на кој тие се определени, сп. *мојата глава, момин курем, на филут кокалот, дното на ухтар'ут, рачка од ралото*, и сл.

Вреди да се подвлече дека и двата типа синтагми, типот *брат ми* и типот *мојата глава*, ни на реченично ниво не се раздвојуваат, туку го претставуваат единствениот аргумент на егзистенцијалната предикација (сп. т. I, 1.2.1.3.).

Во втората група спаѓаат именки со релативно сиромашна содржина употребени во контекст што ги прави семантички празни, така што тие претставуваат само формална потпора на нивните определби, сп. *Мајка ми е добра жена., Се најдоа на филан место., девојка со златна коса*, и сл. спрема **Мајка ми е жена., *Се најдоа на место., *девојка со коса*, и сл.

Интересно е дека именските синтагми со задолжителни определби сите имаат реченични кореспонденции конституирани од глаголот *има* (сп. § 2.1.2.1.3).

Именските синтагми со задолжителни определби што се однесува до механизмите на линеаризацијата не се разликуваат од синтагмите со факултативни определби. Следствено, во § 2.1.2. ќе ги разгледаме двата типа заедно.

1.1.3. Придавски збор во функција на конститутивен член на *ИС*. - Се случува во позиција на конститутивен член на една именска синтагма да се најде придавски збор. Сигналите за неговиот статус се синтаксички - пред сѐ способноста за прифаќање определби што обично ја придружуваат именката. Причините се семантички – најчесто како референти на соодветните синтагми се подразбираат елементите од подмножествата на множеството 'човек' а содржината 'човек' и онака е содржана во значењето на односниот придавски предикат, сп. *...има тешко ранети...*, *...тука беше и болниот*, или во адресативните синтагми: *милни мои*, и сл.

Еднинската форма од среден род може да се појави и со непредметно значење, како номинализација (= именска формализација) на соодветен предикат со примарна придавска формализација, сп. ги на пр. реченицте: *...можи ли адна мравка да ми прај такво арно?* УЕ, или: *...да ти правам некуј добро...* ibid., и алтернативно, во истиот текст: *...јаска ќи ти правам адна арнотија...*, и сл. Определбите во таквите синтагми се (а) задолжителни и (б) најчесто сведени на експонеити на квантификација иако понекогаш се појавува и определба од друг тип, на пр. карактеристична за јужните говори, семантички празна релативна реченица (сп. подолу § 2.1.1.2.3.): *И така су видејното што ѓу виде Луде, си ѓу зева крлиѓот...* УЕ; во литературниот израз среќаваме обратна морфосинтаксичка хиерархија, сп. *нешто добро, нешто убаво*, и сл. Впрочем, последниот тип конструкции ги наоѓаме и во говорите (сп. 2/3.3.).

Во светлината на јазичниот материјал од егејските и од другите македонски говори познатата формулација за поименчувањето на придавките во текстот со помош на членот би требало да се прошири и да гласи дека средство за супстантивизација на придавките не е само членот, туку и сите експоненти на референцијалната карактеристика на синтагмата.

1.2. Дополнителни членови на јадрената синтагма. – Јадрената именска синтагма може да опфаќа дополнителни членови од три типа: (1) во форма на придавски зборови, (2) во форма на други, зависни, именски синтагми и (3) во форма на (релативни) реченици. Ќе ги разгледаме овде редум.

1.2.1. Придавски зборови во функција на дополнителни членови на јадрената именска синтагма. – Покрај предикативната (т.е. функција на конститутивен член на реченицата, сп. § 1.1./1.2.1.) оваа е втора основна функција на придавките. Тоа го докажува, меѓу другото, и нивната способност да стапат во конгруентна врска со конститутивната именка. Придавките се единствени определби на коишто конститутивната именка им налага конгруенција по род и по број. Меѓутоа, во јужните говори таа конгруенција трпи извесни ограничувања.

1.2.1.1. Категоријална конгруенција меѓу придавка и именка. - Слично како во дијалектниот јазик на другите региони и во јужните говори побројни се и пофреквентни отколку во стандардниот јазик неменливите лексеми, најчесто од турско потекло; сп. ги на пр. лексемите *инсаф, фудул, ербаш, џаваир, дик* и сл. Тие се појавуваат во текстот со дистрибуција која најмногу потсетува на придавската, меѓутоа упадливо се пофреквентни во функција на реченични конституенти отколку во онаа на дополнителни членови на именската синтагма, а за некои од нив дури и нема потврда во втората функција, па пологично е да се вклучат во класата „предикативи" (сп. § 1.1./2./1.). Меѓу другите, се издвојуваат лексемите со суфиксот *-лија* кои се менливи само по број, а се јавуваат и во двете функции; меѓутоа, во својство на дополнителни членови на именската синтагма тие – како и другите придавки неменливи по род – налагаат строги семантички ограничувања врз конститутивните именки. Имено, тие придружуваат само именки што спроведуваат најопшта биолошка класификација на множеството 'човек', сп. *инсафлија жена, дикаџлија човек, акашлија дете*, и сл. или пак влегуваат во петрифицирани синтагми познати од народното творештво, како *прстен алтанлија, сабја сржелија*, и сл. По своите категоријални карактеристики лексемите со суфиксот *-лија* не се ниту вистински придавки ниту вистински именки. Нивната функционална дистрибуција во текстот како и нивната неспособност да прифатат член говорат во полза на нивното толкување како предикативи. Исто така и линеарната позиција во определувачка функција им е необична – тие се јавуваат или пред или (пред сè во стилски маркираните поетски синтагми) зад конститутивната именка.

Споменатите формации, иако интересни, сепак остануваат на маргина на системот и не ги нарушуваат правилата на синтаксичката оргаиизација на именската синтагма. Нивното значење за граматичкиот систем на говорот е во проширувањето и во зацврстувањето на зборовната класа предикативи. Појавата што сега ќе ја разгледуваме, а која е карактеристична

за источниот дел од егејските говори длабоко ја засегнува и ја преобразува синтаксата на именската синтагма.

Во источниот дел од македонската егејска територија, почнувајќи од комплексот кајларски говори, категоријата род кај придавките е сведена на два члена, т.е. загубена е функционалната разлика меѓу формите на машкиот, од едната, и на средниот род, од другата страна. Појавата е – се чини – самоникната иако кај полилингвалниот дел од населението не е без поддршка во ароманскиот систем (сп. Пеев 1986) и во општите развојни тенденции на таканаречената балканска граматичка организација. Првиот поттик дошол – изгледа (сп. Пеев, op. cit.) – од фонетскиот процес на изедначување на машката и средната едниинска форма кај показните заменки, меѓутоа од одлучувачко значење е фактот дека граматичкиот систем го прифатил тоа изедначување. Можеме само да насетуваме дека прифаќањето се темели (а) врз општата тенденција категоријалното значење да има само еден експонент во рамките на синтаксичката конструкција-носител на категоријата (т.е. тенденција да се укинат редундантните категоријални експоненти, сп. Тополињска 1982) и (б) врз фактот на системско совпаѓање на еднинските експоненти на машкиот и на средниот род во ароманските дијалекти. Имено, во ароманскиот средниот род се одредува негативно – тој е всушност еден мешовит род чии експоненти во еднина се совпаѓаат со експонентите на машкиот, а во множина со експонентите на женскиот род (сп. Gogolewski 1982: 66–67, Голомб 1984: 49, 83). Ако се сетиме дека македонските говори кај придавките во множина воопшто не разликуваат родови, станува јасно дека ароманското влијание води кон елиминација на средниот род или – попрецизно – кон елиминација на функционалната разлика меѓу машкиот и средниот род.

Формалните последици на таа елиминација се различни во одделни делови на егејската територија. На поголемиот северен и северо-западен дел, во Кајларско, Воденско, Кукушко, Еницевардарско, во серско-драмскиот крај скоро редовно наоѓаме здружување на придавските форми од среден род со именки од машки род, сп. *нă-нằрнуто вóл му-ă-нămăжýва мýцкăта* ДКај, *...жéнта ă-нáе су-ѝдну-чужджо чóек* ДКај, *...ќи-ми-дáдши ину-фýстан лóто* ДКај, *Бéк су-мла́ду чувéк* БМег, *Нăжут и-óстру* БМег, *угуéни дубѝтук, лóшу инсáн, нѝску тăвáн, кýсу чувéк* ДВ, *адно ногу гăсто урман, поголомото му брат, су првното лаф* УЕ, *гол'áмо огáн, чýждо мáш, бодлѝво ол* (Серско-Драмско, цитирам по Пеев 1984) и сл. Овој правец на развојот – сукцесивната елиминација на машките придавски форми – е сосем природен ако земеме предвид дека резултатот на идентификацијата на експонентите на машкиот и на средниот род во потсистемот на показните заменки се формите од типот *то, во*, т.е. формите чиј вокализам автоматски налага толкување во термини на средниот род. Меѓутоа, одејќи кон југо-исток, пред сè во Солунско срекаваме бројни примери на синтагми составени од именки од среден род и придавки во форми за машки род, сп. *мој писмо, едно таков дете, не е наш јагнето, јазе сум твој нуче, срцето мој, от каков место,* и сл. (Примерите се од кај Верковиќ цитирани според

Б. Конески 1982_1.) Ова е – изгледа – чекор напред на пат кон потполна изофункционалност на машките и средните придавски форми. Примерите зборуваат дека овој процес не ги засегнува сите класи придавски лексеми со ист интензитет, поизразен е кај заменските одошто кај незаменските придавки, сп. *тàкоф мјàсто скришно, тàков хубàво дèте, некој блúзну село, кој е сàрце òт прасе и кој е òт човек*, и сл. (Б. Конески 1982_1). Впрочем, синтагмите со по една форма од машкиот и од средниот род најубаво ја докажуваат нивната функционална еднаквост.

Исто така во Солунско среќаваме спорадични примери именка од женски род да биде придружена од придавка во форма за машки или за среден род, сп. во Кулакиското евангелие: *гулéм скитùја* или, на реченичко ниво: *Елисáбет бéши јáлоф* (цитирам за Вајан 1938: 111), сп. и кај Верковиќ: *на едно касаба, блàгòто ракиа* (Б. Конески 1982_1). Наведените примери ги потврдуваат и двете тенденции: кон обопштување на форми од машкиот и од средниот род.

Тенденцијата кон елиминација на функционалните разлики меѓу придавските родови форми не е нова. Таа е (а) потврдена во Кулакиското евангелие, (б) регистрирана пред скоро сто години од К. П. Мисирков (Пеев 1984), (в) широко присутна во микротопонимијата (Пеев 1984).

За родовата конгруенција на реченичното ниво сп. т. I, 1./5.2.1.1.

Се налага прашањето кои се последиците на опишаната состојба за категоријата род воопшто. Познато е дека во денешните словенски јазици родот претставува интертекстуална категорија – неговата функција е покажување правец и хиерархија на граматичка зависност во одделни синтаксички конструкции. Таканаречениот инхерентен или селективен род на именките се состои во нивната способност да одбираат соодветни придавски форми. Следствено, секаква редукција на родовите разлики кај придавките значи редукција во инвентарот членови на категоријата род како таква. Во светлината на кажаното нашиот заклучок гласи дека категоријата род во источните егејски говори од вообичаени три е сведена на два члена, односно на разликата: женски vs не-женски род. Разгледувајќи повеќе современи словенски стандардни и дијалектни системи и карактеристичните за нив категоријални синкретизми можеме да се увериме дека источноегејската состојба е кулминација на една тенденција општоприсутна во словенскиот јазичен свет.

Не е без значење – и на тоа уште ќе се вратиме – дека во процесот предничат показните и другите придавски заменки, т.е. експонентите на референцијалната карактеристика на синтагмата (сп.§ 2./1.3.). За конгруенција по број сп. 2./1.2.

1.2.1.2. Застапеност на одделни класи придавки и правила за нивна линеаризација. – Придавките формализираат предикати со семантички прилично издиференцирана структура.

Како важна не само на семантички, туку и на граматички план се покажува разликата меѓу кондензаторите од една и параметричките модификатори од друга страна, т.е. – најопшто земено – меѓу оние предикати кои носат сиромашна информација за самата релација и прилично богата за еден од нејзините аргументи (тип: *мој, денешен, домашен, зинѓински*, и сл.) и оние кои, обратно – информираат пред сè за самата релација и само на најопшт начин ги карактеризираат аргументите (тип: *висок, ѓолем, суров, строѓ* и сл.). Како што се гледа од примерите опозицијата: кондензатор vs модификатор приближно ѝ одговара на традиционалната поделба на релациски и качествени придавки.

Понатаму кондензаторите се делат зависно од референцијалната квантификација на аргументот чија карактеристика претставува нивна основна семантичка компонента. Ако е во прашање индекс – имаме работа со единични кондензатори (тип: *мој, Петров, тукашен, вчерашен* и сл.), ако е во прашање општ поим – соочени сме со генерички кондензатори (тип: *домашен, зинѓиншки, селски, каменлив*, и сл.).

Во јазиците што ја издвојуваат зборовната класа придавки трите типа: модификаторите, па единичните и генеричките кондензатори иако во разни пропорции сепак универзално се застапени и се покоруваат на универзалните правила што се однесува до нивната линеаризација (= редоследот) во основната именска низа. Имено, редоследот е:

$$(РК \bullet) K_e \bullet Мод \bullet K_{\bar{i}} (\bullet КЧ)$$

кадешто: *РК* – експоненти на референцијална и количествена квантификација, K_e – единични кондензатори, *Мод* – модификатори, $K_{\bar{i}}$ – генерички кондензатори, *КЧ* – конститутивен член на синтагмата.

Во секоја од трите категории (K_e, *Мод*, $K_{\bar{i}}$) во една иста именска низа може да се појават повеќе од една придавка од разни семантички полиња. Сп. на пр. во стандардниот јазик синтагми како *мои денешни часови, високо дебело момче, пластични домашни патики*, и сл. Иако и тука се забележуваат извесни општи тенденции, сепак линеаризацијата внатре во ваквите секвенци граматички е факултативна, слободна, мотивирана прагматички, контекстуално, стилски, и сл. Меѓутоа, во дијалектните текстови секвенците од неколку придавки во една иста основна именска низа се мошне ретки. Се работи веројатно за самиот жанров карактер на спонтаното усно кажување со релативно мала интелектуална кондензација иако - во случај на јужните говори – и во малубројните пишувани текстови: писма, документи, преводи на црковни помагала и сл. примерите речиси отсуствуваат. Сигурно не без значење е и фактот на релативно малата застапеност на генеричките кондензатори во дијалектниот лексички фонд. Во прашање пак е една особина што не ги карактеризира јужните говори, туку се однесува на поопштата опозиција меѓу култивираниот стандарден јазик и дијалектите.

Во врска со таа особина Б. Шклифов во монографијата за костурскиот говор (Шклифов 1973: 70) вели:

„Намалувањето на броя на относителните прилагателни се дължи на грцко влијание чрез обучение в училиштата. По описателен начин (с предлог + същчествителното име) се заменя употребата на относителните прилагателни за означавање на веществен произход. Носителите на говора предпочитат да казват *οὐ дрво*, вместо *дрвен*, *οὐ желѐзо*, вместо *желѐзен*, итн. Същото правят, когато говорят грцки. При обучение на чужд език тая форма е полесна за възприемане на нови понятия. В народния грцки език се предпочита описателният начин. Така например на грцки се казва повеќе τυρι αηο ηροβατα (както в Костурско сирѐње от ὀфци) отколкото Προβα τησιο τυρι (овче сирене)." Првиот дел од оваа констатација не звучи многу уверливо зашто познато е дека стандардниот димотики има посебно развиена придавска деривација; да го наведеме само Мирамбел (1959: 365, 366): „C'est un trait des suffixes de dérivation, en grec moderne que de constituer, autour d'un même théme, *des séries lexicales aussi complétes que possible*, là où d'autres langues, souvent, recourent à des mots différents..." и натаму: „Le rendement suffixal est particuliérement remarquable d'abord dans l'adjectif, qui permet au grec une souplesse d'expression là où d'autres langues sont tenues d'utiliser une construction." Авторот, Французин, на новогрчкиот му го спротивставува францускиот јазик и навистина се работи за една романска особина што во балканската средина ја покажува ароманскиот. Меѓутоа, ако држи тврдењето на Шклифов за новогрчките егејски говори, тогаш можеме да претпоставиме аромaнско влијание како врз македонските така и врз новогрчките егејски говори.

Пред да го наведам скудниот материјал што ги илустрира придавските низи, ред е да се осврнеме на интересниот и типолошки важен проблем за местото на придавските определби во однос на конститутивниот член на синтагмата.

Словенските јазици, меѓу нив и стандардниот македонски и македонските говори спаѓаат меѓу системите со немаркиран редослед: ПРИДАВКА • ИМЕНКА, т.е. меѓу системите во кои придавските определби се редат пред конститутивната именка. Истиот таков редослед е карактеристичен за стандардниот димотики (Mirambel 1959: 198 и с.), додека на ароманскиот и на албанскиот им е својствен немаркиран редослед: ИМЕНКА • ПРИДАВКА којшто сепак во услови на маркирана употреба, во синтагмите со идентификувачка референцијална квантификација може да биде инвертиран (Golab 1984: 86; Newmark-Hubbard-Prifti 1982: 225–226). Во оваа ситуација редоследот: ИМЕНКА • ПРИДАВКА во јужните говори многу пошироко е застапен отколку во стандардниот јазик, па можеме со право да го поврзуваме со балканската јазична средина. Меѓутоа, (а) ниту семантичката служба на синтагмите во кои овој редослед се јавува, (б) ниту внатрешната структура на тие синтагми, (в) ниту изборот на инвертираните придавки не е произволен ниту случаен. Синтагмите во кои се јавува редо-

следот: ИМЕНКА • ПРИДАВКА се или (аа) вокативни, емотивно маркирани, или (аб) претставуваат рематски дел на соодветниот исказ – покрај реченичната интонација и линеаризација и придавската инверзија се јавува како средство за рематизација; сп. **(аа)** *ej, ѓиди тр̀говец, ѓосп̀одар мој* В, *„дека п̀овелиш, ѓосп̀одар мој, да ида...* В, *бј ѓрамат̀ик мб̀ој, ѝзл'аз да в̀идиш...* В, *„ѓосп̀одар мој, цар'ут ти п̀ушча кланет̀и...“* В, *Пб̀ели ц̀ару чѐст̀ити.* ШД, *Госп̀одѝ наш...* МЕЦ, и сл. – или, маркирано со негативни чувства: *Ошче адниш нема да ти уст̀авам дома зулумбџија ниедно.* УЕ, (аб) *Ѻ̀де бѝ, нѐ кф̀ачка т̀ѹку им̀ал н̀ѣку л̀ѣшо ку̀че ст̀аро.* ДКај, *...ѝмаше л̀ѣрник желѐзен.* ШК, *Ама от̀ страх дефов шчо да чини?* В, *на нашта ѓора има една бела кубила б'асна...* В, *...и му даде друѓи дрехи боѓат̀ски* В, *Дѐт̀то п̀уф̀ашта м̀ајст̀ори да̀-пр̀аве к̀ѹјка ѓул̀ѐма* ДКај, *Им̀ало идну-кучиа̀ч ст̀ар на̀-чѐза* ДКај. *Ѻ̀на ѝ вѣрц̀ала су синџ̀ири ј̀аки.* ПДој, *Пѣр̀и злѣт̀ини сум ти дал.* ПДој, *На п̀ѣшо стр̀ѣшѐл адна р̀ѣка м̀ѣтина. – жѣлт̀и кит̀кицки сит̀ни цѣф̀те* ПДој, и сл. Судејќи по примерите од типот **(аб)** со ист механизам се постигнува и рематизација на синтагмата како целост и воспоставување комуникативна хиерархија внатре во синтагмата, т.е. како главна рема се истакнува токму придавката (сп. Б. Конески 1953: 156).

Редоследот: ИМЕНКА • ПРИДАВКА почесто се јавува во синтагмите со повеќе од една конгруентна придавска определба: една од определбите останува пред именката, втората – истакнувана како главна рема (сп. горе) – стои зад именката, сп. *...и так̀а си п̀ѣдна у ид̀ѣн ѓлѣмбѣ̀к дѣ̀л ѓул'ѣ̀м...* МС, *М̀ѣлката м̀ѣма ц̀ѣрува п̀ѣк н'ај учил̀ѣ̀ у чѐркфа.* МС, *...најдоха един бр'аст̀ ѓолемо* В, *...им дава по една к̀ѣпка бр̀ѣшланова* ВВ, *Удѐ уф ад̀ѣн ѓрад ѓул̀ѐм, ц̀ѣрски* ХК, *...и му даде друѓи дрехи боѓат̀ски* В, *Пу̀л'ат у-ин̀ѣ̀-авл̀ѣ̀ па̀ушт̀ѐн ину-вол-ст̀ѣ̀р* ДКај, *Им̀ѣ̀ле ину-кул̀ѐнце м̀ѣ̀л̀ѐчко* ДКај, *...ама ки-к̀ѹ̀ше ини чѐјли н̀ѣ̀ви* ДКај, и сл. Во согласност со фактот дека се работи во принцип за рематски синтагми многу често првата, антепонирана определба е неопределена заменка, оператор на неопределена дескрипција.

Придавките што се исфрлени во маркираната позиција, зад именката се главно од два типа: **(ва)** посвојни (што можеби не е без врска со синтагматското место на генитивните и дативните посвојни синтагми, сп. долу, § 2.1.1.2.1.3.); погоре наведовме повеќе примери во вокативните синтагми, овде ќе се ограничиме на невокативните: *Го з̀ајсе во н̀ѣкој п̀ѣлат̀ нѣ̀гоф...* ШД, *тр̀јѣби ... да сп̀оменвиме добринј̀ѣте тиам шчо име ст̀орено во селот̀о наше* МДС, *...келко од тиа умрј̀ѣје да му п̀очини Госп̀о душ̀ѣте тј̀ѣмни* МДЦ, *И Рист̀ос крена очит̀и тогов̀и на ап̀остолити тогов̀и* МЕЦ, *Рече Госп̀оино наш Рист̀ос ап̀остолитим тогов̀и* МЕЦ, *тогас за сј̀ѣни на ст̀оло ѓолемичинет̀ѹј тогов̀е* МЕЦ, и сл. – се гледа дека примерите од овој тип се концентрираат во западниот дел од егејскиот ареал, во Корчанско и Костурско, каде што инаку придавските посвојни заменки доминираат над дативните клитики за изразување посвојност (сп. подолу, § 2/1.1.2.1.3.); **(вб)** придавки кои во рамките на една рематска синтагма претставуваат главна рема – примерите ги посочивме погоре под **(а)**.

За разлика од немаркираниот редослед: ПРИДАВКА • ИМЕНКА редоследот: ИМЕНКА • ПРИДАВКА дозволува и експресивно разбивање на синтагмата, сп. *...зѝма гу фа̄ти гул'а̀ма на па̄нт'о̀...* МС, и сл.

Ќе ги наведеме сега примерите на секвенци од неколку придавски определби за да ги проучиме комбинаторните можности на погоре издвоените функционални класи: K_e, *Мод* и $K_{\bar{i}}$. Наведувајќи ги нема веќе да обрнуваме внимание на местото на конститутивниот член на синтагмата: зад или сред придавската низа. Тргнуваме од претпоставка – верификувана врз материјалот од многу јазици (сп. Тополињска 1981) – дека класичниот редослед: K_e • *Мод* • $K_{\bar{i}}$ се базира врз семантичка основа. Имено, изборот на именките што можат да бидат придружувани од одделни $K_{\bar{i}}$ е семантички најограничен, а изборот на оние придружувани од K_e е практично неограничен. *Мод* во тој поглед заземаат средна позиција. Значи, владее принципот: колку е потесна семантичката имплицирана што ја поврзува определбата со конститутивниот член на синтагмата толку поблиску до него стои таа во основната именска низа.

На прво место еве неколку примери со секвенца: K_e • *Мод*: *...го̄ најдѐ бра̄товата му ба̏рза ко̀н'а...* В, *...да земиш бого̄тувата најмалката керка* В, *...дурде не си закѐлнети за мајчино ви злато̄ни за̄б...* В – како што се гледа во позиција на K_e насекаде се јавува присвојна придавка. За интересните примери со конструкциите *...бра̄тов му...*, *...мајчино ви...*, и сл. подолу § 2.1.2.1.3.; двојниот член во секвенцата *бого̄тувата најмалката керка* во пишуваниот текст тешко може еднозначно да се протолкува – тој може, но не мора да значи двостепена деривација на синтагмата (сп. подолу § 2.1.4).

Најдов и неколку примери со обратен редослед: *Мод* • K_e, сп. *Ма̀лката ма̀ма ца̏рува па̄к н'ај учила̀ у черкфа.* МС, *...има адно цар и ного̄ лична царува ќерка* УЕ, *Самовила имала една хубава нејна мома.* В. ...По мое мислење овде не се работи за инверзија, туку за неколку нивои (неколку етапи) на деривација на соодветните именски синтагми. Имено, споевите *царува мома*, *царува ќерка* треба да се земаат како зацврстени состави, како составни конститутивни членови (во многу други јазици истото тоа значење се формализира преку морфолошка деривација, сп. пол. *królewna*, *księżniczka*, франц. *princesse*, и сл., сп. и во истите егејски текстови *принцеза*) коишто како целост се определуваат со модификаторите *малка* или *лична*; паралелно во третиот пример спојот *нејна мома* се јавува со значење ќерка и како целост се определува со модификаторот *хубава*.

Посебен проблем претставува редоследот на глаголската придавка која обично се јавува како апозитивна, а не како рестриктивна определба, т.е. не се вклучува во основната именска низа. Лишена од сопствени аргументи и вклучена во основната именска низа (т.е адиективизирана) таа претставува потклаcа на *Мод*. Располагам со два примера, и двата во комбинација со посвојна заменка: *...да си научиме цар'увите скришни работи?* В, *Господину професор* М, *со по̄чнатата то̄гова фамилиа мно̄го кла-*

нашја... МЦф. За вториот пример, со наизглед инвертиран редослед на определбите, важи mutatis mutandis она што го рековме погоре за синтагмите деривирани на две етапи. Сп. и еден пример кој сугерира дека во секвенца со вистински модификатори глаголската придавка доаѓа на вистинско место: *...му наближува на причуената лична царува ќерка* УЕ.

Единствениот пример со секвенца $K_e \bullet K_{\bar{e}}$ во позиција на K_e содржи една качествена заменка, сп. *...как стана таја чиница на таков каминливо место* В.

Релативно побројни се секвенците од два модификатори, сп. *...има една бела бесна кубила...* В, *изл'азоха на едно рамно широко поли* В, *Бе́лата ста́ра о́фца ро́ди ма́шко јаг̄не.* ШК, *Но́ва̄та уба́ва ка́шча оста́на пра́зна.* ШК, *има́л ни́ку ло́шо ку́че ста́ро* ДКај, *адно пусто црно куче* УЕ. Оскудниот материјал не дозволува никакви обопштувања во врска со редоследот на определбите од одделни семантички полиња. Единственото што може со сигурност да се констатира е дека определбите кои носат субјективна оценка на говорителот се редат пред оние кои именуваат инхерентни особини на определуваниот објект, сп. *лошо куче старо* или *пусто црно куче.* Овој редослед ќе ни стане појасен ако се потсетиме дека оценувачките определби – слично на квантификаторите *РК* – во принцип не го ограничуваат изборот на определуваната именка (сп. Тополињска 1985).

Еден единствен пример ја претставува секвенцата $K_{\bar{e}} \bullet K_{\bar{e}}$: *Вле́зе во ег̄е́јцка̄та па̄ртѝзанцка бр̄ӣгада* ШД – редоследот е јасно семантички мотивиран, се работи за една партизанска бригада од Егејска Македонија, а не за егејска бригада составена од партизани.

1.2.1.3. Придавските кондензатори како конкуренти на зависните именски синтагми во функција на дополнителни членови на именската синтагма. Именски синтагми во генитивен однос. Категоријата посвојност. - Во претходниот параграф видовме дека секвенците од повеќе придавски определби во јужните текстови се малуброjни. Според поновите изучувања тие се ретки и во стандардните словенски текстови. Меѓу важните фактори што ја регулираат нивната застапеност спаѓа прагматичкиот фактор – во случајов усното пренесување на текстот, а исто така и семантиката – се работи за вистински низи или (во волшебните и други приказни) за замислени случки, а не за некои статички описи и интелектуални анализи. Меѓутоа, има и некои системски, структурни причини кои овде заслужуваат поголемо внимание.

Системските ограничувања се врзуваат пред сè за кондензаторите. Рековме дека кондензаторите информираат за аргументите на соодветната релација, често без да ја доопределат самата релација. Додека единичните кондензатори претставуваат затворено множество од малуброjни, функционално конвенционализирани елементи, генеричките кондензатори како да постоеле во лексичкиот фонд потенцијално, како продуктивни деривациони модели кои се актуализираат ad hoc во определени говорни ситуации.

За сите нив како функционални единици е карактеристична постојана, жива конкуренција со развиените синтаксички конструкции чија кондензација тие ја претставуваат.

Во овој параграф ќе се занимаваме токму са конкуреицијата *К$_{\bar{г}}$/К$_{е}$ - ИС* во позиција на дополнителен член на именската синтагма. Ќе тргнеме од единичните кондензатори, па ќе поминеме на генеричките.

Единичните кондензатори учествуваат во изразување на многу релации од основно значење за јазичното комуницирање, а кои имаат за цел идентификација на предметите и/или на настаните преку учеството во нив на веќе идентификувана единка. Овде меѓу другото спаѓаат: релацијата на сродство, релацијата дел ~ целост, на општествен план: релацијата сопственик ~ сопственост, најпосле просторните и временските релации меѓу определуваниот објект и говорителот, односно меѓу определуваниот објект и другите учесници на говорната ситуација или на ситуацијата за која станува збор. Од сите единични кондензатори најмногу се застапени во текстовите и најбогата проблематика носат таканаречените посвојни придавки, па од нив и ќе го започнеме овој наш преглед.

Посвојните придавки (во натамошниот текст на овој параграф *ПП)* претставуваат една морфолошка категорија карактеристична за словенските јазици. Многу автори, служејќи се со уверлива аргументација, во нив гледаат елементи на соодветните заменски и/или именски падежни парадигми (спор. Lötzsch 1965, М. Ивиќ 1967, сп. и Тополињска 1981). На словенскиот југ *ПП* се чуваат многу подобро отколку на словенскиот север. Македонските говори, а меѓу нив и јужните спаѓаат меѓу подрачјата со максимално разграден систем на *ПП* иако истовремено тој е еден од морфолошките микросистеми што на јужната територија покажуваат голема географска диференцијација. Типолошки куриозитет во словенски размери претставува на пр. вградувањето на просторната опозиција 'блиску' ~ 'далеку' (инаку карактеристична за системот на показните заменки) во системот на таканаречените лични заменки за трето лице, сп. ги корчанските форми како *соѓов, тоѓов*, и сл. (Пошироко за распространетоста на оваа појава во македонските говори сп. Видоески 1965.) Необична е исто така и широката продуктивност на зборообразувачките модели со суфиксите *-ов-* и *-ин-* кои деривираат *ПП* од сите именки и поименчени придавки употребени со идентификувачка референцијална карактеристика, сп. *слѣнчев, ламјин, жабин, орлов, богатув*, и сл.

Колку и да се бројни и продуктивни, сепак *ПП* не се без конкуренција во нивната семантичко-синтаксичка служба. Тие редовно алтернираат со зависните (генитивните) именски синтагми, а рамките и условите на таа алтернација варираат од дијалект до дијалект, а понекогаш и од едно семантичко поле до друго и од еден контекст на употреба до друг.

Како основни конкуренти се јавуваат два синтаксички модели од кои вториот е регистриран во две разновидности:

а. $\overset{\uparrow}{ПП} \bullet \underset{\uparrow}{КЧ}$ т.е. тип: *негова/та/ сестра, Петрева/та/ сестра, царева/та сестра*

б. $КЧ \bullet \overset{\uparrow}{ИС_{\bar{г}}}$ т.е. типови: *ба. сестра/та на него, сестра/та/ на Петре, сестра/та на царот*

бб. сестра/та му, сестра/та/ Петрету, сестра/та/ царутому

Симболите означуваат: *ПП* – посвојна придавка, *КЧ* – конститутивен член на (надредената) именска синтагма, $ИС_{\bar{г}}$ – потчинета генитивна именска синтагма функционално еквивалентна со *ПП*; стрелките покажуваат правец од граматички надредената кон потчинетата компонента; синтаксичката врска во *а.* се разликува од онаа во *б.* – во *а.* се работи за конгруенција по род и број, во *б.* за форма на граматичка зависност меѓу две *ИС* која одговара на таканаречениот (дативно-)генитивен однос (сп. подолу); наведениот редослед на компонентите е најтипичен, но не и единствен можен.

Познато е дека во српскиот стаидарден јазик меѓу опишаните два модела постои суштествена разлика во референцијалната карактеристика (сп. М. Ивиќ 1967). Имено *ПП* во моделот *а.* може да се однесува исклучиво на една идентификувана единка додека $ИС_{с}$ во моделот *б.* претставува назив на еден неидентификуван елемент од именуваното множество. Ова не е случај во македонските јужни говори (како впрочем ни во другите македонски говори ни во стандардниот јазик). Овде и двата модела се – како што рековме – во принцип изофункционални иако се оцртува една привативна опозиција меѓу типот *а.* како маркиран по определеност и типот *б.* како немаркиран, неутрален, што секако не е без врска со фактот дека $ИС_{с}$ во типот *б.* може да ја регулира својата референцијална карактеристика со помош на членот додека *ПП* таква можност нема, сп. *мајчина рака ~ рака на мајка(та)*, и сл.

Во рамките на синтаксичкиот модел *а.* посебен деликатен и интересен проблем претставува конкуренцијата на зборообразувачките модели со суфиксите *-ин-* и *-ов-* од едната и со суфиксот *-ск-* од другата страна. Проблемот, иако на прв поглед ѝ припаѓа на морфологијата, за јужната територија мора да се решава на синтаксички план бидејќи двата зборообразувачки модели се барем делумно изофункционални.

Познато е дека типичниот словенски развиток води кон специјализација на суфиксите *-ов-* и *-ин-* во служба на вистински *ПП* со идентификувачка референцијална карактеристика (т.е. во служба на изразување врска со идентификувана единка) додека суфиксот *-ск-* е резервиран за генеричка служба (т.е. изразување врска со именувано множество како целост), значи, кон опозицијата од типот: *учителова куќа* (= на еден познат учител, единичен кондензатор) ~ *учителски занает* (= што ги карактеризира учителите како група, како припадници на професијата, генерички кондензатор), и сл. Меѓутоа, таа е само главна развојна линија од која има

доста отстапувања во два правца; на пр. во полскиот јазик моделот со суфиксот *-ов-* денеска е еден од најпродуктивните модели за генерирање генерички придавски конденсатори. Во мојот јужномакедонски материјал сите три суфикси генерираат како единични така и генерички конденсатори. Пред да го претставам материјалот ќе наведам неколку интересни фрагменти од Вајановата монографија на јазикот на Кулакиското евангелие. Се работи за застапеноста на суфиксите *-ов-* и *-ин-*, за нивната морфосинтаксичка вредност и, најпосле, за конкуренцијата *-ск-* ~ *-ов-*. Сп.:

> „L'adjectif possessif en *-in-* n'est plus productif, comme le montrent *...вéшново...*, *жéнцкотo*... Nous n'en trouvons que deux formes remaniées: *на Марѝнина радув/áни* 140/3, et de même 82/3...; déterm. *Заарѝнинта кýкја* 82/2, en regard de *Заарѝнува кýкја* 140/2, *Заарѝнуата жéна* 115/1..." (ВК 118).

И натаму:

> „Les emplois de l'adjectif possessif en *-ов-* confirment que cette forme n'est qu'un substitut du nom personnel dont elle est dérivée. Comme en vieux slave, le substantif qu'il contient peut être l'antécédent d'un relatif...: *рѝза Христóсува шo си бришa*... 142, titre; ou il peut accepter un substantif en apposition: *рóда Исус Христóсува Сѝн Давѝдуф* 90/1, et de même 95/1 , 138, titre /.../ ...l'adjectif possessif peut être tiré d'un groupe nominal: *Сфѐти Антѝнива* 105/1 , *цáр Ирóдува* 127/6 , etc. Il ne s'agit pas du dérivé d'un groupe tout fait: *Иродиáда брáт му Филѝпува жéна* 'Hérodiade femme de son frère Philippe' 143/7 Il s'agit d'une transformation libre en adjectif d'un des substantifs du groupe uni par juxtaposition ou coordination, dans: *снáгата Господѝнова Исус* 148, *пувиéнитo на чѝст и славéн Пруфѝтин*... *Иоáнува* 127, titre; *ут Андрéа и Пéтрува грáт* 52/3, et de même 85/14; *на ѝмитo Тáткову и Сѝн* 145/6. Dans *на Давѝдоу стóл*...*тáткува* 115/13, les deux substantifs apposés sont mués en adjectifs possessifs... /.../
>
> Mais la construction la plus étrange est celle d'un adjectif ou d'un pronom possessif avec le substantif contenu dans l'adjectif possessif: *Господѝноф Сѝн Вилѝкин* 38/5...; *Господѝново Сѝн жѝвот* 128/6...; *Иоáнува глáваta Крѝстен* 143/16 où *Крѝстен* a pris le place d'un substantif apposé, mais est adjectif...; et de même *на цáр И рóдува днѝти Judéйцко* 127/6 où l'adjectif se réfère au groupe *цáр Ирóд*: construction independente du grec ... que suit plus fidèlement 67/1 *на днѝтие Ирóди, шo бéши цáр на Judити; Господѝнoто му Мајка* 'la mére de mon dieu' 82/6; *на рáдус Господнову тфój* 31/14 et *на рáj Господѝноф тфójá* 31/18...; et de même *пáпандйа Господѝнова и Бóжие нáши* 111, titre. A part les slavonismes *тфojá* ... et *Бóжие*, cette construction n'est pas artificielle: le tour *брáтови си думи* 'les paroles de son frére' est connu ailleurs /Sandfeld, p. 189 note 1/ ... Ce tour subit une modification dans le cas du dérivé possessif de *тáткo ми* ou *тáткo му*...: l'élément pronominal, au lieu de suivre l'adjectif possessif, est incorporé entre le substantif et le suffixe *-ов-*. De cette

construction curieuse, comparable au type turc *ев-им-ин* 'de ma maison', nous avons les exemples: *уф тáтко-м-ува кýкја* 37/16; *на тáтко-м-уто йми* 127/43; plur. *на Тáтку-м-ити рабóди* 96_{17}. Le pluriel déterminé, tiré du singulier réduit en *-уто*, a perdu toute trace du suffixe *-ов-*." (VK 119–120).

И најпосле:

„La distinction des adjectifs en *-цк-* et en *-ов-* se maintient dans l'ensemble, mais non sans flottements. L'usuel *Господи́нов* est concurrencé par *Господи́нцка* 45/13, à côté de *Господи́нова царшти́на* 45/11 et de même */прави́ни/ Господи́нцки* 67/4 = *Господинови* 127/14, etc. Inversement, */Цри́кфа/ Христја́ноф*, dans la page de titre de manuscrit de 1863 ... fournit un cas net de substitution de *-ов-а-цк-*; et nous devons penser que *човéиноу* ... s'explique de même par la transformation de la finale *-чки* en *-чнов* avec une forme élargie *-нов-* du suffixe, à la faveur du doublet *човéчки /човéцки/ : човéчни /човéини/*, qui permettait de maintenir le txême *човеч-*. L'adjectif */трапéзата/ зингúнцка* 37/4 a la valeur d'un adjectif possessif en *-ов-*, 'du riche'. Le dérivé en *-ин-* ... de *жéна* est remplacé par *жéнц'кото /прикáзна/* 9/49, où la forme de masculin-neutre sert peut-être à indiquer que le sens est d'un adjectif possessif ..." /VK 121/.

Толку од Вајан. На неговите интересни примери и толкувања за морфосинтаксичката карактеристика на *ПП* ќе се вратиме разгледувајќи форми на граматичка акомодација меѓу две именски синтагми (т.е. граматички експоненти на формална зависност на една именска синтагма од друга). За сега ќе продолжиме со разгледување на проблемот на конкуренцијата на суфиксите *-ов-/ин-* и *-ск-*. Пред сè ќе ја пополниме сликата со современиот материјал од целата јужна територија.

Примерите ќе ги редиме по функции. Прво (*аа.*) *-ин-*, (*аб.*) *-ов-* и (*б.*) *-ск-* (*А.*) во функција на K_e, па сите три суфикси (*Б.*) во функција на $K_{\bar{e}}$.

А. Суфиксите *-ин-/-ов-* и *-ск-* употребени како единични кондензатори:

аа. Суф. *-ин-*: *...дојдоха ламините падари* В, *...проминаха приз Цáрнодрехината порта* В, *...нетри аф момин курем* В, *царјувут син најде моминуту месту по-росну от неговоту* В, *...отиде на пепеларкиноф син...* В, *...да с'ачиш от сестрина ти мрáша една парча* В, *...и му вели на змиен* (sic!) *тáтку...* В, *...да подаш на дивојкината кáпича* ВВ, *...си научи бабин син от змиата* В, *...да гa туриш аф чешминиште курита* В, *Варзала писмото на гáлáбни* (sic!) *крили* В, *ошче кáа е бúла мóма уф бáничината кáпича* ХК...

Скоро сите примери се од кај Верковиќ. Монографистите констатираат постоење на *ПП* со суф. *-ин-* во Мегленско (БМег, во форма *-ен-)* и во Костурско (ШК), меѓутоа во текстовите не најдов потврди. Во Мазоновите студии за Корчанско и за Костурско и Леринско не се споменуваат *ПП*, ги нема ни во објавените од него текстови. Формите *змиен, гáлáбни* (сп. по-

горе) како да сугерираат мешање со придавскиот суфикс *-#н-*. Се чини дека е релевантен како географскиот така и временскиот фактор. *ПП* ги нема на југозапад, а стануваат со време сè поретки и на останатата територија со тоа што како први се губат формациите со суф. *-ин-* (сп. погоре кај Вајан, сп. и подолу во заклучоците од овој параграф).

аб. Суф. *-ов-*: *...немој питаш татковут занајат* В, *Ламинут бързоходец гу усти авциолиовут бързоходеца* В, *виде, госпидине, господуваша помош.* В, *...без да познај никој от протудраков аскер* В, *И така пепел'арув син ... киниса* В, *ниа сми хизмикари на царјув зет* В, *...богатскиј син и куумциоваша жена си зал'убиха дваша* В, *...сиромахувото дете си научи харно царковниј рет* В, *...да откради Марковаша керка* В, *Поповаша мома отиде да църпи вода от бунару* В, *Таму најде слънчова мајка* В, *...отиде праве на господароваша кашша* В, *...ас сам на-бегув Трајко* ПК, *...по трагата оj во цароваша кашча* КК, *и гу закараха на царуваша мама на кашшаша* МС, *...повуту праse* ДВ; единствените два примера од западниот дел на егејската територија се однесуваат на сопствените имиња. Првиот потекнува од Бобошчица: *...му пита трупо Ристософ* МЕЦ, вториот е од Вишени, Костурско (М–СЦ) и се однесува на зацврстеното „сопствено" име на празник: *...на Васил'ов-ден.* Во Мазоновиот текст придавките со суфиксот *-ов-* не се споменуваат.

б. Суф. *-ск-*: *...дојдоха аф царцкиј конак* В, *Така седнаха и царцките људи* В, *...му вели ча му каза кадиата, да е владичка работа таја* В, *...и пристатна господинскаша порака* В, *...богатскиј син и куумциоваша жена си заљубиха дваша* В, *...гу закараха аф кашчаша му на чорбацијсцкото дјате* В, *...му метнова една јаболка на уврејцки син* В, *...за ги метна по речша корабарска нетре* В, *...сус царскаша мама се разгувараш* ХК, *...от онаа карагроши имаши един сос тарапканофска мишан* В, *...искара от конакут владички пусула* В, сп. и алтернативно во истиот текст: *ного лична царува керка ~ царцката керка* УЕ...

Веројатно не е без значење дека сите примери содржат придавки деривирани од општи именки – професионални називи, етнички називи, називи кои определуваат припаѓање кон одредена општествена група и сл., следствено, иако функционално соодветните именски синтагми се однесуваат на идентификувани единки, сепак по модел на зборообразувачката деривација му припаѓаат на множеството генерички кондензатори.

Б. Суфиксите *-ин-/-ов-* и *-ск-* употребени како генерички кондензатори:

аа. Суф. *-ин-*: *...и железни стаи колку иглин врах ки остани...* В, *...колко чиничинуту зарно са чини слабо...* В, *...и сакаши и тојнака да си научи жабин јазик да вреви* В, *...вдикина храна...* БМег. Сп. го и примерот од Костурско од селото Неалани: *Бабино прдиле е вба.* МСЦ, во француски превод: ...C'est l'anneau du fuseau d'une bonne femme...

Приведените примери, иако малубројни, сугерираат дека придавките изведени од општи именки што означуваат животни – кога се со генеричка функција – остануваат во рамките на зборообразувачкиот модел карактеристичен за единичните кондензатори. Костурскиот е единствен пример на „вистинска посвојна придавка" во генеричка служба. Кај примерите како *иглин, чиничин* веројатно игра улога блискоста со суфиксот *-#н-* (сп. погоре под **А.аа**.).

аб. Суф. *-ов-*: *Утшилу идну-царуву дете у-лов* БМег, *...адна студена вода, адна снегова вода* ПК, *...имами максус т'ут'нуви игли.* МС, *...им дава по една катка бршланова* ВВ, *...гора триндафилова...* В.

Примерите се малубројни и – како под **аа**. дериватите од именьата на животни – така овде доминираат деривати од растителните именьа. Поделбата на животински и на растителен свет е случајна и секундарна и зависи од граматичкиот род на базичните именки, меѓутоа останува фактот дека и растителниот (налик на животинскиот) свет претставува едно семантичко поле каде што владее зборообразувачкиот модел примарно карактеристичен за единичните кондензатори.

За разлика од порано наведените примери под **Б.аб**. доминираат цитати од поновите извори, а не од кај Верковиќ. Меѓутоа, малиот број на примери во оваа група не дозволува по тој повод да се формулираат некои далекусежни заклучоци.

б. Суф. *-ск-: ...зема девет олски мрашна...* В, *...тука на човешко месо не мириса* В, *...јазе сам гувидарскиј син...* В, *...селцки имот...* ШК, *...чорбацитцка чупа...* ШК, *Ту кашти са-правни се ут-чувешки коски* ПК, *Чичко имал бибулцка кола...* ПК, *... един кожн ус-чувечки изик* ПДој, *...едно чорбацитцко д'ате останало сирак от татко* В, *...стана мумата ут камината, шту биши сас прос'аскит'а руби* МС, *...си имаши нагутфену женски руби* МС, *...но тинака некоја богатска мома да не земиш...* В, *...да ми купиш... мажки дрехи* В, ... и единствен пример од Костурско: *Да ни дајш биуолска кожа* МСЦ.

Примерите во оваа група семантички се поиздиференцирани отколку во двете претходни. Релативно бројни се дериватнте од ошптите поими како 'човек', 'жена', 'маж' и сл. Се појавуваат и примерите како *селцки имот* каде што суфиксот *-ск-* е примарен независно од функцијата. Изворите се исто така издиференцирани и доминираат поновите.

Ошпто земено претставената слика на функционалната дистрибуција на суфиксите *-ин-, -ов-* и *-ск-* прикажува борба меѓу два семантички принципи. Според првиот доминира основата и дистрибуцијата на суфиксите се врши зависно од семантиката на основата. Вториот принцип се состои во стремежот суфиксот да биде експонент на функцијата на дериватот како целост, т.е. да сигнализира дали се работи за единичен или за генерички кондензатор. Главно надвладува првиот принцип, а сликата со време се компликува поради сè поголемата продуктивност на суфиксот *-ск-* и испаѓа-

њето од конкуренција на суфиксот *-ин-* којшто – според сведоштвото на Вајан (сп. погоре) – на јужната периферија веќе одамна станал непродуктивен.

Се разбира, сето ова се однесува на опозицијата *-ов-/-ин- ~ -ск-*, зашто опозицијата *-ов- ~ -ин-* се базира врз родовиот принцип и примарно зависи од граматичкиот род на именката која претставува појдовна точка на зборообразувачката постапка. Со време, судејќи по малубројните, ама уверливи примери од типот: *владика ~ владички* и овој принцип се семантизира.

Од посебен интерес е фактот дека скоро сите наши примери потекнуваат од источниот дел на егејската територија додека на запад место *ПП* во истата функција ги наоѓаме пред сè зависните именски синтагми. Со оваа констатација му се враќаме на нашиот централен проблем, на конкуренцијата на синтаксичките модели **а.** *ПП • КЧ*, на пр. *царева(та) сестра* ~ **б.** *КЧ • ИС$_c$*, на пр. **ба.** *сестра(та) на цароm* // **бб.** *сестра(та) царуmому*, и сл.

Од семантичка гледна точка синтагмите од типот **а., ба.** и **бб.** би можеле да ги поделиме на две групи зависно, пред сè, од семантиката на конститутивниот член на синтагмата. На првата група ѝ припаѓаат синтагмите како *таmковуm занаjаm* В, *владичка работа* В *гоcподинската поpака* В, *cтpах дефов* В, *царскиј адеm* В, *гоcпоѓувата поmош* В, и сл. Во сите тие синтагми конститутивната именка именува релација чиј аргумент е единката посочена со *ПП*. Обично се работи за појдовниот аргумент кој во реченичната формализација врши субјектна улога, сп.

гоcподинската поpака ~ гоcподин поpачува...
гоcпоѓувата поmош ~ гоcпод поmага...
таmковуm занаjаm ~ таmко е занаeтчија...
односно *таmко е x; x е занаeт*, и сл.

Поретко имаме работа со вториот аргумент по синтаксичко-семантичка хиерархија, чиј експонент во реченицата се јавува како објектна синтагма, сп.:

cтpах дефов ~ X се плаши од деф, и сл.

Во двата типа соодветно сме соочени со конструкции чии еквиваленти во словенските јазици со деклинација се познати како genetivus subiectivus и genetivus obiectivus. Се гледа дека слично на споменатите конструкции и разгледуваните егејски синтагми се апсолутно изоморфни.

Втората група синтагми кои во јужните говори покажуваат конкуренција меѓу *ПП* и *ИС$_{\bar{c}}$* е семантички хетерогена. Тука спаѓаат на пр. синтагмите како *cтapиуваmа пешчера* В, *бабината кăшча* В, *пpоmудpакувоm јуpгăн* В, *пойоваmа балmиа* В, *ламинаmа керка* В, *син самовилин* В, *куумциоваmа жена* В, *пепеларкиноm син* В, *момин курем* В, *гăлăбни крили* В,... Сите тие синтагми ги соединува една синтаксичка особина – сите тие имаат реченични формализации конституирани од глаголот *има*. Семантички се работи за:

– вистинската посвојност, т.е. за релацијата: сопственик ~ поседуваниот предмет, на пр.:

стариуваша пешчера ~ стариош има пешчера / живее во пешчера...

прошудракувош јорган ~ прошудракош има јорган, и сл.

– за релацијата на сродство, на пр.:

ламината керка ~ ламијата има керка...

куумциоата жена ~ куумциата има жена..., и сл.

– за релацијата: дел ~ целост, на пр.

ѓалабни крили ~ ѓалабош има крили..., и сл.

Интересното е дека вистинска содржина на вторите две релации претставува една егзистенцијална констатација од типот 'постои некој за кого може да се изрече една вистинита реченица: ова е ќерката на ламјата', и сл. Заслужува внимание и фактот дека и двете релации од семантички причини во процесот на јазичното комуницирање почесто се јавуваат во именската отколку во реченичната формализација, а не се ретки ни случаите кога реченичната формализација е семантички празна, не ги обогатува нашите знаења. Ова потекнува од фактот дека сме соочени со релации кои претставуваат дефиницискиособини на соодветните поими. Така, во дефиницијата на поимот 'човек' спаѓа особината дека сите припадници на соодветното множество имаат татко и мајка, имаат глава и срце, итн., така што реченицитекако: *Х има мајка., У има ѓлава.,* и сл. употребени примарно (а не, на пр., со смисла 'мајката на *Х* е жива', '*У* е паметен, има добра глава', и сл.) не ни кажуваат ништо што не е имплицирано од самиот факт дека *Х* и *У* се човечки суштества. Од друга страна сосем е нормално дека во определени ситуации ќе посакаме нешто да кажеме за главата на У или – уште почесто – за Х-овата мајка. Со еден збор, во процесот на јазичното комуницирање именските синтагми-определени дескрипции од типот *мајката на Х* или *Х-оваша мајка, ѓлавашта на У* или *У-оваша ѓлава* ни се многу попотребни отколку речениците-тавтолошки егзистенцијални констатации од типот *Х има мајка., У има ѓлава.* Се задржавме малку на овој проблем иако тој е од универзално значење и само како таков е присутен и во егејските текстови. Меѓутоа, ни се чини дека чувањето и дури разградувањето на системот на *ПП* не е без врска со фактот дека тие функционираат пред сè во границите на оние семантички полиња за кои именската синтагма се покажува како поосновна структура од реченицата. Таква формална хиерархија, инаку типична за именските синтагми сведени на конститутивните именки, кај развиените *ИС* (од типот *Х има добра мајка, Х има добра ѓлава,* и сл.) претставува исклучок вреден да му се обрне посебно внимание (сп. 3.2./1.1.2.).

На крајот, ред е и да кажеме дека во општествената средина во која живееме сите три релации од втората група (т.е. сите три релации чиј семантички празен конститутивен член на ниво на реченицата е *има*) вклучувајќи ја тука и вистинската присвојност, т.е. 'слободно располагање со

елементи од (таканаречен) имот', се од основно значење. Тие го определуваат местото на единката и на предметите што ја опкружуваат единката во општествената хиерархија на нејзината непосредна средина.

Ќе се потрудиме сега да ја прикажеме распространетоста и функционалната оптовареност на моделите *а. царев(иот) конак, ба. конак(от) на царот*, и *бб. конак(от) царутому* во јужните говори. Согласно со досега кажаното претпоставуваме дека сите тие модели им служат на сите именувани функции: номинализација, вистинска посвојност, сродство, дел ~ целина, и дека дополнителните членови на соодветните именски синтагми можат да се базираат како врз именката *(царев ~ на царот*, и сл.) така и врз именската заменка (мој ~ на мене, и сл.). Следствено, нашите забелешки во врска со функционалната оптовареност и со морфолошкиот карактер на одделните конструкции ќе се сведат главно на оценката на нивната релативна фреквенција на односното подрачје во односната функција.

МОДЕЛОТ **а**. *ПП • КЧ*

Моделот *ПП • КЧ* сме имале веќе прилика прилично нашироко да го претставиме. Дадовме доста примери и утврдивме дека тие скоро сите потекнуваат од источниот дел на егејската територија и дека се позачестени во постарите извори. Меѓутоа, сето досега кажано се однесува на конструкциите со *ПП* деривирани од (сопствените и општите) именки. Сликата треба да се пополни со заменските примери. Сп. на пр. *...тогас за сјани на сто̀ло големичинетуј тогове* МЕЦ, *...от тогоф грејѝ/ли/. от татькови му?* МЕ, *...трјаби да му сполајве Госпутому за многото добрине тогове* МДЦ, *...и да се љакве от болестѝти т'јамни* МЕЦ, *...дур денес ести от себеѝ тјамен изгнасен дворо схољетому* МДЦ, *...жа ви простѝ и татько ваш, небетому Господинбок* МЕЦ, *И издраве шчеркатà тојна од тој сат* МЕЦ, *И Ристос крена очитѝ тогови на апостолитѝ тогови* МЕЦ, *...колко од тиа умрјаје да му почини Госпо душјате тјамни* МДЦ, *...този име шчо имјаше речено енгело пречисте прет да го земи во коремо тојен* МЕ, *Господину професор* М. *со пошчанатà тогова фамилиа много̀ кланатја...* МЦф, *Ки-врѕме адна-карбла за-пашкатà твоја* БМег, *Нашатà Преспа, сите наши сѐла, што бѐа во Прѐспа, бѐа под бѐго...* ШД, *Јазе сам от твоја земја твој хизмикар* В, *...за да дојдат нихни човеци...* В, *...неговатà кашча има девет порти жележани и заклучени.* В, *Чигови са тиа конаки?* В, *ету и балтиатà негова* В, *...и какви дрехи правиши за неговите деца, такви и на братоватà му деца* В, *...имаш кланети от твојтà внука...* В, *...да видиш, цанум царица и моја керко...* В, *тогаш чул брат му за негу, ама не знаши и нитѝ клаваши на умот да е негов брат траговец* В, *...скору, синку, да идиш сос нашут зет, ча двете ти сестри на зл'а налит'аха...* В, *...направи удаја каква му сакаши неговатà душа* В, *...ако...ја кифил мојатà глава* В...

Како што се гледа од примерите заменските *ПП* функционално не се разликуваат од именските – паралелно со нив тие ги опслужуваат сите горенаведени релации. Посебно внимание заслужуваат синтагмите марки-

рани по апел, како *моја керко* В, *г̀осподáр мóј* В, *г̀раматúк мóј* В, и сл., т.е. синтагмите кои по дефиниција се од референцијално-идентификувачки карактер, а не допуштаат членување – во нив (како и во денешниот стандарден јазик) *ПП* претставуваат речиси единствен начин за изразување содржини конвенционално опфатени со етикетата „посвојност". Меѓутоа, располагаме и со примерот *Сúн мц, зашо такá ни чинú на нác*? ВК, од Кулакиското евангелие. Би била наклонета во овој пример да видам еден од многуте докази дека во времето на настанување на преводот морфосинтаксичкиот систем на кулакискиот говор веќе ја загубил својата функционална кохеренција. Да се потсетиме дека во грчкиот јазик ги нема *ПП* ниту од заменско ниту од именско потекло.

Што се однесува до нивната географска распространетост – заменските *ПП* ги наоѓаме на целата јужна територија. Мошне интересна особина на корчанскиот дијалект е веќе споменатата способност за вградување во *ПП* за трето лице информација за просторната релација спрема говорителот (типот *тогóв ~ согóв*, и сл).

МОДЕЛОТ 6а. $КЧ \bullet ИС_{г̄} ; ИС_{г̄} \rightarrow ИС_{на} / ИС_{од}$

$ИС_{на} / ИС_{од}$ = предлошка синтагма со предлозите *на* и/или *од*

Примерите ги средивме по семантички критериум: /АА/ субјектна номинализација, /АБ/ објектна номинализација, /БА/ вистинска посвојност, /ББ/ сродство, /БВ/ дел ~ целина.

АА. $ИС_{г̄}$ е конституирана од именка: *Со дојдéњето на г̀ърците нáшио пóп избéга* ШК, *Кáто на сóн помéтвам г̀редéњето на г̀ърците ил'ада дéвет стоти́ни и тринáјста годи́на* ШК, *...зборовити от светего Јована...* МЕЦ, *...не можа да тарпи боликата на детето му* В, *Ви́ сте ви́дело уф л'у́дити* ВК, *...да си прикажува џукаја́нитио на л'у́дитио на нéговитио ѝми...* ВК.

$ИС_{г̄}$ е конституирана од заменка: *„...шчо ј тос скокнувани от вас?" „...кој за можи да ја скокни тас дупка, за везми царската мома."* В - наведов малку поширок контекст за да се гледа јасно правецот на номинализацијата; сп. и: *...на ти това кесе и това кепе дар от меника* В.

АБ. $ИС_{ѝ}$ е конституирана од именка: *За сéкој нáрот и́маше óделно мéсто за пречéкван'е на сýлтано* ШД, *И сос млóгу молење на Господа, шчо са молиха, Господ му даде по едно по едно три деца.* В, *...да как с пузнајá на скршéнитио на лéпот.* ВК...

$ИС_{ѝ}$ е конституирана од заменка – нема примери.

БА. $ИС_{г̄}$ е конституирана од именка: *Го зáјсе во нéкој пáлат нéгоф, во на áрáтио пáлатио.* ШД, *...во древоитио бјáше ено г̀њáдо от стрáчка* МЦ, *...к-óдáме уф-нá-цáро двóро* ПДој, *У-нá-цáрут двóрут кундúса* ДКај, *И идну-дéн нáшал идну-сидéло уд-врáтче* ДКај, *...ут-тéтин ни́ва* БМег, *Ги клáват на инá кумшúјка у удајáта н'аштáта...* МС, *...и г̀у закáраха*

на цáрувáта мóма на кáштата МС, *...да имаш на прóтудраку гóлябите, сетника друг кату тебика нема да има на земјата* В, *...имаши таму гн'азда от гарги без број* В, *...најде на един брест гол'ам едно гн'аздо от картал* В...

ИС$_{\bar{z}}$ е конституирана од заменка: *Мóре дă и штáлте нă нас ни сáнóго пó-árнц, откóлко кáште нă них* ПДој, *Уд нă нéго дружнта-j и он* ПДој, сп. и во позиција на именскиот прирок: *...кój ки-а-пузнáе ... на тó ки-бúде кéрка-ми* БМег.

ББ. *ИС$_{\bar{z}}$* е конституирана од именка: *На-цáрут дéтто тúмал тáму* ДКај, *И тáтку-му нă-чýтата излéгал и са-зéле* ДКај, *Нă Грúгутто дéтто сă рăзбулéло* ПДој, *нă Гоце Дéлчув брат му* ПДој, *К-óдум ду нă Кúро мájкă му* ПДој, *...дéjту на-кéрка-ми...* БМег, *...нарáсти на чурбацúјата мумáта* МС, *„é, викн'áти ја на тузú д'áт'а мájкаму.“* МС, *...тáтко му на дéтто* ВК, *...јазе сам на богáт човек син* В, *Варај, сину на мајка, шчо си толку кахарлиа?* В, *Гóспо óдбра чóвек, тá чýта на Јáким и на Áна.* МСЦ, *Се нájде прватa жéна на цáро...* МСЦ, *Чије е вóа дéте? ... Мóје. На Гóспо е.* МСЦ... сп. и во позицијата на именскиот прирок: *Ес бих нă мájка еднó дéте, си лóвих рúби...* ХК, *Е, тáтко, вúке, тó дéте-j-ут тó мáш* ПДој, *Тú сă двéте ут син ми* [scil. деца] *а мóмта-j ут штéрка ми* ПДој, *Тó сă-уд-вýjна внýци* БМег...

ИС$_{\bar{u}}$ е конституирана од заменка: *Мăжо на нéја сéчиши дăрва., Чýтата на нéго сă мăжи., Ýмре мájката на нéја.* ШК, *Нă нéго дéцăта сă пó-акăлли* ПДој, сп. и во позицијата на именскиот прирок: *Цáнум сéга жéна сум нă тéбе...* ХК.

ББ. *ИС$_{\bar{z}}$* е конституирана од именка: *Дáj-му лúста уд-зél'ка дă-jáде* ДКај, *А бре ти-нóсăм кожа уд-лúсца зă-бýнда* ДКај, *...залети и другиот алтăн на дноту на ахтарjут* В, *Тамо најде пак кокалот (кратунатa) от магарешка глава* В, *„Кој ти докара от фил'jут кожата, тојнака можи да ти докара от филдишите кокалиту.“* В, *...дека да најди, от чеимата мајката...* В, *...и да отвориш устата от врекиту* В, *Две зăjчúн'а грúзеја лúсја ут зél'ка* МА, *Дáj-му лúста уд-зél'ка дă-jáде* ДКај, *...áку да úмати вéра кáлку иднó зăрно ут синай...*ВК, *Клáсја от ученúцата úма по зéмата.* ШК, *Се скăрши рăчката от рáлото.* ШК... *ИС$_{\bar{u}}$* е конституирана од заменка: *Дал он ич не ми гa-j скăпал глáвăта нă мéне* ПДој.

Како што се гледа од примерите, моделот *КЧ • ИС$_{на}$/ИС$_{од}$*, општо земено, го наоѓаме на целата јужна територија. Меѓутоа, движејќи се во правецот исток–запад примерите стануваат сè поретки, а во корчанскиот дијалект најдовме само неколку примери со предлогот *од* – еден симптоматичен факт на којшто ќе се навратиме. Од Костур до Солун среќаваме и поединечни примери со *ИС$_{\bar{z}}$* конституираиа од заменка. Се чини дека нивното присуство не е независно од присуството на типот *ме гледа на мене*, т.е. од статусот на предлогот *на* како универзален експонент на синтаксичката зависност на именската синтагма (сп. т. I, 1.1./3.1.2.3.). За да го

обогатиме нашиот фонд примери приведовме и низа конструкции со $ИС_{\bar{г}}$ во позиција на именски прирок. Сите тие потекнуваат од централното егејско подрачје – од Мегленско, Дојранско и Кукушко.

Коментар бара редоследот на компонентите во рамките на разгледуваниот модел. Примерите со предлогот *на* нудат повеќе можности, па од нив ќе го започнеме нашиов преглед. Како прво, можни се два основни редоследа:

– наследениот словенски: $КЧ \bullet ИС_{\bar{г}}$, на пр. *дворот на царот*,

– позајмениот (грчки, турски): $ИС_{\bar{г}} \bullet КЧ$, на пр. *на царот дворот*.

Ситуацијата се компликува кога целата сложена синтагма се наоѓа во позиција на зависност со предлогот како експонент на таа зависност. Тогаш имаме:

– „словенски" редослед: *предлог* $(КЧ \bullet ИС_{\bar{г}})$, на пр. *у дворот на царот*,

– „балкански" редослед во две варијанти:

– со предлогот-експонент на зависноста на целата синтагма исфрлен напред: *предлог* $(ИС_{\bar{г}} \bullet КЧ)$, на пр. *у на царот дворот*,

– со целосна замена на позициите на двете предлошки конструкции: $ИС_{\bar{г}} \bullet КЧ$, на пр. *на царот у дворот*.

Интересно е дека кај примерите со номинализација, т.е. кај примерите од типот А наоѓаме само „словенски" редослед додека кај примерите од типот Б кај непредлошките синтагми двата приведени модели покажуваат иста застапеност, а кај предлошките доминира „балканскиот" модел со исфрлен предлог. Општо земено, појужно и поисточно балканскиот модел пошироко е застапен.

Кај предлогот *од* имаме друга слика: балканскиот редослед повторно е присутен единствено кај типот Б, меѓутоа и овде е поредок во полза на словенскиот. Не располагам со примери на $ИС_{\bar{г}}$ со предлогот *од* вградена во други предлошки синтагми.

Разликата во однесувањето меѓу *на* и *од* веројатно не е независна од функционалната разлика меѓу двата предлога, сп. подолу.

Покрај досега претставените и „чисто" класификувани примери во рамките на семантичките типови А и Б располагам со приличен број „преодни" конструкции. Меѓу нив, едните претставуваат врска меѓу А и Б, додека другите фрлаат светлина врз функционалните сличности и разлики меѓу *на* и *од*.

Во првата група спаѓаат примерите како: *...ние сми на Мојси ученици* ВК, *...ама бог му даде добро и го чини цар на земјата.* В, *...татку ми е цар на змиите* В, *...ние сми хизмиќари на царјув зет*... В, и сл. Конститутивните членови на соодветните синтагми претставуваат nomina agentis, што ги поврзува со нашиот тип А (т.е. со конструкциите конституирани *од* nomina actionis). Нивната интерпретација зависи од дијатезата. Типот *ученици на*

Мојси, хизмишари на царјув зет се движи меѓу БА и Б и сугерира реченична формализација со *има* (*Мојси има ученици, царјув зет има хизмикари*, т.е. 'Мојсеј не е без ученици, царовиот зет не е без измеќари', и сл.), а пак типот *цар на земјата, цар на змиште* упатува поскоро на *Х царува над земјата, ...над змиште*, т.е. функционално потсетува на genetivus subiectivus. Во оваа група примери се јавува скоро исклучиво предлогот *на*, но сп. и: *...аку можеш от това кадру стопанката да ми ѓа докараш тука* В.

Другата група „преодни" примери се оние со *од*. Функционалната конкуренција на предлозите *на* и *од* претставува посебен, прилично сложен проблем. Имено, централното прашање гласи: дали воошто постои една таква конкуренција, т.е. дали во јужните говори синтагмите со предлогот *на* и оние со предлогот *од* се навистина изофункционални. Додека примерите од централниот дел на западна Македонија сведочат за апсолутна изофункционалност во зоната на широко сфатената „посвојност" (сп. Видоески 1968, Конески 1981), оние од јужните, егејските дијалекти покажуваат - барем така се чини – постара, главно комплемеитарна дистрибуција на двата предлога. Погоре меѓу примерите што го илустрираат разгледуваниот модел на „посвојна" синтагма, приведовме и еден број примери со *од*, меѓутоа повеќето од нив, меѓу другото примерите од источниот дел на егејската територија, се подлагаат и на друга интерпретација, примарна кај сиитагмите со *од*, а имено:

– во типот А: *од Х* = 'направено од (страна на) Х' т.е. 'што го направил Х'
= 'кој доаѓа од Х' т.е. 'чиј извор е Х'...
– во типот Б: *од Х* = 'кој порано му припаѓал на Х'
= 'кој доаѓа од страна на Х', 'кој е роден од Х'
= 'кој порано бил составен дел на Х'...

Сп. ги и примерите кои – иако блиски – не подлежат на „посвојна" интерпретација: *А бре ти-нóсам кожа уд-листа зă-бúнда* ДКај, *Тáму нăjдóме уд-éлен иднă-стăтáл'ка* ДКај, *Ми-са-jáде ут-крáва мéсо* ДКај, *...да земиш девет мрăша от ола* В, *...или балтиата ки загубиши, или хортомата от добитакут* В, *...и тáм имáлу н'éтр'а ут пúл'а мл'ăку* МС, *Тојнака тогас тури на вогино перото от мрафките* В, т.е. 'добиено од мравките'...; сп. ги и цитираните од Вајан (ВК 174): *злáтоту ут áгата, ут нéбито пилúтити, ут дúви пчéли мéт*... или цитираните од Шклифов (ШК69): *трáга от вăлк, сирéње от бфца, кóжа от мéчка, дýка от зăек* ... – сите еднозначно генерички. С. Гоголевски (1982: 205, 220) обрнува внимание на фактот дека конструкциите со *од* се обично од генерички карактер додека оние со *на* се од строго референцијален, идеитификувачки карактер. Значи mutatis mutandis, во врска со нашиот модел *ба.* се поставува истото прашање што го разгледувавме погоре во врска со *ПП*, т.е. со моделот *а.* – прашањето на референцијалната карактеристика на синтагмата како критериум за нејзината граматичка формализација.

Меѓутоа, дури по елиминација на сомнителните примери врз основа на сите наведени критериуми остануваме со еден фонд, нако малубројни костурски примери, од типот *од тетин нива*, и сл. Во оваа ситуација и врз основа на горекажаното треба да констатираме дека во западноегејските говори се гледаат почетоците на граматикализацијата на предлогот *од* како конкурентен експонент на граматичката зависиост на именската синтагма наспрема *на*. Пошироко за овој процес сп. подолу во врска со примарните функции на предлогот *од* како и во врска со експонентите на зависност на *ИС* од глагол (т. 1, 1.3.1.2.5.2.1.). Во таа прилика треба и да се споменат извесни аналогии во дистрибуцијата на македонските *на* и *од* од едната, и ароманските *а* и *ди* од друга страна. Судејќи според сè изофункционалноста на македонските предлози е поизразена од онаа на ароманските и тешко може да се зборува за влијанието на ароманските врз македонските состојби (поинаку Б. Конески 1967).

Пред да поминеме на моделот *бб.*, т.е. на конструкциите од типот *куќа(та)му / куќа(та) царутому* ред е да споменеме дека меѓу примерите со коишто го илустриравме моделот *ба.*, во точка ББ (којашто ја симболизира релацијата на сродство) се најдоа и синтагмите како *на Киро мајка му* и сл. со заменската клитика – експонент на идентификувачката референција. На овој, инаку стандарден, тип конструкции ќе се вратиме откога ќе ги прикажеме сите структурни можности што ги нуди моделот *бб.*

МОДЕЛОТ **бб.** $КЧ \bullet ИС_{\bar{i}} : ИС_{\bar{i}} \rightarrow ИС_{\partial}$

$ИС_{\partial}$ = именска синтагма во дативна морфолошка форма

Примерите се средени како во претходната точка: /АА/ субјектна номинализација, /АБ/ објекатна номинализација, /БА/ вистинска посвојност, /ББ/ сродство, /БВ/ дел ~ целина.

АА. $ИС_{\bar{i}}$ е конституирана од именка: *Тиа чуе сој лаф царутому* МЕЦ, *...и сој чекјаше царчинатa Госпутому* МЕЦ, *Почарна палато отвнатри и на двор за желбата чујатуј* МЦ, *Така се формасви карактеро и тврднината човекутому* МЦ$_{ф}$, *...ка видое затресејнето земјатуј...* МЕЦ, *Видјајте*

$ИС_{\bar{i}}$ е конституирана од заменка: *...и от млоѓоту му молени ѓосподи дочу неѓоватa молба* В, *...да ми чини спомин по умирањето ми...* В, *...да ти видам сеѓа јунацкото ти'!* В...

АБ. $ИС_{\bar{i}}$ е конституирана од именка: *...чаластисае за откупењето селутому от имљак'о...* МДЦ, *Јаскај сја сфетлинатa сфетутому* МЕЦ ..., *да отѓовора ... за мадето о купењетому селутому* МДЦ.

$ИС_{\bar{i}}$ е конституирана од заменка – нема примери.

БА. $ИС_{\bar{i}}$ е конституирана од именка: *...дојдое до царотому баџа* КК, *...и нативае царотому коња* КК, *Оттаму за занесве вуѓетотаму кајча*

ШК, *...бегу́тому ни́ва* ШД, *...го заведо́ше в одеја́та цариџа́тиј* МЦ, *Видја́јте јегња́то Госпу́тому...* МЕЦ...

ИС$_{ӣ}$ е конституирана од заменка: *...и то̄јнака запаљува фенерчи́ту му...* В, *...си затвори аф удајата му* В, *...најдох па̄к карагро̄ш на двору ми* В, *Он па̄к сос сиромаха си отидоха на домите си...* В, *...не само момата ми да ти дам, л'у и половината ми царчина* В, *отидо́а ф ку́ќата му* МЕВ, *Ка̄ичата ти ке падни.* ШК, *Ни́вјата ни и кре́на бу́рата* ШК – двозначен пример, *...и куџимчи́јата си ути́ди дума́му* МЦ, *...Парашке́ва Филто́ва не́ ја бе́ше до́ма е со кол?* МДЦ...

ББ. *ИС$_{ī}$* е конституирана од именка: *...ти́скај си́ сы́н Госпу́тому* МЕЦ, *...сој бја́ше син Госпу́тому* МЕЦ, *Јо заведе дома син цару́тому* МЕ, *Звја́је и пласнаје мајка невести́јатиј* МЦ, *А по̄големјо син тому та̄тку беше на нива* МЕ, *Оди ца́ротому сы́н сы́м да и напи́ќе ко́њата* КК, *Тој ја зве́ за неве́ста ца́ротому шче́рка* ШК, *Де́ка о дја́волоту́тому ма́јка бе́ше?* ШК, *По̄тоту́тому сы́н се же́ни.* ШК, *...цару́тому чупа, попу́тому сы́н, дјаволтому ма́јка* ШД, сп. ги и сопствените имиња што ги приведува Шклифов од Долна Преспа (ibid., 49): *Фи́лип Бе́гутому, Ни́кола Ба́четому, Ко́те Па́нчетому, Ма́лина Бе́гутому...*

ИС$_{ī}$ е конституирана од заменка: *Старицата влја́зе внатри и вели шчеркја́-је...* МС, *Чупата тарченичкум внатри и вели мајкја́-је...* МЦ *...и купи женја́-му ен то бомбак* МЦ, *...и сестра мајкја́ му Мариа* МЕЦ, *...без да каже нишчу на та̄јфата му* В, *...му останаха ошчи пе̄тнајси ѓимии от та̄тко му...* В, *Господ да прости та̄тка му и ма̄јка му он, шчо чини та̄ја харно̄тиа* В, *Пак ма̄јка му му вели...* В, *...сакам да идими на ѓости аф та̄тка ти* В, *Та́ткуми са́ка и те́бе да́-та́-зе́ва...* ДКај, *по̄клон имаш от синот ми* В, *...кој ки-а пузна́е...на то̄ ки-бе́ше ќе́рками* БМег, *Дубр'а́ ми дојди, д'а̄т'анто́ми, ја́са то̄ју́т каснет.'* МВ...

ББ. *ИС$_{ī}$* е конституирана од именка: *Ижлја́зи барѓу́ј...по сокаџи́ти касабја́тиј* МЕЦ, *...и токо шчо ижлја́зе от водата рекја́тиј...* МЕЦ, *...шчо за се речи местото коскја́тиј главја́тиј па̄рвотему човек Адам...*МЕЦ, *...и ја кубето црквја́тиј се рајџа́ши на две* МЕЦ, *...го најдоје тоѓва во алта̄ро црквја́тиј* МЕЦ, *...го кладе во ѓроб камнен и камен плоча на вратата ѓробутому* МЕЦ, *...дур денес есши от себеј тја́мен изѓнасен дворо схољетому* МДЦ, *Мја́не не турнае от скалата схољетому?* МДЦ, *На вало́тому ро́к да са́ скри́еш, па́ ке та́ наме́риме* ШК...

ИС$_{ӣ}$ е конституирана од заменка: *...тури јулмекоп на ѓа̄рлото му* В, *...имам на ѓлавата ми ама немам на пазваша ми* В, *...стана прав на ногите си, ѓу досрети...* В, *...му вели сос сла́зи на учите и* В, *...рибата имала лоша рана на ѓа̄рбо и* В, *...и носила стомна сос вода аф рамотоја* В... До сега наведените примери сите се од источниот дел на егејската територија; единствените два примери од запад и двата се под прашалник, сп. *...го пу́шчи чу́јето. Ра́ците му и има́ше че́рни от*

стáтут. ШК – каде што посвојната клитика е јавно редундантна, и: *...на рáката му вúшел прстéно, а му зéл.* МСЦ – каде што клитиката поскоро е во однос на зависност со глаголот. Од Бобошчица немам ниту еден пример.

Еве уште неколку конструкции од типот што го нарековме преоден меѓу А и Б: *...ти си царо чефутúтим* МЕЦ, *Бегáјте ... во огно вјáчен шчо есúи зготóвен за врагáтого и за енгелúти врагутому* МЕЦ, *Есе порачен от господин-ми да ви реча...* МЦ, *...научи от стотúнаро низамúтим...* МЕЦ.

Односот меѓу именската и заменската варијанта на конструкцијата во рамките на моделот *бб.* е многу поизразито асиметричен отколку во случајот на двата претходни модели.

Од една страна, именската варијанта на овој модел – којашто е позната единствено во западниот дел од јужната територија – во Корчанско е речиси генерализирана на сметка не само на единичните, туку и на генеричките придавски кондензатори, сп. ги на пр. конструкциите: *Разберјáте ка расúе л'уленúчата нивјáтем* МЕЦ, *Кондилото трупутому есúи окото* МЕЦ...; сп. го и примерот којшто сведочи дека истата таа конструкција се појавува на место на таканаречениот временски генитив: *...бјá ... десéт сато денутому* МЕЦ, *Бјáше шесúт сато денутому* МЕЦ, или во случај на сосем далечна семантичка деривација како: *...поради адетo праз-никутому* МЕ, т.е. 'поради адетот сврзан со тој празник', и сл.

Од друга страна, заменската варијанта на конструкцијата е позната ширум Македонија, меѓутоа, што се однесува до егејскиот дел тежиштето ѝ се наоѓа на југо-исток, што не би требало ни да нè чуди со оглед на фактот дека (генитивната) заменска енклитика е основен начин да се изрази немаркирана посвојност во димотики. Заменките во моделот *бб.* задолжително се јавуваат во клитички облик, во постпозиција во однос на целата именска синтагма што ја придружуваат или пак – поретко, во случај на развиените синтагми – во однос на првиот ортотонски член на синтагмата, сп. *Умрá на-друзјут ми-брáт аднá мáмичка* ПК, *...дур не земе изим от стáра си мајка* ВС, и сл. Мошне е интересно однесувањето на заменските клитики коишто ги придружуваат имињата на сродство (нашиот тип ББ). Се чини дека во соодветните синтагми (коишто обично се со еднозначно идентификувани референти) дативните заменски енклитики се отидени најдалеку по пат на десемантизација и граматикализација, па како да се претворени во граматички (флексивни?) морфеми.

Споменатиот процес добро се гледа во конструкциите со општа шема по моделот *аб.* (значи *аб.* ББ) што сепак ги вклучуваат семантички редундантните клитики, сп. *И тáтку-му нá-чупáта излéгал и са-зéле* ДКај, *нá Гóце Дéлчув брат му* ПДој, *К-óдум ду нá Кúро мáјкá му* ПДој, *„é, викн'áти ја на тузú д'áти'á мајка-му."* МС, *...тáтко му на дéтиито* ВК, *Тáј та на-кавцúката сúн мо га-засакáл на-дóда* ПК, *Вéли на нéгу сéстра му на умрéњут Мáрта* ВК, *Брáтјата му и на двéте чýти се отепáе* ШК... Един-

ствениот пример од западниот дел на територијата, оној од Шклифов, е истовремено единствен во којшто конститутивното име на сродство се појавува со член, што го прави примерот двојно сомнителен. Инаку иминьата на сродство во наведените конструкции се појавуваат без член. Би можеле лесно да ги толкуваме како инхерентно определени (слично на именките *сонце, земја,* и сл.), меѓутоа присуството на заменските клитики сугерира заклучок дека токму тие се во случајот носители на референцијалната информација. Да се потсетиме дека моделот *мајка му на мојот пријател*, и сл. е задолжителен во стандардниот јазик.

Друг тип синтагма мошне интересна со оглед на улогата на заменските клитики се конструкциите од типот БА, ББ или БВ со вградена конструкција од типот ББ. Интересно е дека конститутивниот член на зависната конструкција се реализира како *ПП* придружена од заменската клитика. Сп. *И така пепеларјув син сос мајчините му молитви ... киниса* В, *...да ѓа помитеми братовата ми кайча* В, *...му извади татковата му пушка* В, *...отиде и на таткувите му конаци* В, *...сироти мајчини му повеленија...и дошел у дјадова ми кайча един гост...* В, *...отидоха на зетјувата му кайча* В, *...отиди на господарјувата му кайча* В, *...умр'а братовата му жена* В, *...ѓа најдé братовата му бърза кóн'а...* В, *...си утйде нă бáичинăта си кайча* ХК, *...да ѓу пуштиш уф тáйку-м-ува кýка* ВК (според стандардниот библиски превод: *Прати го во татковата ми куќа'.) ...дурде не си закáлнети за мајчино ви златни зáб.* В, *...нос му и л'акот на таткови ме очи.* В,
карактеристични за источниот дел на егејската територија (сп. ги погоре приведените толкувања од Вајан) претставуваат интересен и уверлив доказ дека во соодветниот морфосинтаксички систем *ПП* имаат статус на (зависните генитивни) именски форми. Заслужува внимание и заменската мутација на гореразгледуваните конструкции, т.е. типот *Кој ки ѓу фáте ки бúде прáф уф цáрствуто ми мое.* ПДој, *...брáткја му нéгува...* ВК, и сл. Последнава конструкција, иако синтаксички е паралелна со претходните, семантички се издвојува поради кореферентцијалноста на двете заменски форми. Со нивното повторување се постигнува експресивно потсилување иа соодветната релациска содржина (во нашите примери: на вистинска посвојност, односно на сродство). Моделот (*татко ми мој*, и сл.) му е познат и на стандардниот јазик и претставува своевидна формална и функционална паралела (генитивна!) на удвоените заменски конструкции од типот *мене ме, мене мц,* и сл.

Сумирајќи го кажаното за конкуренцијата меѓу посвојните придавки (*ПП*) и зависните именски синтагми од типот *ба.* и *бб.* треба да подвлечеме дека:

– односите меѓу именската и заменската варијанта на соодветните конструкции се базираат врз изразита асиметрија: заменските *ПП* стапуваат во вистинска конкуренција само со дативните клитики (*типот бб.*), додека моделот *ба.*, т.е. предлошката синтагма кај заменките претставува реткост; кај именките сликата е не само поинаква, туку и

директно зависна од факторите простор и време – имено во постариот период на запад доминира моделот ***бб.***, а на исток моделот ***а.***, со време врз нив се наслојува моделот ***ба.***, присутен денеска на целата територија;

– вториот заклучок се надоврзува директно на првиот, имено ред е да се подвлече дека во доменот на широко сфатената посвојност на јужната територија се забележуваат два прилично оддалечени системи на граматички средства за изразување. Во Корчаиско и во Костурско прилично долго се држи еден трипадежен систем на именската деклинација; во рамките на тој систем дативните форми изразуваат како зависност на именската синтагма од глаголот (таканаречениот дативен - индиректен – објект) така и зависност на именската синтагма од една друга именска синтагма (т.е. генитивен однос). Широко сфатената посвојност е централно семантичко поле што на површината на текстот се одразува токму како граматичка зависност меѓу две именски синтагми. На југоисток, во Солунско, нема трага од именски синтетичен датив, а како основно средство за изразување посвојност се јавуваат посвојните придавки чиј систем е овде веројатно најразграден во споредба со другите словенски подрачја и коишто имаат статус на флексивни а не зборообразувачки деривати од соодветните именки (што се однесува до паралели од западнословенското подрачје сп. R. Lötzsch 1965). Централната егејска територија не покажува некои посебни особини при изразувањето посвојност. Таа се карактеризира со инвентар изразни средства карактеристични за источната варијанта но – судејќи по достапните извори – со помалку разгранет систем на *ПП* коишто се повлекуваат пред (порано овде навлезените?) предлошки именски синтагми;

– најпосле, што се однесува до можните корелации меѓу одделните семантички релации опфатени со терминот „посвојност“ и граматичките средства за нивното изразување можеме да го кажеме следното:

  – кај синтагмите што ја изразуваат релацијата на сродство се гледа тенденцијата на трајно поврзување со дативните клитики како експоненти не само на посвојност, туку и на референцијална определеност; на места тие постигнуваат полна граматикализација (= десемантизација) и се претвораат во еден вид флексивни морфеми;

  – кај синтагмнте што ја изразуваат релацијата: дел ~ целина посебно често се појавува предлошка конструкција со предлогот *од*. Изворот на таа ситуација – барем така ни се чини – треба да се бара во двојната можна перспектива на согледување на предметите што во нашата перцепција се определуваат како делови на некои поголеми целости. Имено, тие можат јазично да се именуваат и да бидат предмет на предикација и кога уште претставуваат неиздвоен дел на соодветната целина и кога на природен или неприроден начин се одвоиле од целината и претставуваат дискретни елементи на ствар-

носта (на светот што нè опкружува). Во првата ситуација примарен експонент е предлогот *на*, во втората – предлогот *од*. Меѓутоа, во нашето размислување и кажување границите меѓу двете состојби често се бришат. На пр. кожата на лисицата може да биде предмет на мисловна шпекулација и на јазична номинација како можен кандидат за шубара додека уште е жива лисицата, и сл. Следствено, зоните на употреба на двата предлога се вкрстуваат, што создава услови за натамошна експанзија на *од* – пошироко за функциите на предлогот *од* сп. т. I, 1.1./3.1.2.5.2.1.

– останатите релации опфатени со поимот „посвојност" не покажуваат некои посебни формални тенденции. Со време, кај сите надвладува предлошката синтагма со таканаречениот „граматички" предлог *на*.

На крајот на овој преглед вреди да се подвлече дека во самото кажување на информаторите од кои потекнуваат анализираните текстови прилично често моделите од типот *а.* (т.е. моделите со *ПП*) директно конкурираат и се прелеваат во моделите од типот *б.* Понекогаш дури имаме чувство дека сме сведоци на никнување на нови придавски деривати, посебно на оние од групата генерички кондензатори. Сп. на пр. во збирката на Верковиќ, во текстовите на истите приказни, паралелни конструкции како:

Верковиќ 10:

„Кој ти докара от филјут кожата, тојнака можи да ти докара од филдишите кокалиту".

...са причу неговата удаја от филдиш кокалиту и препослана сос филју кожа...

...сед'аха аф филдишната удаја...

Верковиќ 26:

...да ми чиниш един стаи от жел'азу...

...и железни стаи колку иглин врăх ки остани...

Верковиќ 21:

...да земиш девет мрăина от ола...

...зема девет олски мрăина...

Верковиќ 41:

Това нешчу е от чиница зăрно

...колко чиничнуту зăрно са чини слабо, толко и човеците са чинат слаби...

Сп. и: *...беши нечадин: не му даваши Господ чедо* (В 26)

Во врска со споменатата конкуренција на заменските клитики наспрема придавските посвојни заменки сп.:

Верковиќ 11:

...поклон имаш от мој сина...

...поклон имаш от синоту ми...

Најпосле, не е без интерес и да видиме паралела меѓу конструкциите од Кулакиското евангелие и од современиот превод на Новиот завет како потврда за големата застапеност на моделот *а.* во југоисточните егејски говори. Сп.:

Кулакиско евангелие:

И вóа ј Јоáнува кажувáнитo...

Современ превод:

И тоа е сведочанствотo на Јована...

Кулакиско евангелие:

Исправéјтисте пáтот Господúново;

Современ превод:

Исправнете го патот на Господа;

Кулакиско евангелие:

Да тáмо бéши Јакóвува бунáрот.

Современ превод:

Таму беше изворот на Јакова.

Кулакиско евангелие:

Ут крáј ут Евангéљот Исус-Христóс-ува, Сúн Господúново;

Современ превод:

Почеток од Евангелието на Исуса христа син Божји;

итн. итн. – сите примери содржат единични кондензатори. Сп. го и едниот пример со генерички кондензатор и со обратна паралела:

Кулакиско евангелие:

... áку да úмати вéра кóлку иднó зáрно ут синáј...

Современ превод:

Ако имате вера колку синапово зрно...

Се добива впечаток дека во Кулакиското евангелие имаме работа со еден разграден систем експоненти на граматичките функции на именските синтагми во којшто *ПП* – единични кондензатори како да претставуваат елементи од падежната парадигма, додека придавките – генерички кондензатори во текстот не се ни регистрирани.

Засебен проблем од интерес не само на релацијата: македонски говори ~ македонски стандарден јазик, туку и пошироко на релацијата: кирилометодиевски стаидард ~ современ македонски стандард, и најпосле на меѓусловенските релации е статусот и зоната на употреба на таканаречената повратна заменка, т.е. – во нашиов случај – на посвојната заменска придавка *свој* и на дативната постпозитивна клитика *си* во нејзината адноминална служба.

Основен принцип на денешната функционална дистрибуција на формите *свој* и *си* гласи дека тие задолжително упатуваат на референт на таканаречената субјектна синтагма (= синтагма којашто се наоѓа во граматичка меѓузависност – интердепенденција – со предикатскиот израз). Споменатиот принцип е од универзален карактер. Неговото кршење би водело кон некохерентен текст.

Во современиот македонски стандард формите *свој* и *си* слободно се редуваат со соодветните форми еднозначно маркирани по лице, број и род, т.е.

свој ~ мој, твој, негов, нејзин, наш, ваш, нивни
си ~ ми, ти, му, ѝ, ни, ви, им

сп. на пр. *Ќе ти ја дадам мојата/својата книга., Министерот дошол со својата/неговата сопруга., Тој ја почитува сестра си/сестра му., Јас не го видов сина ми/сина си* (последниов пример сп. Конески 1982: 336). Меѓутоа, за да ја прикажеме сликата коректно треба и да кажеме дека доминираат синтагми со категоријално маркираните заменски форми иако оваа доминација е поизразена во првото и во второто отколку во третото лице. Сепак, типот *СИМПО ве очекува во неговите салони во Скопје.* е денеска широко застапен, а типот *Тој сака да ја испрати ќерка му.* е скоро генерализиран.

Во кирилометодиевскиот стандард сликата е поинаква. Ги нема новотворбите *негов, нејзин* и *нивни*, а нивните функции во двата броја ги врши заменката *свој*. Со други зборови: како немаркирана по лице таа се редува со соодветните маркирани форми во синтагмите кои упатуваат на учесниците на говорната ситуација, додека во синтагмите кои упатуваат на таканареченото трето лице нема конкурент во класата на посвојните заменски придавки. Мошне е интересно дека во канонот има конструкции што не го чуваат принципот на упатување кон субјектната и само субјектна синтагма, сп. во Мариинското евангелие: *довълетъ дьн/ь/ зълоба своѣ; ли кто естъ отъ васъ члвкъ его же аште проситъ снъ свои хлѣба; глаще емоу оученици свои...* (цитирам за Николаева, 1983: 70). Значи, *свој* се појавува во целата функционална зона што денеска им припаѓа на заменките *негов, нејзин* и *нивни*. Овој факт дополнително го истакнува припаѓањето на таканаречената повратна заменка кон заменскиот систем на третото лице. - Уште во канонот се појавуваат и дативните клитики како конкуренти на *ПП*. Нивната постпозиција сè уште не е зацврстена. Категоријалната дистрибуција на *си* ѝ одговара на онаа на *свој*.

Како репрезентативна за севернословенските (западните и источните) јазици ќе ја опишеме ситуацијата во полскиот јазик. Заменката *swój* се редува овде со категоријално маркираните форми за прво и второ лице, додека во доменот на третото лице таа е без конкурент, т.е. на пр.

/1/ *Dam ci swoją książkę.* // /2/ *Dam ci moją książkę.*, ама

/3/ *On ci da swoją książkę.* а не **On ci da jego książkę.*, бидејќи последното би водело кон референцијална некохеренција. Меѓу конструкциите од

типот /1/ и /2/ постои интересна, не само стилска опозиција. Именно, додека типот /1/ е немаркиран, во типот /2/ *ПП* по дефиниција стои под реченичен акцент; се работи за една асерција потсилена со надградена негација, имено се кажува 'ќе ти ја дадам мојата, а не книгата на некој друг', 'не е вистина дека ќе ти дадам книга на некој друг, а не мојата'. Кај третото лице истото значење се постигнува или исклучиво со прозодиски средства или со внесување на лексемата własny 'сопствен': *On ci da swoją własną książkę*, и сл. Во полските дијалекти како и во дијалектите на другите северословенски јазици со различна фреквенција се застапени новоникнати форми слични на стандардизираните јужнословенски од типот *негов, нејзин, нивни* – пошироко за застапеноста на овие творби на словенскиот север сп. В. Krleja 1962, Z. Topolińska 1981. Отсуствуваат дативни клитики со „посвојната" адноминална служба.

Најпосле, ситуацијата во словенечкиот и во српскохрватскиот од северословенската ја разликува *а.* присуството на стандардизирани форми од типот *негов, нејзин, нивни*, кои меѓутоа се јавуваат во строго додржана комплементарна дистрибуција наспрема *свој* и не се способни за кореференција со субјектната синтагма, сп. на пр. срхр. *Дошао је са својом супругом.* наспрема *Видела сам његову супругу.*, и сл. *б.* спорадичното појавување на адноминалните дативни клитики, при што дистрибуцијата на *си* потсетува на онаа на *свој*.

Во јужните македонски говорн повратната заменка се појавува ретко. Судејќи по малубројните примери позачестена е на запад и на север отколку на исток и на југ. Ќе ги наредиме прво примерите каде што таа се јавува, а потоа ќе поминеме на конструкциите што ги преземаат нејзините функции.

ПП свој *Јас си е сакам својта татковнина.* ШК, *Тој не можи да го работа својо имоти, а не чуж да зева.* ШК, *За својте деца се грижи.* ШК, *Јанеф си а остај својата жена...* ШД, *Нестата ке и дарва својте роднини от старна на татка му* ШД, *Секое село има свој јозик* ШД, *Секој си-гу-лафе својту лаф* БМег, *Секој си-гу-жал'а својту* БМег...

Има и примери кои покажуваат специфично деривирано значење развиено во синтагмата *свој човек*, т.е. 'предан, приврзан, лојален', сп. *Да грејте по набргу при нас, ние сме свој л'уѓе* ШД, *својте л'уѓе не-ти-вируват* БМег – поместената семантика наоѓа одраз и во синтаксата на приведените реченици, имено формата *свој* се појавува во субјектни синтагми, т.е. во позицијата што ѝ е недостапна во нејзината примарна служба. Семантички кон втората група спаѓа и реченицата: *Јас имаф свој чоек во Америка...* ШД. За паралелна семантичка деривација во рускиот јазик сп. Падучева, 1983: 79

си во функција на адноминална клитика: *И тáкá ус ýмо си уфчáркáта сă чинúла цáрúца.* ПДој, *Зéли дă колáт вójскáта сус сáблúте си.* ПДој, *Ду сúга бише анцúја, а сигá си утúде нă бáничинáта си кáшча.* ХК – сите три примери потекнуваат од западниот дел на источниот дијалектен комплекс.

Со еден исклучок сите приведени примери на *свој* и *си* се од доменот на третото лице. Меѓутоа, обично соодветните функции ги вршат заменките експлицитно маркирани по лице и тоа *а. ПП*, на пр. *Рече Господино наш Ристос апостолитим тогови* МЕЦ, *...и úшчи во лозjéто тогóво.* МЕЦ, *И Рúстос крéна очúти тогóви на апостолúти тогви* МЕЦ, *И цáрут вăрве фăфă Дójран сус нéгув'та брдија* ХК, *Дигнá се мóм'та, флизé уф другăта стáа. Зúме нейно тригодúшино дéте.* ХК, *Така кату чу цар'ут от неговојут гнусин човек, си зарадува...* В, *Сjă не-jáде сéкуј сус-нéгувăта рăка* ПДој, *...там д'е сúăши на н'éгубту м'áсту клáва идúн чанкýр.* МВ и сл. *б.* клитиките, на пр. *Дујдé адна бăрчéшка и вúке нă мăjкá-ин:...* ПДој, *Дéшто а зел и нă сéстрă му* ПДој, *Нă мăjка му úй устáви нóго злáто* ХК, *...шури јулмекош на гăрлошо му* В, и сл. На ист начин таканаречените лични и посвојни заменки за трето лице ја елиминираат повратната заменка и од други позиции, сп. *...имаши една подница л'ăй сос негу* В, и сл.

Во доменот на првото и на второто лице во двата броја доследно се појавуваат заменски облици соодветно маркирани по лице.

Според зборовите на Мазон на западната периферија од јужномакедонскиот јазичен ареал семантичката деривација отишла уште подалеку. Сп. „Il est intressant de constater que *свој* n'existe plus qu'en fonction de substantif au sens de „parent, parente": sing. *свој* (pour le masc. et le fém.), plur. *svojóvi*. On dit ainsi *гу'ма свој шóгва* „il l'a pour parent", ou bien *ју'ма свој шас* „il l'a pour parente", et sfojovti „les siens, la parenté"... (MC68).

Сп. го и коментарот на Бајан: „Du pronom possessif réfléchi, nous trouvons les formes: *су úмшо сфój* „en ton nom" 12_{17}, 12_{18}; *сфóи са* „sont à toi"... Ce pronom, qui n'apparait que dans deux Évangiles, n'est plus qu'un slavonisme incorrect, conçu comme simple doublet de *шфój*. Il a été remplacé par les possesifs des pronoms personnels et de l'anaphorique: */Христос/ на дóи на слáваша нé ова* 4_{22}, *á-ку не пруштáвати сéкој на нéгговóшо брáт* 26_{21}, *са варнáла на нúња кýкја* 82_{14}, etc. Le fait est balkanique ... quant à la perte de l'emploi de *свој* comme réflechit pour toutes les personnes, et à la confusion de *свој* et *негов* etc. à 'la 3e personne; mais il est slave pour la préférence accordée sur *свој* aux dérivés possessifs de l'anaphorique." (ВК125).

Заклучоците од досегашниот наш краток преглед гласат дека за разлика од другите словенски јазици македонскиот дијасистем се оддалечува од наследената состојба и покажува тенденција кон елиминација на повратната заменка. Оваа тенденција е посебно изразена во семантичкото поле на таканаречената посвојност, при што процесот во јужните дијалекти отишол подалеку отколку во стандардниот јазик.

Се поставува прашање на што се должи споменатата македонска тенденција и кој е механизмот на иновација. Познато е дека одговор на првото прашање треба да се бара во несловенското балканско опкружување на македонските дијалекти. Имено, познато е дека грчкиот јазик воопшто ја нема категоријата *ПП* ниту во именскиот ниту во заменскиот систем, додека пак во системот на адноминалните посвојни клитики отсуствува форма немаркирана по лице, број и род (т.е. форма која би одговарала на таканаречената „повратна" клитика). Познато е исто така дека во ароманскиот системот на заменските *ПП* не ја познава повратната форма, т.е. вклучува само форми маркирани по лице, број и род (= типот претставен во македонските *негов, нејзин, нивни*); слично и ароманските постпозитивни клитички форми (во крушевскиот дијалект *-su m* sg и *-sa f* sg, сп. Голомб 1984: 78), кои во адноминалната, „посвојна" функција се поврзуваат само со имињата на носителите на основните релации на сродство, еднозначно се маркирани по лице (т.е. го застапуваат типот претставен во македонските *му, ѝ*). Нота бене, адвербалните клитики базирани врз истиот корен *s-*, иако и тие го опслужуваат само третото лице, Голомб – се чини само по инерција – ги толкува како повратни (op. cit., 88). Познато е најпосле, дека во албанскиот стандарден јазик а. суштествува серија на заменски *ПП* кои одговараат функционално на македонските *мој, твој, наш, ваш, негов, нејзин, нивни,* а исто така и повратна форма која одговара на *свој*. Последната во принцип се редува со формите маркирани по трето лице, се појавува релативно ретко и е позачестена во поново време (сп. Newmark 1982: 315–319); б. со имиња на сродство можат да се појават и препозитивни посвојни клитики, меѓутоа, меѓу нив нема повратна форма; во функција на посвојните клитики за трето лице, т.е. на македонските *му, ѝ* – според формулацијата на најновата и најобемна граматика на албанскиот стандарден јазик што ми е пристапна – секундарно се појавуваат соодветните членски клитики. Сп. „Pronominal adjectives usually appear after the nouns they modify, except that singular first and second person adjectives may follow or precede the ... kinship nouns...Third person pronominal adjectives cannot precede nouns. However, the kinship nouns ... can be preceded by an adjectival article with the same value for the third person... "(op. cit., 316). Се работи, изгледа, за терминолошка разлика, што го затемнува функционалниот паралелизам меѓу соодветните албански и македонски клитики.

Врз основа на реченото можеме да се обидеме и да го реконструираме механизмот што доведе до денешната состојба како во македонскиот стандарден јазик, така и во неговите јужни дијалекти. Во целиот тој сложен процес можеме, се чини, да претпоставиме учество на следните фактори:

– една општобалканска тенденција, зародена веројатно на романска почва, што водела кон претворање на општите повратни заменски форми за изразување на таканаречената посвојност во форми еднозначно маркирани по трето лице;

– паралелно со претходната можеме да претпоставиме и една тенденција за создавање посебна нова серија *ПП* за трето лице, маркирани не само по лице, туку и по род и број, т.е. серијата *негов, нејзин, нивни* (со приличен број морфолошки варијации, сп. Видоески 1965); ситуацијата во другите словенски јазици сугерира дека една таква тенденција можела да биде самоникната, по аналогија на серијата *мој, твој*... итн. и дека романско-албанските состојби можеле само да ја засилат и да ги забрзаат соодветните процеси; во резултат на дејствувањето на претходно споменатата тенденција зоната на употребата на *свој* да се поврзе со доменот на третото лице серијата *негов, нејзин, нивни* се нашла во директна конкуренција со формата *свој* и натаму ја ограничувала фреквентноста на истата;

– исто така присуството на „посвојните" клитики во македонскиот стандарден јазик само во синтагмите конституирани од називите на сродство можеме и мораме да го доведеме во врска со ароманските и со албанските состојби: поврзувањето на *си* само со третото лице нè потсетува на ароманското решение, додека воведувањето на *му, ѝ, им* во директна конкуренција со *си* има албанска паралела,

меѓутоа

– вистински центар на клитичкото решение во изразувањето посвојност е грчкото јазично подрачје каде што – како што веќе рековме – воопшто не постои посебна повратна клитика, а релацијата на повратност на ниво на „посвојната" синтагма може да се изрази само со семантички (и прозодиски) маркирани средства. Да се потсетиме и дека грчкиот воопшто не знае за *ПП*. Ова е системот кој директно влијаел врз егејските македонски говори, посебно врз југоисточните, а историјатот на ова влијание може – чинам – да се реконструира во две етапи:

– како прво, клитиките како експоненти на широко сфатената посвојност тука навлегле без ограничувања (т.е. не само во синтагми што именуваат сродство) и се нашле на целиот фронт во отворена конкуренција со *ПП*; како што рековме порано: во поново време, односно на подрачјата каде што грчкото влијание било поизразено, ова резултира дури во делумно повлекување на *ПП* како морфолошка категорија; истовремено – од немање грчка паралела – наследената повратна клитика *си* се појавува како вистинска реткост, па се појавува исклучиво во доменот на третото лице, т.е. како спорадична факултативна варијанта на серијата *му, ѝ , им*, којашто впрочем најчесто е сведена на *му*; имаме, значи, работа со повлекување на *си* пред *му* – и двете клитики маркирани по лице и немаркирани по род и број;

– како второ, наследените словенски заменски *ПП* не само што се повлекуваат пред инвазијата на клитиките, туку и се подлагаат на извесна редистрибуција по аналогија на истите; се губи семантичката категорија повратност (како непостоечка во системот на клитиките), следствено, заменката *свој* се врзува со третото лице, а истовремено се по-

влекува пред новоникнатите форми од типот *негов, нејзин, нивни* (аналогно до повлекувањето на *си* пред *му)*. Да повторам: по мое мислење, во јужните говори елиминацијата на категоријата повратност кај *ПП* како и нивната нова „балканска" дистрибуција се должи на аналогија спрема ситуацијата настаната (под грчко влијание) во клитичкиот систем.

Не може да се исклучи дека овој „егејски" механизам – преку носителите на односните дијалекти – придонесол и за редистрибуција на *ПП* во стандардниот јазик*. За *ИС* конституирани од повратна заменка сп. 2.1.3.1.1.

Со овој нацрт на состојбите што го определуваат статусот на наследените повратни заменски форми во јужномакедоноската именска синтагма го завршуваме нашиот обемен опис на семантиката и на синтаксата на таканаречените посвојни конструкции во јужните говори. Претставениот опис може да се чини диспропорционално широк. Меѓутоа, анализата на говорните, а меѓу нив на дијалектните текстови води кон теориски значаен заклучок а. дека широко сфатените (сп. погоре) **посвојни конструкции претставуваат комуникативно најважна, а по фреквенција и најзастапена дополнителна кондензирана компонента на една именска синтагма.** Во врска со тоа б. тие и имаат развиено најмногу структурни модели уште на етапа на релативно слаба интелектуализација на јазичниот израз и како такви претставуваат образец за номинална формализација на содржини од други семантички полиња. Во врска со тоа пак в. на словенската почва *ПП* ни се претставуваат како едно старо формално решение што од самите почетоци на пишуваната словенска реч конкурира со (предлошко) падежната зависна именска синтагма. Обратно, во другите семантични полиња прилошката и/или падежната формализација е евидентно постара од придавската (т.е. соодветните содржини дури во поново време се оформуваат како придавки кондензатори и се интегрираат во основната именска низа).

Конкурентноста на придавските кондензатори наспрема именските синтагми ја разгледавме досега скоро исклучиво врз примери на *ПП*. Да погледнеме сега кои се другите единични или генерични придавски кондензатори присутни во јужните дијалектни текстови.

Што се однесува до единичните кондензатори тие можат да бидат од групата показни заменки како *таков, толкав* и сл., од групата редни броеви како *прв, втор* и сл. или пак *почетен, претпоследен, последен* и сл., најпосле од групата оказионални показатели на просторните и/или времен-

* Впрочем, во стандардниот јазик треба да се допуштат и нови влијанија на западноевропските јазици, посебно романските и германските. Конструкциите како *Емисијата се базира врз делата на Томас Ман и неговата преписка со своите современици.* (Радио Скопје I 13.VII 85), иако потсетуваат на гореприведените инконгруентни примери од кирилометодиевскиот јазик, тешко можат да се толкуваат како старо наследство. Тие се супстандардни (сп. Конески 1982: 336), настанати се веројатно од невнимание при преведувањето, но сепак се симптоматични – сведочат за поврзаноста на таканаречените повратни заменки примарно со третото лице.

ските односи како *сеѓашен, минат, денешен, вчерашен, вечерен, овогодишен, поранешен* и сл., *тукашен, тамошен, десен, долен, бочен, централен* и сл. Сите лексеми приведени за илустрација се од стандардниот јазик, во дијалектните текстови, меѓу другото и во егејските, тие претставуваат реткост, а соодветните содржини повеќе се оформуваат на реченичното или на нивото на именската синтагма. Подолу ги приведувам неколкуте најдени примери: *...тинака си роден аф такоф еден вечир, катy четвертиј вечир* В, *...ке да ти дам каршилăк за фчерашните две работи...* В, *Тамошниј цăр са случи да ýмри* В, *...ка станăа от сéлата окóлни давациѝ од ни́...* МЕ... Има и два примери со обопштувачки заменски кондензатор, сп. *...фати да гóтиви секакви манџи за јадени* В, *...само една трапеза пăлна сос секакви слатки манџи...* В – пошироко за природата на таквите кондензатори сп. 2.1.3.2. Следи пример со поименчениот кондензатор: *...си чинил тој најбогат от сички тамошните* В. Едно издвоено семантичко микрополе што се поврзува и со единичните кондензатори и со количествената квантификација (сп. подолу 2.1.2.) претставува информацијата што ја определува човечката возраст, сп. *Јăс бé двáјсет гóдине чýта, кóга се замúлва со можýт ми.* ШК, спрема *...áска, мáјка-ми, сéстра пéт гóдúшина, брáт нá една гóдúна.* ПК, или *Зúме нéтно тригóдúшно дéте.* ХК и сл. Релативно почести се единичните кондензатори во функција на конститутивни именски делови од прирокот, сп., на пр. *Кој ќи гу фáте ки бúде прăф уф цáрствуто ми мое.* ПДој, и сл.

Потешко е да се определат семантичките полиња во чии рамки никнуваат генеричките придавски кондензатори. Како што рековме, тие по дефиниција се секундарни формализации во однос на соодветните именски синтагми и/или прилози. Следствено, овде ќе се ограничиме на претставување неколку типови именски синтагми што функционираат како дополнителни членови на една надредена именска синтагма и на утврдување кои од нив конкурираат во оваа функција со генеричките придавски кондензатори.

Покрај оние со предлогот *на*, што сме ги разгледале во врска со категоријата посвојност, осигурена позиција како дополнителни членови на именската синтагма имаат зависните предлошки синтагми воведувани со предлозите *од, со(с), без*, поретко *за*. За разлика од *на* којшто се јавува како показател на таканаречениот генитивно-дативен однос, т.е. чија граматичка функција надвладува над семантичката, горенаведените предлози имаат поизразита семантичка функција. Тие на ниво на именската синтагма вршат приближно иста функција како зборообразувачките форманти кај генеричките придавски кондензатори, т.е. ја прилагодуваат (ја акомодираат) синтагмата кон функцијата на дополнителниот член на една друга именска синтагма заменувајќи ги глаголските предикати што би се појавиле во реченичната формализација на соодветните содржини. Со други зборови: и тие се кондензатори, но оперираат на синтаксичко ниво, врз синтагмата (а не на морфолошко, врз една морфемска низа).

Како први ќе ги претставиме синтагмите со предлогот *од* и нивните придавски конкуренти. Сме имале веќе прилика да се увериме дека тие делумно го засегнуваат семантичкото поле на посвојноста. Пред да предложиме една покомплетна семантичка, функционална анализа, еве прилично рпрезентативен состав примери: *сирење от сфца, кожа от мечка, млеко от коза* ШК, *ут диви пчели мет* ВК, *иднó зърно ут синай* ВК, *кожа удлисита* ДКај, *четирийси кожи од коза*... В, *от чешмата мајката*... В, *ут пил'а мл'аку* СМ, *ут-крава месо* ДКај...; – *дупка от зајек* ШК, *златоту ут агата* ВК, *идну-сидело уд-врапче* ДКај, *ут-тетин нива* БМег, *едно гн'аздо от картал* В, *ено гниаздо от страчка* МЦ...; – *едно важи от песук* В, *лет ут ърш, лет ут пчинита* ШК, *венци от бършлен* ШК...

Примерите се поделени во три групи. Најопшто земено би можеле да кажеме дека во првите две групи *од* ги заменува двоаргументските предикати 'потекнува (нешто од нешто)', 'доаѓа (нешто од нешто)' и воедно овозможува синтагмата што го формализира вториот аргумент на тие предикати да се појави како атрибут (дополнителен член) во синтагмата што го именува нивниот прв аргумент, сп.

(ова) млеко потекнуа од пиле ~ од пиле млеко
(ова) злато доаѓа од агата ~ злато од агата, и сл.

Имено работа со една деривирана дијатеза во однос на *пиле (има и) дава млеко, агата има злато*, и сл.

Во третата група примери се заменува троаргументскиот предикат '(на) – прави (некој нешто од нешто)'; формализацијата со *од* и овде одговара на една деривирана дијатеза, имено 'е направено (нешто од нешто)' каде што местото на првиот аргумент е речиси блокирано, сп.

(овие) венци се направени од бршлен ~ венци од бршлен, и сл.

Не е тешко да се забележи дека првите две групи примери директно се надоврзуваат на семантичкото поле 'посвојност'; од посвојните конструкции нив ги дели, пред сè, факторот време – имено, додека *на* покажува дека релацијата (која и да е релација од доменот на широко сфатената посвојност, сп. погоре) е актуелна во моментот на зборувањето, *од* сигнализира една релација што била актуелна во минатото и чија актуелност во моментот на зборувањето е ирелевантна; токму тука се преклопуваат 'посвојноста' и 'потеклото'. Третата група не е поврзана со 'посвојност', меѓутоа и овде е присутен факторот време – се работи за човечката активност што го менува светот околу нас претворајќи едни нешта во други. Значи, заеднички именител на конструкциите со *од* е всушност аблативноста карактеристична за примарната просторна служба на овој предлог.

Трите споменати групи синтагми, типот 'е/беше дел од нешто' (на пр. *кожа од лисица, рачка од рало*, и сл.), типот 'е/беше нечија сопственост' (на пр. *злато од аѓа, седело од врапче*, и сл.) и типот 'е направен од нешто' (на пр. *венци од бршлен, стап од дрен*, и сл.) се најдоа во центарот на нашето внимание поради нивната речиси регуларна, сериска семантичка и

синтаксичка деривација која – се чини – била и главен фактор што им овозможил да се здобијат со исто толку регуларни придавски конкуренти.

Првата серија покрај *-ин-* и *-ов-* покажува придавски суфикси *-j-* (немам јужномакедонски потврди), *-ьск-* и *-ьн-/-ен-;* според сведоштвото на Шклифов (ШК69) во Костурско во оваа функција доминираат конструкциите со *од*, но во другите егејски извори наоѓаме синтагми како *момин курем, чувешки коски, гӑлӑбни крили*, и сл.

Во втората серија доминираат вистинските посвојни суфикси *-ин-* и *-ов-* (сп. погоре), поретко наоѓаме **-ьск-* и **-ьн-*.

Третата серија се карактеризира пред сè со суфиксот *-ьн-/-ен-*, сп. *стрéбрен пӑрстен, дӑрвéно орáло, желéзен плýк, бакӑрен кóтел, ламаринéна четúја* ШК, *купринена мр'ажа* В, *сребарни ибрици* В, и сл. Во ова семантичко поле најубаво се гледа конкурентноста на двата типа конструкции, сп. ги веќе еднаш приведуваните примери: *Това нешчу е от чиница зӑрно... ~ ...колко чиничинутý зӑрно са чини слабо...* В, или: *...и железни стӑй колко иглин врӑх ки остани... ~ ...да ми чинши един стӑй от жел'азу...* В, или: *...тојнака можи да ти докара от филдишите кокалиту. ~ ...са причу неговата удаја от филдиши кокалиту... ~ ...сед'аха аф филдишната удаја* В, и сл.

Надвор од разгледаните сериски деривати го наоѓаме предлогот *од* и во многу други кондензирани конструкции со инклузивни релации 'аблативност' односно 'посвојност', сп. на пр. *трáга от вáлк, трáга от лисúца* ШК – '...што ја имаат оставено волкот, лисицата', *хортомата от добитакут...* В – '...со којашто бил врзан добитокот', *кл'учовету от кáпчата* В, *кључот от сандáка* В, *клýчити ут небéсинта цариштúна* ВК - 'што отвора/отвораат...', *поклон от цар'ут* В, *перото от мрафките, перото от челите, перото от картало* В – 'добиен/добиено од...', *писмо от мójта рáка* В, *писмо от рáката ти* В – 'пишувано со...', сп. и директно аблативно: *бугáрин от сéлото* МЕ, или *стопáнут ут лчзата* ВК, што може и да се сфати како посвојно со променета дијатеза, сп. најпосле и од доменот на релацијата 'сродство': *уд-вýјна внýци* БМег. Сите тие и слични семантички изолирани примери на предлошка кондеизација немаат до себе придавски конкуренти што убаво илустрира едно општо правило дека синтаксичката кондензација ѝ претходи на морфолошката.

Синтагмите воведувани со предлозите *со(с)* и/или *без* во функција на дополнителни членови на други, надредени именски синтагми претставуваат семантички покомплексни структури од оние со експонентите *на* или *од*. Меѓутоа, и тие претставуваат деривати на базичните релации опфатени со етикетата „посвојност" или на егзистенцијално-локалистичките релации.

Синтагмите со предлогот *со(с)* општо земено сигнализираат присуство, постоење на определен објект/објекти. Во нашиот материјал наоѓаме главно три типа синтагми со овој предлог. Најфреквентни се конструкциите каде што надредената синтагма именува еден контејнер, а подредената, т.е.

онаа со *со(с)* кажува што се наоѓа во контејнерот; значи кондензираната релација би можеле да ја парафразираме како 'полн со..., наполнет со..., во којшто се наоѓа...', сп. *казаноѿ сос мљакоѿо* В, *чешма сос жива вода* В, *кесиѿу сос паријѿе* В, *подницаѿа со л'аѿоѿ* В, *ѿорбаѿа сос л'абуѿ* В, *казану со алѿаниѿе* В, *ѓимии сос сѿокаѿа* В... Вториот тип конструкции се вид конјункции на нерамноправни елементи; имено надредената синтагма именува поважен, базичен, а подредената зависен, второстепен елемент на конјункцијата; во сите мои примери се работи за одиосот меѓу мајката и нејзиниот род, сп. *кубила сос жр'аѿчинѿо, јарибица сос јарибиче, офца сос јаѓанче, риба сос рибче* В, *една жена сос све малки* В, сп. и со обратна дијатеза: *дева сос мајка, сос ѿаѿку, а не сирачка* ВВ, најпосле сп. го и единствениот пример кој семантички отскокнува: *Пра́веме со ча́рдаци и со ба́лкони ка́шци.* ШК. Третиот тип синтагми со предлогот *со(с)* именуваат елемент со чие присуство се доопределува објектот именуван во надредената синтагма во опозиција спрема другите претставници на истото множество. Определувачкиот елемент може да биде инхерентен дел од целината, на пр. *месу сос кокали* В, *елин сос ѓолеми роѓови* В, или пак една акцидентална особина, сопственост, на пр. *мома сос моѓу имани* В, *еѿу момаѿа сос месинчи́на на челоѿо, сос зв'азди на ѓрендѝ еѿу и момчѐѿу со́с сла́нцеѿо на́ че́лоѿо, со́с зв'а́зди на́ ѓрендѝ* В. Последниот пример во поширок контекст истовремено дава и илустрација како се деривираат синтагмите со подредени синтагми како дополнителни членови, сп. *...момаѿа да е́ сос месечи́на на́ че́лоѿо и со́с зв'а́зди на ѓрендѝ, момчѐѿо со́с сла́нце на́ чел о́ѿо...* В, и натаму во истиот текст комплексните синтагми што ги наведовме погоре: *Еѿу момаѿа...* итн. – значи, синтагмите со *сос* прво се појавуваат како формализации на слободни предикати, во прирокот, а дури потоа се залепуваат директно за субјектната именска синтагма. – Во јужните текстови синтагмите воведувани од страна на *сос* се појавуваат без придавски конкуренти, меѓутоа во стандардниот јазик последниот, третиот тип може во соодветни услови и да има придавски експонент, сп. ги придавките како *црноок, ѿемнокос, забеси, брадеси, каменлив, боѓаѿ* и др. Една вонсериска кондензација базирана врз *сос* во нашиот корпус претставува примерот: *...праѿи човек на цар'а сос едно пи́смо* В – надвор од контекстот синтагмата *човек ... сос едно пи́смо* ја чувствуваме како неполна и не сме во состојба да ѝ дадеме вистинска интерпретација.

Синтагмите воведувани со предлогот *без* општо земено сигнализираат отсуство на еден објект (објекти) чие присуство во дадена ситуација би можело да се очекува. Тие се базираат врз реченициѿе со предикатскиот експонент 'нема'. Се работи за негирана егзистенција: 'не е вистина дека има' ~ 'нема': *не е вистина дека деѿеѿо има мајка ~ деѿеѿо нема мајка ~ деѿеѿо е без мајка ~ деѿеѿо без мајка*, и сл. Во таа смисла синтагмите со *без* стојат во опозиција со синтагмите со *сос* базирајќи се на истите длабоки релации на егзистенција, локација, сродство, поседување, и др. Во јужните текстови синтагмите со *без* во функција на дополнителни членови на други

надредени именски синтагми претставуваат реткост – обично соодветната содржина се формализира на реченично ниво, врз база на реченичната негација *нема*.

Располагам со еден единствен пример од кај Верковиќ: *...му докара пак без кокали месу* В, и со неколку примери од Костурско приведени во монографијата на Шклифов: *Ние живиме кај деци бес татка и мајка., То да е правиме куш е рата без офци и бес офчари.* ШК – последниов пример допушта двојна интерпретација, дури покоректно се чини толкувањето 'што ќе правиме кошара ние кои сме без овци и без овчари', т.е. толкувањето според коешто синтагмата со *без* претставува дел од именското прирок. Во полза на ваквата интерпретација зборуваат и другите примери од Шклифов кој безразлично во ист пасус наведува адвербални и адноминални синтагми со без, сп. *Остана кашчата бес стоан., Пштата беше бес сол'., Селото ести бес народ.* (ibid.). – Исто како синтагмите со *сос* и синтагмите со *без* во егејските текстови немаат придавски конкуренти. Во стандардниот јазик соодветните придавски кондензатори се дури прилично бројни и – што не е без интерес – често се деривираат со помош на истата морфема *без* во префиксална функција, сп. *бескуќен, бескаматен, бескраен, бесмртен,* и др.

Вреди можеби да споменеме дека некои основни релации што на ниво на именската синтагма можат да се кондензираат со експонентот *без* имаат придавски лексички формализации без дискретни експоненти на вградената негација, сп. *ќелав, ќорав/слеп, глув, нем...* Сп. и *едноок, еднорак, едноног*, и сл.

Последна серија предлошки именски синтагми во функција на дополнителни членови на надредените именски синтагми што ги среќаваме во јужните текстови се оние со предлогот *за.* Тие се од малку подруг карактер во однос на досега разгледаните конструкции. Имено, тие се кондензации на структури конституирани од предикати од семантичкото поле 'е наменет за..., служи за..., е готов/зрел/подготвен за...' и сл., т.е. предикати чиј втор аргумент претставува релација и се оформува или – примарно – како *да*-реченица или – во нашиов случај – како именска синтагма конституирана од глаголска именка, сп. *л'ак за ражба* В, *бања за спање* ШК, *семе за садење, вода за пиење, чупа за мажење* ШК 122... Надредената синтагма кај преодните глаголи именува втор, предметен аргумент, сп. *Х ќе сади семе, Х ќе пие вода, Х ќе мажи чупа...* На страна стојат примерите како: *...на тепка тогај ти е времито за одејне.* УЕ, *...кога ќи дојде време за легнување* УЕ, и сл. каде што именката *време* се појавува како предикатив. Кај непреодните глаголи се работи или за експоненти на просторните и/или временски параметри, сп. *Х ќе спие во одаи...,* или за аргумент на една друга релација која останува во причинска врска со онаа изразена со глаголската именка, сп. *Х ќе зема лек и во резултат на тоа ќе рага...,* и сл. Дури секундарно, кога соодветниот предикат може лесно да се чита од контекстот, неговиот лексички експонент може да се испушти и место него предлогот *за* воведува негов втор аргумент, сп. *мајa за леб,* т.е. *за печење леб, пиперки за туршија,*

т.е. *за правење туршија, плáтно за кошýл'а,* т.е. *за шиење кошула,* и сл. - сите три примери се преземени од монографијата на Шклифов (ШК122); сп. и *рýба за ут нáтр'а и рýба за ут вáнка* МВ, т.е. *руба во која X (ќе) оди внатре и ... надвор,* и сл. Најпосле, сп. и – со временска проекција во минато наместо во иднина – *...му покажа тефтериште за пет години* В, т.е. 'со коишто се служел пет години'. Само два пати регистрирав синтагма со обете сочувани компоненти од кондезираната структура, сп. *ýме и нéкоа фáбрика за сúрен'е прáен'е* ШД, *мéсто за пречéкван'е на сýлтано* ШД. Се работи за една релативно млада деривација; во денешниот стандард конструкциите од овој тип се позачестени. Синтагмите со *за* во јужните текстови се јавуваат без придавски конкуренти. Во стандардниот јазик првата група, иако ретко, може да има конкуренти во вид на глаголски придавки, сп. *пивка вода, спална (соба, кола)* и сл. Втората група структури, колку што ми е познато, остануваат на ниво на именските синтагми, меѓутоа во другите јазици процесот на внатрешната деривација е понапреднат, сп. ги на пр. полските парови како *szafa na ubranie/szafa ubraniowa, płótno na koszule/płótno koszulowe,* и сл.

Покрај претставените, кои се појавуваат повеќе или помалку сериски, сретнав уште два типа именски синтагми во функција на дополнителни членови во рамките на надредената јадрена синтагма.

Едниот пример има фразеолошки карактер и гласи: *...един личин јунак над јунаците* В.

Вториот пример припаѓа кон една инаку отворена серија синтагми за изразување просторни релации. Примерот гласи: *...отиде аф една круша на пáт'ут* В, и има – чинам – само едно толкување:



Меѓутоа, честопати примерите од тој тип во пишуваниот текст се многузначни благодарение на нивната различна семантичка и синтаксичка хиерархија (која претставува проекција на различен статус на соодветните синтагми и на речеиично ниво, сп. т. I, 1.3.1.2.5.2.). Сп. ја да кажеме реченицата: *Дрвјата во гградинатта шумолеа.* со можните интерпретации:



Честопати редоследот го елиминира толкувањето коешто овде нè интересира, сп. *Дрвјата шумолеа во гградинатта.*; во говорниот текст решение донесува таканаречената реченична интонација. Во анализираните текстови отсуството на поголем број синтагми од разгледаниот тип веро-

јатно потекнува од фактот дека обично соодветните содржини наоѓаат реченична формализација (во случајов на пр. *дрвјата што беа/се наоѓаа/ растеа во градината шумолеа*, и сл.).

1.2.1.4. Придавските модификатори како дополнителни членови на јадрената именска синтагма. – Придавските модификатори, како што рековме носат пред сè релациски содржини. Нивната впечатлива семантичка карактеристика е дека (со исклучоци за кои сп. подолу) изразуваат релации чиј интензитет варира, т.е. **а.** релации измерливи како просторни и/или временски или други физички димензии (тип: *долг, широк, висок, тежок, дебел, топол* и сл.), или барем **б.** релации споредливи со други релации со иста основна содржина, т.е. **ба.** психички димензии (тип: *мудар, итар, внимателен, љубезен, мил, строг* и сл.) или **бб.** оценки (тип: *добар, одличен, згоден, страшен, задоволителен/незадоволителен* и сл.).

Таа нивна карактеристика прави придавските модификатори да ни се јавуваат како формализации на предикати од минимум два аргументи. Во типот *а.* вториот аргумент е една апстрактна единица на мера со која може да се корелира соодветната димензија карактеристична за објектот во функција на првиот аргумент, сп. *Х е долг три метра.*, *Х е тежок две кила.*, *Х е стар пет години.* и сл. Во типот *б.* во отсуство на интерсубјективно акцептирани единици на мера како втор аргумент се јавува објектот со кој се врши споредбата, на пр. *Х е мудар колку Y.* и сл. Меѓутоа, многу е фреквентна употребата на придавските модификатори без вториот аргумент да се формализира како посебна единица на текстот, сп. *Петре е висок. Иван е низок., Оваа вреќа е тешка., Твојата сестра е млада.* и сл., што значи 'спрема искуствата на говорителот Петре е повисок... респективно Иван е понизок... од повеќето свои колеги / ...од повеќето момци на негова возраст / ...од повеќето мажи...' и сл. Со други зборови: во конструкции без остварен втор аргумент самиот придавски модификатор носи импликација што го лоцира тој испуштен аргумент во позитивен или во негативен дел на соодветната параметриска скала.

Погоре споменав дека има и исклучоци, односно – има придавски модификатори што не се степенуваат и придавски кондензатори што се степенуваат.

Придавските модификатори што не се степенуваат се поголемиот дел од глаголските придавки. Способноста, односно неспособноста да се степенуваат тие ја имаат наследено од соодветните глаголи според шемата:

Х по/повеќе го сака Y отколку З ~ Y е посакан...

Х по/повеќе се натажи отколку Y ~ Х е понатажен...

но и:

Х чита повеќе од Y ~ Х е поначитан од Y, иако овде количествената квалификација се однесува не на предикатот, туку на неговиот втор аргу-

мент: *Х чита повеќе книги, повеќе текстови,* и сл. Глаголите и глаголските придавки кои изразуваат релации чиј интензитет варира претставуваат незначителен дел од општиот фонд глаголи и глаголски придавки.

Придавките коидензатори, што се способни да се степенуваат, не претставуваат некоја морфолошка серија. Како што рековме погоре нивната морфолошка база најчесто ја претставуваат именски-формализации на предметните аргументи на кондензираните предикати. Следствено, тие можат да се степенуваат ако соодветниот предмет во функција на аргумент на даденият предикат може количествено да варира, сп.

водеста чорба 'чорба во која има (премногу) вода' ~ *поводеста чорба* 'чорба во која има повеќе вода...'
каллив пат 'пат на којшто има (многу) кал' ~ *покаллив пат* 'пат на којшто има повеќе кал...'

Mutatis mutandis истото се однесува и на придавските кондензатори чија морфолошка структура не е изоморфна со семантичката, сп.

богат човек 'човек кој има голем имот' ~ *побогат човек* 'човек кој има поголем имот...' и сл.

Додека придавските кондензатори формално (и семантички) се деривати никнати токму за да овозможат соодветните содржини да се внесат во именската синтагма, придавските модификатори, прилагодени по природа за конгруенција со именката, своите синтаксички (и семантички) потенции послободно ги остваруваат надвор од јадрената *ИС.* Сп.

a_1 a_2 a_1
Статот е долг два метра ~ долгиот стап

a_1 a_2 a_1
Павле е мудар колку Петре ~ мудриот Павле, и сл.

т.е. во *ИС* на десната страна a_1 функционира како конститутивен член додека a_2 како посебна текстуална единица е испуштен. Во врска со тоа придавските модификатори ги разгледавме пошироко во § 2.1.2.1. Овдека ќе се задржиме на два типа прилично ретки конструкции, т.е. на глаголските придавки интегрирани во *ИС* во функција на рестриктивни атрибути (= на дополнителните членови на јадрената *ИС* – § 2.1.2.1.4.1.) и на примарните придавски модификатори вградени во јадрената *ИС* заедно со нивните експлицитно остварени a_2 (2.1.2.1.4.1.).

1.2.1.4.1. Глаголската придавка во јадрената *ИС*. – Посебен вид придавски модификатор од типот $K_{\bar{2}}$ претставува таканаречената глаголска придавка. Таа е глаголски дериват посебно делегиран и оспособен за служба во синтаксичка конгруенција со (и граматичка зависност од) конститутивниот член на именската синтагма. Меѓутоа, нејзината „глаголска", релациска семантика причинува глаголската придавка (натаму: *ГП*) да се поја-

вува почесто како именски дел од прирокот, како апозитивен (= не-рестриктивен, сп. подолу § 2.1.4.) атрибут (односно како дел на разни глаголски перифрастични конструкции или како конститутивен член на разни реченични трансформи) отколку како интегрален член на јадрената *ИС*. На временската оска деривацијата може да се реконструира како:

1. Пилето е печено, можеме веќе да го јадеме.	– именски прирок или перифрастична конструкција
↓	
2. Пилето, печено, можеме веќе да го јадеме.	– апозитивен атрибут
↓	
3. Печеното пиле можеме веќе да го јадеме.	– рестриктивен атрибут

Третата етапа во дијалектниот јазик се остварува прилично ретко и е ограничена на одредени лексеми и одредени синтагми, како на пр. наведеното *печено пиле*.

Уште поретко во *ИС* се вградува *ГП* која од своја страна врзува именска синтагма – формализација на вториот аргумент на релацијата изразена со соодветната *ГП*, според шемата:

1. *Извршен е атентат врз неа и таа почина.*	– именски прирок или перифрастична конструкција
↓	
2. *Таа почина по атентатот извршен врз неа.*	– апозитивен атрибут
↓	
3. *Таа почина по извршениот атентат врз неа.*	– рестриктивен атрибут

Инвертираниот редослед карактеристичен за јужните дијалекти е исто така еден фактор што ги затемнува односите на граматичката зависност и ја отежнува квалификацијата на голем број конструкции.

Реков дека *ГП* е посебен вид модификатор. Нејзината специфичност се состои во изборот на испуштените наспрема експлицитно изразените компоненти од трансформираната реченична структура.

Ако прифатиме дека идеализираната, „јадрената" (во приближно иста смисла во која зборуваме за јадрената именска синтагма) реченична структура всушност претставува една предикатско-аргументска структура, т.е. се состои од предикатот и неговите

$$p\ (a_1, a_2 ...);$$

тогаш можеме да заклучиме дека досега се занимававме со кондензатори чија морфолошка база претставува формализација на еден од аргументите додека предикатот е „кондензиран", т.е. останува во поизразита или пола-

бава корелација со зборообразувачкиот суфикс (префикс) на придавката (или – на ниво на зависната *ИС* – со предлогот), сп.:





со секундарната дијатеза, т.е. со блокирана позиција на a_1, сп. ја примарната реченица: *X направи стап од железо*;



Кај *ГП* ситуацијата е обратна: предикатот стекнува придавска формализација додека формализацијата на a_1 е блокирана поради трансформацијата што ја доживува предикатот, сп.





и сл.

Значи, кај придавската трансформа и не се работи за кондензација, туку за испуштање аргументи ирелевантни во соодветната комуникативна ситуација. Во некои ситуации и кај некои предикати a_1 дури не е блокиран, сп. на пр. *издадената наредба од надлежните власти* или *изграденоит објект од Македонија-инвести*, и сл.

Се разбира дека *ГП* послободно ги остварува сите свои синтаксички потенции во понезависни позиции, т.е. како именски прирок или како апозитивен атрибут (сп. §§ 2.1.4., т. I, 1.2/2.1.).

Во јужните текстови, покрај *ГП* како дел од перифрастичните глаголски конструкции и *ГП* во функција на именскиот прирок многу се фреквентни *ГП* како апозитивни атрибути, т.е. како вистински реченични трансформи. Сп. за нив долу § 2.1.4. *ГП*-рестриктивни атрибути, како што реков, се малубројни и со самото тоа наклонета сум многу конструкции кои можат да побудуваат сомнение да ги квалификувам повеќе како апозитивни отколку како рестриктивни атрибути.

Овде ги наведувам:

А. примерите каде што *ГП* му претходи на конститутивниот член на *ИС* и -чинам – имаме работа со вистински рестриктивни атрибути;

Б. оние примери со инвертиран редослед коишто по мое мислење претставуваат интонациски целости, т.е. каде што *ГП*, иако инвертирана, сепак припаѓа кон основната именска низа, т.е. – во случајов – кон јадрената *ИС*.

кон **А**: *Са́мо адно дуодено ста́р вол, влизел у новото обар.* УЕ, *...дру́гата удаја́ гл'е́нда ино́ умр'а́нту д'а́т'а...* МС, *Ка́мо еди́најсе са́ато до́јсоа фа́тени бо́гарцки во́јници... Бо́гарцките фа́тени во́јници бе́а не́кој ра́нени...* ШД, *Пе́чено ја́гне о́дгоре, ра́боти*, ШД, *До́јде то́ј, Ла́зор, ма́јка го́ и́маше на́јдено, на́јден син, дја бе́ше о́маѓена* ШД.

кон **Б**: *...уто́ди и у на́с удаја́, што́ беши дулга́т'у закл'учи́н...* МС, *...владиката ни да́де една́ гл'ачка завр̀ена за по́п Ри́ста* ШД, *След ма́лу до́јде е́ден ту́рчин вја́нат на ко́н* ШД, *А по́ нас гре́ѳеа и а́скери на ко́ни ка́чени* ШД, *...не са́каше да го́ да́ј мју́ро на кочобаши́јата одбран от та́тка* ШД, *Ми да́доа ме́со пе́чено от пи́ле* ШД...

За дистрибуцијата на примерите, пред сè на оние од типот *А*, од решавачко значење не е просторниот, туку временскиот фактор. Адјективизацијата на глаголските придавки во стандардниот јазик се шири во резултат на зголемената потреба за интелектуализација и кондензација на јазичниот израз; во дијалектниот јазик се појавуваат пред сè некои веќе зацврстени синтагми, но тешко е да се зборува и за соодветен процес на синтаксичка деривација.

1.2.1.4.2. Придавските модификатори вградени во јадрената *ИС* заедно со именските синтагми што им се потчинети. – Како што веќе споменав, се работи за мошне ретки конструкции. Од двата можни типа, т.е. да кажеме, **А.** *момче високо два метра* и **Б.** *момче високо како дрво* – моите јужни примери се од вториот тип. Интересно е и тоа дека сите така разградени синтагми стојат или (почесто) во позиција на именскиот прирок или (поретко) на објектот, но секогаш се употребени без референција. Не без интерес е и фактот дека конститутивните членови на соодветните синтагми се семантички мошне сиромашни, се чини – тие служат единствено како формална поткрепа за информацијата што ја носи придавскиот модификатор и нему потчинетата именска синтагма. Со други зборови: кога за оптимално типична именска синтагма би ја толкувале членуваната суб-

јектна синтагма сместена во тематскиот дел на реченицата, тогаш би морале да констатираме дека таквата синтагма не ги прифаќа развиените придавски модификатори. Еве го единствениот сигурен пример: *...едно момче лично кашу ангел* В.

Согласно со овде застапуваната интерпретација на споредбената релација (сп. т. I, 1.2.1.1.4): *X е како Y* значи 'особината *а* карактеристична за *X*, т.е. *а(X)* е идентична – или скоро идентична – со истата таа особина кај *Y*, т.е. со *а(Y)*', односно 'што се однесува до особината *а X* е идентичен - скоро идентичен – со *Y*'. Следствено, примерите од типот *X е висок како Y* претставуваат поткласа на општиот тип *X е како Y* со експлицитно именувана особина *а*. По оваа логика примерите како *Тој има раце како коси.* претставуваат некомплетно експлицирана варијанта на примерите како *Тој има раце долги како коси.* Истовремено тие се и единствена можност придавскиот модификатор во функција на дополнителен член на јадрената *ИС* да конкурира со зависна именска синтагма. Ова размислување нè натера покрај типот *X е во поглед на а како Y* застапен со единствен пример (сп. погоре) да ги наведеме овде и малубројните примери од типот: *X како Y*. Еве ги: *...најдоха едно нешчу кашу јајце* В, *...не беши човек кашу них, ами тој беши еден див кашу жива чума ... очите му црвени кашу жар, рацете му кашу коси..., нокција имаши кашу чингели* В, *...тојнака не е човек, кашу шчо гу знаеш, шуку е деф кашу царна змиа...* В – последните две реченици убаво ја покажуваат функционалната универзалност на конекторот *кашу*, а истовремено објаснуваат зошто конструкциите што моменталво нè интересираат претставуваат само мал дел од многуте изофункционални споредбени конструкции. Ќе го наведеме уште и примерот: *...дојдоха четирисите филдиши, кашу биволи* В, иако запирката овде сугерира апозитивна, а не рестриктивна интерпретација; се чини дека интерпункцијата во збирката од Верковиќ не била многу доследна, а и не знаеме од кого таа потекнува. На крај ќе го наведеме и примерот: *...чинил едни конаки кашу цар'увите* В, којшто спрема погоре дадената интерпретација на посвојните конструкции оди во иста група со типот: *...кашу на царот*, и сл.

1.2.2. Именка како дополнителен член на јадрената синтагма. - Случаите кога конститутивната именка како директна определба прифаќа една друга именка релативно се ретки во словенската синтакса; сериски тие се јавуваат само во синтагмите конституирани од сопствените имиња, сп. § 2.3.1.1. Именката-определба по дефиниција е употребена вторично. Таа се јавува во позицијата и во функцијата што примарно му припаѓа на еден придавскн збор и со самото тоа ***а.*** ја губи способноста да биде конститутивен член на една *ИС* и сама да прифаќа определби, ***б.*** се јавува задолжително во конгруенција по број и по зависност со определената конститутивна именка.

Малобројните јужномакедонски примери на именки-определби треба да ги распределиме во неколку групи. Како основно се поставува прашањето по кој критериум од две заемно конгруентни именки да ја

издвоиме надредената-конститутивна од потчинетата-определувачка. Се налагаат два критериуми: семантичкиот и формалниот. Според првиот одговорот на поставеното прашање треба да се бара во содржинскиот сооднос меѓу двете именки, а вториот нè упатува на нивниот редослед во синтагмата. Имено, тргнуваме од претпоставката дека според немаркираниот редослед конститутивната именка би требало да стои прва. Таа е една општа претпоставка важечка за составите од по две единици од идентичен ранг. По природната хиерархија по којашто се водиме во целата оваа работа му даваме предност на семантичкиот критериум. Ваквата и само ваквата постапка ни дозволува да го допуштиме и присуството на инвертираните конструкции.

Во првата група според семантичкиот критериум се нашле синтагмите чија конститутивна компонента претставува именката *човек* – таа е со релативно сиромашна содржина, а таа нејзина содржина, впрочем, веќе е вградена во побогатото значење на втората именка. Следствено, именката *човек* само формално ја конституира синтагмата чија вистинска содржина ја носи определбата. Со други зборови: именката *човек* семантички е редундантна, нејзиното присуство можеме да го оправдаме само ако во неа видиме конститутивна компонента на синтагмата. (Сп. ја оваа ситуација со ситуацијата на именките со т.н. задолжителни определби – погоре во § 2.1.1.2.) Ако нашето толкување е коректно, тогаш меѓу четирите примери што следат два се експресивно маркирани и како такви се јавуваат со инверзија. Поширокиот контекст како да ја оправдува горната претпоставка. Еве ги примерите: ...*даде ... на това жовек сиромах кривината* В, ...*најде таму кашу негу един човек дјулгерин*... В, *Мар дек чбек, му-вéле, јас вудинчар чбек су-брáшино, как к-óм у цáруш*.'? ДКај, ...*маж човек не клавами нешри* В... Од сличен карактер mutatis mutandis е и примерот: *Гу-фáшило нúку дóщ, нúку гармишúши у-нúку пуспилúа мéсшо*... ДКај, само функцијата на општата именка *човек* ја врши општата именка *место*. Сп. и: ...*зá дá му и зáмрзне јарúњаша нá бáбша уфчáрка*... МА, *Кубáрк'ша бáба нóуго сá испланци*... МА, ...*на другаша удаја, дека е óнаја дивојкаша гуденица* ВВ, ...*учишелише ги беши сшрах ош шаков дешеше змиа*. ВЕ. Останатите примери тешко да претставуваат група. Ги поврзува отсуството на семантичкиот однос на инклузија – во сите соодветни синтагми обете именки придонесуваат кон содржината на целината. Следствено, се водиме по редоследот и како конститутивна ја прифаќаме првата именка, т.е. прифаќаме соодветно толкување: *змиаша цар* 'змијата што е цар', *брашкја хајдуци* 'браќата што се ајдуци' и сл. Еве ги примерите. *Ушúва идúн д'áду на гул'áмјуш брáш прóсјак, му вилúш*.. МВ, *Да нé а знáши нéа на вúки, дýри сá родú дéшшо прáвнорóдник*... ВК, ...*и змиаша цар му вели:*... В, ...*ча шука има девеш брашкја хајдуци*... В, ...*чешириjси јунаци балшации*... В, *шчо ги ушемна ош шакоф един див душманин* В... Последниот пример побудува сомневања - можеби имаме работа со придавката, а не со омонимната именка *див*; меѓутоа, друг еден пример ни го донесува истиот тој облик во еднозначно именска употреба, сп. ја веќе цитираната реченица: ...*не беши човек кашу*

них, ами тој беши еден див каћу жива чума В. Вреди да се подвлече дека мнозинството примери се одиесуваат на живи суштества, пред сè иа луѓето, и дека именките-определби се или оценувачки епитети или професионални називи.

Посебен коментар бараат примерите: *Стани да видиш, на шчо кучка машчеа западнах,* ВЕ, *...пратила сојă-тă си дăичерја да пасе оловето* ВС, каде што првата од двете именки е епитет со јавно придавска функција. Во коректноста на таквата интерпретација нè уверува и примерот: *...и кога ки плака, бисер сълзи да роне.* ВЕ, каде што отсуствува дури конгруенција по број, па формата *бисер* врши функција на немеилива придавка.

1.2.3. Реченични конструкции (т.п. релативни реченици) како дополнителни членови на јадрената *ИС*. – Погоре (сп. § 2.1.1.1.) веќе имавме прилика веќе да кажеме дека најуниверзалното средство за пренесување на саканите содржини е една реченична конструкција. Следствено, таа се појавува и во функција на дополнителен член на јадрената *ИС* насекаде каде што има формални пречки потребната содржина да се предаде со еден прндавски збор или со една зависна именска синтагма. Под формални пречки тука подразбираме отсуство на соодветни зборообразувачки (прндавски) деривати, односно отсуство на механизми на номинализација способни да оформат соодветна содржина како *ИС*.

Релативната реченица како дополнителен член на една *ИС* прикажува некаква состојба чиј учесник е референтот на таа *ИС*. Со други зборови: релативната реченична структура има однапред определена комуникативна хиерархија – нејзиниот појдовен аргумент е идентичен со аргументот на надредената реченична структура оформен во *ИС* во која се вградува релативната конструкција, по шема:

Видов ЧОВЕК.
ЧОВЕКОТ седеше на клупа. } ~ Видов ЧОВЕК КОЈ седеше на клупа.

и сл. За да не се повторува заедничкиот аргументски израз неговото место во релативната реченична конструкција е блокирано со соодветни семантички празни супститути (таканаречените релативни заменки) кои воедно претставуваат и конектори, т.е. средства за акомодација (прилагодување) на релативната конструкција кон определената од неа *ИС*. Како што се гледа од кажаното, централни проблеми во описот на релативните конструкции се: *а.* инвентарот на заменските супститути; *б.* принципите на нивната дистрибуција, *в.*; експонентите со коишто се служат тие за да ги предадат граматичките категории иа заменетите *ИС* (род, број, падежен однос, определеност); и на крајот *г.* местото иа релативните заменки во релативната реченична конструкција (т.е. линеаризацијата на таа конструкција). Дури откога ќе ги разгледаме овие внатрешни проблеми ќе се свртиме кон основното функционално прашање – ќе се потрудиме да ја де-

финирама зоната на употреба на релативните конструкции и да го доопределиме нивниот статус меѓу другите типови дополнителни членови на *ИС*.

Универзален релативен супституит-конектор во јужните говори е заменката *што* која на одделни ареали се појавува во различни фонетски варијанти *(што, шту, шчо, шо, шу)*.

Покрај *што* во текстовите регистрирани од Шклифов (како во Преспа така и во Костур) се јавуваат и *кој* и *којто*, сп. *...и тогаа са познаф со една чупа, со која бемеф многу пријател'ки* ШД, *Мажо кој ке дој туре, да го пречекаме убоо...* ШД, *...между партизаните имаше гаркомани и големи гарцки фашисти, корофилаци, кој преди го мачее на нашио нарот...* ШК. *Пото не еплатен, којто ни гу крена татко и мајка.* ШК.

Се чини дека овде имаме работа со една особина на запишувачот, а не на дијалектот: запишувачот или некритички ги бирал своите информатори или пак внесувал во записот елементи од својот личен идиолект што е под влијание на бугарскиот стандард. Во текстовите од истите говори регистрирани од други запишувачи се појавува исклучиво *што*.

Теоретски би можело да се претпостави дека во релативните конструкции-дополнителни членови на *ИС* (во натамошниот текст: $Р_{дч}$) *кој* има навлезено по внатрешно-системски пат – под влијание на такви конструкции кои спаѓаат во зоната на неговата примарна употреба: (зависно) прашалните (сп. т. I, 1.3.2.9.), алтернативните и најпосле релативните со составот (*тој/он*) *кој* во функција на конститутивен член на *ИС* (сп. погоре § 2.1.1.1.). Меѓутоа, фактот дека појавата е врзана со еден единствен запишувач го прави ова толкување неприфатливо. Инаку, примерите со менливи релативни заменки од типот *кој(што)* се појавуваат во мојот материјал дури во текстовите од источната периферија, во збирката на Верковиќ, и тоа прилично ретко. Сп. *...клал тел'ал да вика, којто се причу на сичката земја* В, *...прати двамина л'уди негови, коитто беха многу јаки* В, *И ету најде един стар човек, којто имаши бела брада, до нокшиму дълга.* В... Оставајќи ги на страна менливите релативни заменки, како вистински конкуренти на *што* ги наоѓаме прилошките форми со просторна и/или начиниска семантика, т.е. типот *ка(де)/де(ка)/де(што)* и типот *как(о)*. Се работи за една балканска особина настаната под грчко влијание, во резултат на полифункционалноста на грчкото *που* меѓу чии функции спаѓа и онаа на прашалниот (заменски) прилог 'каде' како и онаа на relativum generale - универзален релативен субститут.

Овде прво ќе го претставиме механизмот на функционирањето на *што* за да можеме подоцна да ги доодредиме условите на конкуренцијата на *што* соодветно со *де(ка)/де(што)* и со *како*.

Функционалната универзалност лексемата *што* ѝ ја должи на својата максимална категоријална немаркираност. Нејзините категоријални вредности се: среден род, еднина, нулти показатели на падежен однос, што значи дека таа не носи никаква граматичка информација од доменот на основните именски категории род, број и падеж. Меѓутоа, именските

синтагми што ги заменува *што* имаат определени синтаксички функции во соодветните реченични конструкции, а тие функции бараат определена категоријална карактеристика. Отсуството на експонентите на таа карактеристика ја отежнува, а може и сосем да ја оневозможи комуникацијата. За да се отстрани таквата опасност *што* влегува во состав со категоријално маркирани заменски клитики и заедно со нив создава индискретни (= некон-тинуирани) зборо-форми од типот *што...го, што...му*, и сл. Нивното појавување во егејските текстови не е регуларно како во современиот стандарден јазик. Ќе се потрудиме со примери да ја прикажеме внатрешната логика на таа нерегуларност. Меѓу трите наведени категории: род, број и зависност (падежен однос), од основна синтаксичка важност на ниво на реченицата е – се разбира – зависноста. Следствено, редејќи го материјалот како основен критернум на класификацијата земаме одделни членови на категоријата зависност карактеристични за соодветните $Р_{дч}$. Ги разликуваме доследно двата модела: **А.** *што*, **Б.** *што* + соодветна клитика – носител на категоријална информација.

I. Номинативен падежен однос, т.е. интердепенденција меѓу глаголскиот предикат и именската синтагма во функција на појдовниот аргументски израз.

А. *...а другата, што живее тука во Софја, ет богарка* ШД, *И го појче рукетата од ербилано, што фрлаше.* ШД, *Царицта, сја што м-ој жена викала от то-ј лажа.* ПК, *...стана мумата ут камината, што биши сас прос'акит'а руби...* МС, *Им'ше ädну вréме ädну таксил'дар, што бérше пари пу сел'иатä..* ДВ, *А тé чéлта шу-паднала тáму а-нáшал цáруво сúн* ДКај...

Б. Моделот Б, кај синтагмите во однос на меѓузависност со глаголскиот предикатскн израз во принцип е отсутен, што не би требало ни да нè чуди – меѓузависноста во многу лингвистички работи се толкува и како независност на *ИС*, па не бара посебни функционални експоненти; впрочем, не постојат ни вистински клитички облици со падежната функција „номинатив". Меѓутоа, се чини корисно овде да ги споменеме извесниот број источно-егејски примери со една карактеристична употреба на заменката *он*. Се работи за примерите како: *Да видиш јунак авџиолиата, он, шчо утепа филдишите и фил'ут, тој е јунак*, В, и сл. *Он* се јавува овде во составот *...он што...* како во конструкциите од типот: *...га зема момата на рамо он, шчо носиши кату муле и кату зајак бегаши...* В, или: *Гóспод да прости тáтка му и мајка му óн, шчо чинúтаја харнотúка...* В, и сл. каде што составот *...он што...* врши функција на конститутивен член на аргументската *ИС* која ги поврзува двете реченични структури – основната и релативизираната. Меѓутоа, во првиот горенаведен пример има конститутивен член: *авџиолиата*, додека *он* може да се сфати или како заменска реприза на синтагмата конституирана од именката *авџиолиа* или како дел од релативниот субститут, т.е. во директна функционална врска со *шчо*. Фактот дека по категоријата зависност *он* ѝ

припаѓа на релативизираната а не на надредената структура (*авионлиата* стои во директна зависност, т.е. во акузативен однос со глаголот) зборува во полза на втората претпоставка. Ако е тоа така тогаш би биле сведоци на раѓањето на една шема од типот *кој* + *што* (т.е. шема со постпозиција на *што*) денес широко присутна во стандардниот јазик. На внатрешната логика на една ваква шема ќе се вратиме откога ќе ги претставиме и другите решенија што се појавуваат во врска со другите членови на категоријата зависност.

II. Директна зависност на именската синтагма од глаголскиот предикатски израз, т.е. акузативен однос:

А. *...зе́ми и па́рите што донесу...* МСЦ, *Од тоа вре́ме ста́на коле́да, што и́ма а́ла и де́нес.* МСЦ, *Тија че́шмите та́мо што напра́и у Пра́леј, оти расте́вте?* МСЦ, *Де ви́ја на́јде пи́ците што но́сиш?* МСЦ, *субе́рами еди́н ко́ш, два́, спрути́ л'уд'е́ту, спрути́ арга́ѓиту шту за и́маш.* МС, *...ѓи казанди́сува н'е́јни'а па́ри, шту има́ш...* МС, *...и ја́с му ја вра́зах сас тфо́ѓу чувре́, шту н'а дари.* МС, *...ба́лсам...што таргува́ле* ВК, *...на Ученѝк, што милваши Исус* ВК...

Б. *Вој чо́в'ек што и на́јде вије па́ри на вој чо́в'ек заѓинул д'о́до му па́ри...* МСЦ, *Игра́јаши нузи́ ма́лку та́м, Дијуниш шту ѓу ви́каха, на сука́ку.* МС, *Не са́мо што па́ри не на́ј, ту́ку ут ѓо́лмјо то́вар што́ ѓу нусе́ше пу прадули́ната, жи́ви ра́ни на́ рамје́јната ба́бта си напра́ј...* МА, *...имало еден цар мло́го стра́шлив, што́то ѓу беши стра́х да излези по вунка сам да се шета.* В, *...има деет порти..., што́то некој човек не можи да ѓи отвори...* В, *Ученѝкјот, што ѓу милу́ваши Исус* ВК...

Можеби вреди и да се наведат конструкциите како: *...јадена, манци, што́то цар'ут нема такви манци.* В, *...са прим'а́на у н'ејни'а ру́би, шту си има́ши нагутф'е́ну же́нски ру́би...* МС... И во двата примери доаѓа до реприза на именската синтагма што го формализира аргументот кој им е заеднички на двете реченични структури. Ipso facto *што* ја губи улогата на супституит и врши единствено функција на конектор – експонент на акомодација на релативизираната структура кон матичната. Конструкциите од ваков тип претставуваат премин од вистински релативни кон екстензионални реченици од причинско-последичниот комплекс (сп. § 1.2.1.3.).

За евентуалната мотивираност на распределбата на моделите *А.* и *Б.* сп. подолу.

III. Индиректна зависност на именската синтагма од глаголскиот предикатски израз, т.е. дативен однос:

А. *...во́а што и́ди пу ме́не, ѝн ј ѝбго́ле́м ут ме́не, што не́ са́м вре́дин да удва́рзам ре́миноѓ ут ско́рните.* ВК. Вториот пример е двозначен: *Тогаш му вел'а́т на човекоѓ, што земаха иманиту:...* В – или: *...ште што земаа...*, или пак: *...што му земаа.*

Б. *...Тома́ што му ве́леа билизна́ѓ* ВК, *...то, што не́ сам вре́дин... да му удва́рзам ре́миноѓ ут ско́рнити му* ВК, *...та́ пе́ѓал ки-ѓа́-исте́нче*

ня̀-дѐшто кѫ̀шта шо-мо́-j ПДој, сп. и: *...шѝ ки-му-са́киш ня̀-не́го зла́тнио ѝмпѝр шо-му-бѝл* ПДој...

IV. Конструкции каде што во моделот **Б.** се појавува предлог како вторичен предикат и експонент на зависноста:

А. Во инструментален однос, со инструментално значење: *...стаѝчи́-ната, шо и и́мафме пѝшѝрено чада́рите, са скрша*... ШД, *...ке зе́аа е́дна ка́ција и е́дно сѝстро, шо и стру́жеме нѝвивите*... ШД, *...и ќе го врзиме на фу́ркаша, на ша́, шо си пре́диме*... ШД – во овој пример репризата на именската синтагма во матичната реченица како да ја доизјаснува недоопределената функција на *шо*; слична тенденција со повторување да се дообјасни функцијата на релативната реченица се гледа и во примерот: *„шо́ј ма́јчинуш ѝрилен", ричѐл, Зна́чи уш-ма́јкамо шѝ преде́ла пре́шилено, ма́јчин пре́шилен.* ПК, *О́де са́-убличу́ва у-нивисшѝнцките ру́би шу са́-винча́ле*
...са о́ма́жиф со ѝстошо де́ше, шо са л'у́беф. ШД.

Во локативен однос, со просторно значење: *...з'е́ва идѝн ѝа́нш, чув'а́к шу ни са́ша* МС, *...уши́ди и у на́с удаја́, шу бѝши дула́'у закл'у́чин*... МС, *...и на меника ми оѝкраде сичку, дури и јорга́нуш, шчо сѝшам*. В.

Б. Со просторно значење: *...на́јди ина́ каши́у́рка, шу с'а̀д'а̀ши ина́ сша́ра н'е́ѝра'*. МС, *И шамо в царскио двор имаши една шчо наливаха вода оѝшамо царскиѝе л'уди.* В – вреди да се подвлече дека и во двата примера во функција на предлошки израз се јавува еден заменски прилог. Тука спаѓа и примерот: *...са́ каж а́ ѝра́вната Марѝа Магдалини́, у-ши́ шо испаѓа́ле се́дом ѓа́воли.* ВК, каде што показната реприза ѝ припаѓа на релативизираната конструкција, па се јавува во однос на зависност којшто е наложен од предикатскиот израз што ја конституира таа конструкција. Ваков модел на релативизација среќаваме и во дел западномакедонски дијалекти. Тој е настанат веројатно не без грчко влијание и потсетува на фактот дека на времето – во старословенскиот јазик – покрај прашалните и показните заменки биле кандидати за релативни супститути-конектори (пошироко за тоа сп. Тополињска 1982). За нас во овој момент е важно дека имаме работа со уште еден модел што го сведува relativum generale *што* на улогата на постпозитивен конектор.

Со временско значење: *...и да си ка́лни днише, шчо беши родена аф них* В.

Не е лесно да се протолкува распределбата на моделите **А.** и **Б.** на егејската територија. Во игра се повеќе семантички и формални корелации, па ќе се ограничиме на набројување на можните фактори кои влијаеле врз таа распределба.

Како прво, тука е граматичката категорија на типови зависност, т.е. на падежните односи – видовме од примерите дека *ИС* која во релати-

вирираната конструкција останува во интердепенденција (во меѓузависност) со глаголскиот израз скоро без исклучок се супституира со relativum generale, т.е. го остварува моделот **А**. Другите членови на категоријата зависност се почувствителни на контекстот (семантички и синтаксички).

Контекстот, меѓу другото, може да го сочинува категоријата определеност – ако предмет на супституција е една определена *ИС*, поголема е шансата за појавување на моделот **Б**. Со други зборови: во говорите со посилно изразена тенденција кон граматикализација на заменската реприза (антиципација) како експонент на поврзаните: определеност и зависност, позачестен е моделот **Б**. Еден од семантичките фактори што ја засилува горната тенденција е персоналниот карактер на аргументот формализиран во односната *ИС*. Интересно е по тој повод да ги приведеме зборовите на А. Вајан од неговиот монографски опис на јазикот на Кулакиското евангелие: „...le seul relatif est *шо*... Simple élément d'introduction de phrase complètive..., il permet toute liberté à l'anaphore, et le sujet du verbe de la phrase relative peut avoir été annoncé par un adjectif possessif.., et même par un pronom atone: *на тайко му, шо си ѹгули* 1026 „de lui qui a recouvré la vue". Si c'est sur le complément du verbe que porte l'anaphore, le complément continue, par tradition, à n'être pas exprimé: *бáлсам ... шо тарговáле* 1482, sauf s'il désigne une personne: *на Ученúк шо милýваши Исус* 15514, mais plus normalement *Ученúкуи, шо гу милýваши Исус* 15412, *стáи, шо не гу знáше* 312' et de même *Томá шо му вéлеа билизнáи* 1543..., *шó ... шо нé сам врéдин ... да му удвúрзам рéминоѹ уѹ скóрниши му* 9511, mais aussi *óн ... шо нé сан врéдин да удвúрзам рéминоѹ уѹ скóрнише* 313." (ВК 134). Како што се гледа, Вајан не само што го забележува сосуштествувањето на двата модела, но оди уште подалеку предлагајќи едно интересно толкување. Имено, тој го оценува *шо* како конектор за воведување подредена реченична конструкција, а клитичките форми како анафора (реприза) на релативизираната именска синтагма. Во приведениот фрагмент наоѓаме и интересен пример кој покажува дека последната и самата може да се појави во клитичка форма (во случајов – како клитиката *му*).

Како што веќе споменавме, relativum generale *што* се редува со прилошките релативни конектори кои во нивната примарна функција претставуваат таканаречени прашални заменки за место (т.е. прашални оператори со чија помош од соговорникот се бара доуточнување на просторните релации). Ова редување, карактеристично за целата македонска, бугарска и дел од српскохрватската јазична територија е една балканска особина која се зародила како резултат на соодветната полифункционалност на грчкото ποῦ. Во денешниот македонски стандард единствената трага од ова е присуството на лексемата *дека* која води потекло од старата частичка за место *де*. Меѓутоа, стандардното *дека* ниту во просторната ниту во релативната функција не се појавува. Друга е ситуацијата во дијалектите. Што се однесува до егејската ситуација – присуството на релативните супститути со примарно просторно значење може и да се должи на постојан контакт со грчките дијалектни системи.

Во мојот материјал најдов повеќе примери со релативизирана определба за простор како и некои конструкции каде што *дека* супституира една *ИС* без вистинско просторно значење. Во текстот на Трлиското евангелие, и само во тој текст, функцијата на relativum generale ја врши *дето*, кое се однесува прецизно по истиот модел како *што*, сп. во номинативен однос: *е́ кла́де фне́тре фав гро́ба, де́то бе́ше изд'а́лан от ка́мен;* акузативен однос: *...от само се́бе си ни до́јдох, ами́ наи́стинки е нова́шту ма пра́ти де́то ве́ ни гу́ зна́ете...*; дативен однос: *...пу ме́не иде по́јакиа от мене, дето јас ни са́м вр'а́дан да са на́веда да ра́зврзам ремене́ на обу́штата му.;* инструментален однос: *...това́ е мое ми́лие син, дето сас нек помо́слих да сто́бре чуле́штото спасе́ње...;* локативен однос: *...та сто́бриха мегда́н та пу́снаха крове́тте дето лежа́ше бо́лние...* Покрај *дето* во централните, но не и во маргиналните падежни релации се појавува *што*. (Пошироко за релативизацијата во Трлиското евангелие сп. Тополињска, 1997. Една слична конструкција со *де* во номинативен однос се појави и во материјалите на Н. Шмигер-Димитрова од село Сничене, Костурско: *Зе́т ми рабо́таше на те́с де́ и ту́рве џиле́зата.*, меѓутоа, овде, се чини, сме соочени со директна грчка калка, а не со целиот разработен систем на релативизација како во тӑрлискиот текст.

Ќе ги приведам сега конструкциите од типот *...тамо каде што...* коишто ги толкувам како варијанти на *...во/на/до ... местото во/на/до ... коешто...* и сл. (сп. § 2.1.1.1.1.). Зависно од формализацијата на релативизираната синтагма тие се делат на:

а. конструкции со просторен аргумент во главната реченица формализиран како вистинска *ИС* – *И на тоѕи мја́сто ѓ'е́то се ставро́са бја́ше бја́ча...* МЕ, *И та́зи свја́зда шчо имја́ше виде́но во анадо́ло му одја́ше на́тре, дур до́јде заста́на нат тос мја́сто, ѓ'је́то бја́ Ри́стос.* МЕ, *И да не бере́тте мно́го има́јне на са́зи ду́јна и на сој век, ѓ'е́то и моле́ќо и окдра́та го расти́ви...* МЕ, *Д'о́дши во фила́н плани́на ѓ'е́то е́сти е́ден ашчети́ја...* МЦ, *Валко оти́де опе́т на местото ѓе́то се ста́на со марје́то.* МЦ, *Сетни оти́де и на удајата, дека беши керка му...* В, *Луде ѓумалко, ѓумалко си приместил уд ме́стото, ка́ј сто́ше о́н...* УЕ, *...адно ден влизел адно старо дедо, ка́то пи́тач у селото или ка́сабата, кај шо била кафа́на́та...* УЕ, *Навечӑрто́ си-ѝдӑй бра́тјата-му уд-ло́в дека бе́ле* БМег, сп. и еден пример со контекстуална елипса и карактеристичен инвертиран редослед: *...дисти́на ме́тра на-де́сно ут-алатте дек-са-уста́ве́ни* БМег, т.е. 'од местото каде што се оставени алатите';

б. конструкции со просторен аргумент во главната реченица формализиран како заменски прилог за простор: *Стани да идиш тамука, мени дека ми најди,* В, *Таму дека вревиха сос мајка му, е́ту па́дна ошчи еден карагро́ш* В, *...па та́му и́мијме во́ди дек-шо-ки-си ра́бо́тиме...* БМег, *Та́м дека-ј пубиле́на бу́бта да-ре́чме шо-са́ке да-на́јде ме́сто за-кужу́рави...* БМег, *...отидо́ха та́му, де́ка бе́ши о́н кондисан.*
царот кај шо сше УЕ. Овде спаѓаат формално и некои конструкции со

временска семантика поизразена од просторната: *И там, дека се чудиш, излези ... ламјата и ѓу виде* В, *И там, дека са чудиш, ету една магесница промина прет негу...* В – можеби токму во ваквите конструкции се има зародено денешниот стандарден сврзник *додека* со значење на еден временски предикат. Најпосле, тука спаѓа и примерот: *...и ѓу најди малкуту там, д'е плачиши* МС, каде што се налага толкувањето 'малечкото кое плаче' што го поврзува овој пример со оние со загубено просторно значење, сп. подолу; ако ова второ толкување е правилно, би имале работа со нерестриктивна релативна реченица (сп. подолу 2.4.). Сп. и: *Едно друго* (scil. *дете), кашто го чистеше поливолото, са уби.* ШД, или: *Тој* (scil. *дете), кашто беше на дивано, скочи...* ШД – и двата примера со супститутот *каде што* кој се појавува единствено во текстовите на Шклифов од Долна Преспа.

в. конструкции со просторен аргумент во главната реченица сведен на нула: *...си-оде ... дек-шо-му-била куќита нејна* БМег, *Ас дек ќ-одум и ќна ќ-оде...* ПК, *Дека имафме скриено пл'ачки, и има најдено Французите...* ШД, *Дојде вр'аме, рибата дека беши зарибена, от очите и знајкнали две калами...* В...

Во сите до сега приведени конструкции *де(ка)* може да се сфати како факултативен маркиран конкурент на *што*, маркиран во смисла дека се појавува само во конструкции каде што заедничкиот аргумент е со просторно значење. Меѓутоа, следната група примери покажува како *де(ка)* експандира и надвор од зацртаните рамки, па навлегува во релативните конструкции со класично предметно значење. Сп. *...виде еднојут побратим, дека продаваши неговите драгуцени камини* В, сп. и: *...ја најди гурата, д'е са утфараши и са затфараши* МС (од контекстот јасно се гледа дека се работи за пронаоѓање на гората, а не и на местото каде што таа се отвора и се затвора). Таквата употреба на *дека* потсетува на *дето* од трлискиот текст.

Последната група релативни конструкции со *дека*, исто така со поместено значење, се примерите од типот *Та, дека беши чобанин, стана един голјам базирганин* В, и сл. кои претставуваат своевидна формализација на апозитивна релативна реченица, па ќе ги разгледаме подолу, заедно со другите модели со иста семантика (сп. § 2.4.).

Сосем спорадично на место на очекуваното *што* срекаваме *как*, на пр. *...фатија еден сиромах човек од ниватa му, как бриши...* В, или дури *да*: *На пант'ут стр'атуха идин помир' да иди ут Америка...* МВ, т.е. '...таков којшто...', '...таков каковшто...'. Релативните *да*-реченици (т.е. субјунктивни релативни реченици, сп. Фаркас 1982) претставуваат карактеристична балканска конструкција. Од перспектива на класичниот словенски модел на релативизација тие се подмножество од *таков каков*-реченици, т.е. именуваат особина на референтот на релативизираната *ИС*; нивната специфика е во нивната омнитемпоралност (= во темпоралната генеричност, во отсуството на темпорална референција). Натамошни примери нао-

ќаме во Мазоновите корчански текстови, а ги воведува карактеристичниот состав *што да*, сп. *Ако си шчо да вéрвиш, со верáта сфé се чúни.* МЕ, *Око си ти шчо да ми наситиш аскеро со еден ґрост ґрозје...* МЦ, и сл.

За многу ретките релативни конструкции од типот *...(толку)... колку...*, т.е. за изразување предметна бројна квантификација сп. подолу § 2.2.

Сè на сè претставената слика потврдува дека универзалниот релативен конектор е *што*. Внимание привлекува постпозитивната частичка *то* која се залепува зад *што* во источниот дел од егејската територија. Формата *шчото* од една страна претставува паралела на – исто така регистрирано на исток – *дето* и *којто*, а пак од друга страна претставува единствен логичен избор *што* да се засили со една постпозиција, а при тоа да се одбегне директна редупликација (т.е. да се одбегне некое *штошто* кое ќе беше паралела на денешното стандардно *којшто*). *Шчото* е најзачестено во конструкциите со последична нијанса (сп. § 1.2./1.3.2.), меѓутоа – како што се гледа од горепривелените примери – го среќаваме и во вистинските релативни конструкции.

Пред да поминеме на некои општи заклучоци во врска со механизмите на релативизацијата во јужните говори, да споменеме уште еден тип конструкции што му се туѓи на денешниот македонски и, воопшто, на словенскиот стандард, а во источниот дел од егејската територија се регистрирани прилично често. Се работи за една специфична формализација на определена дескрипција по пат на релативизација на соодветната предикатска содржина. Погоре (сп. § 2./1.1.1.) рековме дека шемите од типот *...тоа што..., ...тој што...* претставуваат најуниверзално средство содржините што инаку лесно не подлегнуваат на морфолошка номинализација да се оформат во позицијата синтаксички предназначена за една именска синтагма. Сега ќе се соочиме со една навидум обратна појава именската синтагма во за неа примарната позиција да се воведува со помош на истиот тој механизам, т.е. со помош на една релативизирана идентификувачка предикација. Место да кажеме *Турците...* ќе се каже *Тие што беа Турците...* или дури – со нула на место на показниот корелат – *Турците што беа...* Се чини дека тука имаме работа со уште еден пример на заменска антиципација карактеристична за балканскиот устен начин на јазична комуникација: позицијата на *ИС* прво се блокира со соодветен заменски супституит и дури потоа се внесува вистинската содржина што тој ја наговестува. Од теоретското гледиште тоа е една постапка што заслужува посебно внимание бидејќи директно ја потврдува хипотезата дека индексите (т.е. личните заменки, примарно употребените сопствени имиња и нивните семантички деривати) биле единствени вистински кандидати за функцијата аргументи на каков и да е предикат. А еве примери: *...тá мак̀ијта шо-му-бúла на тá мáмта, сакáлă да-а-закóле* БМег, *Вă па óде у-тá маґиснáркаата шо-бúла* БМег, *Тă ка-чула, тет-шо-бúла, прáви идна бăклавúја* БМег, *А пă-тú сјурмáстеше-сă, шо-сáке д-им плáиче сéкуј мéсец, нели...* ПДој, *И трýјцата ґизбăрýват, тú стрбјницúте шо-сă, шо-ґă-сăкăт мáмата* ПДој...

Mutatis mutandis иста семантичка шема, по мое мислење, претставуваат и конструкциите со индексот, односно операторот на единичноста директно вграден во соодветната *ИС* додека формалната „душа“ на релативната реченица, т.е. relativum generale + помошниот глагол, останувааат механички залепени до таканастанатата определена дескрипција, сп. *Сѝн мој, шо ѐѝ, о̀д мене р̀оден...* ШД, *Шѝу́кам на̀шите сел'а́-ни, на̀шите по̀знаѝи, шо бе́а ... сја́ пѐѝ го̀дин...* ШД, *Мојата́ гру̀па, шо бе́ше, ни па̀дна да ѝме на Бѝгла...* ШД, *Ја̀ То̀дар шо-ј уѝ шѝо се́ло бѝше.* ПК, *Дру̀га ве́ра не́мше. Смо Ту́рците шо́ бѝа и нѝа.* ПК...

Да сме применувале некој строг површински критериум, разгледуваните конструкции би се нашле не меѓу рестриктивните, туку меѓу таканаречените апозитивни релативни реченици коишто не ѝ служат директно на идентификацијата на референтот на релативизираната *ИС*, туку ги обогатуваат нашите знаења за него. Меѓутоа, се чини дека приведените примери како и примерите што следат даваат единствена прилика преку една низа изнијансирани варијанти на истата шема да го сфатиме самиот механизам на прераснувањето на вистинските рестриктивни во апозитивни конструкции. Имено, нашите примери покажуваат напор на говорителот на својот соговорник да му овозможи идентификација на нештата кои за него самиот се веќе идентификувани. Следствено, тој ги набројува сите можни определби од кои секоја еднозначно го определува референтот на соодветната *ИС*.

До сега редев примери каде што релативната реченица претставуваше конструкција со таканаречен именски прирок. Следи серија mutatis mutandis сродни примери кои формализираат посвојни конструкции, сп. *...ко́жта шо-мо́-ј* ПДој, *...ѝи ки-му-са́киш на̀-нѐго зла̀ѝнио ѝа́мѝо̀р шо-му-бѝ́л* ПДој, *Ца́рица̀ѝа, сја̀ шо м-ој же́на вика́ла о̀ѝ ѝо-ј ла̀ѝжа.* ПК, *Е на́м, ма́ѝа, ѝе́ѝа шо-му-бѝ́ла кинисал-си да – а-па́ла* БМег, сп. го и веќе приведениот пример: *...ѝа́ маќија̀ѝа шо-му-бѝ́ла на ѝа́ ма́ѝа, сака́ла̀ да -а-зако́ле* БМег...

Привлекува внимание дека повеќето наведени примери потекнуваат од истите неколкумина информатори, па се чини дека разгледуваните конструкции во извесен степен претставуваат и индивидуална стилска навика на одделни раскажувачи.

На крајот уште еден пример од кај Верковиќ: релативната конструкција внесува споредбена придавска предикација: *Твојѝо дѐѝе, ка̀ѝу цараско шчо е, за вземи сабја̀ѝа* В – судејќи по частичката *за* примерот е од Лагадинско.

Како што споменав, по мое мислење опишуваниот тип на релативните конструкции ги покажуваат сите етапи и сите варијации на патот што води од реченичната кон именската предикација, а во случајов од определена дескрипција градена со помош на релативнзација на соодветната предикатска содржина до кондензирана апозитивна конструкција карактерис-

тична за стандардниот јазик, во која отсуствуваат какви и да се глаголски носители на предикацијата. Сп.

А. *Тие што беа старојници* ~ *Тие, старојниците...* Б.

Таа што му била тета ~ *Таа, тета му..., Таа, неговата тетка...* и сл.

Скицираниот пат од рестрикција кон апозиција кој ја покажува лабилноста на границата што ги дели, во случајот на јужните говорн бил олеснет, чинам, од два фактора присутни во јазичниот систем на тие говори. Како прво (веројатно не без врска со доминантен устен начин на јазичното комуницирање, а и не без врска со специфичната линеаризација на *да*-речениците), за јужните релативни конструкции карактеристично е авансирањето на *ИС* пред составот: *relativum generale* + глаголот, и тоа независно од фактот дали таа *ИС* е во предикатска или во аргументска функција. Следствено, релативизираната *ИС* и *ИС*-кандидат за апозитивна определба се наоѓаат директно една до друга во текстот. Како второ, присуството на определениот член и неговата дистрибуција – имено, барањето тој (слично на показните заменки) да се појавува во релативизираната *ИС* независно од рестриктивниот или апозитивниот карактер на реченичната определба што следи – елиминира еден од суштествените потенцијални експоненти на разликата меѓу двата типа определби.

Сумирајќи го кратко реченото во врска со јужните релативни конструкции би требало, пред сè, да се нагласи присуството на relativum generale и строгото разграничување на конструкциите од типот *(тој/он) кој..., (таа/она) што...* од едната, и конструкциите од типот *тој (X) / таа (X)... што...*, од друга страна. Првите се остваруваат во функцијата на конститутивен член на именската синтагма (сп. погоре § 2.1.1.1.1.) и како релативни супститути покажуваат заменки *кој(то) котри* (за живи суштества) и *што* (за предмети и апстрактни состојби). Вторите се остваруваат во функцијата на реченична определба на конститутивниот член на *ИС* а ги воведува relativum generale *што*. Првите, по дефиниција, се употребуваат без референција, додека вторите – барем во моите материјали – се од референцијален карактер. Би можело да се ризикува и да се каже дека во соодветната селекција супститути наоѓа израз токму споменатата семантичка разлика.

1.2.3.1. Релативни реченици без релативна заменка. – Посебен, а многу интересен проблем претставуваат релативните реченици со нулти конектор, т.е. релативните реченици без релативна заменка. Колку и да е апсурдно така да ги викаме, проблемот постои и привлекува внимание затоа што дава увид во основните механизми на реченичната рекурзија. Се разбира, за да можеме воопшто и да зборуваме за таквиот тип на релативни реченици треба да се послужиме со една чисто функционална дефиниција според која релативната реченица е таа што функционира како определба на една именска синтагма носејќи дополнителна информација за референтот (реален или замислен) на синтагмата. Значи, во дефиницијата воопшто

не станува збор за какви и да било експоненти на акомодација на таквиот тип реченичен аргумент кон надредената синтагма и/или кон надредениот предикатски израз. Еве неколку репрезентативни примери на таков тип конструкции: *А пак имаше л'уѓе, не му зеаа тоа коа пари.* ШД, *имаше некој ловеја риби во езеро̄то.* ШД, *...најде една дека, една мачка искаха да га утепаат.* В – семантичката шема е јасна: прво доаѓа една егзистенцијална констатација, па една предикација што дополнително го карактеризира објектот на таа констатација; по иста логика овде би можеле да приклучиме еден број конструкции со двојна можна интерпретација: комплементарна и/или „релативна", сп. на пр. *...и видоф рака да ми прај ишарет...* ШДГер, *...и на пато гледе адна лисица са-направила умрана.* ПК, *...ја нахожда царицата лижи..* МС, *...гу нахожда побивики плачи;* МС, *И тојнака отиде, гу најде, играши чилик...* В... – сп. и други примери во т.I, 1.3.2.6. каде што станува збор за комплементарните асиндетски реченици. Проблемот што привлекува внимание е токму лабилноста на границата меѓу релативните и комплементарните конструкции, чии предикати значат сетилна, визуелна перцепција со можен додаток на егзистенцијална семантика. Се чини дека токму предикатите од ваков тип, со нивната двојна насоченост (а) кон еден материјален предмет и/или (б) кон ситуацијата во која тој учествува, сочинуваат главен семантичко-синтаксички јазол кој предизвикува употреба на исти експоненти на акомодација во случај на релативните и на комплементарните дел-реченици во балканските јазици, почнувајќи со грчкото που, па натаму.

2. Количествена информација во именската синтагма. – Сè досега зборувавме за начините на оформување на предикативната информација содржана во една именска синтагма, т.е. за синтаксата на јадрената *ИС*. Под предикативна содржина тука подразбираме поими со помош на коишто ги определуваме објектите за кои станува збор во текот на јазичното комуницирање. Меѓутоа, тие објекти ретко бидуваат потполно аморфни, за да можат да се посочат само со помош на една неквантификувана определба. Обично тие се јавуваат во одредени форми, како дискретни делови од светот што нè опкружува, и како такви се подлагаат на мерење и на броење, т.е. на количествена евалуација. Сега ќе се обидеме да опишеме како се пренесува количествена информација во јужните говори на ниво на именската синтагма, т.е. кои се средствата на граматичката акомодација меѓу изразите што ја оформуваат компонентата *Q* (= количествената информација), од една страна, и јадрената именска синтагма, од другата. Дел од информацијата опфатена овде со симболот *Q* задолжително се оформува на морфолошко ниво преку таканаречената морфолошка категорија број. Ова е автоматски имплицирано со фактот дека именката (по дефиниција конститутивен член на именската синтагма) се менува по број и не може да се оствари надвор од таа категорија. Морфологизирана е разликата меѓу еднината и множината и – кај дел именки кои семантички (и морфолошки) тоа го дозволуваат, разликата меѓу обичната (= немаркираната) и таканаре-

чената збирна (колективна) множина. Сите други нијанси на количествената информација се изразуваат со лексички експоненти на синтаксичко ниво. Количествената евалуација на еден објект може да се спроведе од двојна перспектива. Оценуваниот објект може да се сфати како множество негови помали делови или како дел од една поголема целина. И во рамките на двете перспективи за количествената евалуација од првенствено значење е ситуацијата кога се работи за множеството еднородни елементи, односно за елементот на едно такво множество.

Во описот што следи ќе се сосредоточиме редум ***Аа***. врз *ИС* – називи на множества на еднородни елементи, ***Аб***. врз *ИС* – називи на одбрани елементи (подмножества елементи) од такви множества, ***Ба***. врз *ИС* – називи на множества на нееднородни елементи, ***Бб***. врз *ИС* – називи на одбрани елементи од такви множества.

Морфолошкиот множински облик употребен во неговата примарна функција претставува токму назив на едно множество на еднородни елементи, односно – назив на едно множество елементи определено врз основа на тоа што им е заедничко на елементите. Следствено, соодветната функција ја вршат и сите *ИС* чии конститутивни членови се множинските облици. Таквите синтагми примаат разни видови определби со коишто се прецизира количествената информација. Основна серија определби се броевите. Тие по дефиниција ѝ претходат на јадрената *ИС* и стапуваат со неа во усогласена врска по падежен однос (род) и број. Сп. *...осам стотине минцови пари* МДЦ, *...звјаѓ Ристос дванајсјата апостоли тогови* МЕ, *Тие беа пет браќја и три сестри*. ШД, *Некуј раније десит, петнајс куќи*. ПК, *...и три кандила навърх трапеза беха запаленц, шчо свит'аха...* В, *...си најде аф една царцка тавлахана: тамо имаши четиријси кубили, шчо ги чуваха царцки л'уди* В, *Излезоха три змиц, коишто беха браќучеди сос она змиа* В, *скалата ќи има четиријси басамаци...* В, *Бахчеванџиата имал една квачка сос дес'ат пилц'а* В, *...ету на онаја планина има една ламја стара сос девет глави* В, *...четирит'а маѓарита постанаха аф азмаку нејри, и ќа четиритје товари ги товарјасми навърх шест'а*. В...

Интересно е да се подвлече дека во позицијата на дополнителните членови на именските синтагми броевите речиси и не се акомодираат по категоријата род. Единствената лексема што во западниот дел од јужниот ареал се јавува со парадигма по род е лексемата *два m / две f–n*; на исток го среќаваме само обликот *две*.

Обратно, таканаречената избројана множина, т.е. посебна серија облици со кои именките од машки род реагираат на присуството на бројната определба, е жива само во источниот дел од егејската територија, сп. *два кураба, пет краја, сто и пајдасе динара, илада вујнака* (ПДој), *три денаѓ, шес прастаѓ, два синаѓ, шес редаѓ, пет листаѓ, три камењаѓ, (*ДВ 45), *две вола, чтири дена, дванадесет сата, стоката, осомта дена* (ВК: 103) ... но дури во текстот на Кулакиското евангелие, според зборовите на Вајан „...le pluriel est plus ordinaire: *две дни* 9_{52}, *пет месеци* 67_{32}, *ту две грашови*

114_1", etc. (ibid.), сп. го и објаснувањето: „...la désinence *-i* de pluriel doit avoir été substituée à la forme en *-a* dans les pluriels courts comme *пу двѐ гр҃би* 114." (ibid.). Од друга страна во западните говори се среќаваат изолирани *а*-форми, сп. го Шклифов што зборува за костурскиот говор: „В говора не съществува бројна форма при съществителните от мъжки род..." и натаму: „...Само при съществителните *пӑт* и *кӑт* е запазена бројната форма: *два́ пӑта а анакатӧса ва́лната со пӧстрик. Му кла́ваме два́ кӑта пӧстрик и е́н кӑт ва́лна* (Кос.)" (op. cit. 61).

Интересно е и да се види која информација, освен онаа основната, за бројот на елементите од именуваното множество, може да биде морфологизирана во лексемите (зборoформите) што припаѓаат кон класата главни броеви.

Како прво, тука е еден необичен суфикс за хипокоризација, сп. *...ми да́де са́мо две́чки; зим си три́чки, ма́ле́чки са́; са́мо три́чки уста́на́.*, (ПДој 5.35.), сп. и *...со двечки дечијна, со едночко дете* (усна информација од Горно Пожарско, Воденско), *...само двечки нивички останаа* (усна информација од Долна Преспа), и сл. Суфиксот *(-ч)-к-* по дефиниција се залепува само на најниските броеви (според усната информација од Пожарско можни се *едночко, двечки* – најфреквентно, *трички, четирки, петки*, а сп. и: *Ја-две́чки заги́на́а, сја́а ӧсумки уста́на́ја. Се́дум-ӧсумки биз-мле́кце, би́с-тава́ не́ уста́на́а...* ПК) и покрај емотивниот став на говорното лице го пренесува и неговото уверување дека избројаните елементи се малку, дека претставуваат само дел од она што на времето било присутно или што би можело да се очекува; во врска со тоа разгледуваните лексеми би требало можеби повеќе да бидат класифицирани во нашиот тип *Аб.* – сп. подолу; како најумесна би ја прифатиле парафразата: *..со двечки дечијна...* 'со две дечиња, а тоа е малку', и сл., но сп. од Корчанско: *Знја́и некоја мамешчина́? Знам тричке.* МС и интерпретацијата на Мазон: „...j'en sais seulement trois petits". Ако навистина е можно хипокористикот да ја носи информацијата дека пребројуваните елементи се од мали димензни, би имале интересен пандан на прашалната заменка *колкав* во која е вградено токму прашањето за димензиите на објектите за коишто станува збор. Судејќи по примерите соодветните форми најчесто се појавуваат во анафорска употреба, во синтагми со позиција на конститутивниот член контекстуално празна, меѓутоа можни се и во состав со именка.

Поинтересен за нас, поради неговите синтаксички последици, е вториот тип дополнителна морфологизирана информација – имено, информацијата дека објектите што се бројат се човечки суштства од машки пол, односно човечки суштества меѓу коишто има и претставници на машкиот пол. Соодветната информација се врзува со суфиксите *-мина* и/или *-ица*. Првиот од нив е познат на целата територија. Вториот се јавува поретко, а од Мегленско имаме и позитивна информација дека тој е непознат (БМег: „...броjните именки од типот 'двајца' не се употребуваат...").

И двата типа формации, бидејќи носат вградена информација 'човек' односно 'маж', најчесто се среќаваат во функција на конститутивни членови на *ИС*, сп. *И Рѝстос му ре́че тја́м два́та мѝна́.* МЕ, *И сѝа два́та мѝна кажја́је тја́зи шчо чу́е...* МЕ, *По пѐтто мина́е два́јсе и пѐтмина* ШК, *...гѐрцките а̀нда́ри утеја́ја осу́мдесе-мѝна,* ШК, *Го пу́ливамеф о́кол накол и тѐргамеф два́мина о́штаму, трѝмина о́штаму и го тѐргамеф до кра́јо на су́вото.* ШД, *...два́ мѝна ме викна́ја и фа́тија да ма́ упѝтиве:...* ШК, *...и два́мѝна за ве́змат мит[л]а́та* МВ, *...зе́вај су те́ѝ о́шти иде́н и две́ мѝна* ВК (во современ превод: *Поведи со себе уште еден или двајца), Два́мѝната кинисаха о̀т тја́му...* В, *...и посечи о̀т ни́х осомѝна́. В, ...ја́зе са́м ги отеја́х осомт'амѝна заедно́ч...* В, сп. и: *...најдох едни побратими двамина* В, каде што формата *двамина* има функција на апозитивна определба (сп. подолу пошироко за таков тип линеаризација во врска со интерпретацијата на Вајан); со суф. *-ица* најдов во мојот материјал два примера, и двата се од исток: *Иди́ѝ д'е́н' тра̀гнуват тру́ѝцата да пѝјат на ра́бута* МВ, *...и тројцата сѝа́лзна́ха ра̀ка́* В.

Во функција на дополнителни членови на *ИС* формациите со суфиксите *-мина* и *-ица* се појавуваат релативно ретко, сп. *Се́га он и-пра́јќа се́думтемѝна бра́тиќа* БМ[е]г, *...и така́ с'е́тин'а з'е́вати два́мѝна ду́ша пуина́ фипифтра́* МС, *А и и́мше чѝтвуру́јца ка́лфи.* ПК, *...и викна нѐгови четворица ду́ша́.* В, сп. и *...он утеја́ тројца душа о̀т другаритје...* В. Како што се гледа од примерите, во позиција на конститутивен член до бројните определби со суфиксите *-мина* и *-ица* мошне често се појавува именката *душа* која – да се послужиме со терминологијата на М. Ивиќ (1983: 9 и н.) – претставува основен партикуларизатор за пребројување човечки множества (сп. подолу). Дека *душа* во случајов само го блокира местото на конститутивниот член и се повлекува на позиција на дополнителен член штом ќе се појави вистински (= полнозначен) конститутивен член се гледа и од синтагмата регистрирана кај Верковиќ: *...фа̀тиха т р и с т а т е д у ' ш и ј у н а ц и марифети да пра̀јат* В. Последнава синтагма претставува реткост поради евидентната редунданција – информацијата 'човек', исто како во типот *двамина душа* и сл. се појавува двапати. Меѓутоа, ал пари со типот *двамина, двајца* се појавуваат синтагмите од типот *две души* кои истата информација ја пренесуваат – место на морфолошко – на синтаксичко ниво, сп. *Ут пѐтстутѝни ду́ши шо бе́еме пу́-рано, пѐндесе устанааме...* ШК, *И́маше само неколку́ души гркомани од две и́л'ади души, шо бе́меф во се́лото* ШД, *се́тне се́дом-о́сом ду́ши ни пра̀тија во А́ргос...* ШД. Во сите тие примери именката *души* се појавува како експонент на конгруенција по категоријата 'персоналност' со заменскиот индекс *ние.*

Како еден од критериумите на распределбата на морфолошкиот тип со *-мина/-ица* и синтаксичкиот со *души* се налага бројот на елементите во односното множество – и двата суфикса се поврзуваат со називите на помалите броеви, пред сѐ од „1" до „20".

Најпосле, се среќаваат и синтагми кои именуваат лица, меѓу другото од машки пол, па се поврзуваат – без партикуларизатор – со немаркираните по персоналност бројни определби. Најчесто, но не без исклучок нив ги конституираат општите именки *човек* или *маж*, сп. *...и викна цар'јувите четири л'уди...* В, *Па сфетоп шо јаделе, биле пет хиљади дури мажи сам, жени и деца башка.* ВК (во современ превод: *А оние што јадоа беа околу пет илјади души, башка од жените и децата.)*, но сп. ги и веќе цитираните синтагми: *...звја Христос дванајсјата апостоли тогови* МЕ или *...два синă...* (ДВ)...

Во определени дескрипции, употребени анафорски или во усогласена врска со заменски индекси главните броеви немаркирани по персоналност можат и да конституираат синтагми со персонален референт, сп. *Не сă чистиле и дејси-те?* ВК (во современ превод: *Зар не се излечија десетмина?*), *На вита дванадесет а пушти Исус...* ВК (во современ превод: *Тие дванаесет души ги испрати Исус), И да си са бандисе двата.* ШД, *Тогаа и нас двата ке на закол'ваă* ШД, и сл.

Посебно внимание заслужуваат синтагмите во позиција на именски прирок чија функција е токму да информираат за бројот на нештата, најчесто на „душите". Тие се јавуваат во две семантичко-структурни варијанти:

а. конституирани директно од називот на избројаните елементи, со партикуларизаторот како конститутивен член на синтагмата, сп. *Бивать пет души., Бидели пет души.* ПК, *Тие бее само сто и педесет души.* ШД ... *Тва бише гулемо село... Триста и-пеасе каити бише.* ПК.

б. конституирани од една колективна именка, односно поточно: од една именка сфатена како колективна до која во апозиција стои една синтагма како под **а**, сп. *Тија се фамил'а девет-мина.* ШК, *Си-биме питнајс-души фамил'ја* БМег; и двата примера се конституирани од именката *фамилија.*

И двете шеми покажуваат дека елементите од зборовната класа главни броеви – за разлика од вистинските именки и од вистинските придавки – ретко ја преземаат синтаксичката функција „именски прирок" и дека во соодветната позиција редовно се појавуваат во придружба на други – формално надредени – елементи, или семантички празни (= партикуларизатори) или пренесени од други позиции (*Ние бевме фамилија пет-мина.*, значи исто колку *Нашата фамилија броеше пет души.*, и сл.).

Третиот вид на информација која може да биде морфологизирана заедно со информацијата за бројот на елементите на именуваното множество е сигналот дека посоченият број не треба да се толкува буквално, туку како еден општ ориентир, т.е., со други зборови, дека се работи за приближно определување на бројот. Соодветната информација се врзува со суфиксот *-ина*, сп. *Партизаните бее двајсетина а аскеро стотина.*, ШК - бројните определби стојат во именскиот прирок, но покрај тоа и: *Јас бе завивор саму петдесетина дена., Имаме тријсетина кози...* ШК, сп. и: *...си собират јунаци десетинă.*, ВВ – со бројна определба во апозиција (за ваков

тип на линеаризација сп. подолу), или: *...имах околу шестотина парчи от тша карагроши.*, В, со значење на приблизност потенцирано со предлогот *околу*. Други примери на разгледуваната функција на суфиксот *-ина* во мојот материјал не најдов. Шклифов го констатира неговото присуство во Долна Преспа („... *-ина* от 10–20, 30... до 100." ШД 53), меѓутоа, во текстовите објавени со неговата монографија не најдов соодветни примери.

Вториот начин за изразување на приблизност, на границата меѓу морфологијата и синтаксата, се составите од по два главни броја, соседни во децималниот поредок: како единици (тип: *пет-шест*), како десетки (тип: *пет-шеесет*), или како стотки (тип: *две-три стотини, пет-шест стотини...*), сп. *По тричетир години се стори тос детјато голјамо...* МС, *Тија бе́е пе́т-ше́с ду́ши., Дарвата и продаваме за двајсетри́јсе дракмј., Во́јден по се́лата живе́ по три́десе-четри́десе ста́ри и три́-чети́ри мла́ди.* ШК, *Та́лим попра́ифме три́-че́тири де́на са́мо. Се́тне се́дом-о́сом ду́ши ни пра́тија во Ар̄гос...* ШД, *Бе́ше три́-четири́јсе ка́пки.* ПК, *Пујно́ вра́м'а има́ши ино́ д'а́т'а пиднајси, шиснајси гу́дини* МС, *...Г'и плак'аа една́ кутија три-чети́ри ли́ри.* ПК, *...и́махме пе́-че́с гла́ви гуведа и две́-три́ ко́зи...* ПК, *Садамдасе́-усумдасе́ ка́пки христија́не и два-три́јсе ка́пки така́ не́што Ту́рци, се́дум-о́сум ка́пки.* ПК... Сп. и од Мегленско: „..приближна вредност: *две́-три́, пе́чис..* (БМег), сп. најпосле: *..пет или шес години* В.

Распределбата на моделите *дваесетина* и *два-триесет* меѓу другото зависи и од бројноста на множеството. *-ина* се појавува со десетките и - поретко – со стотките, додека кај помалите броеви, односно кај броевите што говорното лице не сака соодветно да ги „заокружи" (= да внесе нула во позиција на единиците) владее моделот на два составени броја, и тоа обично (со исклучок на *две-три)* со непарен број во првата позиција.

Како лексички експонент на приближноста се појавува предлогот *околу;* сп. и: *Ти́е бе́е ка́мо сто́ и пе́десет ду́ши.* ШД, со *камо* во истата функција.

Семантички со начините на изразување приближност се поврзува проблемот на таканаречените невистински броеви, т.е. на лексемите кои приближно, понекогаш и со една субјективна нијанса во оценката, одредуваат бројност на именуваното множество, а синтаксички – во рамките на именската синтагма – се однесуваат како броеви.

Меѓу невистинските броеви има такви: **а.** кои определуваат приближен број, на пр. *неколку* 'помалку од 10'; **б.** кои имаат само вградени релативни оценки: **ба.** 'мало' или **бб.** 'многу'; најпосле **в.** кои само ја блокираат синтаксичката позиција на бројот и упатуваат напред или назад во текстот каде што **ва.** директно или **вб.** преку споредба се дава соодветната квантитативна оценка. Сп. **а.** *И́маше са́мо неколку́ души гркомани...* ШД, *Во се́лото Л'у́бојно и́маше ма́лу, не́колку ку́ки при́дојдени ка́ко пал'аци, потурчени арна́ути* ШД – еден пример каде што *неколку* е интерпретирано секундарно како 'мало', сп. и: *не́колку де́на..., не́колку пати..., су не́колку*

ка́мéинá... ДВ – примери коишто сведочат дека по невистинските броеви исто се појавуваат *а*-формите на таканаречената избројана множина (сп. погоре); **ба**. *Пруминáха мрáва гудини*... МС, ...*з'é мрáва мл'áкци* МС; **бб**. *Ни́е во кýк'ата бéме мнóгу дéчина*. ШД, *Ни́е во зимни́ата бéмеф достá л'удје*... ШД, ...*пруминáха јунáци мнóгу*. МС, ...*му даде пари без број* В, и сл. Во врска со нашиот тип **ба**. сп. ги и зборовите на Вајан (ВК: 105): „Mais le plus important est la forme fixée *мáлци* 43_{16}, 114_{24}, au sens de „peu de personnes" qui s'oppose à *нóгу* ... et est distinct de l'adverbe *мáлко* 132 „un peu"..." Значи, категоријата 'персоналност', најчесто изразувана на морфолошки план кај вистинските броеви, во Кулакиското евангелие и кај неправите броеви е морфолошки присутна; **в**. ...*и кéлко бјáје во гимјáта дојдóе и му се поклонáе*... МЕЦ, *Шчо се бéре тáлка лýди?* МЦ – последниот пример семантичката интерпретација го поместува во групата **бб**. со *тéлка* употребено во смисла 'толку многу', што го налага контекстот и што во говорниот текст дополнително го сигнализира интонацијата; сп. и *Тéлку ни бéја пáриче*. ШК или *Јáскај и́мам једéно тéлка кóни, тéлка óфце, тéлка волóви*... МЦ, ...*но имам толку време, шчо ход'а по горáта*. В.

Невистинските броеви имаат множинска конгруенција, со исклучок – се разбира – на контекстите кога тие ги придружуваат таканаречените супстанцијални именки, како на пр. *мрва млекце, многу леб, толку време,* и сл.

Покрај обичната множина со нејзината факултативна избројана варијанта во јужните говори се среќаваме и со форми на таканаречената збирна множина, т.е. со множински форми со наставките *-ја/-је /-ишча, -ина/*, меѓутоа, прилично е тешко да се утврди дали се работи за една функционална, семантичка категорија или само за формална диференцијација на семантички немаркирани множински форми. Искажувањата на одделни монографисти како и, пред сè, сведоштвата на текстовите говорат во полза на второто решение. Така на пр. Мазон (МСЦ: 36/37) ги наведува формите *дáб'је, л'ýдје/л'ýд'и* како немаркирани множински и експлицитно констатира дека „Les noms n'ont plus que deux formes, l'une pour le singulier et l'autre pour le pluriel...". К. Пеев во својата дојранска монографија пишува (ПДој § 5.9.) „Форми за збирна множина на *-је, -ја* не се среќаваат во овој говор. Тоа веројатно е обусловено од фактот дека и обичната множина се прави со наставката *-е*. Така и постарите форми за збирна множина: *бráше, лýде, пáрше* денеска се сфаќаат како форми за обична множина, а именката *цвéше* Ник останала во еднина и го загубила збирното значење..." Во врска со ситуацијата во Кулакиското евангелие Вајан констатира: „Le collectif s'est généralement confondu avec le pluriel: sa caractéristique détern. *-ишу* ne subsiste qu'avec quelques mots, et à côté de *-ишчи*." (ВК: 83)... Потешко е коректно да се протолкуваат искажувањата на оние монографисти коишто се сосредоточуваат пред сè на формалните, а не и на функционалните категории. Така на пр. Б. Шклифов опишувајќи го долнопреспанскиот говор пишува (ШД: 45)" „...Значителен број едносрични съществителни имена образуват форми за множествено число на стари събирателни съществителни с окончанието *-је /-'е/: дáи : дáбје, сноп : снóје, шáрн : шáрн'е*..." и натаму (47)

„Съществителните имена от женски род за неодушевени предмети и събирателните съществителни имена, чиято основа завършва на съгласна *д, н, в, л'* получават предимно окончание *-је /-'е/: во́дје, ли́вадје, ни́вје, тре́вје, гла́вје, ко́шул'је...*". Судејќи по примерите на употреба на соодветните форми најдени во текстовите што ги има собрано Шклифов, се работи за обичната, немаркирана множина, сп. *...че́тири дя́мбје...* ШД, *Го́лема пе́штера и́ма, две́сте гла́вје бе́рела́.* ШД, *Во на́шата пла́нина и́ма дя́мбје, фо́и, е́сејнци...* ШД, *Имамеф мре́жје, и́мамеф вла́кој...* ШД, *...про́дава́ше се́ка́кви тре́вје...* ШД... Една друга слика се добива врз основа на описот што истиот тој автор го дава за костурскиот говор (ШК: 58): „... 2. Една част од едносричните съществителни образуват мн. число и с окончание *-ја́: тра́ј – тра́јо́ви – тра́ја, сно́ј – сноје́ви – сно́ја, ја́рт – ја́рто́ви – ја́рта.* Формите, образувани по този начин, имат събирателно значение, 3. Някои едносрични съществителни образуват форми за мн. число само с окончание *-ја: бра́т – бра́ја, ба́лс – ба́лзја, бос – бо́зја, дя́мб – дя́мбја, тя́рн – тя́рња, ја́рто́ви – ја́рт – ја́рта* [? в. погоре] и др." и натаму (59) „...Множествено число женски род ... 3. Многосричните съществителни означаващи неодушевени предмети, образуват форми за мн. число в Горнокостурско предимно с окончание *-ја* и *-'а*, а в Долиокостурско – ... с *-и*: *ливя́да – ливя́дја /ливаґа, ни́ва – ни́вја, тре́ва – тре́вја, плани́на – плани́ња, пади́на - пади́ња, коша́ра – коша́рја, кали́ва – кали́вја* и др. Формата за мн. число за съществителното *ка́шча* в с. Косинец и Смърдеш е *ка́шја́.*" Од наведеното произлегува дека дел од едносложните именки од машки род имаат посебни форми со наставката *-ја/-'а* маркирани како збирна множина, т.е. семантички побогати од формите за т.н. обична множина. Кај другите именки истата таа наставка *-ја/-'а* дериви́ра немаркирани множински форми, што може да послужи како доказ дека кај облиците *тра́ја, сноја́* имаме работа со една затворена зборообразувачка серија, а не со отворена флексивна деривација. Слична е сликата што се зацртува врз основа на зборовите на Мазон: „La terminaison *-je*, qui est originellement celle d'un collectif neutre a elle aussi la valeur d'un pluriel masculin... Elle se trouve dans les noms suivants, qui presque tous, comme on l'a vu, offrent également la terminaison *-ja: дя́мбје, дво́рје, гро́бје, кла́сје, ко́лје, сно́је, тя́рње.* Quelques-uns de ces substantifs ont en outre une forme de pluriel „individualisé" en *-ови: дя́мбо́ви, дворо́ви, гробо́ви, класо́ви.*" (МС 57). Најпосле, располагам уште со една лаконска констатација на В. Дрвошанов дека во Кајларско „...наставка за збирна множина е *ја*" (ДКај) и на една слична формулација на Бојковска која пишувајќи за Мегленско говори дека „Збирна множина кај именките од машки род се образува со наставките *-ја, -је, -е, -јне, -ишта/-ишча.*" (БМег). За жал во текстовите приклучени кон последните две монографии не наоѓаме примери кон би овозможиле еднозначна семантичка интерпретација на соодветните формн.

Сумирајќи го кажаното треба да се заклучи дека во егејските говори ја нема збирната множина како флексивна категорија. Од двете наставки карактеристични за старите колективи (и кои на голем дел од македонската јазична територија создале една таква категорија): **-ье* и **-ья* првата

е реинтерпретирана како множинска, додека втората со вистинското збирно значење се држи во остатоци во некои говори од западниот дел на ареалот и тоа само кај извесни лексеми од машки род чие лексичко значење остава простор за диференцијација меѓу колективната и дистрибутивната односно не-колективна интерпретација на една миожинска форма. Ситуацијата во Мегленско бара натамошни проучувања.

Имаме, значи, работа со именски лексеми со вградена семантичка категорија 'колективност', а не со зависни форми на лексемите немаркирани со оглед на таа категорија. Ваквиот заклучок ни налага да разликуваме – врз основа на формалниот, морфолошки и синтаксички принцип, две (или три? – сп. подолу) класи колективни именки во егејските говори.

Именките со колективниот суфикс *-ја* (слично со миожинските форми со првобитно колективни суфикси) имаат множинска конгруенција како на синтагматско така и на реченично ниво, т.е. им налагаат множински форми како на придавките така и на глаголите со кои стапуваат во усогласена врска (тип: *големи сноїја лежеа*, и сл.).

Меѓутоа, покрај оние со определена зборообразувачка формација среќаваме и други именки со колективна семантика, морфолошки несигнализирана, како на пр. *народ, аскер,* и др. Тие, во принцип, на синтагматско ниво покажуваат еднинска, а на реченично множинска конгруенција (или – со други зборови – на синтагматско ниво конгруенција ad formam, а на реченично – ad sensum), сп. *...проїудраков аскер ... му рекоа на проїудраку...* В, *Áма нáродо бéше за рáбоїа рóден и са мúлваа éден со друг* ШД, *...ки си смејаї св'аїоїи сос їебика* ВП, *...с'ăс чéлеї есе бáлне...* МС, *Па сфéїоїи шо јаделе, бúле пéї хилјáди дýри мăжи сáлї, жéни и дéца башкá.* ВК, а исто така, според текстот на Вајан: *...сфéїуї їалáле, си субирáаї инсáнуї* (ВК 172); сп. и за конгруенција со придавките: „L'apposition d'un adjectif pronominal au pluriel et d'un substantif au singulier se rencontre aussi, mais exceptionellement: *дрýзи нóго сфéї, сúїи дружина шо бúле.*" (ibid.) и сл. Преспанскиот пример ни дава и увид во меѓусебната хиерархија на двата типа конгруенција: глаголската придавка во прирокот изнудува глаголот да стои во еднина (*...беше...роден...*) додека вториот, чисто глаголски предикативен израз стои во множина (*...милваа.*). Сп. ги и примерите: *Е, сă збрáле їáмка ногó нăрóї...* ПДој, *...вăрвăї їăм нóго нăрóї* ПДој, *...пýлефме дóлу ... многу áскер...* ШД – тука наоѓаме убава илустрација на хибридната формална карактеристика на лексемата *ногó–многу* – по морфолошката структура како и по синтаксичката дистрибуција таа е прилог, меѓутоа, способноста да го прифаќа членот ја вклучува во класата придавки; синтагмите како *многу народ, многу аскер* зборуваат во полза на нејзината прилошка природа.

Споменатиот принцип: на синтагматско ниво еднинска, на реченично множинска конгруенција, не е без исклучок. Сп. од една страна на пр.: *И сви милеїо бјăје многó сикледисани.* МС, од другата: *...пýлефме дóлу по їăїо да врви áскер, многу áскер* ШД, или: *Áскер грej...* ibid. Последното отстапување можеби не е без врска со хибридниот карактер на именката

аскер. Имено, во истите текстови ја наоѓаме и реченицата: *А по нас гредеа и аскери на коњи качени...*

Кај третиот тип на колективни именки сме во дилема. Се работи за примери коишто можат да се толкуваат или како лексичка хомонимија меѓу збирните и не-збирните именки или како посебна употреба на еднинските форми на соодветните лексеми. Најчесто во таква употреба се јавуваат етнонимите, сп. *Пу-време наталнѝ Гирмáнут* БМег, *...са-бѝме су-Италјáнут.* БМег, *...Дванáјста годѝна дојде гърко и го затóри бáлгарцкото скáл'је...* ШК. Меѓутоа, има и други примери што му се подлагаат на истиот граматички модел, сп. *...сéкаде ѝмаше пáзари за рѝбата.* ЩД, *...врешчата бјáје пáлне со флорин'.* МЦ и сл., најпосле, сп. и што пишува К. Пеев во неговата дојранска монографија (ПДој § 5.9): „Кај дојдените од Кукушко ... еднинските форми *клас* и *лис* се употребуваат и како множински: *бѝсме дá збѝрме клáс, дóници лис зá бýбáтá.*" Во светлината на сите тие факти поприфатлива се чини интерпретацијата според којашто еднината претставува немаркиран член на категоријата број, па еднинските форми можат и да се употребуваат со множинска семантика. Се работи за таканаречената генеричка употреба на соодветните именки. Непридружени од заменките како *секој* и сл. тие сугерираат токму колективно сфаќање на соодветното множество, сп. на пр. во стандардниот јазик *Муваша има крила.* vs. *Секоја мува има крила,* каде дистрибутивното сфаќање посебно е нагласено во втората формулација.

Една морфолошка множинска форма, збирна или не, именува множество истакнувајќи го она што им е заедничко на сите негови елементи. Меѓутоа, често ситуацијата налага едно множество да се претстави со почитување на сета хетерогеност на неговите елементи – соодветната граматичка служба ја вршат разновидни синтаксички модели на **конјункција**. Најчесто со помош на конјункција се именуваат множества од две компоненти (од два елемента), а пак наједноставен модел на таквата конјункција претставуваат две именски синтагми поврзани со сврзникот *и*, т.е. $ИС_1$ и $ИС_2$, на пр. *...синóви и шчéрке трјáби да сполájве тáтку и мájке за гáлеништчáта и чаластисајнáтá.* МДЦ, *...жа зéме таѝне за нивјáте и за кашчјáте учéти...* МДЦ, *Вóјден по сéлата жѝве по трѝдесе-четѝрдесе стáри и трѝ-четѝри мláди.* ШК, *...овците и козите ќи му и пасе без ни адно грош пари* УЕ, *...да ти даде четириесет товара башракиа и четиријси балтациш...* В, *...мéни да ми зéми цáр'увут сѝн и да му рóд'а двé, еднá мáма и еднó мáмче...* В, *Нéмами тýка, сáл пéт лéбови и двéчки рѝбички.* ВК, *Па сфóтот шо јадéле, бѝле пéт хилјáди дýри мáжи сáлт, жéни и дéца башкá.* ВК, и сл.

Конјункцијата може да биде предмет на потсилена асерција, т.е. се истакнува дека и двете компоненти од множеството се именуваат во функција на аргументи на соодветниот предикат; како основен експонент на таквата порака се јавува моделот со сврзникот повторуван пред секоја од двете именски синтагми, т.е. *и* $ИС_1$ *и* $ИС_2$, на пр. *...се пúсáе óти сјá цáрцке и кашчјáше и имájне нáше* МДЦ, и сл.

Ако реченичниот предикат е доминиран со негација, горните два модели место со *и* се јавуваат со *ни(ѿу)*, т.е. *ни(ѿу)* $ИС_1$ *ни(ѿу)* $ИС_2$ на пр. *Ас не́мум ни́ бра́ѿе, ни́ се́сри и́мум.* ПК, сп. и подолу, кај многукомпонентните конјункции.

Во сите досега приведени конјункции експлицитно се именуваат двете компоненти на множеството, додека содржината што ги поврзува и што дозволува тие да се толкуваат како компоненти на едно исто множество треба да се чита од контекстот и/или од конситуацијата. Меѓутоа, има и решение кое дозволува да се именуваат експлицитно, како заедничката, така и разликувачката содржина. $ИС_1$ и $ИС_2$ во таков модел задолжително покрај конститутивната именка (*КИ*) ги содржат и нејзините рестриктивни опрделби (*РО*), и токму тие се поврзуваат соодветно со *и* или со *ни(ѿу)*, т.е. (*и/ни*) $РО_1$ • *КИ и/ни* $РО_2$, односно (*и/ни*) $РО_1$ *и/ни* $РО_2$ • *КИ* – изборот на едната од двете можни линеаризации е произволен, на пр. *...да разбери́ме о́ѿи и напрежни́ѿи ста́рци и сега́шни́ѿи ... чаласиса́е...* МДЦ, *и фаѿи́је да мурмури́све за Иако́ва и Јова́на апостоли́ѿи* МЕ, и сл. Ако се именуваат повеќе од две компоненти на едно множество, тие се набројуваат сукцесивно и најчесто се одделуваат со паузи (запирки) освен последната на којашто ѝ претходи *и*. Меѓутоа, во случај на надградена негација *ни(ѿу)* се повторува пред секоја компонеита. Потсилената асерција и во многусоставните низи се изразува со појавувањето на *и/ни* и пред првиот израз во секвенцата. Сп. *Плакајме сфи...*, *Мама Пола, ја, Сандра, Марина, Нумка и другѓи шчо се најдојме у Марина.* МЦф, *Ас ка-бѝх-мла́да, мо́јѿе де́ца не-ѓуста́вах ни-бис-кукли́ка, ни-бис-пи́ле ни-бѝс-ни́ѿѿо...* ПК, *...са упла́ши... : ни́ѿу пи́ѿ, ни́ѿу дја́к, ни́ѿу дисѝѿ, шѝчка умр'а́нта идна́ ку́ѿа.* МВ, и сл.

Посебен проблем претставуваат конструкциите на таканаречената **социјативна множина**. И со нив – како во случај на конјункција – се именува множество од најмалку две компоненти (два елемеита), меѓутоа, истовремено и се воспоставува хиерархија на тие компоненти. Во случајот на конјункцијата извесна комуникативна хиерархија на компоненти е сугерирана преку редоследот по којшто тие се појавуваат во текстот. Во конструкциите на социјативната множина хиерархијата меѓу комуникативно поважните и поневажни компоненти граматички е поистакната. Имено, поважните компоненти се формализираат како доминантни (надградени) именски синтагми, додека поневажните земаат форма на зависни (потчинети) синтагми и кон првите се акомодираат (се прилагодуваат) со помош на предлогот *со*. Сп. *Утрини́ѿа ... пак стариоѿ сос човекоѿ стана́ха* В, *...цифаџи́ѿата сос друѓа́ро му најдо́ха вре́ме и побегна́ха оѿ ѿа́мо...* В, *...бога́ѿиоѿ сос моми́ѿе му си легна́ на дворуѿ да спи́ѿ* В – во последниов пример сложената синтагма за изразување социјативна множина конгруира со глаголот во еднина; дека е тоа можно иако поретко решение сведочат и примерите: *...уѿс'ачи едно да́рво и фаѿи сос женаѿа му да ѓу сечи да́ски...* В, *...си вечери сос ѿајфаѿа му, и си легнаха да спи́ѿ.* В9... Се чини дека за конгруенциското решение придонесува и редоследот – ако зависиата синтагма - онаа со предлогот *со* – е откината од вистинската субјектна синтагма (што

подразбира и случаи кога субјектната синтагма е сведена на глаголската лична наставка и стои зад глаголот) поверојатно е дека ќе се појави едининска конгруенција. Така е, се разбира, и во контексти на апозитивно издвојување на *со*-синтагмата, сп. *Мерејќи и париле, заједно су браќа му, нешчо му си засинил на Луде во пинцеркаша на нејната кујќа.* УЕ, и сл. А еве уште неколку примери на социјативната множина: *Тоѓај детенто зема оѓ цар'уѓ 40 милинта и 40 чивта вр'аки, да јуѓидоха сос д'адоѓо да товар'аѓ имани.* В, *Един ден цар'увуѓ син сос неколко други бејуви излезоха на лов.* В, *Тојнака ѓака сос мајка му кога варевиха, ѓак нив'аштата сос цар'уѓ са караши...* В, *Он ѓак сос сиромаха си оѓидоха на домиѓе си...* В, *...и, кажу зборувваха сос мајка ќ тихќа тјанака да кажи...* В, *...седна сос мајка и да вичераѓ...* В, *...царувваха млогу години сос бишкариноѓ.* В ... и сл.; сп. го и интересниот пример во прво лице множина: *...мажу, пиолку години има, шчо сми женеѓи сос тебика* В... Се разбира, синтагмите за социјативната множина ги наоѓаме не само во субјектна позиција, туку и во другите позиции на зависност, каде што не се поставува проблемот на конгруенција со глагол, сп. *Бехчеванциата имал една квачка сос дес'аѓ пилц'а* В34, и сл.

Вреди да се подвлече дека моите примери за социјативна множина речиси без исклучок доаѓаат од текстовите на Верковиќ, што зборува дека тие се карактеристични за раскажувачкиот, а не и за разговорниот регистар на дијалектниот јазик; во секојдневната комуникација доминира вистинската конјункција.

Од семантичко гледиште проблем блиѕок до оној на социјативната множина налагаат формите на таканаречената **елиптична множина** – и овде се работи за назив на едно множество со еден привилегиран член околу којшто се организира множеството, меѓутоа проблемот на елиптичната множина се решава на морфолошки, а не на синтаксички план, т.е. другите, помалку важните членови на множеството и не се именуваат експлицитно. Како елиптична множина се оформуваат множествата околу личните заменки 'јас' и 'ти', како и различните семејни множества, називите на брачните парови, и сл. Сп. на пр. *ние* 'јас и другите', *вие* 'ти и другите', *чичковци* 'чичко со жена му' или 'чичко со семејството', *Корубиновци, Живковци,* и сл.

Броењето елементи на соодветните множества е само еден од можните начини на нештата за кои станува збор да им се даде количествена оценка. Со други зборови: броењето на елементите е еден од начините да се мери количината; тоа е начинот што овозможува мерење единствено на такви делови од светот околу нас, коишто можат да се сфатат како множества од дискретни елементи. Ова ги исклучува таканаречените супстанции и/или материи како *вода, песок, јаглен, платно,* и сл. Ваквото размислување нè води кон заклучокот дека од семантичка гледна точка пред броењето доаѓа мерењето како поуниверзална операција. При ваков пристап елементите на едно множество претставуваат единици на мера со чија помош множеството се мери количествено. Кога се работи за множества од

дискретни елементи, единиците – иако неименувани експлицитно – се подразбираат, односно – при друга интерпретација – самнот назив на множеството во еднинска форма воедно е назив на мерната единица. Меѓутоа, и во однос на дискретните елементи често е потребно, а во однос на супстанциите е задолжително да ги мериме со помош на посебни единици на мера и тоа или конвенционализирани како на пр. *метар, литар, килограм,* и сл., или пак неконвенционални како *врека, чаша, товар,* и сл. Ќе се обидеме сега да дадеме преглед на единиците на мера употребувани во јужните говори. Како прво, ќе наведеме примери конструкции со помалку или повеќе конвенционални единици на мера, дел од нив меѓународни, дел од чисто локален карактер. Меѓу нив се издвојуваат:

– временските и просторните единици – тие се мошне специјализирани и зависат од тоа што се мери; сп. за мерење времетраење: *...да ми дадеш три дни мјухлет* В, *Не пуминале ниути три дена време* УЕ..., за определување на човечката возраст: *Јас бе́ два́јсет гу́дне чу́ја.* ШК, *Пујно́ вр'а́м'а има́ши идно́ д'а́т'а пита́јси, шисна́јси гу́дни* МС – двата примери илустрираат факултативност на редоследот на конститутивната именка и нејзината количествена определба. Од посебен интерес се конструкциите во коишто со временски определби се одмерува оддалеченост на две просторни точки, сп. *...три́ са́ати пе́ш е́сти дилек от на́шчо се́ло.* ШК, *А да́паму и́маше бли́зу два́ са́ти ме́сто да го за́јса* ШД, *...четирија́јси конаќја ме́сто надалеку́ гу закара́ д'а́тето* В, *Там, што́у ва́рви на три конаци место, приближи на јудинско село...* В, *...бли́зу му бе́ши далеко две́ де́на пе́ш.* ВК, сп. и: *...биго́але ошче шест пе́ланни на дилеко.* ВЕВ... Изолирани се примери во кои растојанието се мери со вистински просторни единици, сп. *...што уди́ле на та́а де́н на се́ло што бе́ши уд Иерусолима ше́јсет ми́ли далеко...* ВК... Инаку, за мерење должина сп. го и интересниот пример каде што запишувачот (примерот е од збирката на Верковиќ) нашол за потребно да ги дообјасни мерите: *...дошал еден педа човек лакут брада (човек, на кој-што са́та снага му била голема колку една педа, а брада-та му колку от пра́сте-то на ра́ка-та до лакт-ут)* ВЕ... За мерење површина сп. и: *и́маф петна́јсе кила ни́вје.* ШД, а за мерење обем: *...направил на полето една дупка 40 адими широка и толко дламбока́* В, *...една дупка́ ... која беши три минарета дълбока и три вр'атина широка́.* В... Должината е главен параметар и при мерење на ткаенините, сп. *...и купи женја́-му ен той бомбак...* МЦ, *...да ми доведиш ен вилар пла́тно...* МЦ, *...да ку́пиш..еден куп пла́тно* МЦ...

– се издвојуваат и единиците за тежина, сп. *За ина́ таис'а́ баклава́ три пра́сти'а ука́ шик'е́р, ина́ ука́ ме́ш, ука́ и пулува́на бра́ину и сто́ дра́ма ништите́, пулува́н ука́ шимигда́л за гу спиче́ш хубавичка.* МС... Некаде на граница меѓу единиците за тежина и контејнерите (сп. подолу) треба да се стави *товар,* сп. *Кумпи́то му-кажа́ли на-Арнуи́то два́ тува́ра пу́шки да-уднесат.* ПК, *...да ти даде четириесет товара башракиа...* В, и сл. Сп. и: *Сурвејте́-ме ... да сто́ра ено рамо дарва́.* МС.

– посебна позиција заземаат и п а р и ч н и т е е д и н и ц и – тие се јавуваат, иако ретко, во функција на единици на мера, сп. на пр. *...тој ми даде една аспра бакшиш* В, и сл., но многу почесто тие претставуваат предмет на мерењето и соодветните називи самостојно конституираат именски синтагми, сп. *Г'и плáк'аа еднá кутíа три-четúри лúри.* ПК, *Ни дáдоа по пéтстотини рýбли нá чоек. ШД, ...ину-прéгач лúри ќи му-дáм* ДКај, *...имах околу шестотина парчи от тиа карагроши* В, и сл.

– надвор од сите серии се наоѓа *куќа* како мерна единица за големина на село, сп. *Твá бúше гулéмо сéло... Трúста и-пéасе кáшти бúше.* ПК, и сл.

Единиците на мера овозможуваат определена количина од една супстанција да се протолкува како множество на помали измерливи количини, односно едно множество дискретни елементи да се претстави како множество измерени подмножества од тие елементи. Значи, зависно од тоа што е предмет на мерењето, тие посредуваат или во делење на една аморфна маса или во собирање дискретни елементи во конвенционално признати множества. Во резултат на двете операции доаѓаме до општествено функционални наменски количини на нештата.

Покрај единиците на мера, односно како вторични единици на мера во сродни функции се јавуваат таканаречените партикуларизатори, контејнери, како и организирани множества. Ќе разгледаме сега кои претставници од соодветните функционални класи ги среќаваме во јужните говори. Навикнати сме извесни „делови од светот" примарно да ги перципираме како множества од кои дури секундарно издвојуваме одделни елементи. На јазичен план ова издвојување може да се спроведува или со морфолошки или со лексичко-семантички средства, сп. на пр. *кибрúт* наспрема *кибрúтче, комúр* наспрема *комúрче* од една страна и *зелка* наспрема *гúлава зелка, лук* наспрема *чесен лук,* најпосле сп. и *коса* наспрема *влакно, ергéле,* наспрема *гúлава,* и сл. или погоре разгледуваните именки како *душа, лице,* во однос на човечки множества. Нас тука нè интересира синтаксичкото издвојување, а именките-конститутивни членови на соодветните синтагми, како *гúлава, влакно, душа* и сл. ќе ги викаме партикуларизатори или, според една друга терминолошка конвенција – сингуларизатори. Процесот на мерење и броење со помош на партикуларизаторите претпоставува последователност од два чекора: а. издвојување елементи од едно неизбројливо (а често и неизбројливо) множество, и б. аритметичко толкување на издвоените елементи, т.е. конструирање на избројани подмножества. Еве неколку егејски примери: *Пéјсе гúлави гувéда јáс пúмнум уф-двóро сас-тéлци кá úмахме.* ПК, *Нá гróбо и знúкна двé кóрини јáбалки.* В, *...на едно месту, шчотý имаши две дáрвета смокви* В, *...најдели две корини смокви* В, сп. и: *...имаха околу шестотина парчи от тиа карагроши* В или: *...овците и козúте ќи му и пасе без ни едно гróш пари* УЕ... Вреди да се подвлече дека во типот *две корени јабалки, две дрвета смокви* и сл. партикуларизаторот врши двојна улога – не само што овозможува издвојување одделни елементи, туку и носи информација дека се работи за множество дрва, а не за мно-

жество овошја. Mutatis mutandis партикуларизаторите можат и да оперираат врз супстанцијалните називи, сп. на пр. *...зема пешнико ља̄̀* МЦ, и сл. За издвојување одделни, рамни и измерливи количини од супстанциите и/или од множествата дискретни елементи ни служат и разновидните контејнери, сп. *Це́ли каци сѝрен'е та́ка оста́наа* ШД, *...ину-пре́ча́ ли́ри ќи му-дам* ДКај, *Зе́ва ина̄-кушница зґра̄ши и оде* ДКај, *...а та̄ пуидна̄-ґра̄ст ли́ри му-да́ва* ДКај, *Има́ла тикме́с адно ґа́рне.* ПК, *...утиди сас дв'а̄ вр'а̄шшта кнӣги по̄лно;* МС, *За ина̄ та̄йс'а̄ баклава̄ три пра̄ста̄а ина̄ ука̄ шик'ёр...* МС, *...а најдоха алтунитѣ един казан.* В, *...двајси ґимиа имани докара* В, *...имаши една по̄дница ља̄ј сос не̄ґу* В... Во контекстите каде што како единици на мера функционираат контејнерите често се појавуваат и карактеристичните квантификатори *по̄лн* и/или *цел* со кои се инсистира дека мерата е точна, сп. на пр. *казанот по̄лн алтани* 'не е вистина дека алтаните се помалку отолку што може да собере казанот', и сл. Додека во синтагмите со проста конкатенација на називот на единицата на мера и називот на мереното тие се на комуникативен план редундантни и внесуваат само експресивна асерција, во синтагми хиерархиски поврзани со предлогот *со* тие се главни носители на информацијата за мера. Сп.

казан алтани 'толку алтани колку собира казанот', синтагмата е конституирана од називот на мереното, додека називот иа контејнерот претставува количествена определба

казан со алтани – не се знае колку се алтаните, се работи за еден казан во којшто има некаквн алтани, синтагмата е конституирана од називот на контејнерот, а дополнителната зависна синтагма носи информација дека во него има алтани

Двете конструкции ги разликува: а. комуникативна хиерархија на семантичките компоненти и б. присуство на количествената информација. Со внесување на определба од типот *по̄лн/цел* втората разлика се губи:

казан по̄лн алтани 'толку алтани колку собира казанот; не е вистина дека има помалку'

казан по̄лн со алтани 'казан во кој има толку алтани колку што тој може да собере'

Сп. го и карактеристичниот пример: *...ами сака по̄стелка ја̄лна сос алтани, по̄рница сос злато, та така да спие...* В.

Последна група вторични единици на мера претставуваат називи на повеќе или помалку средени (организирани) множества, при што во самиот назив на множеството се вградени извесни содржини (селективни ограничувања) што ги селекционираат можните елементи на тоа множество. Така на пр. *јато* во себе носи информација дека се работи за птици или за риби, *стадо* имплицира животни, *кошница* – пчели, *чета* – луѓе, и сл. Додека партикуларизаторите ни овозможуваат издвојување елементи од една збирка,

вторичните единици на мера од типот *јато, стадо, чета* дозволуваат од одделни елементи да поминеме на организирана, природна или наменска збирка. Бн можеле нив и да ги наречеме колективизатори. Еве неколку примери егејски синтагми со колективизаторите: *Чéта вóдеше пó негó, четúрјесе-пéдесé души чéта* ШД – интересен пример кој воедно донесува и бројна определба на збирката, па затоа покрај колективизаторот се јавува и партикуларизаторот *душа;* сп. и: *...тáтко ми едно врéме имал пéдесет кошови пчели* В, *...един кýп карагроша нáјдох..* В, *...ино камили* В, и сл.

Посебен тип високо специјализирани колективизатори претставуваат оние кои означуваат еден комплет облека, една промена, сп. *...да му пушча брáту-ми и едно ларо рубе...* МС, *...извадú ...един тáкъм пó-вешки дрехи* В, *...доби три ката от иманúту* В, и сл.

Посебна позиција заземаат и дијалектните синоними на *пар* кои претставуваат истовремено паранумерала и единици на мера, сп. *...да напрáвам адна заги̏ја пúнци.* УЕ, *...ми докара един чифт ушници јурнек* В, *Тогáј детенто зема от царут 40 милúнта и 40 чивúта вр'áки, да јутúдоха сос д'адóто да товар'ат имани.* В, и сл.

Во овој преглед на конструкции што донесуваат количествена оценка на нештата што ги именува именската синтагма ни останува уште да споменеме некои карактеристични начини на формализација на информацијата дека се работи за дел од една поголема количина на именуваното. Најуниверзално средство претставува хиерархизиран спој од две именски синтагми поврзани со предлогот *од,* т.е. конструкцијата $ИС_1$ *од* $ИС_2$ кадешто $ИС_1$ донесува количествена информација т.е. определува, за кој дел се работи, додека $ИС_2$ го именува она што е предмет на мерењето, сп. ја на пр. погоре наведената конструкција три ката от иманиту, сп. и: *Ут пéтстутúни дýши шо бéеме пá-рано, пúндесе устанáме...* ШК, *...најде ... једено ен чјáрек от биренико...* МС, *...имах околу шестотúна пáрчи от тúа карагрошúте* В, *...он утéпа тројца душа от другáрите...* В, *...тојнака утéпа од нас тројца душá* В... Најпосле сп. и: *Што има да ми дадиш ут твоúте гúведа?* УЕ...

До сега зборувавме за именските синтагми во чија семантичка структура е вградена количествената информација, т.е. мерата на именуваното. Засебен проблем претставуваат конструкциите во кои количествената информација е формализирана како именски прирок, т.е. кога таа не е дел од синтагмата со којашто се именува мереното односно изброеното. Соодветните конструкции се од два типа – или **а.** оформени во полни реченици конституирани од финитните глаголски облици, или пак **б.** со облик на чисто номинални, безглаголски искази. Оформувањето на самата количествена информација во голем степен зависи од тоа со кој од двата типа искази имаме работа.

а. Во типот **а.** количествената информација се оформува во самостојна именска синтагма чиј конститутивен член е една единица на мера, сп. *Јáс кóга се стóри пéт гóдúни фáти да бóда на булгáрцко забавáче.* СК, *Кóга лáстаро ке стáни двáјсе пóнти, и пáрскаме су кóнцки кáмен и су вáр.*

ШК, *Тáја, шо е прáвеме чéтири мéтра со пéт, бéше мýсафироваша шо е кажвае по тýрцки.* ШК, *Тúе бéе кáмо стó и пéдесеш дýши.* ШД, *Од грáницаша со Áлбан'а смé три́ череци ош сáшо.* ШД, *...ас бсум гудúни бих.* ПК, *...гу закопа со сé нетри на земјаша четиријсеш пендја.* В, *...га кажува дванајсише делви алшáнише* В, *...една дупкá. која беши три минареша дáлбока и три вр'аша широкá.* В... Меѓу наведените примери има повеќе и помалку синтаксички кондензирани, т.е. покрај оние каде што синтагмата што ја носи количествената информација стои во директна врска со глаголот-копула има и трансформи како: *...е прáвеме чешири мешрá*, т.е. 'да биде четири метри', *...гu кажува дванајсише делви алшáнише...* т.е. 'дека биле дванаесет делви', најпосле, има и конструкции со количествената синтагма зависна од придавскиот параметриски предикат: *...дупкá.која беши три минареша дáлбокá.* Меѓутоа, интересното е дека мошне се ретки примерите со предикатскиот израз сведен на (главен) број (= на претставник од зборовната класа главни броеви), т.е. конструкции од типот *Партизáните бéе двајсетúна* (ШК), и сл. Со други зборови, речиси без исклучок владее типот *Тúја бéе пéт-шéс дýши. (*ШК), т.е. со предикатска синтагма конституирана од назив на (примарна или вторична) единица на мера. Се работи за една универзална тенденција, присутна во повеќе словенски и не само словенски јазични системи. Се налага заклучокот дека бројната квантификација примарно се остварува на ниво на именската синтагма, а не на ниво на реченицата. Бројот по самата своја природа се разликува од други, предикатски, модификатори присутни во именската синтагма. Како квантор тој оперира врз назив от, т.е. врз целосно сфатената содржина на јадрената именска синтагма. Токму затоа во семантичката структура на *ИС* количествената информација ја издвоивме со посебен симбол *К* (сп. погоре § 2.1.). Синтаксички одраз на споменатата семантичка хиерархија е фактот дека експонентите на количествената информација во принцип ѝ претходат на јадрената именска синтагма. Ретките исклучоци од овој принцип, коишто исто така не се без семантичка мотивација, не ги најдовме во нашиот материјал.

б. Во светлината на кажаното мошне интересно е решението **б**. со бројната определба во постпозиција во однос на конститутивниот член на *ИС*. Сп. *Тúја се фамúл'а дéвеш-мúна.* ШК, *...најдох едни побрашими двамина* В, *...си собирашъ јунаци шрú* ВВ, *...си собирашъ јунаци десешина* ВВ; сп. ги исто така зборовите и примерите на Вајан од Кулакиското евангелие: „Les noms de nombre se placent avant le substantif; il n'y a d'exception que pour des nombres polysyllabiques: *друзи рóди четирнáјсеш* 90_{23}, *гудúни осомнáдесеш* 4_{22}, *Голéми Мичéници Четирдéсеш* 114..." (ВК 145); најпосле сп. и: *Имáла шикмéс адно гáрне.* ПК. Ми се чини дека бројот со ваква линеаризација мора да го толкуваме како тежиште на предикацијата, т.е. по линија: *Тúја се фамúл'а дéвеш-мúна* 'тие се фамилија која брои девет души', *...најдох едни побрашими двамина* 'најдов едни побратими, тие беа двајца', и сл. Генерализацијата што ја предлага Вајан, дека се работи за проста инверзија и за слоговната структура на бројот, ми се чини сосем акцидентална и без

објаснувачка моќ, па како таква не може да нè задоволи. Пошироко за апозитивните определби на именската синтагма сп. подолу, § 2.4.

3. Референцијална карактеристика на именската синтагма. – Рековме дека именските синтагми се продукт на јазичната номинација, т.е. претставуваат називи на објекти за кои станува збор, независно дали тие се материјални предмети („делови на светот"), објективни процеси и состојби или внатрешни состојби и ставови на субјектот-говорител. Следствено, од основно значење за успешна јазична комуникација е адресатот на јазичниот текст еднозначно да биде информиран за кои објекти се работи и успешно да ги поврзе називите (= именските синтагми) со нивните р е ф е р е н т и (т.е. со објектите што тие ги именуваат). Во оваа глава ќе се потрудиме да ги претставиме тие структурни елементи на јужномакедонската именска синтагма што примарно ѝ служат на нејзината референцијална карактеристика, т.е. што ги посочуваат нејзините референти.

Треба веднаш да кажеме дека проблематиката на референцијата е присутна пред сè на ниво на реченичната (а не само на именската) структура. Имено, референцијалната карактеристика на *ИС* доаѓа до израз не само во нејзината внатрешна структура, но и во нејзината граматичка поставеност во реченицата, а и во целниот таканаречен кохерентен текст. Од кажаното потекнува дека една именска синтагма во принцип не ја носи во себе својата референцијална карактеристика, туку со соодветната карактеристика се употребува во реченицата. Со други зборови: референцијалната карактеристика на *ИС* е корелирана со нејзината служба во реченицата и може да се утврди само на ниво на реченицата.

Од семантичко гледиште имаме неколку основни ситуации кои значат етапи во определувањето и евентуалната идентификација на референтот на една именска синтагма.

ИС може да биде употребена предикативно, без референција, т.е. како назив на извесно множество особини – конотација на поимот – што му се припишуваат на референтот на една друга *ИС*, на пр. *Татко му на Петре е учител.*, и сл.

ИС може да биде употребена генерично, пр. *Лиле сака да се омажи за учител.*, *Учителот не смее да постапува така.*, и сл.

ИС може да биде употребена како назив на еден (или повеќе) издвоен елемент од именуваното множество, чие постоење не е под прашалник, но говорителот не знае (или во моментот не сака) еднозначно да го посочи, така што за адресатот на текстот тој останува индивидуализиран, но не и идентификуван, на пр. *Некој учител во училиштето Х предизвика вчера неѓодување кај учениците.*, или *Вчера еден учител прашуваше за тебе.*, и сл. Во ваква употреба предикатската содржина што ја сочинува *ИИС* ја врзува таканаречениот квантор на егзистенција (егзистенцијален квантор).

Најпосле, *ИС* може да биде употребена како таканаречената определена дескрипција, т.е. да претставува назив на еден единствен објект (едно единствено множество објектн) н нејзиниот референт да биде еднозначно идентификуван како за говорителот така и за адресатот на текстот; предикатската содржина на *ЈИС* тогаш ја врзува таканаречениот јота-оператор, т.е. оператор на единичност, на пр. *Учителот ни ја објасни задачата., Многу го сакам мојот стар учител.*, и сл.

За наведените ситуации ќе зборуваме соодветно како за *ИС* во служба на предикација, генерична *ИС, ИС* во служба на индивидуализација, и најпосле, *ИС* во служба на идентификација.

Секоја од тие служби располага со извесен број површински експоненти што ја сигнализираат. На ниво на самата *ИС* множествата на тие експоненти делумно се поклопуваат и само анализата на реченицата (или на поширок фрагмент од текстот) овозможува да се утврди за каква служба, т.е. за каква референцијална карактеристика станува збор. Сепак – иако референцијалната карактеристика на *ИС* е функција на нејзината служба во реченицата – експонентите на таа карактеристика во голем дел се вградени во самата *ИС,* а во повеќе јазици (таков е и македонскиот!) дури претставуваат една (делумно) граматикализирана категорија. Предмет на нашата анализа и опис во оваа глава ќе бидат морфолошките, лексичките и синтаксичките сигнали на референцијалната карактеристика на една *ИС* кои – приклучени кон јадрената *ИС* – претставуваат дел од внатрешната структура на *ИС* како таква.

Овој наш преглед ќе го започнеме од синтагмите со идентификувани референти бидејќи токму кај нив најизразена е категоријалната граматикализација и се појавуваат, меѓу другите, и морфолошки експоненти на референцијата.

Како што количествената информација може да биде вградена директно во конститутивниот член на синтагмата (како множинска наставка или дури подлабоко, во самиот корен, сп. го на пр. типот *тројца, петмина,* и сл.) или пак да се оформи во нејзиниот дополнителен член, така и референцијалната информација доаѓа до израз или преку конститутивниот или преку дополнителните члеиови на синтагмата.

Имаме, значи, од функционална гледна точка, две основни ситуации:

А. Самата содржина на конститутивниот член го предодредува за соодветната референцијална служба, и тоа:

А.а за посочување на идентификуван референт, на пр. *Ј а с дојдов., П а в л е дојде.*,

А.б за информирање дека не се работи за идентификуван референт, на пр. *Н е к о ј дошол.*, и сл.

Б. Конститутивниот член е инхерентно немаркиран и способен за секаква референцијална служба. Фактот дека во конкретен случај тој коиституира

Б.а. синтагма со идентификуван референт може да се изрази или

Б.а.а. морфолошки, т.е. со појава на таканаречениот определен член или на постпозитивни показни морфеми, на пр. *Човекоѿ дојде., Младиоѿ човек дојде., Човеков дојде.,* и сл., или

Б.а.б. со помош на лексичките и синтаксичките средства, т.е. со појава на дополнителни членови (показни заменки) инхерентно оспособени за служба во синтагми со идентификувани референти, на пр. *Тој човек дојде., Овој човек дојде.,* и сл.

Б.б. синтагма без идентификуван референт се изразува со отсуство на експоненти набројани во точката **Б.а.**

Забелешка:

По дефиниција како идентификуван се толкува референтот на вокативната синтагма. Пошироко за функционалниот статус, внатрешната структура и референцијалната служба на вокативната синтагма сп. § 2.1.3.1.1.1.

Во јужните говори во принцип се присутни сите набројани начини за сигнализирање на референцијалната карактеристика на *ИС*, т.е. сите начини кои се карактеристични за македонскиот стандарден јазик. Меѓутоа, има и доста второстепени разлики како меѓу стандардот и дијалектите така и меѓу одделните дијалектни зони.

3.1. Именски синтагми со идентификуван референт. – Согласно со горепретставената шема ќе се сосредоточиме прво врз синтагмите чии конститутивни членови се маркирани по категоријата определеност (и посоченост), т.е. инхерентно се оспособени за сигнализирање идентификувани референти. Ја прифаќаме следната регулација во употребата на термините „посоченост“ и „определеност“: под „посоченост на *ИС*“ ја подразбираме нејзината референцијална служба како таква, т.е. маркирани по посоченост за нас се синтагмите употребени референцијално, а немаркирани по посоченост – оние употребени предикативно. Меѓу *ИС* маркирани по посоченост се издвојуваат оние маркирани по определеност, т.е. употребени како називи за идентификувани референти.

3.1.1. *ИС* со конститутивни членови маркирани по определеност. – Како што рековме, тука спаѓаат пред сѐ синтагмите кои го посочуваат говорителот и неговиот соговорник (соговорници), т.е. синтагмите што ги идентификуваат учесниците на говорната ситуација. Тие се синтагми конституирани со примарно употребени лични заменки за прво и второ лице еднина. Значи, конститутивните членови не носат друга информација освен ‘јас, т.е. тој што ги зборува овие зборови’, ‘ти, т.е. тој кому му се упатени тие зборови’. Горниве парафрази покажуваат важна разлика што се однесува до идентификувачките можности на двете заменки. *Јас* употребено заменски секогаш го идентификува говорителот, а ретките случаи на имен-

ската употреба (на пр. *Секој си го цени своето јас.,* и сл.) се карактеристични за интелектуален, апстрактен, не и за дијалектен јазик. Меѓутоа, *ти* дури во вистинската заменска употреба има идентификувачка моќ само - инаку основната за јазичната комуникација – ситуација на дијалог, во обраќање на физички присутен соговорник, додека во не толку ретки обопштени искази од типот: *Каде да одиш, насекаде има луѓе.,* или – со заповеден начин – *Трчи, крши – никогаш нема мир.,* и сл. зад „второто лице" може да се крие или самиот говорител или човекот воопшто или – зависно од контекстот и од конситуацијата – секаков неидентификувано подмножество луѓе. А – како што е познато – ова средство на обопштување добро му е познато токму на дијалектниот јазик.

Уште покомпликувана е ситуацијата кај множинските заменки за прво и второ лице. Тие – како што веќе рековме (сп. погоре § 2.1.2.) – претставуваат таканаречена елиптична множина: 'јас +х', 'ти + х'. Само една од ретките можности претставува колективен идентификуван говорител ('$јас_1$ + $јас_2$ + $јас_3$...' – при хорско пеење или хорска рецитација) или – почесто - колективен идентификуван адресат ('$ти_1$ + $ти_2$ + $ти_3$ ...'). Инаку, обично контекстот покажува кој уште покрај говорителот се крие зад *ние,* односно - покрај физички присутниот соговорник – кој уште се крие зад *вие.* Исклучок прави стаидардното *Вие* како израз на учтивост во обраќање кон единствениот присутен соговорник, но тоа повторно на дијалектниот јазик најчесто му е туѓо или новопозајмено. Треба и да се потсетиме на фактот (што го илустрираат и приведените примери) дека учесниците на говорната ситуација често не се посочуваат во текстот со помош на одделни именски синтагми. Имено (1) ако се тие воедно и појдовни аргументи (семантички субјекти) на изразуваната релација и (2) ако нема потреба таа нивна улога посебно да се истакне, тогаш посочувачката функција успешно ја вршат самите глаголски наставки за прво и/или второ лице (т.е., со други зборови, експонентот на таа информација е инкорпориран во личниот глаголски облик). Познато е дека личните заменки во позиции на едностране синтаксичка зависност (т.е. во коси падежни облици) имаат двојни форми - полни, ортотонски, под реченичен акцент, и клитички, надвор од акцентот. Би можеле да кажеме дека истата формална двојност тие ја покажуваат и во позицијата на двострана зависност (т.е. во таканаречената независна, номинативна позиција), само што во оваа позиција подвижната клитика е заменета со лична глаголска наставка.

За да го илустрираме реченото сега ќе приведеме извесен број јужномакедонски примери со учесниците на говорната ситуација посочувани со помош на самостојни именски синтагми.

А. Во номинативен однос, т.е. во позиција на двострана зависност со глагол: *Ня-чéдо мéсто... јас кóзúмум* ПДој, *...ас сам на-бéгув Трáјко.* ПК, *...јазе сам на богаш човек син* В, *Јáзе сам ош твоја земја твој хизмикар* В, *...јазе сам царскиј син...* В; *...ти си царо чефуштим* МЕЦ, *...тискај си син Госпутому* МЕЦ, *...тинака си роден аф такоф един вечир, кашу чет-*

вертиј вечир В, *...тинака от умо стануваш сиромах, а не ча ти не работи кäсмет'ут* В; *...ни́а сми на Мојси ученици* ВК, *...сти видели виа јунак на земјата?* В, *...на́ кого сти виа хизмиќари?* В.

Б. Во други падежни односи, т.е. во позиција на едностран зависност од глагол: *Мја́не не турнае от скалата сколјетому?* МДЦ, *..друѓари-ми ту-ме́н...* БМег, *...да питаш и за меника, какво ми е кäсмет'ут* В, *...ча ки ми изјади и меника, и двете ми малки* В, *..туку на ти това кесе и това кепе дар от меника* В, *...да ми купиш ... мäжки дрех́и* В, *Цäнум сéга жéна сум на́ тéбе* ХК, *Тäтику-ми сäка и тéбе дä-тä-зéва, ама ќи кýпе ини-чéјли нóви* ДКај, *Шчо ни требува да терам́и.* В...

За начини на изразување на зависност од име сп. погоре § 2.1.2.1.3. каде што стана збор за таканаречената посвојна релација.

Кон оваа серија примери спаѓаат и *ИС* конституирани од апсолутно употребените показни заменки, т.е. од т.н. лични заменки за трето лице, сп. *...сој беаше син Госпутому* МЕЦ, *Тјанака ке да курдиса купринена мр'äка* В, *...та она отиде да сечи синчка от баиро* В, *...сви тиа беаје дојдени за да чуве зборовити тогови* МЕЦ, *Тас отиде дома-је* МЦ...

Општо земено заменките од третото лице се јавуваат во текстот во анафорската, кореференцијална, служба. Слична служба врши таканаречената повратна лична заменка *себе (си).* Во јужните говори таа има статус на факултативна варијанта на соодветните лични заменки. Односот меѓу *мене/тебе/него–неа/нас/вас/нив ~ себе* е mutatis mutandis како оној меѓу *мој/твој/негов–нејзин/наш/ваш/ нивни ~ свој,* сп. погоре § 2.1.2.1.3.

Скоро сите мои примери потекнуваат од постарите, пишувани и/или уредувани текстови, како од западната така и од источната периферија. Формата *себе* се јавува редовно во придружба на клитиката *си,* а во повеќе примери и во состав со заменката *сам* која зависно од употребата (сп. подолу) открива една од двете значенски варијанти: 'не некој друг' (сп. § 2.1.3.2.), односно 'без помош', 'без придружба'. Еве ги примерите: *...курту-лисај себјäси* МЕЦ, *Свéки си гле́да сéбе си.* СК, *Сáму за сéбе си работá.* ШК, *...и рече сам на себе си...* В, *...вати жената да плачи и да си нарéкува сáма сéбе си* В, *...излезе сам себе си да са продава* В... Како што се гледа сите примери со исклучок на првиот се од доменот на третото лице. Мазон (МЦ 65) регистрира и израз *сам со себе* и го преведува како „à part lui".

Почесто, а во поновите текстови редовно во соодветна служба се јавуваат форми од основните лични заменки, на пр. *За мéне си мä́сл'а...* ШК, *...и јазе за мени са мäчá* В, *...да ги в'éнци сичкит'а парѝ на ти'éб'а* МС, *...бéше ...вóјвода́ Чéта вóдеше пó него* ШД, *..зајдно су них си гу зеле злато́то* УЕ, *..мéчкатäси гу з'é сас н'éја на ро́иката* МС, *лекáр, лéкувај сä на тéб* ВК, *„секој, тäтику, за негу са мäчи...* В, *...та две-те риби продали на един евреин, пак една-тä зајр'али за тјах си.* В... Како што се гледа примерите од доменот на третото лице обично ја содржат и клитиката *си* која отстранува потенцијалната двозначност на анафорското упатство.

Интересно е дека не само заменката *сам*, туку и целиот состав граден врз корените *сам-* и *себ-* во Кулакиското евангелие се јавува како показател на значењето 'во изолација', 'без помош', 'без придружба', сп. *Јáс нé мóжам да чинам утѝ мéн сáм нѝшто* ВК144, но и: *Афéндо, шо ки сѝ чини, когѝ ки ни си кáжиш на нáс самосéбето да не на сфéпут?* ВК, *На тóа врéми, му сѝ искажѝ Исус сáмонасеб на ученицити нéгуви...* ВК.

Внимание заслужува поместената (транспонирана) употреба на конјункција од личните заменки за првото и второто лице со значење 'различни луѓе'; ја наоѓаме во текстовите од Кукушко, сп. *Слýшиум утѝ-тéи уд-мéн, óти нé пуштáли кóј ей тáм рóдин.* ПК, *Тóо не рабутѝл нѝшто, арамá шитáл, тéбе упл'áчки, мéне упл'áчки.* ПК... Слични асоцијации побудува и примерот од кај Верковиќ, сп. *...и нѝ човéците му размéнѝ калпáците: твójут калпáк турѝ на мóја глáва, мóјут калпáк турѝ нѝ другѝ глáва и прóчее* В.

Вториот тип *ИС* чии конститутивни членовн се инхерентно оспособени да го идентификуваат референтот се оние конституирани од примарно употребените сопствени имиња. Тука спаѓаат покрај човечките и месните имиња и името на господа којшто по дефиниција е еден единствен.

Внатрешната структура на сопственото име овде нема да ја разгледаме. Таа зависи од многу прагматички фактори, пред сè од општествените конвенции што ги врзуваат соговорниците. Од конвенциите зависи дали ќе се појави само име или име и презиме, или пак име (и презиме) и некоја зацврстена престижна и/или професионална титула. Сп. на пр. *„...беши нечадин: не му даваши Господ чедо"* В, *...ама Бог му даде добро и гу чини цар на земјата.* В, *И Ристос крена óчити тогови на апостолити тогови* МЕЦ, *Се сáке Тѝнка и Стéфо.* ШК, *...му кажува на Половинмицан и поповаша балтиа* В, *...за книгѝта Стиру Читу от страна тáткуму* МЦф, *...во вафто чорчиакоф..., Во замано Али Ефендиу* МДЦ, *Парашкева Филтова не јо бије дома е со кол?* МДЦ, *„Фамилни имена. Филип Бéгутáму, Никола Бáчетáму, Кóте Пáнчетáму, Мáлина Бéгутáму..."* ШД 48. Приведената од Шклифов серија јасно кажува дека постпозитивниот заменски дативен облик нема во ваков контекст членска функција. Се работи за фактот дека единствено определените *ИС* чуваат остатоци од флексија, па така *-тому* станал вторичен експонент на дативната функција, а воедно и на определеноста на соодветната *ИС*. Сп. и: *трјáби да му сполајве Госпутому за многóто добрине тогове* МДЦ. Сп. го и примерот: *По на тáтка прéзимéто са Крста Рѝстанофцкá* ШД каде што *ИС* конституирана од сопственото име може да има двојна интерпретација – во suppositio formalis, како идентификација, и во suppositio materialis.

А еве неколку примери со *ИС* конституирани од месните имиња: *Јáс имáф свój чоек во Амéрика.* СД, *Цвéтко Шáйков си дójде од Амéрикá* ШД, *...со фамѝл'áта му живéе во Афстрáлијá* ШД, *...сѝте наши сéла, шо бéа во Прéспа, бéа под бéго...* ШД...

Општите именки што им се придружуваат на сопствените имиња и заедно со нив претставуваат конститутивни членови на соодветните *ИС* - како што споменавме – обично се професионални и/или престижни титули, роднински називи, или најпосле некои експресивни епитети; во последните две семантички полиња покрај именки се појавуваат и придавки. Централен дел од така проширената синтагма останува сопственото име, се работи всушност за проширени варијанти на сопствените имиња чие никнување е мотивирано прагматички, т.е. зависи од говорната ситуација и од учесниците на таа ситуација. Сп. *...зборовите от светого Јована* МЕЦ, *Сéпне мувúкум ас сам на-бéгув Трáјко.* ПК, *Господину професор М. со пошчанатa тогова фамилиа много кланатја от стрaна наша свим* МЦф; сп. ги и синтагмите како: *сирак Кулаф* В, *лýди Иувáн, чúсти пундéлник, Вилики петук* ДВ... „Долгата" придавска форма во последната серија примери претставува морфолошки експонент на нивниот зацврстен статус на сопствени имиња.

Засебна серија претставуваат синтагмите чиј конститутивен член се токму професионалните и други титули, роднинските називи и сл., додека сопственото име се јавува во suppositio materialis, т.е. имаме работа со една структура од типот '*X* којшто се вика *Y*'. Во ваков тип синтагми задолжително се јавува членот како морфолошки експонент на нивната идентификувачка функција. Меѓутоа, токму облигаторниот карактер на членувањето дозволува целосно да ги сфатиме како специфични сопствени називи коишто се – слично на личните заменки и на вистинските сопствени имиња – неподобни за предикативна функција. Кај роднинските називи членот се редува со дативните клитики чијашто посвојна функција ја вклучува и членската. Сп.: *...и тá Пéна на-Прóјче и óна уткáде-нáс, уткáде-свáтут Грóзде нúкуј.* БМег, *Рече Господино наш Ристос апостолитим тогови...* МЕЦ, *...му се измолие везиротому Пилату* МЕЦ, *...шчо жа се речи местото коскјáтуј главјáтуј парветему човек Адам...* МЕЦ, *...и сестра мајкја му Мариа* МЕЦ, *Вéли на нéгу сéстра му на умрéнјут Мáрта* ВК, *Во тýрцко врéме нашетó село Óровник бúло чúфлик на бéк арнáутин.* ШД...

Меѓу инхерентно идентификувачките не спаѓаат синтагмите како *нашата Преспа* и сл. (сп. *Нашатá Преспа, сúте наши сéла, шо бéа во Преспа, бéа под бéго...* ШД). Сопственото име овде е употребено секундарно како име на многуте можни Преспи кои се редат на временската оска во спомен на одделни генерации на нивните жители; сп. mutatis mutandis: *Денешново Скопје не е како Скопје од пред земјотресот.*, или: *Мојата Лиле не е како твојата.*, и сл.

Како инхерентно маркирани по определеност, иако обележени со присуството на членот, би можеле да ги толкуваме и референцијално употребените синтагми конституирани од поименчени придавки, тип: *големиот, помалиот*, и сл. Примарната функција на членот овде е токму супстантивизацијата, меѓутоа, автоматски е присутна и референцијалната идентификувачка функција.

3.1.1.1. Вокативни синтагми – Инхерентно маркирани по определеност се и вокативните *ИС*, т.е. синтагмите маркирани по семантичката категорија АПЕЛ. Таа категорија е својствена како за именките така и за глаголите. Нејзините граматички експоненти се вокативот кај првите и императивот кај вторите. Кај именките се зборува и за една екстензија на категоријата лице бидејќи маркираноста по апел автоматски значи и маркираност по второ лице. Следствено, сооднос меѓу општата и вокативната форма може и да се сфати како сооднос меѓу формата за третото и онаа за второто лице. Независно за која категоријална интерпретација да се определиме, стои фактот дека – од прагматички причини – синтагмите употребени за обраќање кон соговорникот, сите семантички градени врз личната заменка за второ лице, сите се со идентификуван референт. Значи, во случајов експоненти на определеноста се самите експоненти на вокативот, т.е. пред сè соодветната синтагматска интонација, често, иако не задолжително, придружена со посебна вокативна наставка.

Во текстот вокативните синтагми имаат статус на посебни, самостојни искази и како такви често се придружувани од предикати-извичници чија функција е да го привлечат вниманието на адресатот.

Конститутивните членови на вокативните *ИС* се најчесто лексеми и надвор од таа специфична употреба маркирани по определеност, т.е. личните заменки за второ лице, сопствените имиња, називите на сродство, престижните и професионалните титули и сл. Сп. *Господи́не ... умилви ме...* МЕЦ, *Ристо́се... сто́ри умѝлка на мја́не* МЕЦ, *Ма́рто ... Ти са́ ма́љо́.* МА, *Леле, прија́теле. но́го лош сон ви́ду но́ќка́та.* МА, *Чо́ек, са́каш да би́јме прија́тели – му ве́ле ку́ч'то...* МА, *Ка́к, бре бра́то...* БМег, *Аман ти мол'ам бра́тје ним а пра́ве ва рабо́та́* УЕ, *...ej го̄ди то̄рго́вец...* В, *...ej по̄бра́тими, ѝдиш това́ ве́чер да́.* В, *...аман же́ну, ка́ту сми аф та́ја те́мни́ца́* В, *...немам, бра́тје, благодаре́ние...* В, *...ej Кулу́ф, не гле́даш ли, ча́.* В, *ах сто̄и́не, де́ка ки ми оста́вии ме́ника́* В, *ах го̄сподар'у, ло́шу си чини́л, што му даде́...* В, *..ма́жу, то́лку годи́ни има́.* В, *...јуна́к... ти́нака това́ добро, што ми напра́ви, ја́зе не́мам со што да го̄ пова́рна́* В, *...да ти пӣтам, јуна́че...* В, *„виде, го̄сподине, го̄сподуата помош“.* В, *...синку, немој пӣташ та̄ковут занаја̄т В, Боже, да ми чуваш от ламините дефови* В, *ej л'акарин, дај ни л'ак за ражба?* В. Сп. го и зачуваниот турски однос меѓу вокативната и номинативната синтагма во: *ej, авциоли!* наспрема: *...го̄ вика́ авциолиа́та́.* В (но исто така и: *...авциоли...одр'ави на цар'у...),* или: *Му вели на чорбациата му: „дај ми, чорбаци, хакоѓ...* В. Во Кулакиското евангелие наоѓаме: *Же́на, е́то и Си́н ти.* ВК, *лека́р, ле́кувај са́ на те́б;* ВК, *Же́на, што пла́каш?* ВК, и сл. Вајан (ВК 99) по повод вокативните синтагми во овој споменик пишува: „Le vocatif masculin est normalement remplacé par le nominatif: *измикја́р мо́ј* 3112, *о́тац чове́к* 429, *си́н ми* 9614, etc.; il est peu problable que *ду́хо* 5516 soit un vocatif en *-о* ... La seule exception est le slavonisme *Го́споди* 224, 323, etc. *Го́спо̄и, испула́јти* 483, seul exemple pour ce mot où le nominatif serve de vocatif, comme dans les noms ordinaires. ... Le vocatif féminin s'est conservé de façon

plus rélle: *жéно* 6529, 694, mais ailleurs *жéна* 925, 3212, etc.; *кéрко* 3914, 5822, 13214; *душо* 415; mais *мáма* 3922, *Мáрта* 637, etc."

За разлика од идентификувачките синтагми немаркирани по апел, во вокативните синтагми конститутивниот член може да биде придружен од еден тесен избор на дополнителните членови. Тие не ја збогатуваат конотацијата ниту ја ограничуваат денотацијата на синтагмата (како што е случај во невокативните *ИС* со конститутивните членови немаркирани по определеност), туку изразуваат емотивен и/или оценувачки став на говорителот во однос на неговиот соговорник (адресатот на писмото и сл.), т.е. вршат експресивно-импресивна функција. Сп. *Болиф мој син Тирка* МЦф, *Болиф мој бир Тирка.'* МЦ, *Болиф мој син.'* МЦф, *Болифко Тирка* МЦф, *Пара много штен брат мој Тирка* МЦф, *Штен мој Тирка* МЦф, *Много штен мој Тирка* МЦф, *Болиф Другар* МЦф – сите примери се од семејна преписка, од Бобошчица; сп. и: *Господи наш...* МЕЦ, *„...дека повелиш, господар мој, да идá.* В, *варај, таткову жр'апчé.* В, *...да видиш, цанум царица и моја керкó* В, *..бý грамати́к мóј, и́зл'аз да ви́диш...* В, *„господар мој, цар'ут ти пушча кланети́“* В, *варај, синку на мајка, шчо си толку кахарлиа?* В, *тинака ли си, синку на мајка?* В, *Сúн ми, зашо такá ни чини́ на нáс?* ВК... Како што се гледа дополнителните членови се или посвојните конструкции употребени во функција на експресивни епитети или вистински епитети. Релативно често тие стојат по конститутивниот член, што е инаку карактеристично за *ИС* со конститутивни членови маркирани по определеност. Привлекува внимание конструкцијата: *синку на мајка* чија експресивност е зголемена со категоријалната транспозиција по лице. Имено, мајката е таа што зборува, но место *синку мој* (1. лице) ќе каже: *синку на мајка* (3. лице). Сп. во стандардниот јазик: *Мајкино*! и сл.

Шклифов како од Костурско така и од Преспанско наведува долги придавски форми како морфолошко обележје на вокативната *ИС*. Сп. „Прилагателни с две основни форми (кратка и дълга) се срещат рятко,... Дълата форма се употребява само при обръщение: *Мóјо тáтко е мúл : Мили ми тáтко; Лéбо е скáт : Скáти дéдо, кáси су здрáвјето? Стáри мој прија́тел', што пра́ш?, Злáтан пáрстан : Злáтни бóже, дáј ми сúла и здрáвје“* (ШК 66). Сп. и: „Прилагателните имена, които завършват на съгласна, при обръщение пазят старата пълна форма: *Мúли дéдо Бóжин, кóа ке дóиш при́ нас? Скáти мáжу, вáрни се от чýждината! Пóели цáру чéстити! Злáти бóже, чýвај ми го стóанчино! Врéдни сúну, дóиси вóда да пúја.* Такива звателни форми имат само определен брой прилагателни“. (ШД 50). Пеев во монографијата на Дојранско пишува: „Кај придавките ... старата определена форма за м. род на *-и* скоро е изгубена. Остатоците се ретки, ги среќаваме како определби кај некои имиња на празници ... и во топонимите; сп. уште: *мúли синко...*“ (ПДој 5.21). Во другите егејски извори не најдов примери на вокативните ИС со долги придавски форми. Познато е дека тие се јавуваат и во други западиомакедонски дијалекти како и во стандардниот јазик. Судејќи по примерите долгата придавска форма секогаш стои во антепозиција спрема конститутивниот член на синтагмата.

Се случува и целата вокативна синтагма да има карактер на епитет, т.е. да не биде конституирана ниту од лична заменка ниту од сопствено име, туку од една општа именка од оценувачки карактер. Сп.: *а бре беззаконик, зашчо приспиткаш законот...* В, *Ошче адниш нема да ти уставам дома зулумџија ниедно!* УЕ, и сл., т.е. 'ти кој си беззаконик', 'ти кого го оценувам како зулумџија', и сл. Вторично, синтагмата може и да биде конституирана од придавски збор, сп. *О маловјарен, зошчо имјаше шубе?* МЕЦ.

За вокативните синтагми проширени со апозитивни модификатори сп. подолу § 2.4.

3.1.2. *ИС* со конститутивни членови немаркирани по определеност. – Се работи за синтагми чии референти не се како такви идеитификувани за соговорниците. Идентификуваноста на референтите се базира врз заедничкото искуство стекнато или пред или во текот на разговорот (на зборувањето на текстот).

Разликуваме овде – да се послужиме со традиционалната граматичка терминологија – случаи **(а.)** на deixis ad oculos (deixis in praesentia) - кога референтите на соодветните *ИС* се непосредно присутни во говорната ситуација, односно **(б.)** deixis ad phantasma (deixis in absentia) – кога еден од соговорниците се повикува на свое индивидуално (во монологот) или на заеднички доживеано искуство (во дијалогот); најпосле, можеме да имаме работа и со **(в.)** анафора, т.е. со повикување на објекти (предмети, лица, настани, итн.) веќе еднаш споменати во текстот. Многу често анафорската интерпретација се наслојува врз деиктичката и вистина е дека границите меѓу одделни типови на употреба на соодветните *ИС* не се остри.

Основен експонент на идентификувачка употреба на *ИС* инхерентно (т. е. преку конститутивниот член) немаркирани по определеност се показните заменки. Во некои јазични структури (меѓу другите и во балканските) со време врз системот на показните заменки се изградува една нова граматичка категорија во служба на јазичната референција – таканаречениот определен член.

Познато е дека македонскиот стандарден јазик располага со три серии показни заменки, различно маркирани по лице и/или по просторната оддалеченост од говорното лице. Врз коренот *ОВ-* се базираат заменките кои посочуваат објекти во непосредна близина на говорното лице, врз коренот *ОН-* – оние кои посочуваат објекти во доменот на третото лице, односно оддалечени од говорителот, и најпосле врз коренот *Т-* – заменки кои посочуваат објекти во доменот на второто лице, односно оние што не се наоѓаат во непосредна близина на говорителот. Слично на личните заменки и показните, зависно од нивната функција и позиција во текстот, поседуваат по две серии облици: долги (акцентирани) и кратки (немаркирани од гледна точка на топикализацијата). Референцијалната карактеристика е доминантна карактеристика на именската синтагма која одлучува за нејзината (индексна, посочувачка, предикативна) функција во текстот. Следствено,

лексемите и/или морфемите носители на таа карактеристика во принцип стојат во маркирана почетна позиција, „ја отвораат соодветната *ИС*“. Во однос на показните заменки тоа значи дека нивните долги форми им претходат како на јадрената *ИС* така и на нејзините количествени модификатори, додека кратките, клитички форми, коишто се морфолошки несамостојни, се залепуваат во постпозиција за првата самостојна компонента на соодветната *ИС*, сп. *овој човек, овој млад човек, овој млад образован човек, овие двајца млади образовани луѓе,* итн. наспрема *човков, младиов човек, младиов образован човек, двајцава млади образовани луѓе,* итн.

Со време кратката форма од серијата *Т-*, специјализирана во анафорска служба, има прераснато во таканаречениот определен член. Основна семантичка функција како на показните заменки така и на членот е нивната референцијална функција. Меѓутоа, има конструкции и контексти на употреба во кои тие се подложни на граматикализација и бараат посебна интерпретација. Како најважни меѓу нив ќе ги приведеме составите од типот *тој/оној кој* и сл. што ги конституираат релативните конструкции (сп. погоре § 2.1.1.1.) како и таканаречениот генерички член, како во реченицитe *Мувата има две крила., Петелот е птица., Цуциња̀та имаа̀т бели бради.,* и сл. – за таквата употреба како и за можните интерпретации сп. § 2.3.4. Интересно е дека заменките градени врз коренитe *ОВ- (С-)* и маркирани по просторната блискост до говорното лице не се јавуваат во вторична употреба.

Во јужните говори системот на показните заменки е редуциран во однос на стандардниот, сигурно не без влијание на другите балкански јазици. Имено, со исклучок на долнопроспанскиот говор тука наоѓаме само две серии место три, една од двете во западниот и централниот дел од ареалот, маркирана по блискост до говорителот, втората немаркирана. Во првата функција се јавуваат коренитe *С-* (на западната периферија, во Албанија) и */О/В-*, во втората *Т-* и */О/Н-*. Меѓутоа, источно од Солун имаме еден друг двокомпонентен систем: *Т- ~ Н-* со вториот член маркиран по оддалеченост. Интересно е дека токму овде и двата корена се појавуваат во функција на таканаречената лична заменка за трето лице, а истото важи и за релативните состави *тој/тос//он/нос... кој...,* т.е. за целата зона на употреба која подразбира неутрализација на опозицијата /+ оддалечено/ ~ / ± оддалечено/.

Кратките постпозитивни форми од коренитe */О/В-* и */О/Н-* на егејската територија не се јавуваат. Членската функција редовно ја врши постпозитивната серија градена врз коренот *Т-*. За апсолутно употребените показни заменки во функција на т.н. лични заменки за 3. лице сп. погоре. Карактерот на употребата (апсолутна во функција на конститутивниот член на синтагмата или атрибутивна во функција на дополнителниот член) обично не влијае врз формата на заменката. Меѓутоа, во источниот дел од ареалот се забележува тенденција во атрибутивната употреба да се појавуваат проширените теми, а во апсолутната – основната, сп. на пр. *...го̄ чуваха о́нај сиромах да не си чини нешчу...* В, *Онај го̄спода́р на Мо́сха, шчо му*

речѐ, дали́ и́ма Бо̄г на ва́шта зе́мја, о́н запа́дна и са чини́ про́сик... В55, *...то̄ј го̄ ковиши, он го̄ расковиши* В, и сл. Апсолутно се употребува и показната заменка од среден род како demonstrativum generale, сп. на пр. *Ве́леа, То́ке ви пра́јме, о́но ке ви пра́јме.* ШД.

Линеаризацијата на показните заменки во атрибутивна употреба претставува, се чини, јазично универзале и не се разликува од онаа во стандардниот јазик (сп. погоре). Еве неколку примери на *ИС* со показните заменки: *Тиа чуе сој лаф царутому* МЕЦ, *Така жа банди пара масно, шта да реча „идеало“ маснињe тӯј сија два месја̄ци шчо гр̄ја̄де* МЦ, *...ним а праве ва работа...* УЕ, *Сто́ј да́-ви́дум ва́ ве́чар шо-ки-до́ја̄т* ПДој, *А по̄големјо син то̄му та̄тку беше на нива* МЕ, *...то̄зи име шчо имја̄ше речено енг̄ело пречисте пре̄т да го̄ земи во коремо то̄јен* МЕ, *Толку са и причулу то̄ва халваџиче на г̄издавината му...* В, *...тӯку на ти то̄ва кесе и то̄ва кеше дар о̄т меника* В, *...даде... на то̄ва човек сиромах кривината* В, *...то̄ва нешчо г̄у најдохми на ваш амбар...* В, *...как стана та̄ја чиница на таков каминливо место* В, *чиг̄ови са тӣа конаки?* В, *...му вели, ча му каза кадиата, да е владичка работа та̄ја* В – еден пример двозначен и со двете толкувања интересен: имаме работа или со апсолутна употреба, или пак со инвертиран редослед на показната заменка; сп. натаму: *...да сечии од та̄ја мра̄ша една па̄рча месу...* В, *...с'акла една па̄рча месу о̄т она мра̄ша...* В, *Љу сношчи шчо чинихти каул сос онаа л'уди* В, итн. Интересен сигнал на повлекувањето на коренот *С-* и/или */О/В-*, маркиран по блискост до говорителот, е цитираната секундарна опозиција од Бојковска *то́ ту́ка* vs *то́ та́м*, сп. *На то́ та́м му-г̄и-исти́ја̄ја сбјӯт та́... ~ Е̄т, на та́ ту́ка и-ка́жак да̄-до́е...* (БМег). Слична појава одбележува и Нина Шмигер-Димитрова во костурското село Сничене: *тос тӯа* 'овој', *тос та̄му* 'оној' (ШДС 112).

Во централниот и во источниот дел од егејската територија – како што веќе споменавме – демонстративите покажуваат редуциран систем на разликите во граматичкиот род. Имено – што во резултат на фонолошкиот развиток, што под влијание на ароманските дијалекти – загубена е разликата меѓу машкиот и средниот род. За хипотетичните етапи во ширењето на овој процес како и за неговите последици за целиот номинален систем на соодветните дијалекти и за синтаксата на именската синтагма сп. погоре, § 2./1.2.1.1.

Членот – согласно со горе изнесените претпоставки – примарно го толкуваме како кратка, просторно немаркирана показна форма во функција на не-деиктичко определување, т.е., со други зборови, како обележје на *ИС* со референти идентификувани in absentia. Од морфосинтаксичка гледна точка членот во балканските словенски јазици претставува постпозитивна клитика. Следствено, неговата линеарна дистрибуција во јужните дијалекти не се разликува од онаа во стандардниот македонски јазик. Сп. *Бја̄ ен карпачин, то̄ко карпја̄ше корделе. Помина о̄тамо Наполеоно Голем...,* и натаму: *И царо се најде со некој друг̄ар то̄гоф и му каза све шчо сборва со карпачино.* (МЦ), или: *Ко́а зе́ Ту́рчино*

зе́м'јата, Јо́ван му бе́ше измечи́ја. Е́дна чу́ја има́ше ту́рскио цар. Чу́јата го сакаше да го зе́ми. (МСЦ), или: *У некуј си село живела една тајфа уд мајка, татко, три браќа и една сестра... Уд как и жениле синоје, дуједел време и момата да можат. Та мома, демек сестра му де на децата, ...си сакала су едно сирумашко дете, ама ајде де наплнија му главата на старите. Тија сакале нејната ќерка да мажат за попово син...* УЕ, и сл.

Примерите покажуваат дека членот ги обележува или **(а)** *ИС* употребени анафорски, т.е. *ИС* чии референти веќе биле споменати во текстот, па се идентификувани како протагонисти на расказот (односно нивните татковци, сопрузи, делови од нивните тела итн., т.е. елементи кои автоматски се идентификуваат во однос на еден друг идентификуван елемент), или **(б)** *ИС* чии референти во дадената ситуација a priori им се познати на соговорниците (односно на раскажувачот и неговите слушатели, и сл.). Ситуацијата се сфаќа широко, како заедничка културна зона, заедничко минато, заедничко место на живеење (град, село) итн. Во нашиов случај под **(б)** спаѓаат примерите *Турчиноп* и *земјата*.

Формалната и функционалната дистрибуција на членот главно одговара на стандардната. Една од малубројните впечатливи разлики во однос на стандардната норма е употребата (факултативна) на членот во таканаречените посвојни *ИС* со постпозитивни дативни клитики, сп. *момата ми* В, *бра́тјата му и на две́те чу́ји* ШК, но сепак никогаш ^{x}*татковото ми*, ^{x}*мајката му*, и сл. Од друга страна, бидејќи зоната на употреба на постпозитивните посвојни клитики е поширока отколку во стандардниот јазик (сп. погоре § 2.1.2.1.3.), наоѓаме и: *рацпте му* ШК, *рацата му* МСЦ, *главата ми* В, *гърбо и* В, *мајчиноп му нос* В, и сл.

Привлекува вниманиие членувањето на прилошки употребените именки-темпорални определби. Еве ги примерите на Н. Шмигер-Димитрова од Костурско: *И вичера́та на ниве́ста́та за се суберн сбју́т, ут нивеста́та... Са́бајлету те́ганити да́ ту́а бе́ее да е изва́де нивеста́та на че́зма... Бју́ш ра́нуту е́ден ча́с два́ и за бју́ш до́ма., Вичера́та да́ бју́ш и за си бју́ш.* (ШДС 131);. Оттука членот може да се прошири и на „вистинските" морфолошки прилози, за што сведочат примерите на К. Пеев од Кукушко: *бу́нуто дујде́, – да́ не са́-ва́рниш бу́цка́нта, – на́кунта стигна́а и бни, – на́-ра́нинта чух шамата́, – ра́нто, уф-му́ркаша кинисаа, – ка́са́нто ни дујде́а го́сте.* (ПК1/215).

Мошне интересен е примерот: *От себа́ се́рцето на пе́нсија е́стии мла́да.* ШК – каде што позајмената определба не е адаптирана кон морфолошката класа придавки, па членот се залепува за конститутивната именка.

На југоисточната периферија под грчко влијание среќаваме отстапувања во дистрибуцијата и во линеаризацијата на членот. Примерите од Кулакиското евангелие ги приведуваме заедно со коментарот на Вајан (с. 170): „Quand le substantif est accompagné d'un adjectif, l'article peut être redoublé: *за загубе́нитии бфициш* $12_{9_{12}}$..., *данакут ранетитто* 49_{18}... *иднбто карагро-*

шоѿ 31_{18}, *уф дрѹг'уѿ каѩкуѿ* 33_{10}... Il arrive que l'article soit joint à l'adjectif qui suit le substantif sans article: *на негови Ученицише* 16_1, etc.; le fait n'est un peu frequent qu'avec les adjectifs possessifs en *-ов-...*" Сп. и други примери од истото евангелие, а исто така и од збирката на Верковиќ и од текстовите на Малецки од Богданско: *...и гу носѣле дурѝ на врѣфуѿ планѝницкјуѿ...* ВК, *„варај, јуначе, бела беснаша кубила на мене ми е мајка"* В, *Сѣроѿи оѿговороѿ н'амскиоѿ праѕговецоѿ разби сандикише и двааша* В, *...и ѣруминѣха ѿрѝ днѝѿ'а* МС... Најпосле сп. го во текстот од Висока членуваното сопствено име: *...и Кѡсѿаша му-вилѝѿ...*

Потешки за интерпретација се следните примери регистрирани од Вајан во Кулакиското евангелие; цитирам (с. 170): „Après prèposition, un substantif ou un adjectif pris substantivement peut ne pas prendre l'article quand il désigne une persounne spécifiée par son titre ou sa qualité: *ѣди идѐн уѿ наѿрѐжин* 39_{15}, *идѐн уѿ јѹзбашѿја* 65_{37}..., *вѐлеа ...на уздравѐн* 7_{14}..." – во првите два примери се именуваат елементи од познатите множества – називите на ваквите множества по дефиниција се членуваат; третиот пак пример е една поименчена придавка – исто категорија во чии инхерентни формални карактеристики спаѓа присуството на членот.

За т.н. генерички член сп. подолу, 2.1.3.2.2.1.

Мошне интересна појава, присутна и во другите македонски дијалекти, а и во неформалните стандардни стилови, но посебно зачестена и впечатлива во егејските говори е „удвојувањето на категоријалните експоненти на определеноста", т.е. појава на *ИС* кои во иста конгруентна низа ги опфаќаат и долгите и кратките форми од показната заменка, односно – во конвенционалната терминологија – и показната заменка и членот. Се работи за синтагмите од типот: *Тој ѿрофесороѿ ми рече...* и сл. Семантички, а следствено и синтаксички тие подлежат на двојна интерпретација зависно од реализираната интонациска контура. Имено, со пауза по показната заменка и со соодветната реченична мелодија, т.е. графички.

а. *Тој, ѿрофесороѿ, ми рече...*

членуваната низа може да биде сфатена како апозитивен атрибут (сп. подолу § 2.1.4.), додека без пауза, т.е.

б. *Тој ѿрофесороѿ ми рече...*

имаме навистина работа со удвојување на сигналите на идентификувачкиот карактер на синтагмата.

Случајот под **а.** може да се објасни со желбата на говорителот анафорски употребената показна заменка да се дообјасни со катафора – се работи за еден механизам познат нашироко и во другите дијалекти и во другите јазици, пред сè во усното комуницирање. Случаите на ваква употреба не му се туѓи ниту на македонскиот стандарден јазик ниту на неговите дијалекти.

Случајот под **б.** претставува нешто посебно и сигурно не може да не се доведе во врска со паралелните структури кои претставуваат норма како

во дијалектите, така и во стандардниот новогрчки јазик (сп. Householder 1964: § 4.27.). Вреди и да се истакне дека соодветните конструкции, покрај во егејските говори, најзачестени се и во некои други македонски дијалекти кои претрпеле поголемо грчко влијание, на пр. во битолскиот. Меѓутоа, има и аргументи, како општолингвистички така и балканистички, кои сугерираат дека туѓото влијание тука само поддржува една тенденција која лесно можела да се зароди во самиот македонски дијасистем, односно во системот на соодветните дијалекти.

Пред да ги приведеме споменатите аргументи, еве една низа типични примери со секвенции како *тој ... -от*, и сл. Ги систематизираме зависно од нивната функција во реченицата, т.е. зависно од типот на синтаксичката зависност (на падежниот однос).

А. во номинативен однос, т.е. во меѓузависност со глаголот: *Тој го-сподино кашчјатиуј се оплаши* МС, *Ен ден, тас невестата брату-му фати да стори ен зелник* МС, *Тас чупата го звја кóно назат некóван* МС, *Тази женатa свено му велјаше мажу је..* МС, *Тије каѓеданиѓи чује...* МС... Сп. и еден пример со постпозитивна клитика како експонент на определеност: *Та сестрáму јо питјаше за невјаста éден слаѓ чóвек* МС; од друг тип е семантички мотивираната заменска реплика во реченицата: *Малечкјо отúде и тој во хáно.* МЦ, т.е. 'не е вистина дека малечкиот не отишол во ханот', сп. подолу § 2.4. И натаму: *...тóс врýчето бéше мнóгоо учéно* МК, *Тој сáмјо ѓáвран е маи-му на тúја ѓалúцата...* МК...; Шклифов од Костурско, се чини, свесно дава редигирани примери со наложена апозитивна интерпретација и тоа издвоени под насловот „Дублиран подлог" (ШК121): *Тúја, кучинúчата ѓáрци, фатúе да го мáче на нарóдо., Тój, вáлко, ѓрéј сéга на селотто. Тúја, комúтите, мерúшее сапуновúна., Тáс, жéнатá му, нé му рабóташе...*" Интерпретацијата ја прават уште поедноѕначна наредните два примери, еднозначно апозитивни, сместени под истиот наслов: *Тój, тáтко му, бéше áрăн чóвăк., Вáрда, андáрино, умóри мнóгу булѓáри оѓ нáшчо сéло.* Сп. натаму: *...зă-дă-а зăмрзна тă-зилјăвта бáба* МА; постапката и интерпретацијата на Шклифов за долнопреспанскиот говор е, судејќи по текстовите, како за костурскиот: *Тój, кáсапо, си сéј да јáди лéп...* ШД, *Тój, цáро, нé са радва..* ШД; сп натаму: *...му рéклă тă жéнта-му...* БМег, *...вó младúнцуѓ шо бéше дујдéну ду-мéн...* БМег, *Та пóсле ... тúѓ ... ја занданúште сóевете ни трáчкоа.* КЕВ, *Тúја занданџúците станáа ѓáркомáне* КЕВ, *И тăкá сă сфăлúѓ вó тăксил'дáруѓ уѓ кóинуѓ* ДВ, *Нăкум то прас'тýу си ă нăјăлни ýстăјă су ѓýбре* ДВ, *...ă óнă пусистрúмăјă му сă истúгнувăлă...* ДВ, *...нă них вó дéуѓу му сă видéл блак чувéк...* ДВ, *Вó урáчуѓ извăдúл ăднă брáзда..*, ДВ, *...дă видăм, кăк тúкăе тă женăтă тăму...* ДВ, *...му вéле тă ва будăлăтă* ДВ. Пеев опишувајќи ги состојбите во дојранскиот дијалект дава редигирани и апозитивно интерпретирани примери: *Та, лúшúцăта фă-тúла..., Тó, уфчáро билýк имăл кóјне., Тó тăрговăјо видéл...* (ПДој § 6.9.) и ги нарекува примери со „два субјекта"; интерпретацијата ја зацврстуваат еднозначно апозитивните примери а. со инвертиран редослед: *Рăшницúте,*

тѫ, сă вăртăй на рăци (ibid.) и **б.** со недискретни синтагми: *А тõ си óде, прóсико...*, *Тõ вéчăрта си óде дóма гол, óцăта* (ibid.). Меѓутоа, во текстовите наоѓаме и други примери без наложена интерпункција, сп. *Тă нăшта чéта, шо-бéше гăрчка, ки-нă-дигă, уф-Милѝ*... ПДој, сп. подолу под **Б.** и под **Г.** А еве примери од истот автор од Кукуш: *Е таа кóскаша нéкõ врéме устанáло*... ПК, *И тавá мáчто о-фáшше ус-тáто*... ПК, *..фливáјки тõо мáчто уф-нáпре глéде там адни глýхци*... ПК, *Удѝла, удѝла ду-срéди пат тá бáбаша*... ПК, *И тавá пóл'та станá ... кадéш цело.* ПК, *Тáа лисѝца ѓи набисѝла сѝше на-тавáно*... ПК, *И сјă тѝа галáбашо шо кѝ-ј прáваш?* ПК, *Пурасна́ло тõо дéшшо*... ПК, *Тóо, рýсалицкуто бро сé гу-вóдаа стáри нáши бижáнци* ПК, *...и тõо чувéко извикá"*... ПК, *Игрáаш тѝа кóјсше.* ПК, *Тѝи камилáрто купили демéк нéкоо место.* ПК, *Ѝ, тѝи вујнѝце ... прашарчáа*... ПК; сп., и: *Е, рéкла тá жená-му:*... ПК, *А па тáа сасрá-му зал'убѝла се сас нéкуј Арáшин* ПК, *...дујдé тõо сѝн-мо на-Тóдар Зóл'уф*... ПК... – во последните три примери demonstrativum се наоѓа во синтагми чиј идентификувачки карактер инаку го сигнализира постпозитивната дативна клитика, што е несомнено резултат на грчкото влијание. Натаму: *Нóс бóлнију му вилѝна другúју:* ... МС, *Стáна нас мумáша*... МС, *И р'éчи шас мумáша: ...*, МС, *Стáнува тõс умр'áнш'у:*... МС, *..и шас удáша за ја тýрними н'éпр'а у бáнчфаша* МВ, *Тõс д'ăдушу вилѝ*:... МВ, *Тиа са твоише двеше сестри'.* В, *Тос кеманециаша, кашу гу видé н'амојуш, и рекла на цар'уш:*... В, *Тос зенгининош сед'аши покрај цар'уш*... В, *Ониа другúше л'уди ... сос лошо омиралу беха умр'али* В, *Тогáс му вели тос гнусноју́ш калфа:*... В, *...на другáша удаја, дека е óнаја дивојкаша гуденица* ВВ, *...влеваш тиа двеше деца.* ВВ, *...и нáзи гиздавáша мáма и тјá дójде тáм на хóру.* ВС, *...и нéзи двáша оганьеé фáшиха да са бѝеш* БС...

Б. во акузативен однос, т.е. во директна зависност од глаголот: *...гусубрáмă тõ лéбуш кóлкуто шо-бéрише тõ казáнуш*... БМег, *...да а пишам ва мојша жена су кого си прај муабеш?* УЕ, *Туку ши кушу стáр чувéк ги чýви тѝ пăрше*... ПДој § 6.9. под наслов „два објекта", сп. и: *Ама дéшшо о пузнăјáл нă тõ цáрцко син*... (ibid.); во текстовите наоѓаме и други примери: *...ки-ј-изгбриш тѝ двăше кýчишча* ПДој, *..и-гу-зăпăлѝли тõ шимéно* ПДој. Натаму: *Га-затвóрува тáа змѝша тáма.* ПК, *...ја-ши-ј тѝи лувцѝше предурáчо* ПК, *Как wйд'аха миширијшу шýс прéпнушу д'ăпл'а нăпр'а у кафинéшу, фăш'аха сѝчка да хбждаш тáму* МВ, *...нáши ш'éс двáша пуршукáл'а* МВ, *...гаргише ги износили фрешш тиа карагрошше аф нас.* В, *...и женише дават на неа онѝа пăрише*... ВВ, *...за му донесе ониа малкише колачини*... ВВ, *Таа цăрнаа-ша кукошка да а фашиш*... ВЕ.

В. Во дативен однос, т.е. во посредна зависност од глагол: *Ej господе, дај му малце ум на во будлаша чувек* УЕ, *...ешу изл'ази сестра му на ониа двеше брашкја*... ВЕ, *На шас момаша жал ја падналo*... В.

Г. Во генитивен однос, т.е. во зависност од друга *ИС: Тóс манцõ на нáс иѓýкаша пузнá ... шшо за са уб'áши*... МС, *...имало едно гн'аздо ош тези*

го̄л'амите тилц'а В, *...имаши един мајстор от тие дјулгеритѣ.* В, *Цар'ут имаши и една кучка от онна харните кучки шчоту стојат прави* В.

Д. Со вграден предлошки предикат: *Уфичѐринут са-качѝ на-тѝ-ка́минчиту* БМег, *...зѝме ут тѝ пѐтѝалта, бѐлта* ПДој, *Уф-тѝ е́зерто...* ПДој, *...ќ-оо зе́мум ут-тѝа́а ба́бта тѝо заг'а́р.* ПК, *...бѝкар-ме на-тѝа́а тѝу́мбата.* ПК, *..са-фа́јке ду-тѝа́а а́рната ма́ма.* ПК, *...се́ со́-муве и кра́туве на-тѝо́ тава́но зака́чини...* ПК, *Ајна́х ут-тѝа́а кру́ш-тѝа...* ПК, *...сѝта ни пра́ими ино́ш на тѝа́с зил'е́ната тр'а́ва?* МВ, *...ми са усаниѝха на м'е́н'а уддо́л тѝо́с ка́мин'у пари́'* МС, *„...Купри́ за в'е́ни ут тѝа́с ла́скава́та пра́с пишма́н за сти́ани...“* МС, *...ја едно дете на воа да́рво-тѝо...* В, *...тѝа ету сос тѝри алтѝа́ни, шчо и дал на д'адоту за тѝри лафови, сос тѝиа тѝрите доби една хазна.* В... Тука ќе го приведеме и единствениот од таков вид пример од Шклифов од долнопреспанскиот говор, со повторениот предлог: *Со тѝе́, со ри́бите, си зе́вамеф бра́шно, ле́ѝ и се́.* ШД.

Примерите од Кулакиското евангелие ги приведуваме со коментарот на Вајан (с. 170): „Avec les démonstratifs, l'emploi de l'article est fréquent: *тѝо́а а́гата* 31$_8$, *тѝи сле́пити* 22$_3$, *ви́ а́рнити прика́зни* 127$_{28}$, etc. *ет на ви́ дни́тѝе* 4$_9$ etc. (гр. ἐν ταῖς ημεραις ταυταις), qui montre qu'il ne s'agit pas d'une sorte d'apposition du type „celuici, l'aga“, mais que l'article a une valeur aussi effacée que dans le tour grec εχεῖνο το παιδι (Sandfeld p. 122)“.

Од изјавите на дијалектолозите-монографисти како и од погоре приведените примери произлегува дека:

– не цела јужна територија ги знае синтагмите од типот: *тој ... -от;* на пр. Ст. Бојковска констатира експлицитно дека ги нема во селата Саракиново и Тресино во Мегленско, додека во селото Царнешиво тие се ретки;

– со доближувањето до грчката јазична граница бројот на таквите синтагми се зголемува; најзачестени се тие на југоисток со тоа дека (а) почести се кај помладите информатори кај коишто инаку македонско-грчкиот билингвизам е многу понапреднат (тоа произлегува посебно јасно од текстовите на Малецки) и (б) почести се на пр. во приказните отколку во отворен дијалог, т.е. – со други зборови – почести се во текстовите од народното творештво, текстови коишто многукратно се репродуцираат и кои во соодветните села и во свеста на соодветните информатори имаат и паралелни грчки варијанти (тоа пак посебно јасно се гледа во текстовите што ги има собрано К. Пеев во Кукушко);

– со исклучок на неколкуте примери коишто – се чини – биле протолкувани преку филтер на стандардната норма и свесно редигирани (Шклифов – Долнопреспанско, Пеев – Дојранско), соодветните синтагми се даваат без запирки по демонстративите кои сугерираат апозитивна интерпретација, а Вајан дури експлицитно се изјаснува против една таква интерпретација.

Сето тоа сугерира дека од одлучувачко значење при никнувањето на опишуваната појава било грчкото јазично влијание и дека имаме работа со една чисто површинска формална појава, подлабоко неинтегрирана во

македонскиот јазичен систем. Се разбира, такво едно толкување ниту го исклучува присуството на одделни апозитивни, семантички мотивирани конструкции ниту може со нив да се минира. Меѓутоа, има извесни индиции кои наведуваат на мислење дека преземањето на грчката шема: *demonstrativum* + *член* не се вршело механички, т.е. дека таа – како и повеќето други појави што се должат на јазична интерференција – доживува извесна реинтерпретација во рамките на македонскиот морфосинтаксички систем. Именно – како што се гледа јасно од примерите – *ИС* од типот: *тој ... -от* најчесто се јавуваат во номинативен однос, во позиција на граматичката меѓузависност со глаголскиот финитен облик, а пак таа позиција најчесто ѝ припаѓа на синтагмата обележена како тема, како (семантичка и) линеарна излезна точка на реченицата. Претпоставувам дека корелацијата меѓу поставеноста на синтагмата во реченицата и присуството на шемата *тој ... -от* не е случајна. Таа може да се објасни како на семантички, така и на чисто формален план. Ако се определиме за семантичката интерпретација би требало да прифатиме дека сме соочени со обновување на експонентите на референцијалната определеност. Во јазиците со член *ИС* во номинативен однос, на којашто во случај на немаркирана линеаризација ѝ припаѓа позицијата п р е д глаголот, со време го генерализирала и го граматикализирала присуството на членот. Со тоа членот автоматски ја губи својата семантичка функција како сигнал на референција. За да се обнови таа функција потребно е обновување на експонентите, т.е. – во случајов - воведување показна заменка. Токму на таков начин и се има зародено шемата *demonstrativum* + *член* уште во класичниот грчки јазик. И да не зборуваме за контекстите кога сакаме просто експресивно да ја истакнеме соодветната синтагма и кога исто така воведувањето на показната заменка се јавува како наједноставно решение. Mutatis mutandis истото толкување важи за воведувањето на шемата *тој ... -от* кај другите (= не само оние во номинативен однос) *ИС* кои се нашле под реченичниот акцент. Но дури ако го отфрлиме горното објаснување, стои фактот дека македонскиот морфосинтаксички систем се карактеризира со заменското удвојување („дублирање“) на определените *ИС* под реченичен акцент. Ова се однесува на објектните синтагми во директна и/или индиректна зависност од глаголот. Би можело со време да очекуваме иста таква тенденција да ги опфати и субјектните „меѓузависни“ синтагми и кај нив да се изрази со воведување на формата што ги поврзува функциите на показната заменка и на т.н. лична заменка за трето лице. Како потврда за постоењето на таков еден механизам на ширењето на шемата: *тој ... -от* би можеле н да го сфатиме фактот дека покрај субјектните, втора по бројност класа *ИС* што ја покажуваат оваа шема се *ИС* со вградени предлошки преднкати, т.е. повторно оние кои инаку не го познаваат граматикализираното заменско удвојување. Дури на трето место се јавуваат објектните синтагми коишто – ако го исклучиме семантичкото толкување – можеле да ја прифатат шемата *demonstrativum* + *член* само механички под грчко влијание.

3.2. Метапредикати од типот *сиот, истиот*. – Ако соодветната информација не е инхерентно присутна во конститутивниот член, показните заменки и членот претставуваат, во принцип, единствени редовни сигнали на идентификувачкиот карактер на синтагмата. Меѓутоа, има извесни метатекстуални предикати способни да оперираат само врз идентификувачките синтагми, а чии површински експоненти се придавските заменки. Таквите заменки – во чија морфолошка структура се појавува или членот или показната заменка – синтаксички припаѓаат кон соодветната *ИС* иако функционално ќе се надградени. Тие ја доизјаснуваат врската меѓу предикатот и неговите аргументи, овозможуваат да се стави емфатички акцент или врз екстензијата на референцијата или врз идентитетот на референтот на соодветната *ИС*. Сп. на пр. **а.** интерпретација на заменките *сиот, цел, полн* употребени како во реченицитe: *Сите војници дојдоа.*, т.е. 'не е вистина дека има војник што не дојде', или: *Го изедов целиот леб.*, т.е. 'не е вистина дека има дел од лебот што не го изедов', и сл., со други зборови: не е вистина дека предикатот не се однесува кон целата екстенција (= сите референти) на *ИС*; **б.** интерпретација на заменките како *истиот тој* или *самиот тој* употребени како во реченицитe: *Истиот тој службеник ми ја врачи дозволата.*, т.е. 'не некој друг...', односно 'не е вистина дека некој друг службеник ми ја врачи дозволата', или: *Самите тие изјави го покажуваат неговиот став.*, т.е. 'не нешто друго туку тие изјави...', и сл., со други зборови: не е вистина дека предикатот се однесува на некој друг аргумент неидентичен со веќе идентификуваниот.

Имаме, значи, метапредикати со чија помош говорителот инсистира врз (исцрпеноста на) екстензијата на *ИС* и оние со чија помош се инсистира врз (референцијалниот идентитет на) интензијата на *ИС*. Во натамошниот текст ќе се служиме соодветно со симболи $E_{мп}$ (= екстензионални метапредикати) и $И_{мп}$ (= интензионални метапреднкати).

Како што се гледа од примерите, експонентите на $E_{мп}$ и на $И_{мп}$ стојат на самиот почеток на *ИС* – би можеле да кажеме: на нулта позиција, пред показните заменки, што корелира со нивната функција, надворешна во однос на именската синтагма. Нивниот посебен статус го потврдува и фактот дека тие се јавуваат често и како апозитивни модификатори, што не е случај со показните заменки. Сп. на пр. *Војниците дојдоа с и т е .*, или: *Се појави службеник, и с т и о т тој со кого веќе зборував.*, и сл.

Сите разгледувани *МП* имаат анафорска служба, т.е. се однесуваат на порано споменатите објекти, односно упатуваат назад во текстот. Како такви тие можат и да се јавуваат во функција на конститутивни членови на *ИС* иако нивната основна функција е функција на дополнителни членови. Употребени самостојно тие имаат соодветно вградени предикати 'нешто, дел од светот' (во среден род еднина), односно 'луѓе' (во множина) или 'маж', 'жена' (во машки односно женски род еднина). Употребата како во *секој од луѓето (≠ секој човек)* ја толкуваме како редукција од **секој човек*

од тие луѓе, т.е. како употреба во функција на дополнителен член. Се работи за дистрибутивно сфатено идентификувано подмножество на едно општо множество.

Пред да поминеме на јужномакедонските примерн ред е да ја дооп ределиме зоната на употреба на стандардниот $Е_{мй}$ н $И_{мй}$ за да имаме еден систем-еталон со кој ќе ги споредуваме дијалектните состојби. Во стандардниот македонски наоѓаме трн основни претставници на $Е_{мй}$. Тоа се лексемите *сиот, секој* и *цел.* Семаитнчкн најсиромашен меѓу трите е *сиот. Секој* спротн *сиот* е маркиран по дистрибутивното сфаќање на множеството, додека *цел* останува во факултативна варијација со еднинските форми на *сиот,* т.е. како негативно маркиран по изброjливост придружува имиња на објекти сфатени како неподелив континуум, а не како множества еднородни изброjливи единки. Сп. *Сите колеги дојдоа. ~ Секој од колегите/Секој колега носеше домашно вино. ~ Го испивме целото/сето вино.,* и сл.

Во дијалектите срекаваме други морфолошки разновидности и друга семантичка оптовареност на $Е_{мй}$. Овде нема да се занимаваме со морфолошката географија освен во случаите кога таа директно одразува семантички особини и поместувања во соодветните системи. Да кажеме веднаш дека – општо земено – тие системи се редуцирани, или поточно: помалку се разгранети во однос на горепретставениот стандарден систем.

Заменката *секој/секи,* секогаш со значење како во стандардниот систем, пофреквентна е во западниот дел од егејската територија (со исклучок на најистурената западна периферија, денеска во границите на Албанија), во Костурско, Леринско и во Долнопреспанско. Мазон не ја споменува во својата монографија на корчанскиот говор нпту ја наоѓаме во неговите текстови од Бобошчица, меѓутоа, во монографијата на леринскиот говор таа се наведува (МСЦ 40). А еве и неколку примери: *...сéкуј едéн ут вáс, сáм нек' да-си гу-глéда кáсметo.* МА, *...сéкој од желéфчани зéде по édна фамúлија дóма* ШД, *Сéкоја édна чýпа со пријателкатa си кáжваше ка си пáмина на нéватa* ШД, сп. и: *От този је останало, едни р'аки да зеват с'ака годúна курбан.* ВС, *Бодно врáм'а áднá ламjá излизала сáка годúна от морáто...* ВС ... Интерес побудува во стандардот непознатиот состав *секој еден* – споредбата со полското супстандардно *każdy jeden* наведува на мнслење дека имаме работа со редундантно подвлекување на дистрибутивноста, карактеристично за усната комуникација. Наведуваме и еден пример-доказ дека во источните егејски говори речиси отсуствува словенски лексички еквивалент на 'секој', а односната функција можат да ја вршат универзалните, неспецијализирани $Е_{мй}$: *Кáраши шúчка д'éн, дójди дур на крajó на с'éлуту...* МС. Инаку, со значење 'секој', барем во временските определбн, во Корчанско и во источниот дел од ареалот се појавува грчкото *катa,* сп. *А Јóсиф и пречúстa кáтa годúна гредjájе во касабáта Јерусалúм...* МЕ, *Дакле гу вúде сиромáхот, шчо чúнши такá кáтa дéн.* В, *...само по едно гонце да му докарува на цар'у катa зарн.* В, и сл.

Што се однесува до континуантите на **vьsь* и на **sě̀ chъ*, повторно територијата треба да се подели на западен дел (со исклучок на самата западна периферија) и на источен дел.

Во западниот дел ги наоѓаме и двете лексеми, меѓутоа тие се функционално изедначени, во однос на факултативната варијација. Со други зборови: односот кој во стандардниот јазик е карактеристичен само за нивните еднински форми овде ја зафаќа целата парадигма и налага двете лексеми да ги толкуваме како синонимни. Соодветните примери доаѓаат од Костурско, од Долнопреспанско и од Кајларско, што дозволува границата на таа појава да ја поместиме по на исток во споредба со ареалот на *секој*. Сп. *И вàрнàе цѐли от рабо́тата и и собра́е на ско́л'иетто* ШК, *Ја́с и па́мѐтива цѐли, ка́ј да и пу́л'а* ШК, *Цѐл на́рот вика́ше „у́ра“* ШК, *...и да ни зако́ле насви́чки.* ШК, *Нашата́ Преспа, сѝте наши села ... бе́а под бе́го...* ШД, *Ке бјме – рече - Ге́рман, Ра́би, Ме́доо, Стркоо, сѝте от Пре́спата, сѝте села* ШД, *Цело́ село ке го поми́нваа.* ШД, *...ке и бро́еше прет цѐли, да пу́ле та́му.* ШД, *...от цели́ села ни гре́де на́ гости.* ШД, *Ситѝчките са у́бија...* ШД, *Бо́рба бе́ше, бјдоа цѐли л'удје...* ШД, *От сѝте бли́зни се́ла ни гре́деа на́ го́сти.* ШД, *На́шата кук'а бе́ше на́ј-озго́ра от цѐли ку́ки...* ШД, *Ќи-са́ загна́сна́т цѐли виде́ла ве́чер, ќи-пуми́не ца́рут да́-н-гу-ви́де ни́кој.* ДКај. Како што се гледа има *Ем*и употребувани и самостојно и како детерминатори. Интересно е дека *цел* ни се јавува како инхерентно определен, без член, што претставува разлика во однос на стандардното решение. Внимание заслужува и формацијата *ситѝчки*, т.е. интензивум од *сѝте* – тип деривација карактеристичен за усната комуникација, кој потсетува на слични творби деривирани од главните броеви (сп. погоре § 2.2.1.1.).

Од југозападната, корчанска периферија на македонскиот дијалектен ареал немаме примери на *цел* употребен надвор од семантичката зона што му припаѓа на стандардниот јазик. Единствениот пример регистриран во Мазоновите текстови гласи: *...от цјал купо не го можјàје да го носе (*scilicet: *парјàте)* МЦ. Инаку, тука се бројните примери со континуантите на **vьsь*, сп. *Сфеа́чк'е сеа́зи ни да́ве да разбери́ме...* МДЦ, *...шчо и́ме галје́то сфети́ему се́ло* МДЦ, *Са́зи рабо́та ... се сѝбри за свѝти имлја́ци..* МДЦ, *...зошчо не пла́тиве сви...* МДЦ...

Во источниот дел од егејската територија како единствен *Ем*и е регистриран **vьsь*, сп. на пр. неколку примери од Солунско, од текстовите на Малецки: *Как ви́д'аха мишту́рјишту ту́с пре́пнуту д'а́тил'а на́тр'а у кафине́ту, фа́т'аха сѝчка да хо́ждат та́му* МВ, *...и така́ стујѝ за сичкуту вр'а́м'а да пѝјми и да пруда́вами...*, МС, *...гу ше́та шичкуту с'е́лу...* МС, *...са заско́ли по шѝчкуту с'е́лу, си до́јди пак дума́му на дво́ру.* МС, *...гл'е́да ... ина́ ка́шта гул'а́ма ... сас сѝчкуту ху́ваву н'е́тра...* МС, *...ја змачка шѝчката бахча́*, тука спаѓа и веќе искористениот пример: *Ка́раши шѝчка д'е́н', до́јди дур на крајо́ на с'е́луту...* МС.

И двете појави, т.е. употребата на *цели* во смисла 'сите' и на *сички* во смисла 'цел' имаат ист извор – тие се семантички калки од грчкото ὅλος кое ги соединува тие значења.

На југоисточната периферија во двете значења ја наоѓаме и лексемата *фрет* – ја одбележува Иванов (ИПГ 204), сп. и кај Верковиќ: *Тогас отиде по шумка по тънка, ги најде другаритє му и сичкитє ги истепа, фрет ги изклава.*, и сл.

Посебно внимание на македонската територија бара формализацијата на *Еми* во состав со бројната определба. Во стандардниот јазик покрај очекуваните состави од типот *сите три, сите пет* и сл. наоѓаме и состави од броеви со антепонираниот сврзник *и*, на пр. *и тритє, и петтє,* и сл. – од разбирливи причини бројот е редовно членуван. Само во комбинација со бројот '2' како и во други словенски јазици се појавува посебна лексема со значење 'сите два' т.е. *оба*. Во егејските текстови таков тип семантички структури се реткост така што не можеме да си дозволиме никакви генерализации. Ни останува да констатираме дека лексемата *оба* во текстовите не се јавува и дека имаме регистрирано еден пример на конструкција со *и* од Дојранско: *...тӯка да сӑ и трӯјцӑта* ПДој.

Варијанти на *сé/сетo, сите* и *секој* во стандардниот јазик претставуваат заменките *ништо, никој, ниеден* со парафраза 'не е вистина дека има нешто/некој (х) на што/кого не се однесува главниот глаголски предикат'. Јужномакедонскиот инвентар се разликува од стандардниот. Како прво, на голем дел од егејскиот ареал, во централните и источните говори, соодветните лексемн фонолошки се изедначиле со типот *нешто, некој*. Како второ, во Солунско место *никој* се јавува *н'ӑфту* (МВ). Како трето, кај Верковиќ во текстовите од поисточните говори место *ниеден/никој* се јавува *никотри*. А еве гн примерите: *шчо велиш така? – Нишчо, мори жено...* МЦ, *...без да каже нишчу на тајфата му* В – во последниот пример се работи за една позиција на неутрализација меѓу типовите *не-* и *ни-* па примерот е под прашалник, сп. за тоа пошироко т. I, 1.6.4. каде што станува збор за реченичната негација. А еве неколку примери за 'никој/ниеден': *...и тӑ Пе́на на-Прбје и о́на утка́де-на́с, утка́де-сва́тут Гро́зде ни́кој.* БМег, *..ка́ сӑ-збра́ле на́шкун сѝтие нӑ-е́дно ме́сто, не́ма нӑ-кбј дӑ-сӑ-сме́ӑт* ПДој, *..ка́к да ха фарли́ шӑнка да гу ни ви́ди н'ӑ́фту* МВ, *То́с скопо́ ни им'ӑ́ни н'ӑ́фту да гу гл'е́нда;* МВ, *Не́кој на Го́спот не́ гу виде́;* ВК, *Тојнака нифтја никотра...* В, *...не можиши некој да гу отепи* В, *..некој леӣ не приближиваши да му даде* В, *...ама никој човек не можи да флези аф неговата ка́ича* В, *...шчото некој човек не можи да ги о́твори* В, *...без да знае никој* В – пак еден пример под прашалник, сп. погоре, *...не знаиши да дава отговор на некој.* В, *...без да познај никој от протудраков аскер* В, *Ја́с бе́ф о́фчар, а́ма ни́една о́фца не́ дадов на ва́ко.* ШД, *Тоа́ време ни́коа чу́па не о́деше на ска́лија* ШК, *Не́ знам ни́кого о́д ними.* ШД... Привлекува внимание еден случај на употреба на заменката *поеден* (секундарна варијанта на *еден*)

во позиција инаку резервирана за заменките од типот *никој*, сп. *...и тој гл'éда, н'éма пуидéн наскул, л'у л'éтнуват ин'é иримбáци...* МС.

Имй во стаидардниот јазик се изразуваат со корените *ист-* и *сам-*. Коренот *ист-* служи за потенцирање на качественият или на референцијалниот идентитет на именуваното, за „рематизација на анафората". Примарно, тој се јавува како дополнителен член на *ИС*, секундарно, како нејзин конститутивен член. Сп. *ист таков* 'качествено, квалитативно идентичен, не поинаков, не не таков', *истиот тој* 'референцијално идентичен, не друг, не не тој'. Употребено како дополнителен член на *ИС* се однесува на елемент на кое било множество именувано со конститутивниот член, на пр. *иста таква блуза, истиот тој предлог*, и сл.; употребено апсолутно, како конститутивен член на *ИС* соодветно се однесува на идентнфикуван елемент од множеството 'маж' (ако стои во машки род), 'жена' (во женски род), 'објект, нешто, дел од светот' (во среден род), 'човек' односно 'група луѓе' (во множина).

Коренот *сам-* во стандардниот јазик врши двојна служба и зависно од службата се јавува со или без член. Употребен без член тој е носител на значењето 'без друштво', 'без придружба', 'без помош на некој друг'; употребен со член тој го потенцира референцијалниот идентитет на објектот за кој станува збор. Но, за разлика од *ист-* а. независно дали е во за него примарната позиција на конститутивен член или во секундарната позиција на дополнителен член на *ИС* тој секогаш им го спротивставува посочуваниот објект на сите други луѓе (ако е во машки или во женски род или во множина) или воопшто на сите други делови од светот (ако е во среден род), сп. *самиот тој (учител, студент, граѓанин...), самата таа (учителка, студентка, граѓанка...), самите тие (учители, студенти, граѓани...)* 'не некој друг', 'не не тој/таа/тие'; *самото тоа (писмо, решение)* 'не нешто друго', 'не не тоа'; б. емфатичната двојна негација (содржана во инсистирањето врз референцијалниот идентитет на она што се посочува со помош на коренот *сам-*) доаѓа како реакција на нешто што порано го рекол соговорникот; следствено, на пр. *самиот тој* би можеле поадекватно да го парафразираме со 'не некој друг и немој да мислиш дека се работи за некој друг', и сл.

За разлика од *Емй, Имй* изгледа, речиси му се туѓи на дијалектниот јазик. Коренот *ист-* со идентификувачка служба воопшто не се појавува во јужните текстови – „анафорската рематизација" се постигнува едноставно со повторувањето на соодветната *ИС*, односно на друг фрагмент од текстот чија содржина треба пак да се евоцира. Што се однесува на коренот *сам-*, најдов неколку примери кои покажуваат малку поинаква употреба отколку во стандардниот јазик. Од семантичка гледна точка барем дел од нив не се еднозначни, туку како да се на граница меѓу двете погоре споменати значенски варијанти. Од формална гледна точка – како прво – лексемата се употребува без член што веројатно оди во прилог на сè уште поживите врски со предикативното значење 'без помош', 'без придружба'; како второ

– се гледа тенденцијата соодветната лексема да се употребува прилошки, во неменлив облик *сам*. Еве ги примерите: *...и на со́м у́лицата, ко́га излего́ф, ма стре́тна Саранд о́улос...* ШД, *...позна́, ча са́м това́ е́ момче́то, што о́н го́ у фа́рли́* В, *...и сама невестата зема остра сабја та му отсече глава на Зарзавилата.* В, *И ја приучова невестата му сам он, хем ја вели:...* В ... Сè на сè се добива впечаток дека – што се однесува до системите на *Емѝ* и на *Имѝ*, јужните дијалекти веројатно веќе прилично одамна тргнале по сопствен пат и дека и двата системи се понеразвиени во однос на стандардниот, веројатно не без влијание на другите балкански јазици.

3.3. Именски синтагми со неидентификуван референт. – *ИС* со неидентификувани референти, т.е. таканаречените неопределени дескрипции претставуваат посебен и не лесен лингвистички проблем. Се работи за голема функционална издиференцираност (како по семантичка, така и по прагматичка линија) на која не ѝ одговараат соодветни формални сигнали во самата внатрешна структура на *ИС*. Од основно значење тука е фактот дека кај неопределените дескрипции референцијалниот карактер на употреба на соодветната *ИС* директно зависи од присуството на т.н. егзистенцијална пресупозиција (т.е. од прифатената претпоставка од страна на говорителот дека објектот за кој станува збор навистина постои).

Кај определените дескрипции (т.е. кај *ИС* со идентификуван референт) овој фактор – што сам по себе јавно е од вонлингвистичка природа - не носи ни лингвистички последици. Реченицата *Зевс и е маж на Хера.* е исто толку коректна и еднозначна како, да кажеме, *Татко ми ѝ е маж на мајка ми.*, реченицата *Џуџињата постојат.* е исто толку добра колку и *Кенгурите постојат.*, и сл. Се работи за една онтологија одразена во наведените реченици со помош на за тоа најподобните лингвистички средства. Имено, определената дескрипција како таква содржи една егзистенцијална пресупозиција; говорителот ја прикажува соодветната слика на светот (~ на еден замислен свет) к а к о д а ја поддржува таа пресупозиција. Имаме работа со една општо прифатена конвенција во јазичиото кажување. Со други зборови: идентификуваноста на референтот на една *ИС* (што е услов таа да функционира како определена дескрипција) имплицира согласност на говорителот да зборува за тој референт како за еден постоечки ентитет.

Кај неопределените дескрипции таква импликација не постои и говорителот – за да даде на знаење дека зборува за еден постоечки објект - мора да прибегне кон лингвистички показатели кои се јавуваат надвор од соодветната *ИС*. Сп. ги на пр. речениците: *Му го реков тоа вчера на некој студент славист.* спроти *Треба тоа да му го кажеш на некој студент славист.* – и во двете реченици се појавува неопределена дескрипција оформена во именската синтагма *некој студент славист;* меѓутоа, додека во првата реченица се работи за едно лице издвоено од општото множество 'студент славист' и индивидуализирано со самиот факт дека била адресат на говорителовиот комуникe („*...му реков...*"), во втората не се зборува за еден вистински минат настан, туку за една постулирана сцена („*...треба да...*"), па

составот *студент славист* се јавува како име на општото множество чиј елемент би требало да биде еден од протагонистите на тој замислен иден настан; не се помислува на еден однапред издвоен елемент, па нема место ни за претпоставката за неговото постоење. Значи, во првиот случај синтагмата *некој студент славист* е употребена референцијално, во вториот – нереференцијално, а носител на таа информација е временската актуализација (*реков* – аористната форма нè упатува кон определениот минат момент, сп. т. I., 1.1.5.2.1.1.), односно неактуализација (*би требало да кажам* – актуелна е само свеста за потребата нешто да се направи во иднината) на целиот исказ изразена со помош на категориите време и начин, карактеристични за глаголските предикативни изрази.

Има и уште позамрсени ситуации, кога во игра е неопределениот член *еден*, зошто овде е можна референцијална интерпретација и на дел синтагми во исказите што кажуваат за идните – т.е. само замислени – збиднувања. Сп. ги на пр. речениците *Утре треба да се сретнам со една пријателка на жена ми.* спроти *Утре треба да се сретнам со една стара пријателка.* спроти *Би требало да си најдам една пријателка.* Во првата реченица синтагмата *една пријателка на жена ми* секако е употребена референцијално, меѓутоа не е јасно за кого е идентификуван нејзиниот референт – дали само за жената на говорителот или можеби и за говорителот кој не наоѓа за потребно да го идентификува explicite и за својот соговорник; јасно е само дека за соговорникот референтот на таа синтагма останува неидентификуван. Во втората реченица синтагмата *една стара пријателка* е употребена исто така референцијално и јасно ни е дека говорителот го идентификува нејзиниот референт кој, меѓутоа, за неговиот соговорник повторно останува неидентификуван. Најпосле, во третата реченица синтагмата *една пријателка* е употребена без референција, т.е. без претпоставка дека постои некој кој еден ден ќе стане бараната пријателка на говорителот. Разликите во интерпретативните можности тука не зависат (или не зависат само) од категоријалната карактеристика на предикативниот израз, туку од лексичкиот контекст, пред сè од лексичката семантика на глаголот. Сп. на пр. *Треба да посетам една пријателка.*, каде што на прв план не е само референцијалната, туку и идентификувачката интерпретација.

Од примерите како и од кажаното произлегува дека а. описот на *ИС* не може да опфати некои општи правила за тоа кога неопределената дескрипција се употребува референцијално, а кога без референција; соодветните правила делумно се дадени во описот на реченичната структура, сп. т. I., 1.6.; меѓутоа, б. видовме и дека интерпретативните можности на една *ИС* – ако таа не претставува еднозначно определена дескрипција – на еден општ начин ги сигнализира заменската определба што ја придружува јадрената *ИС* (сп. ги во горните примери лексемите *некој* или *еден*). Следствено, јужниот јазичен материјал ќе го редиме според лексичките показатели на неопределениот карактер на дескрипцијата, па ќе се потрудиме да утврдиме кои се интерпретативните ограничувања што тие ги внесуваат.

Споменатите показатели се од помош и во спроведувањето на уште една важна дистинкција. Имено, нивното присуство докажува дека со соодветните *ИС* се посочуваат индивидуализирани (иако не идентификувани) елементи од општите множества (индивидуализирани денотати на општите поими), т.е. дека комуникативното тежиште е врз екстензијата (денотација), а не само врз интензијата (конотација) на именуваните множества (поими). Сп. ја на пр. разликата меѓу *На конкурсот се јави војник.* и *На конкурсот се јави еден војник.* Додека првата реченица кажува само дека човекот што се јавил на конкурсот бил војник, втората го индивидуализира тој човек и како да наговестува дека ќе слушнеме уште нешто за него. Нултиот показател обично, иако не секогаш, сигнализира интензионална (генеричка) употреба на *ИС*. Поширок за таквата употреба сп. подолу § 2./3.4. Од друга страна, таканаречените неопределени заменки во референцијално употребените *ИС* се показатели на индивидуализација, на издвојување на одделни елементи (групи елементи) од именуваните множества. Со други зборови: има висока, но сепак некомплетна корелација меѓу формата и функцијата на *ИС*.

Во стандардниот македонски јазик има, главно, три типа неопределени заменки што се разликуваат по функционалната оптовареност. Тие се а. тип *некој* кој носи позитивна информација дека говорителот не знае да го идентификува посочениот објект; б. тип *еден, друг* со информација дека говорителот не сака да се изјасни дали го идентификува посочуваниот објект; варијанта на овој тип претставуваат *ИС* со *извесен*; и на крајот в. тип *кој било, кој и да е* со информација дека не постои таков елемент на именуваното множество што не би можел да биде референт на соодветната *ИС*. Секој од споменатите заменски квантификатори може да опрерира врз општото множество или пак врз издвоеното идентификувано подмножество елементи, сп. *некој/еден/кој било војник ~ некој/еден/кој било од војниците*, и сл.

Слично како кај определените дескрипции и кај неопределените среќаваме две формални решенија – или конститутивниот член на *ИС* инхерентно е маркиран како индивидуализиран неидентификуван елемент на општото множество, или конститутивниот член е необележен, а соодветната информација ја донесува дополнителниот член формализиран како заменска определба. Меѓутоа, додека кај определените дескрипции постојат повеќе продуктивни класи лексеми инхерентно обележени со идентификувачки способности, кај неопределените дескрипции инхерентно маркираните конститутивни членови се сведуваат на малубројната и практично затворена зборовна група неопределени заменки, способни да конституираат една *ИС*. Во прегледот на примерите во рамките на типовите а., б., в., ги издвојуваме синтагмите од ваков вид.

Како што ќе го докажат тоа примерите, во јужните говори нема (барем не во сите дијалектни системи) целосна корелација меѓу формата и семантиката на заменките-компоненти на неопределените дескрипции. За

да се постигне поголема прегледност во излагањето, примерите се средени според одделни заменски лексеми, додека коментарот треба да ги истакне нивните семантички преклопувања.

1. Заменки со префиксот *не-*

1.1. Заменката *нешчо/нешто* – се употребува исклучиво со статус на самостојна *ИС* и тоа со именска синтакса, т.е. со левострани заменски и/или придавски определби, со значење 'непознат објект/работа/суштество', сп. *По сјази ви се мал'а кабул да ме сторите да отговора мало њаш и за маде́што о купејнетаму селутаму.* МДЦ, *Ако бјајте от дујната, жа си ијтијајше дујната тојнсто њајчо. Токо чујнки њајчо от дујната...* МЕЦ, *...некоо друго нешто* ПДој, *„ут врах н'еја да езмиш идно н'ајшту'.*" МВ, *Тогас она мома му докара сичко нешчо, шчо му и требовал...* В, *Това нешчу е от чиница зарно...* В... Сп. и што за значењето на таа заменка пишува Мазон (МС 67): *„..немшчо* 'je ne sais quoi' et *њајчо* ou *њаш* 'certaine shose, quelque chose' ... souvent employé comme une sorte de substantif au sens de 'être': *дјеје њајчиа* 'des êtres, des bêtes sauvages', *ено њајчо* 'un etre extraordinaire, un monstre' МЦ (cf. Lavrov–Polívka, p. 313: *нешчето*)." Последниот пример, преземен од текстовите на Верковиќ, носи нареден доказ дека имаме работа со поименчување – присуството на членот.

1.2. Заменката *некој* – се употребува или самостојно со значење 'непознат човек' (така само во машки род или во множинската форма) или како именска определба. Границата меѓу двата типа на употреба не секогаш јасно се зацртува поради честото контекстуално мотивирано осамостојување (т.н. контекстуална елипса) – следствено не ги разделуваме примерите по овој критериум. Сп. *Рече Рястос сази параволја: „Њакој човек стори голјама вечера...*" МЕЦ, *Оjде до некое место.* ШК, *Богарцките фатени војници беа некој ранени, кој глава врзана, кој рака врзана* ШД, *Едно време си била некоја баба* ШД, *Некој ден му вели на бабата* ШД, *Си бил некој пот* ШД, *Си-имал некугаш никуј-цар.* БМег, *Никуј брат имал бугат. Никуј брат сирума.* (почеток на приказна) ДКај, *Гу-фатиле нику доц, нику гармитини у-нику пустила место...* ДКај, *У некуј си село живела адна тајфа уд мајка, ташко, три брашка и адна сестра* УЕ, *...некуј фатил накаде Скопје, некуј фатил накаде Бугарја...* ПДој, *...некуј залиф имало тамка, уд-мортo* ПДој, *...дă-гу-носат нă-некo вода тамка, шокажал гавулчуте* ПДој, *Измикаре, некуј, ки му бре, некуј ки-му-цилини каше* ПК, *Па-кажал некуј уд-них шо-ј:...* ПК, *Е, шо ки-направе некуј негуф другар?* ПК, *...кој накојн калдел некo шејче, кој на-магаре калдел, сатше така бигаме.* ПК, *Имало некоо време некаа мама...* ПК, *Дали пузнаваш ут-Струмица некуј Ајтуф Туше?* ПК, *На-некуј кумите там некуј чузди пари били.* ПК, *Имало некуј двојца млади...* ПК; најпосле тука има и еден број примери со негација за кои не знаеме со сигурност дали содржат примарно *некој* или *никој*, сп. на пр. *...без да познај никој от прутудраков аскер* В, и сл.

Приведените примери сведочат за многу разлики во употребата на лексемата *некој* во јужните говори во одиос на стандардниот јазик. Раз-

ликите се однесуваат на основната семантичка функција на таа лексема, а во врска со тоа и на нејзината дистрибуција во текстот и на нејзиниот соодност со другите неопределени заменки. Имено, примерите покажуваат појава на *некој* во повеќе позиции каде што во стандардниот јазик би се појавиле заменките *еден, еден* vs *друг*, или *кој*. Мислам тука на *некој* во инципити на приказните, во составите *некое место, некое време*, во рекурентни конструкции од типот *некој..., некој...*, најпосле и како определба на едно лично име. Сето тоа води кон заклучок дека *некој* во дијалектните системи не носи информација 'човек/објект/настан што говорителот не знае да го идентификува', туку дека е комуникативно еквивалентно со *еден*, т.е. семантички е посиромашно и кажува само 'човек/објект/настан што говорителот не го идентификува експлицитно во текстот' без да се доизјаснат причините на отсуството на идентификацијата: незнаење, несакање, и сл. Интересно е и симптоматично дека Мазон (MC 425) во својот речник корчанското *нјäкој* го преведува со 'un certain', т.е. 'извесен, еден'. Сета таа слика сугерира грчко влијание. Имено, во грчкиот инвентар на неопределени заменки наоѓаме ἕνας 'еден' за посочување објекти што говорителот најчесто знае да ги идентификува и κάποιος, во дијалектна варијанта κάποι-ος 'еден' за посочување објекти, што говорителот почесто не знае да ги идентификува, иако тоа не се исклучува. Колку што можев да утврдам со помош на моите егејски информатори, во северногрчките дијалекти функционираат токму тие две лексеми и токму нивната употреба е отсликана во егејската употреба на македонските *еден* и *некој*. Интересно е дека во употребата на грчкото κανένας е избришана границата меѓу 'некој' и 'никој', што можело исто така да придонесе соодветните две лексеми да не се разликуваат на голем дел од егејскиот ареал. Судејќи по достапните податоци κάποιος исто така спорадично се употребува со дистрибуција на 'никој', т.е. во „негативни" констатации (сп. Householder 1964: 96–98).

Во јужниот дијалектен материјал се среќаваат уште две заменски лексеми базирани врз обликот *некој*. Првата е *некој си* (сп. погоре меѓу примерите) – судејќи по примерите – иако малубројни – би можеле да претпоставиме дека егејското *некој си* му одговара на стандардното *некој*, или барем прејавува соодветна тенденција на употреба, т.е. дека со енклитиката *си* се внесува информација дека говорителот не знае да го идентификува посочуваниот објект, но истовремено и со нијанса (што му е позната и на стандардниот јазик) дека таа информација и не е важна за текстот. Втората спорадична лексема е *по некој*, со чија употреба кон значењето на *некој* се приклучува множинско дистрибутивно значење, т.е. 'повеќе од еден' (што mutatis mutandis ѝ одговара на стандардната употреба); располагам со еден пример од Кукушко: *...а таквѝ, купу нáс шó-устанáа там имше пу-нéкуј.* ПК.

2. Други заменки градени врз облиците *што/шчо* и *кој*

2.1. *еди-кој си* – повеќето примери сугерираат дека се работи за една заменка комуникативно еквивалентна со стандардното *некој*, сп. *Еди-*

која си жéна ке óдела нáпазар во Лéрин, да а дáјш пáри да ми кýпи мóниста ШД, *Абре, еди-кој си ми кáза, óпи ке гréделе богáриче, áма нé зном дáли ке ímame кáсмет* ШД, *Жéно, такá-ј такáадно дéте са-прудáве уф-едикој-си грáт...* ПК, *„еди кój-си Тýрчин г-утипá на сéсра-ми...“* ПК. Меѓутоа, има и примери на употреба кои покажуваат дека сме некаде на граница меѓу типовите *некој* и *кој било*, сп. *...нé трéба јáска дá-сáл'ýтам, кáпу еди-кój-си.* МА, *Абе, нáедикој-си, на јадине, пíјне безáпари...* ХК. Најпосле, има и примери од кои се гледа дека самиот елемент *еди* носи информација 'неидентификувано за говорителот', сп. *„бráте, етý фалан богáт ти дава момáта му сос толку стока, еди-друг ти дава толку хиљади гроша и момáта му... “* В, сп. и: *Дека седна еди-тамо, етý излезел един аратин* В. Сè на сè изгледа дека имаме работа со една маргинална прономинална серија чија заедничка компонента би можеле да ја парафразираме како 'не знам кој/што/каде... и не е важно кој/што/каде...'. Во нашиот материјал таа е регистрирана од Леринско, од Преспанско и од Кукушко.

2.2. *ер-шчо, ер-кој...* – судејќи по малубројните примери соодветните заменки одговараат на стандардните серии *било кој/кој било, кој и да е*, сп. *Дервишо му велјáше султанутому шчо чини Госпо во еркој част.* МЦ, *Éркој да дój прí мене, ке му нáпраа, шó сака.* ШД, *Éркоа жено нé можи да ój нáжнатје.* ШД, *Еркој да грéдеше за óфчар от шáофци, не го зéамеф.* ШД, *...ýпри хéр-кój човéк дáпýсна, вíа да гу утéпати:* В, *Излези веки от-тамо, ер-шчо да си пласан от Бога:* ВЕ. Сп. и: *Еркогa не се óдеше нáпазар.* ШД, *Ердека да óјш по вéко, ке нáјш макéдонци...* ШД, *...пóчна дá-гу грде су éркáкви гнýсни лафóви* МА... Елементот *(х)ер* е позајмен од турски јазик каде што зоната на неговата употреба одговара делумно на македонските стандардни *кој било, секој* и *ниеден* (Lewis 75). Во таа ситуација не е ни 'чудно дека го наоѓаме и во негирани реченици, сп. *Тój ет стáр и éркоа чýпа не гó зева* ШД. Специфичната, од словенска гледна точка, хетерогена зона на употреба на *еркој* ја потврдува и сведоштвото на Мазон, кој во речникот (МЦ 403) го преведува со 'chaque, chacun', додека во текстот на монографијата (МЦ 67) дава превод 'un quelconque, qui que ce soit'.

2.3. Во текстовите од Верковиќ најдов примери за уште неколку формации од серијата 'што било, кој било' градени врз облиците *што/шчо, кој*, Сп. *Јазе мójта керка гa давам на кој да е ...* В, *...си помачи ... за да стори шчо-годе, ала не можа* В, *„Нека си зéмех лý-шчотo да исках, когá б'ах фчéра тýкана.“* ВС, најпосле сп. и: *„Љó каде íскаш, прéтељо, там си лéгни.“* ВС, *...љу на котрá момá á дадá, кý го зáмá* В...

3. *еден* врши функција на неопределен член и во дистрибуцијата во голем степен се совпаѓа со грчкото ἕνας, односно, во Корчанско, со албанското *një*. Од многуте примери ги одбирам токму оние што најдобро ја докажуваат членската (т.е. ненумеричка и невистинска заменска) функција, т.е. множински синтагми, состави со апстрактни именки, контексти во кои јазиците без член не би употребиле неопределена заменка, и сл. Сп. *Ја вéлјам óпи éсти éден профитин.* МЕ, *Ен ден, тас невестáта брáту-му*

фати да стори ен зелник. МЦ, *Ех сетни се чинјаше ен брак, се женјаше ен друј цар.* МЦ, *Д'одиш во филан планина, г'ето ести еден ашчетија* МЦ, *Ено дјаше имјаше ен татка.* МЦ, *Ка зборвиш телка со тарос прет ен цар?* МЦ, *Фчера тува пана еден дежи голем...* МЦф, *Кă фати една гулема фуртуна...* МА, *Кога одефме по патио, де едни зимници на другиă л'удје, са пуштиш едно куче право на мене...* ШД, *А, та како ни фатија едни војници, ни изедоа.* ШД, *Во едни села имаше училишта грцки...* ШД, *Ама тука ет еден цел народ, дали ке можите да го искалите цел народ* ШД, *Са тргнаме от селото надвор, стамеф во едно место.* ШД, *...са скримеф во едни стени, камен'е големи.* ШД, *Леле, едни места, леле, таја Албанија – планин'е.* ШД, *...го зајкоа при едни високи камен'е во Скала.* ШД, *Тој, касапо, си сеј да јади леп кај една вода.* ШД, *Ину-време нă-замăн имаше инă-лисица, ину-вălк.* ДКај, *...гу-жинале. Му-правиле иднă-кујка.* ДКај, *..бре, една-змија му-вел'ăм* БМег, *...си-свиреја ду-идну-време.* БМег, *Кога адно ден правихме адна гозба, дедо пой него ми дукундиса...* УЕ, *...кинисаја пу адно пăт, шо ојше за адна гулема касаба* УЕ, *И нăправе едно кавé...* ПДој, *Е, пу-пăто удејки виде́ле една чешма* ПДој, *...един мос спрăвăт...* ПДој, *...зéме бегин и-бде ду-ăдну-место...* ПДој, *Коă по-аднó врéме излéвăт тиă адниă Турчина* ПДој, *Сă-бутнáме уф-аднá слáма, ражова слáма* ПДој, *Адниă кози пуд-мéне чинали дăн-гăра, дун-гăра* ПДој, *Е, са-чинил адин ат.* ПК, *Имаше царно грозде ... за-вино бише, адно царно вино..* ПК, *чинића, адни зарна, вишше мајка, ја толкуви.* ПК, *Србите дујдеа уф-нашто село, едни кавалиришти първо.* ПК, *...ар-ама, тиа на тебо една клоца, на-друукто една клоца и-рашикала.* ПК, *Утиди дур на иномăсту, најди идин кал...* МС, *...му трагна идин к'утек...* МС, *На нос болнију имаши инă жена...* МС, *...ги чу малкиту, шту викаха иномă Инсаф Калкиă Д'унг'адăн..* МС, *На идину брат му са усан'ват..идин казăн' лири...* МС, *...и там усани тој ин'е пари...* МС, *„јазăк б'ă на вас, идин кон' да ни можити да гу јахнити.“* МС, *Им'аши иднó вр'ăм'а у иднó с'елу идин чув'ăк сирумах* МВ, *„ут врăх н'еја да езмиш иднó н'ăшту!“* МВ, *...на гимиата најдох едни побратими двамина* В, *...и тамý Господ му дадé един кăсмет.* В, *...му дадé еднó бини на чорбиата...* В, *Од две-три дни после проминали едни негови селјани* В, *Рекоа едниă богати меѓу них: „ади да кладеми това јабанциа един паша...“* В, *...влезе на сърцето му един мерак, една севда за ламината керка...* В, *Проминал един ден един сиромах приз таму и пил една вода* В, *...фати една страшна фортуна и гу извади на крај едни царцки конаки* В, *...чинил едни конаки кату царјувите* В, *Гу имам скриен един млат...* В12, *...едни дрехи шчо имаши, мóите астăр нé си чинат покрај нејните...* В, *„ти се едно пиле и шчо си кадăр мене да ме помогнеш?“* В, *На магаритe на гърбовето му са чиниха едни рани от самарот...* В, *От този је останале, едни р'аки да зеват с'ака година курбан.* ВС, *...Еден* слично на определниот член врши и функција на поименчување на придавките, сп. *Носиаје еден умрен да го погребе.* МЦ, *Сетне дојде еден голем на војската и му викна на војниците...* ШД, *Жено, ти носа едно мало.* ШД, *Беше еден стăр...* МК, *Имале ину-време ину-стăр, ина-стăра.* ДКај, *...на-доле бдати такиă адниă*

стáри кутý-мéне ПК, *...нáйдуха идéн стáр сас брáда...* МС, *...са чинú сéтника едúн богáт* ВЗ, *едно време имаши един богат едно дете...* В... Интересно е и појавувањето на *еден* како средство за субстантивација на еден глаголски израз, сп. *И тúе го úмале édно сéдни да вéчере, кóку кáсни нéкој кáшеј лей и: „Стáни, нéсто ... крéни ја сóфрáта“* ШД.

Конструкцијата *еден од...* како да е на границата меѓу нумеричката и чисто членската употреба, меѓутоа, бидејќи според нашето мислење нумеричката употреба покрај основната (= воспоставување однос со аритметичката прогресија) ја вклучува и членската функција на индивидуализација (сп. подолу), ќе наведеме и неколку примери од таков вид: *...úму рéче енéму от тúа...* МЕЦ, *Пу-áдно-врéме рáнтја тúја Тýрците áдно ут нáшите, ут кумтúте...* КЕВ, сп. го и интересниот пример: *Го натéраа едúн чоек от сел'áните да а úзвај плóчата...* ШД кој како да го потврдува нашето толкување дека **а.** конструкциите од типот *еден од..., некој од..., двајца од...* претставуваат скратени облици од формулите *еден/некој х од х-овите* и сл. и **б.** самостојно употребени *еден, некој* итн. во машки род еднина имаат вградено предикат 'човек'.

А еве ги и примерите на употреба на *еден* во рангот на *ИС*. Како први ќе ги наведеме токму оние со вграденото 'човек', 'луѓе': *Еден во Гéрман свршва чýната.* ШД, *Ојдофме до Оровник, édни бjдоа во Рýдари, другúте по другúте сéла, кój кáко мóжеше* ШД – пример што личи на оние од серијата *еден* vs *друг* (сп. подолу) меѓутоа, отсуството на членот покажува дека се работи за еден граничен случај. А еве ги другите примери: *...ми и утéйае двáта стрикóви, заш криéе éн от сéло Грáче.* ШК, *...тогáш вéке детéту му рече на един:...* В, *„мале, мене динеска едни шичаја да ми изгор'áт нетре на вогúнот“* В... Единствените регистрирани примери на самостојна употреба на женските форми се оние со контекстуално вградени предикати 'клоца', 'шлаканица', сп. *...ак ти-млáснум еднá ќи вúји звéзди...* ПК, *..и-тúба му-úдре аднá, уф-чéлто адна ритканúца му-дáве.* ПК... Средниот род по сè изгледа го имплицира предикатот 'дете', т.е. зборува за надвладување на формата над смислата, сп. *Едно друго, кáшто го чúстеше пáливолото, са úби.* ШД, – именката никаде во блискиот контекст не се појавува.

На крајот, завршувајќи ги тие забелешки за *еден* како неопределен член вреди и да се потсетиме дека слична, индивидуализирачка функција вршат и броевите, така што синтагмите со бројните определби треба да се толкуваат по дефиниција како членувани, т.е. како непредикативни. Ако не се појавува експлицитно определениот член, треба – што се однесува до референцијалната карактеристика – да ги толкуваме паралелно со оние со членското *еден*.

Сепак, двете употреби на *еден*, во функција на број и во функција на заменка, имаат и формален показател. Во стандардниот јазик членското *еден* е обично неакцентирано. Во дијалектниот јазик може да се појави разлика во местото на акцентот. Еве што пишува по тој повод Н. Шмигер-

Димитрова за ситуацијата во костурското село Сничене: „Во нашиот говор акцентот има диференцијална функција ... кај формите на лексемата *еден*. Кога оваа лексема има функција на број, секогаш носи акцент на ултима..., но кога влегува во именска синтагма како неопределен член, тогаш има акцент на иницијалниот слог..." (ШДС71).

3.1. Формациите *по-еден/бо-еден* се појавуваат во источниот дел од егејскиот ареал. Се работи веројатно за аналогија кон *по-некој* секундарно озвучување на почетниот консонант. Еве ги прво примерите со *по-еден* па со *бо-еден*: *такфо́с пуидѝн чув'а́к ни пруминá утýк*? МС, *...шичкит'а́ јунáци пруминáха т'éб'а т'é ни арéса пуидѝн јунак?* МС, *...и тóј г̀л'éда, н'éма пуидѝн наскул, л'у л'éтнуват ин'é иримбúци...* МС, *...бéлки нáјда пу ина́ рáбута.* МВ, *...амá на мáже бодѝн да флéзе там.* ВС, *...та боедин лекарин ни може да ја̀ излекува.* ВС, *Бодно врáм'а а̀дна̀ ламја̀ излизала сáка г̀одина от морáто...* ВС... Од примерите се гледа дека доминира вредноста 'ниеден', 'никој' т.е. 'не е вистина дека постои тој што...'. Меѓутоа, последниот приведен пример го покажува *боеден* во класична позиција на членското *еден*. Се чини дека имаме повторно работа со една несловенска дистрибуција. Дали турска? Дали грчка? – и едното и другото би било мотивирано од гледна точка на тие два јазика, но сепак грчкото влијание се чини поверојатно во однос на функционалната дистрибуција на една заменка, т.е. во однос на интерференција можна единствено меѓу релативно блиски системи во една речиси двојазична средина.

4. Заменката *филан/фалан* (тур. *filan/falan*) се јавува на целата јужна територија со вредност како и во другите македонски дијалекти, т.е. 'тој и тој, ндентификуван за оние чии зборови – разговори, изјави – се прекажуваат, но експлицитно неименуван во текстот' (сп. Пипер 1987) што е инаку и една од нејзините главни служби и во турскиот јазик. Еве ги примерите: *Д'бдиш во филáн планина г'éто éсти éден ашчетија* МЦ, *...филáн копилка ни пýшчи вечéра...* МЦ, *Сјáди филáнка жéна со детјáто тóњо.* МЦ... Мазон (МЦ403) преведува со '(un) certain' и како словенски еквивалент наведува *етокој*, како на пр. во: *„Д-ош во етокоје мјáсто, да ми наш Ашикара и да му речиш:...*" МЦ. Тој исто така го констатира присуството на лексемата *филан* во албанските корчански говори. Инаку, формацијата *етокој* не беше регистрирана во другите егејски говори; *филанка* е веројатно локално словенско феминативум. А еве примери од другите дијалекти: *Јáс са пýштен от филáн л'удје за чýпата да а свршиме* ШД, *...на фил'áн чоек тáка му рéче, дáли ет вéрно?* ШД, *Стрóјнико ке бдеше „филан дете а сáка чýпата, áко сáкате ве*" ШД, *...ки-бјш фил'áн мéсто* БМег, *...не му чиниле áбер дека си иде на филјан, филјан ден за да г̀у причекáт.* УЕ – интересен пример со употреба која буквално одговара на стандардната *тој и тој*, *Нá-фил'áн мéсто биá*.. ПДој, *...ерг̀éно таптисáл пу-филл'н мáма* ПК, *...д'é ја нáјди? на фелáн сукáк, фелáн нýмеру ѝма пóртата.* МС, *„на фéлáн м'áсту ѝма трѝ дравé тáлкус рáвни, тý ѝштиш за да стóриш г̀р'éнди.*" МС, *„ти демéк такфос ниф'éлан чув'áк си, на т'éб'а другá цизá н'éма за ти дáм...*" МС – во последниот пример

негираната формација, веројатно и таа од локално словенско потекло, би ја превеле со 'неизвесен, несигурен', сп. и кај Верковиќ: *...как си дошлá тýка и са ужéни сос такóф нефéлан мáж?* В, и натаму: *...цар је на фалан месту* В, *„бráте, етý фалан богáт ти дава момáта му сос толку стóка, еди-друг ти дава гóлку хилјади гроша и момáта му...* В, *...и тој је цар на фалан м'áсто* В, сп. и во апсолутна употреба: *Да знáеш, ча ми е тúлку етý фалáн от шам, којто е прáв цифарциа...* В... Присуството на формациите како *филанка, нефилан* сведочи за прилично длабока интеграција на заемката *филан/ фелан* во словенскиот заменски систем. Што се однесува до нејзината семантичка вредност се чини дека сме соочени со ситуација обратна наспрема онаа што ја сугерира егејската употреба на *еден, поеден...*, т.е. дека по потекло турско, *фелан/филан* на словеиската македонска почва има употреба својствена на неопределениот член, со пресупозиција дека на говорителот му е познат референтот на соодветната *ИС*.

Сумирајќи ги досегашните наши забелешки треба да коистатираме дека системот на неопределените заменки во јужните говори се покажа прилично отворен и толерантен спрема влијанијата на другите балкански јазици. Влијанијата резултираат во (1) прифаќање нови, позајмени лексеми и/или морфеми како и во (2) поместување на (семантиката и на) зоната на употреба на наследените словенски лексеми. Сè на сè најсилни се влијанијата на соседните грчки дијалекти.

5. Лексемата *друг* не е вистинска неопределена заменка, што формално го докажува фактот дека таа може и да се појави членувана. Семантички лексемата *друг* е градена врз негација – таа посочува објект во опозиција спрема некој веќе споменат, често спрема некој веќе идентификуван објект. Значи, *друг*, зависно од контекстот на употребата може да се толкува како 'не јас', 'не ти', 'не тој'..., дури 'не таков' итн., а зависно од тоа дали изборот се врши меѓу два или повеќе елементи ќе имаме *другиот* спрема *еден друг, некој друг*, и сл. Редоследот во составите од типот *еден друг/друг еден* и сл. зависи од комуникативната хиерархија на компонентите. Во немаркиран состав *друг* стои на второ место, но кога ќе се инсистира врз него може и да се појави како прв. Еве неколку јужномакедонски примери: *И ја се покáза от тúка синóри некóја жéна Хананеáнка от друј мúлет...* МЕЦ, *„Слабúти слáбе за расúти тúа, и лозjéто жа му го дá другим л'уди работúливи...“* МЕЦ, *Тóј си глéда сáму негó, за друк не мéсли.* ШК, *...едúн друг да си не глéдат.* В, *И кату влезе аф гимиата, најде тамо и други едни цифаиржие и му вели:...* В... Како што се гледа од примерите лексемата *друг* може да биде употребена апсолутно или да придружува именка. Во споменатите состави од типот *еден друг, некој друг друг* е употребена апсолутно и придружувана од други заменки.

6. Досега претставените неопределени заменки посочуваат неопределени елементи од општите множества или од нивните определени подмножества. Меѓутоа, јазикот располага и со средства за посочување неопределени подмножества од општите или од определените множества. Во

јужните говори – како впрочем и во стандардниот јазик – наоѓаме два типа такви средства зависно од тоа дали – од гледна точка на соодветниот критернум – се издвојуваат *1.* две и само две подмножества или *2.* отсуствува информација колку подмножества можат да се издвојат.

6.1. За издвојување две и само две подмножества служи спротивставувањето *еден* vs *друг*, односно *едни* vs *други*. Зависно од тоа дали се работи за веќе именувани или за прв пат споменати подмножества заменките *еден* и *друг* ќе се појават со или без член. Со други зборови: конструкцијата *едни..., други...* зависно од присуството на членот врши функција на неопределена, или пак на анафорски употребена демонстративна заменка. Оваа двојна употреба *а.* директно се надоврзува на условите на употреба на заменката *друг* надвор од експлицитното спротивставување (сп. погоре точка 5.), и *б.* го истакнува комплексниот карактер на таа лексема во која се соединети заменската и бројната компонента. *Друг* без член, слично на *еден* без член, се карактеризира со доминација на заменската компонента, додека при членската употреба доминира бројната компонента. А еве ги единствените два егејски примери со кои располагам: *Ójдофме до Óровник, éдни óјдоа во Рýдари, другúтé по другúтé села, кój кáко мóжеше...* ШД – втората компонента на спротивставувањето овде се здоби со член само per oppositionem наспрема првата, веќе спомената компонента; вториот пример гласи: *идúну вилúте... Са убрнува на другúју:...* МС, па имаме работа со чисто анафорска употреба на составот.

6.2. Вториот тип на издвојување на неопределените подмножества без да се преклудира нивниот број е многу позачестен. Како најтипично јазично средство се јавува повторувањето на заменката *кој*, т.е. конструкцијата *кој... кој...* Сп. *...и вáреа мéсо кумúтите, кój со úшка, кój со алúй-пайлак* ШД, *Сúте натоáриа пл'áчки..., кój на кóлиц, кój на магáрин'а, кój на кóни.* ШД, *Богáрцките фáшени вójници бóа нéкој рáнени, кój глáа врзана, кój рáка врзана...* ШД, *По éдно вéленце му дáваа, кóе црно, кóе бéло* ШД, *Кој нóсе учимéн, кој нóсе сéно...* ХК, *Е, аднá дýшка кулку-тук шó-дáрже тáа удáата, шýтин'оо кój за-глáва, кój за-ráци, шýтин'оо тáм.* ПК, *Кój с-úмше óфчк'и, кój с-úмше гувéда.* ПКП, *Куна́ци úмаа... Чифлúците кој ф-Ириклúа, кој на-дóлу.* ПК, *...кój на-кójн калдéл нéкó шéјче, кој на-магáре калдéл, сúте такá биг áме.* ПК, *Са-натпарчáа Týрци кój сус балúа, кój шó найдéл.* ПК, *Кáту си найúха, сéтни зборýваха кój за вúну, кój за ракúа, áма едúнојо вел'áши...* В,.. Поретко во истата функција се јавува конструкцијата *некој..., некој...*, сп. *...нéкују фáшúл нáкáде Скопе, нéкују фáшúл нáкáде Бугáрја* ПДој, *Измúкаре, нéкују кúи му óре, нéкују кúи-му-цилúни кáше.* ПК. Најпосле, не без грчко влијание, и показната заменка, повторувана, може да врши таква функција, сп. *Сјá не-јáде сéкују сус-нéгувáша рáка, а-шó гурáше нá-нéго, шó гу-рáше нá-нéго* ПДој, и сл.

3.4. *ИС* употребени геперично. – *ИС* употребени генерично се *ИС* без посочувачка функција. Тие се јавуваат во текстот за да ги именуваат поимите, нивната семантичка служба е сведена на конотација, на изразу-

вање интензија. Тоа не значи дека генерично употребените *ИС* не можат да се однесуваат на конкретни објекти, меѓутоа, тие нив не ги посочуваат, туку ги зачленуваат (вклучуваат) кон соодветното општо множество. Така на пр. во реченицата *Тој...прати човек на цара сос едно писмо* В – именката *човек* е употребена референцијално, фактот за којшто станува збор – праќање човек – е реален факт, меѓутоа, пораката е генерична – таа гласи токму дека е пратен човек, не гулаб, не дете итн., туку човек – не е важно кој и каков. Сп. ја и реченицата: *Тука имаш поклон од цар'ут.* В – именката *поклон*, употребена референцијално, сепак носи генерична порака, важното е дека царот праќа поклон, не поздрав, не писмо, туку токму поклон. Сумирајќи го кажаното би можеле да констатираме дека *ИС* употребувани со посочувачка функција (т.е. сите досега разгледувани *ИС* во §§ 2.1.3.1.–3.) посочуваниот објект или еднозначно го идентификуваат или им го спротивставуваат на другите елементи од соодветиото множество, додека *ИС* употребувани генерично им го спротивставуваат именуваниот поим на сите други поими чии имиња во соодветен контекст би можеле да се приведат. Изборот на еден или друг начин на прикажување на работите, колку да е зависен од говорната ситуација во целина, сепак во последна инстанција му припаѓа на говорителот. Значи: меѓу референцијалната карактеристика на *ИС* наложувана од објективната состојба на работите и нејзината посочувачка или генерична порака селектирана од говорителот нема функционална корелација, туку просто статистичко совпаѓање.

Површинските показатели на генерично употребените *ИС* се или нулата, т.е. отсуство на какви било експоненти на референција, или т.н. генеричен член. Изборот на еден од двата показателa во голем степен зависи од синтаксичката позиција.

Со нулти показател се јавуваат *ИС* (т.н. партитивни) потчинети на други *ИС* што именуваат единици на мера, на пр. *корен смоква, чешма жива вода*, и сл. Во овој текст соодветните конструкции ги толкуваме целосно (сп. § 2.1.2.), тргнувајќи од претпоставка дека позицијата што ја заземаат единиците на мера претставува проширување на позицијата наменета на главните броеви, а тие пак се зборови со членски карактеристики (сп. горе § 2.1.3.3.).

Со нулти показател на референцијалната карактеристика се исто така (од)глаголските именки коишто придружуваат синсемантички глаголи, т.е. се вградени во т.н. перифрастични предикатски изрази од типот *чини метани, прави муабет, зема учество*, и сл. (сп. т. I, 1.1.2.2.).

Како што покажува овој преглед, кај *ИС* со нулти показател на референцијалната карактеристика всушност се работи за предикатска содржина чија јазична форма дозволува внесување во позиции наменети за именските синтагми, но која не може да биде актуализирана во текстот самостојно, туку само заедно со надграденият предикат што е како таков способен за актуализација. Исти особини покажуваат *ИС* спационирани во следните реченици: *...момѣта да ѐ сбс месе'чина на́ чѐлото и сбс*

свјáзди нá гренди, момчéто сóс слáнце нá чéлото... В, *...иди, от ламја мишан да му донеси на цар'ут* В, *...и да ми пушчиш пáлна торба су жаби...* УЕ, *...утри да тераш месу сос кокали* В, *...рибата имала лоша рана на гáрбо и* В, *Две зјчéња гризéја лúсја ут зéл'ка* МА, *...искара от конак'ут владички пусула...* В, *Другóго адно сéло ... сé гу-истрибúа, ду-ýше, ду-чувéк.* ПК... Како што се гледа од примерите, покрај погоре наведените начини на формализација и на употреба, неактуализираната содржина често зема облик на еден предлошки израз.

Членот како показател на генеричен карактер на една именска синтагма е вторична појава во развитокот на граматичката категорија „член". Истовремено тој е и сигнал на еден поапстрактен, поконденсиран начин на мислење, па во дијалектните текстови се јавува прилично ретко. Имено, меѓу генеричните *ИС* употребени без и со член има интересна разлика. Додека генеричните *ИС* со нулти показател се однесуваат на одделни, реални или замислени елементи на именуваните множества (поими) – на елементите за кои станува збор, членуваните генерични *ИС* ex definitione се однесуваат на цело, дистрибутивно сфатено, множество. Тие како да претставуваат (парцијални) инструкции за употреба на соодветните поими. Се работи за *ИС* употребени како во стандардните реченици: *Петелот е птица., Војникот не заборава., Автомобилот е најголемо зло.*, и сл. Т.е. 'ако можеш во однос на нешто да го употребиш поимот ПЕТЕЛ тогаш можеш да го употребиш и поимот ПТИЦА', 'ако можеш за некого да кажеш ВОЈНИК тогаш за него ќе важи и констатацијата НЕ ЗАБОРАВА', и сл. Следствено, можно е и толкувањето според кое членот тука не е без семантичка улога – тој како да ја проширува предикацијата на целиот генус, на цела една класа на нештата. Како што реков, речениците од ваков тип прилично се ретки во дијалектните текстови кои најчесто раскажуваат за конкретни луѓе и конкретни настани. Подолу ги приведувам малобројните егејски искази кои претставуваат најблиска можна апроксимација на споменатиот стандарден тип и кои содржат членувани генерични *ИС*. Најчесто овде се работи за хабитуални искази, за обичаи, за занаети, за кулинарски рецепти, за „како се прават нештата" на село. Сп. *Лéтоото прáви тóпло, зúмата прáви студéно...* ШК, *Цúфуноот бúе на тéл'ата и се вáрти чáркоот. Клепáлкаата бúе на кáменоот...* ШК, *Лóзјата и кóпаме со дикéли. Со кóнцки кáмен и пáрскаме емúште.* ШК – во последните две реченици привлекува внимание дека (исто така генерични) *ИС* со предлогот *со* остануваат нечленувани. Сп. натаму: *Кáко гo прáјме зéлнико? Кáшто ет брáшноо нáј-напреш ке гo зáмеса, ке дóј, ке гo кúсуча...* ШД, *Сирáшкаата сáкаше да а клáјме да са вáри на бúно...* ШД. Но сп. ја и реченицата каде што во паралелен контекст соодветните *ИС* остануваат нечленувани: *Пúј вúно зúмаша, рáкија пúј, кáфшици јáди.* ШД...

Покрај малата фреквенција на членуваните генерични *ИС* за посочување општи множества, која е образложена со самиот карактер на текстовите, има уште една, формална разлика меѓу употребата на членот

во генеричните *ИС* во стандардниот јазик и во дијалектите. Имено, во стандардниот јазик една *ИС* во номинативен однос, т.е. во граматичка меѓузависност со глагол, на почетокот на исказот задолжително се членува, што не е случај во дијалектниот јазик, сп. на пр. *И-мајки уставаа деца на-пато.* ПК, и сл.

4. Апозитивни определби на именската синтагма. – Во § 2.1. стана збор за формалната и за семантичката структура на именската синтагма. Беше речено дека една именска синтагма покрај конститутивен член може да содржи и дополнителни членови како и дека тие членови земаат облик на придавски зборови, на зависни именски синтагми и/или на релативни реченици. Беше речено дека една именска синтагма или **а.** формализира одредена предикатска содржина како и количествена и посочувачка компонента коишто ја квантификуваат и ја актуализираат таа содржина или **б.** ги формализира само количествената и/или посочувачката информација која упатува на објекти (содржини) именувани во претходниот текст или присутни во говорната ситуација. А пак во § 2./1.2.1.4.1., кога зборував за глаголската придавка, се послужив со поимот 'основна именска низа' (ОИН) и накратко ги споменав т.н. апозитивни определби на *ИС*. Сега дојде време малку поопширно да се осврнеме на апозитивните определби. Нивната дефиницискa особина е од семантички карактер. Имено, содржините што тие ги формализираат се наоѓаат надвор од доменот на референцијалниот квантор што ја доминира определуваната *ИС*. Меѓутоа, исто по дефиниција, тие содржини се кореференцијални со оние од под кванторот. Формално апозитивните определби можат да бидат или придавски зборови во конгруенција со конститутивниот член на определуваната *ИС* или именски синтагми или релативни реченици. Инвентарот на можните формализации е поширок од оној на дополнителните членови што остануваат во границите на *ОИН*. Имено – апозитивната определба може да биде и една *ИС* не граматички зависна (т.е. управувана) од определуваната *ИС*, туку конгруентиа со неа по граматичка зависност. Традиционалната граматика токму таквата *ИС* ја нарекува апозиција.

За разлика од определбите опфатени со *ОИН* апозитивните определби ги придружуваат и именските синтагми со конститутивни членови маркирани по определеност. Статистички тие се дури позачестени во таа служба бидејќи референцијалната „заситеност" на таквите конститутивни членови не им дозволува да прифатат други, „обични" определби, т.е. да изградат околу себе една основна именска низа. Да земеме еден стандарден пример. Имаме значи:

конститутивен член	апозитивна определба	
Ленче,	*боса,*	*излезе пред врата*
	по кошула,	
	шивачката,	КЛАСИЧНА АПОЗИЦИЈА
	која не ја слушна забрането, ...	и сл.

Споменавме дека апозитивните определби претставуваат едно средство за кондензација на текстот. Во случајов кондензацијата се состои во сведувањето на т.н. именски предикации на нивниот конститутивен член - именски прирок. Т.е., место комплетно експлицирана предикација, на пр. место *Ленче, којашто (уште) беше боса...* или *Ленче, иако беше боса...* имаме едноставно: *Ленче, боса,...*, и сл.

Еден замрсен проблем, со којшто сме соочени толкувајќи ги апозитивните определби во јужните текстови, веќе скициравме погоре во § 1.3. Се работи за секвенците како *тие децата* или *таа девојката* кои допуштаат двојна синтаксичка интерпретација, т.е. можат да се толкуваат или како заменски *ИС* со апозитивни определби или како продукти на чисто механичко удвојување на референцијалниот показател под грчко влијание. Разликата е од прозодиски карактер – присуството на пауза и соодветно испрекината мелодија на исказот го имплицира првото толкување, но не и обратно. Паузата може да се испушти, мелодијата може да не се промени, што сепак не ја исклучува апозитивната интерпретација. Освен тоа, во текстови препишувани од лента за такви вторични прозодиски сигнали како запирка, три точки и сл. не се јавуваат доследно, а и ако се појават можат да одразуваат навики на запишувачот на којшто му е туѓо дијалектното удвојување на показателите на референцијалната идентификација. Меѓутоа, самиот проблем, вака поставен, се чини доста апстрактен и дури схоластичен, а решението треба да се бара на семантички план. Имено, и покрај присуството на сите потребни синтаксички услови во составите како *тие, луѓето* или *ова, детево* тешко може да се догледа определба, сè едно дали апозитивна или од друг карактер. Изразите што по синтаксичка логика би ги сфатиле како „определувани *ИС*" семантички се празни, тие всушност претставуваат заменска антиципација на она што – повторно по синтаксичка логика – би го сфатиле како „апозитивна определба". Пошироко за целиот тој проблем сп. погоре во § 1.3., таму се собрани и примерите.

Проблемот на којшто треба да му се посвети малку внимание пред да поминеме на примери е редоследот (механизми на линеаризација) на апозитивните определби. Класичен, најфреквентен редослед е директна постпозиција, т.е. апозитивната определба директно да ја следи определуваната *ИС*. Меѓутоа, од ова правило има отстапувања и тоа во два правци. Како прво, постпозитивната апозитивна определба (*АпО*) може да биде одделена од определуваната *ИС* со други (глаголски, прилошки...) елементи од исказот. Самиот факт дека *АпО* не зависи од референцијалниот показател на определуваната *ИС* (сп. погоре), дека може да има и свои независни показатели, ја прави независна и на прозодиски план – таа секогаш, по дефиниција, доаѓа по една послаба или поизразена антикаденција. Во случај ако *АпО* е одделена од определуваната *ИС*, антикаденцијата исто така се поместува и паѓа директно пред *АпО*. Тоа ни овозможува како дефинициска особина на една *АпО* да истакнеме дека таа секогаш доаѓа по антикаденција (= по извесно опаѓање на реченичната мелодија проследено обично и со една мала пауза). Како второ, апозитивната определба може и

да се најде директно пред определуваната *ИС*. Таков редослед е можен пред сè врз основа на играта на референцијалните показатели. Имено, ако *АпО* е без такви показатели, а пак определуваната *ИС* е со идентификуван референт тогаш самата дистрибуција на референцијалните показатели ја сигнализира границата меѓу тие две синтаксички единици и ја воспоставува нивната меѓусебна хиерархија, сп. на пр. *Непријател на сите конвенционални ритуали, Јане веднаш фати да јаде.* и сл. наспроти *Бидејќи непријател...,* односно *Зашто бил непријател...,* и сл. Таквиот редослед автоматски ја поместува антикаденцијата токму на границата меѓу *АпО* и определуваната *ИС;* меѓутоа – ако *АпО* е сведена на еден збор – таа може и да изостане заменета со споменатите морфолошки, сегментални сигнали.

Јужномакедонските примери на *АпО* ги делиме според нивната синтаксичка форма на **А.** придавски, **Б.** во облик на *ИС*, и **В.** реченични. Во рамките на секоја од трите класи издвојуваме поткласи според редоследот. Релативно малиот број на примери не ни дозволува да вршиме и терцијарна класификација според семантиката и карактерот на референцијалните показатели како во самата *АпО,* така и во определуваната *ИС.* По потреба соодветните коментари ги даваме веднаш до одделните примери.

А. Примерите со класичен редослед отсуствуваат. Има само еден интересен пример каде што на површината на текстот отсуствува и издвоената во посебна единица определувана *ИС*, а соодветната содржина е вградена во глаголската лична наставка, сп. *Сéдум месéци седóме у Олишча уплашéни, гládни, гóли-бóси.* ШК. Сп. и еден пример со поместена *АпО*: *Прáело тó тáка мнóго врéме, гóркото.* ШД – Имам повеќе примери со антепозиција на *АпО*: *Ама кúтер вáлкут пу-трó, пу-трó сă-исúли пригóр.* ДКај, *Радóсна жéн'ша-лáша си гу фрли врéштто нă-рáмо...* МА, *Радóсен дéуто сфал'ва ут тáлгта...* МА.

Посебна обемна група претставуваат апозитивно употребените глаголски придавки или – поточно речено – апозитивно употребените реченични трансформи со глаголска придавка како конститутивен член. Под реченична трансформа подразбирам семантичка структура чија примарна, максимално експлицитна формализација би била реченицата (т.е. пропозициска, предикатско-аргументска семантичка структура) а која е кондензирана по пат на претворање на финитната во инфинитна глаголска форма. Со други зборови: се работи за конструкции со глаголска придавка, глаголска именка и/или глаголски прилог како конститутивен член. Од тие три типа конструкции оние со глаголскиот прилог обично остануваат во семантичка релација со целата базична реченица, а не само кон една *ИС*; оние со глаголската именка отсуствуваат во мојот материјал, инаку тие структурно спаѓаат меѓу „вистинските апозиции", сп. подолу под **Б.** Од друга страна, оние со глаголската придавка се прилично бројни и мошне карактеристични за дијалектното кажување. Самата семантичка тежина, а и формалната разгранетост како да ги предназначува за служба на апозитивните, а не на определбите вградени во јадрената *ИС*. И навистина, оние што се подлагаат

на неапозитивно толкување претставуваат реткост и на пат се кон потполна адјективизација (сп. погоре § 2./1.1.2.1.4.1).

Во материјалот има два типа апозитивни определби конституирани од страна на глаголската придавка. Едните се конгруентни по род, број и тип граматичка зависност со базичната *ИС*, додека другите претставуваат апсолутни конструкции. Ќе ги разгледаме редум.

АпО конгруентни спрема базичната *ИС* не секогаш во пишуваниот текст се одделуваат од неа со некои интерпункциски знаци. Следствено, мојата одлука да ги толкувам како апозитивни бидува арбитрарна и се базира главно врз нивната синтаксичка разгранетост. Еве ги примерите: *...ако сој ести Ристос отбрајно Госпутому* МЕЦ, *Нија имаме големи гробишча, сограђени со авлија и железа.* ШК, *Во пеќоко две млади невести убаво потправени и носее колачите.* ШК, *Утиде и виде водата пикната на ниваша.* ШК, *Одзади носеше жаба, жива врзана.* ШД, *...имамеф убаа чезма, со чементо праена...* ШД, *Во селото беше кочобашија гркоманин, кладен от турците* ШД, *Наум Герофски имаше дукан, напалнат со стока* ШД, *Мајка сата испопарена и умрена като наистина да си смеј.* УЕ, *Свакарвата бише жива, на-кубилта качина, дечинцто ф-рацто.* ПК, *И па памук и па пари и капак удгбре пукрија и закотин у-земна.* ПК, *Ниски каштии така, некуј малко пудгбнини, таквиј бика.* ПК, *...пак најди ина јаблака сас јаблаки туварина* МС, *...и така си утиди мумата учерн'анта утам* МС, *...га кладе на една удаја, постелана саде у злату.* В...

Вториот тип конструкции, типолошки мошне интересен, сите доаѓаат од текстовите приклучени кон монографијата на Б. Шклифов за долнопреспанскиот говор. *АпО* тука претставуваат апсолутни конструкции со глаголската придавка конгруеитна спрема именката со која влегува во конструкцијата, а не спрема именката – конститутивен член на базичната *ИС*. Следствено, тие конструкции се од прилично хетероген карактер – како фундирани од глаголската придавка спаѓаат „по потекло" меѓу оние што ги разгледаме овде, под точката **А.** на нашата класификација, меѓутоа – гледани од чисто синхрониска гледна точка – тие се именски синтагми во функција на апозитивни определби. Овој наш опис главно е синхрониски насочен и по таа логика соодветните конструкции ќе ги разгледаме понатаму, како точка **Б.в.**

Б.а. класична апозиција: *...жа ви прости и татко ваш, небетому Господинбок* МЕЦ, *...апостоло Андреа, брат сфетему Петру* МЕЦ. *Еден пат татко и Митире Влао, костурцки војвода, са созбрваа...* ШД, *Си уддела лишиќата уф нијнта кајича, уф дупката.* ПДој, *А па ти децата уф натире пискат, уф Струма,* ПДој, *И, испадне тобо затвурнико, зето, на пато* ПК, *е она ми-кажвише бти там г-утипали Турците на Милан, на-Гоце Делчув брат-му.* ПК, *И тава пол'то стана, Сулунцко Поле, каде ми цело.* КП, *дујде чик-ми, на-татко, по-малечук брат и кажа...* ПК, *Таа науфчаро, на-брато му-рекла...* ПК, *Листита имала кутрина там, деца.* ПК, *Тобо, русалицкуту бро се гу-водаа стари наши бижаници, л'уде дојдани ут-*

Ку́кушко... ПК, *Дека и чул и еден ѓа́вол, син самовилин* В, *...кра́тачиноѓ оти́де на еди́н него́ф прија́тел пајучи́ќа,* В, *...да му докарам на́ пилето ѓосподарката ѓуња́-ѓузели́..* В, *И така си најде тамму между них и еден ѓјавол хизмикар...* В, *...чилиби Теодорак фати една измика́рка дивојка* В, *...еден вечер, кату сѓјаши бабин син, неин ма́ж, му ѓо зева пра́стеноѓ* В, *Пу́сна ма мо́е ѓосподар, на визи́ра сина́..* ВС, *Тримина бракија́, искусни рибарџ, утишили да ѓи лове́ѓ,* ВС, *Утишило дур в уши-ѓе на цар'а ѓатко хи* ВС, *Фи́лиѓ па бе́ше уѓ Бетсаида, уѓ Андре́а и Пе́ѓруво ѓра́ѓ.* ВК, *„Поклон оѓ маѓарешка ѓлава, мој сина, ѓвој армасник“* В, сп. и: *...ѓусубра́ма́ ѓо ле́буѓ ко́лкуто шо-бе́рише ѓо́ каза́нуѓ – ѓуле́м каза́н* БМег... Од примерите се гледа како не секогаш е лесно да се повлече остра граница меѓу апозицијата и именската определба вградена директно во јадрената *ИС*. Разграденоста на апозитивната синтагма може да послужи само како помошен критериум, додека основниот критериум – интонацијата – во пишуваниот текст отсуствува, а интерпункцијата ја одразува на прилично несовршен начин. – Интересен проблем претставува повторувањето, односно неповторувањето на предлозите како сигнали на граматичката зависност кај апозитивната *ИС* (односно, поточно: како сигнали на конгруенција по граматичка зависност меѓу базичната и апозитивната *ИС*). Отсуството на предлогот треба да се сфати како показател на тесна граматичка врска меѓу базичната *ИС* и нејзината апозитивна определба.

Овде спаѓаат и прилично карактеристичните вокативни синтагми со *АО*, сп. *Ма́рѓи, мил брат! Ти-са́-мо́л'а...* МА, *...еј ѓиди ѓрговец, ѓосподар мој...* В, *...јуна́к, ми́лин сы́нку, ѓи́нака ѓова́ добро, шчо ми направи́, ја́зе не́мам со шчо да ѓу пова́рна...* В, *„...дивојку, ца́р'ува ма́ма“*, В, *„...цанам, ми́ла ма́ле, сна́ичи ма́жоѓ ми со́н засони́л ло́шу...* В, *...царува керка, харна дивојка, моја л'убоф, Тинака да знаш...* В, *„...нив'асто, цар'ува керко, ѓинака си моја л'уба.“*, В.

Б.6. Во посебна група ги издвоив конструкциите со базичната *ИС* оформена како заменка. Имено, примерите од типот: *ѓој, ѓатко ми*, и сл., иако формално ја задоволуваат шемата на апозиција, вршат функција на анафора и можат да се толкуваат како продукти на механизмот на заменската антиципација. Сп. за тоа и погоре, § 2./3., каде што станува збор за редупликација на показателите на определеноста. А еве ги примерите: *...и л'у́ѓето са опла́каа на него́, ѵи́јвода на прешенцка́ѓа чета* ШД, *...ѓи́ѓи една-змија уѓ-ка́ѓе-не́ѓу, уѓка́ѓе-уфи́церуѓ,нушле́ста су-чучу́л' на-но́суѓ, замина́ уѓ-ѓо́-ка́минче на дру́ѓуѓу* БМег, *То́о вичирал ѓа́мка, сајбита, луѓо вичира́л.* ПК, *Ја и-јон, ѓо́ѓо шо́ бе́ше на-на́ша ѓе́ѓа свекуро* ПК, сп. и: *Таква́ сме ни́а кукуше́нките.* ПК, и најпосле: *Кој зна́ дек уѓи́де шо́ дишиме́ѓо шо бе́ше ѓам на́ ка́лѓа.* ПДој... Последниот пример би можел да послужи за аргумент во полза на теоријата дека заменските прилози за простор, време итн. всушност се варијантни формализации на соодветни *ИС*, т.е. дека на пр. *овде* е еквивалентно со *на/во ова место, сега* со *во ова време*, итн. А пак примерите каде што апозитивната *ИС* не стои во

директен контакт со базичната заменка (сп. погоре: *Тбо вичйрал тáмка, сајбйта...*) како да потврдуваат дека се работи за антиципација со секундарно менување на концепцијата на исказот, т.е. дека говорителот *ex post* оценува дека заменката нема да биде правилно разбрана, па прибегнува кон повторување на соодветната предикатска содржина.

Б.в. Најпосле – како посебна група *АпО* конституирани околу именката ги наведувам споменатите долнопреспански апсолутни конструкции: *...во гýмното ймаше éден стрéжер, фртома завéна...* ШД, *...ко си а нáожва тá да грéј, на кóн тоáрени пл'ачките.* ШД, *И нйе бýдоме во éдна кýќа со чéтири кáтој, сáмо стисбýте нашрáени и покрйена* ШД, *Свекрвата йзутена шамйјата до нóсо и рáцете од éдна во друг и йзнатни во пазýата и мáчи...* ШД.

Во современиот стандарден израз не наоѓаме апозитивни конструкции од ваков тип. Ним би им одговарале *АпО* во облик на *ИС* со предлогот *со* какви што пак не ги најдовме во дијалектните текстови. Меѓутоа, апсолутните конструкции деривирани по пат на претворање на прирокот во глаголската придавка можат да се појават и во други синтаксички позиции – да стојат во реченицата самостојно, со базичната *ИС* сведена на нула, односно да заменуваат интензионална зависна реченица, и др. сп. т. I, 1.2./2.2.

В. Апозитивните релативни конструкции се конструкциите од типот *Сестра ми, која живеела во Солун, не можела истиот ден да ни дојде* или *Петре, кој секогаш сакал да ни помогне, се јави прв.*, и сл. Тие се всушност екстензионално сложени структури, еквивалентни со конструкциите како: *Сестра ми, бидејќи живеела во Солун...*, односно: *Петре беше таков што секогаш сакаше... и затоа се јави прв.*, и сл. Тие се карактеристични за прилично разграден, интелектуално среден и хиерархизиран јазичен израз. Во дијалектните текстови практично не ги среќаваме. – За едеи тип релативни реченици коишто чисто површински би можеле да се сметаат за апозитивни стана збор погоре, во § 2.1.1.2.3.

5. *ИС* како продукт на номинализација. – Ќе се занимаваме овде со именските синтагми конституирани од глаголски именки, од одглаголски именки и од отпридавски именки. Сите тие претставуваат секундарна формализација на една пропозиционална (предикатско-аргументска) структура чија примарна формализација е реченицата. Оттука потекнуваат и разликите наспрема првобитните, такаиаречени предметни именки, односно именки кои претставуваат имиња на материјални предмети. Имено, именките деривирани од придавки односно од глаголи задржуваат придавска односно глаголска семантика како и од неа имплицирани синтаксички особини. Спецификата на *ИС* конституирани од страна на таквите именки се крие токму во фактот дека и нивната синтаксичка структура и нивната синтаксичка служба во реченицата (т.е. и нивните внатрешни и нивните надворешни синтаксички потенции) се определуваат од еден спој навидум хетерогени именски и глаголски – или – придавски особини. Ние овде ќе се занимаваме

со внатрешната структура на соодветните *ИС*; за нивните функции на реченично ниво стана збор во т. I, 1.2.2.3.

Како што реков погоре, а согласно со македонската граматичка традиција овде ќе разликуваме ГЛАГОЛСКИ и ОДГЛАГОЛСКИ именки. Под глаголски именки се подразбираат оние со парадигматска регуларност деривирани од несвршените глаголи со помош на суфиксите *-а-ње, -е-ње.* Од трите зборовни групи што нè интересираат во оваа глава тие се далеку најзастапени во дијалектниот јазик, а истовремено најдобро ги чуваат глаголските синтаксички особини. Под одглаголски (девербални) именки се подразбираат како оние добиени по пат на „краткосериска" суфиксација (на пр. *лавеж, грмеж..., свадба, кражба...* и сл.) односно по пат на т.н. трункација (отсечување, анг. truncation) и деривација со суфиксите *-Ø, -а* (на пр. *скок, скуст, потег... поплава...*, и сл.) така и оние кои во современиот јазик веќе ја загубиле зборообразувачката мотивација (на пр. *пожар, дожд, ветар...* и сл.). Отпридавските именки не покажуваат поголема деривациска регуларност. Кај нив надвладуваат суфиксите *-ост/-ест, -ота, -ина...* Во натамошниот текст зборувајќи за трите групи именки ќе се служиме соодветно со кратенките *Sv* (= substantivum verbale), *Sdv* (= substantivum deverbale) и *Sdad* (= substantivum deadiectivale).

Како што произлегува од кажаното, мојот основен критериум е семантичкиот, па не ме интересираат именките кои со време се здобиле со предметно значење, како на пр. *следување* 'порција', *расказ* како литературен жанр, и сл.

Вкрстувањето на глаголските, односно придавските и на именските граматички категории кај разгледуваните именки предизвикало извесни карактеристични ограничувања во изразување на тие два вида категории. Нашата главна задача во оваа глава е да утврдиме **(а)** кои се оградите во изразувањето на именските категории во однос на можностите што ги карактеризираат примарните (= недеривирани) именски синтагми, **(б)** кои се оградите во изразување на глаголските и/или придавските категории во однос на можностите што им се својствени на реченичните конструкции (т.е. на примарните, недеривирани формализации на соодветните семантички структури), и најпосле **(в)** кои се принципите на синтаксичката акомодација на зависните членови во една именска синтагма чиј конститутивен член е продукт на номинализација.

Номинализацијата ја разбирам широко, како еден морфосинтаксички механизам, што ги претвора глаголските финитни облици и/или придавки во именки, а реченичните конструкции во именски синтагми.

5.1. *ИС* чии конститутивни членови се *Sv*. – Во својата докторска дисертација за семантиката и синтаксата на македонските *Sv* во современиот стандарден јазик И. Чашуле докажа врз огромен јазичен материјал дека *Sv* претставуваат членови од широко сфатената глаголска парадигма, или поточно: дека тие ѝ припаѓаат на глаголската лексема, што е од

одлучувачко значење за нивната употреба во текстот (Чашуле 1986). Порано истиот автор во магистерскиот труд ги разгледа состојбите во текстовите на М. Цепенков и на К. Шапкарев и mutatis mutandis дојде до исти заклучоци (Чашуле 1982). Мојот материјал сведочи дека јужните говори не покажуваат во тој поглед некоја поголема диференцијација ниту се разликуваат од системите што ги има обработено Чашуле. Единствената суштествена разлика, која, впрочем, говори во полза на гореспоменатата теза, е во фактот дека во дијалектните текстови *ИС* конституирани од *Sv* се понеразвиени отколку во стандардниот јазик и ги прифаќаат пред сè оние определби кои се базираат врз нивната глаголска валенција, а пак во спонтано дијалектно кажување оваа состојба е поизразена отколку во свесно редигираните дијалектни текстови (приказни и сл.).

Интересно е дека меѓу дополнителните членови на *ИС* конституирани од *Sv* воопшто нема качествени придавки. Од семантичка гледна точка дополнителните членови можат да се поделат на оние **(а.)** кои изразуваат именски граматички категории, т.е. **(а.а.)** референцијална карактеристика и **(а.б.)** количествена карактеристика, па оние **(б.)** кои претставуваат трансформи на *ИС* што во соодветни реченични конструкции стојат во зависност од финитниот глаголски облик, т.е **(б.а.)** субјектните и **(б.б.)** објектните *ИС*. За типот **(б.)** (т.е. за еквиваленти за таканаречениот genetivus subiectivus и genetivus obiectivus) станува збор уште во § 2.1.2.1.3. во врска со конкуренцијата на таканаречените посвојни придавки и посвојни *ИС*. Следствено, овде нема да ги издвојуваме одделните формално-синтаксички модели што му припаѓаат на овој функционален тип. А еве ги примерите:

а.а. *...óти фáјда не мáте от тóзи постéјне* МЕЦ, *...и да се карстúте со тос карстéјне...* МЕЦ, *...Старицата, сосве немозање, стана и најде едно дјáте...* МЦ, *На тóа збóрван'е сúте ... пúштеа дáрој* ШД, *Едно влéгван'е тáмо, не посéдоме úште едéн месец...му рéкоа...* ШД – за апсолутниот карактер на конструкцијата сп. т. I, 1.2.2.3., *Дујдé еднó нариденe Гáрците сапрамéстат.* ПК, *...да си чýдиш, кáкфу вóа радувáни ки бúди.* ВК, *„ичо ј тос скокнувани от вас?“* В, *На тóва припирани цар'ут мéгу џелатите етý дошли прет цар'ја две калугери...* В, *Цар-о благодарно приел това хи прошение* В, *Като видела, как с'а чаша-та найáлне алтанjá на с'ако пијáне от нејá, поискала да ја земе* В, сп. и: *Какво бигáне?* ПК, *Úшт Гáрце, такво бéгине бúше тóо.* ПК... Се разбира кон типот **а.а.** припаѓаат и сите примери на употреба на *Sv* со член што овде не ги наведуваме – прифаќањето на членот е виден доказ на поименчување на една глаголска содржина.

а.б. *...и јá ода со гољáмо итјáње* МЦ, *...и от млогóту му молени Господ дочу неговáта молба...* В, *Имаш мнóго клánатија от...* МЦ – реткост претставува употребената во последниов пример множинска форма од *Sv* – се работи веројатно за зацврстената формула како калка од други јазици; формациите со суфиксот *-тје* во корчанскиот и костурскиот говор ги толкуваме како регуларни *Sv; Те бачва со итјејне гољáмо...* МЦ, *...ут млóгу пијéни пáдна.* МВ, *...му дава еднó јáгне сос млóгу разидéние...* В, *И*

сос млогу моленје на Господа, шчо са молиха, Господ му даде по едно по едно три деца. В, *...ја от много веке возрадување го извади да му го даде...* В, *Сос млого ахкани си раздели от него.* В, *...и от млогото викани и проминал тогас от пантиот един кусе...* В...

Како што се гледа од примерите неконгруентната определба *много/млого* надвладува над конгруентната *голем -а -о*, што би можело да се користи како доказ за надвладувањето на глаголската над именската семантика. Меѓутоа, не е исклучена ни можноста формата *много/млого* да се толкува како среден род еднина, т.е. сепак како конгруентна со соодветните *Sv*, што пак би било доказ дека тие се сфаќаат како континуирани, односно интензификувани процеси, а не како множества повторливи дејства. Последната интерпретација семантички се чини дури пооправдана.

б.а. *От Бога се стори созц, и есши за чудене бшет очишши ваши* МЕЦ - примеров би можел и да има објектна интерпретација, *...по оживејнето тогово* МЕЦ, *...ка видое затресејнето земјатуј* МЕЦ, *...зшчо сиквози бјашше ијтенето твое прет Тебе* МЕЦ, *По бегајнето твоје от тува звјај ена карта постала...* МЦф, *Со дојденјето на гарците нашио пош избега* ШК, *Кашо на сон помешвам гредејнето на гарците ил'ада девет стошини и тринајста година* ШК, *Су пукајнто бамбата ние видема пламин садигна* БМег, *И та пумина мошту идејне вшке* БМег, *...гу утфарами капајку и са ус'ачува ракијата ш'ечин'ешу.* МС, *...да си прикажува пукајанито на л'удито на неговото ими* ВК, *Да как са чула Елисавет на марјинина радувани, му саграјало дештио нејно уф сарцшто* ВК, *...и от млогошу му молени Господ дочу неговата молба* В, *...да ми чини спомин по умирањето ми...* В, *Цар-о благодарно приел това хи прошење* В, *„шчо ј тос скокнувани от вас?“* В, *Кашо видела, как с'а чаша-та найалне алтањај на с'ако пијане от нејај, поискала да ја земе* В, сп. и: *Господину Професор М. ...много клањатија от...* МЦ, *Имаш много клањатија от...* МЦф, најпосле сп. и: *На това пришрани цар'ут меѓу целашше ешу дошли прет цар'а две калугери...* В...

Како што се гледа меѓу примерите доминираат оние со спроведената трансформација што ја доведува субјектната *ИС* во зависност од поименчената глаголска форма. Показатели на зависноста се: кај заменките „посвојна“ придавка и/или дативната постпозитивна клитика, кај именките „посвојна“ придавка, дативната наставка и/или предлозите *на* и/или *од*, а исто така и редоследот – името субјектната синтагма стои по *Sv*. Меѓутоа, има тука и три интересни примери, секој од друго подрачје на јужномакедонската територија, од кои два се карактеризираат со обратен редослед како е д и н с т в е н сигнал на зависноста на субјектната синтагма од *Sv*, тие се: *...чудене... очишши...*, *...пукајнто бомбата...*, додека во третиот случај го нема ни овој сигнал: *...ракијата ш'ечин'ешу...* Би рекла дека кај овие примери надвладува глаголската над именската акомодација.

б.б. Кај објектните синтагми ќе ги издвоиме прво оние за директен објект (т.е. оние што во реченична формализација остануваат во директната едно-

страна зависност од финитниот глаголски облик) како единствени кои покажуваат разлика меѓу глаголскиот и именскиот тип акомодација. Најпрвин ќе ги набројме примерите со глаголската акомодација: *Йме и нéкоа фáбрика за сúрен'е прáен'е.* ШД, *...и такá ут кóл на кóл, ут кóл на кóл битúкува плáтнуту снýван'ету* МС, *Тáму шо и плáч и трисéнитo зáбите.* ВК – пак три примери од кои сега два со „неакомодиран" редослед. Сп. и: *...го варнае со товарéне правдáта...* МДЦ. А еве ги примерите со именската акомодација: *..да отговóра мáло нjáи и за мадéшо о купејнéтому селутóму* МДЦ, *.најрежнúти стáрци...чаластисáе за откупејнéто селутóму...* МДЦ, *...бти го познáје во скаршејнето лебутóму* МБ, *...отидој у Тими Чипа да му сполајва за донесењето синуму карши тебе...* МЦ, *За сéкој нáрот úмаше бделно мéсто за пречéкван'е на сýлтано* ШД, *...адно ден му си бактисал уд берајне на дрва...* УЕ, *...да как сă пузнајá на скăршéнитo на лéтот.* ВК, *...ки си сéди наврăстрóн'от прислáвéнио нéгуво...* ВК...

Следат примерн на други типови објектни синтагми како и синтагми кои внесуваат временска и просторна локализација: *...чаластисае за откупејнето селутому от имљáко...* МДЦ, *Сă вăрнивăтје от Бúтол'а прес Вúчо сăштите партизáни го утепáја бес причúна.* ШК, *На поминвăтје прес Вичо нат сéло Лăген и пречекáе гăрцки партизáни...* ШК, *На-крúво мен-ми-са-видé движéние уд-дéсна стрáна* БМег, *Су-удéјнту на-шес мéтра ки-на-клáвăт на-нишáн* БМег, *И пу малце време, направен сăто кал и вода уд скукајне пу андацăтје, а нăплнил торбата су жаби...* УЕ, *Абе, нă едикојси ан јáдине, пăјне безă пăри - само зă ăднá прúкáзка.* ХК, *...да си прикажýва пукајáнитo на л'ýдитo на нéговстo úми* ВК, *...и да си прикáжи на нéгувутo úми пукајáчката и простéнио за грéхови на сăто инсáн...* ВК...

Интересна појава претставуваат определбите на *Sv* во вид на зависни релативни реченици. Како конектор во сите нив се јавува relativum generale што автоматски го исклучува проблемот на конгруенција на конекторот. Самите реченични структури не го покажуваат карактерот на акомодацијата. Сп. *...и да се карстúтје со тос карстéјне шчо жа са кáрста јă* МЕ, *..мбжити ... крăстéнитo шо сă крăстам, да сă крăстити?* ВК, *И сос млогу моленје на Господа, шчо са молиха, Господ му даде по едно по едно три деца.* В...

5.2. *ИС* чии конститутивни членови се *Sdv.* – Примерите ги редам по ист критериум како кај *Sv.*

а.а. *Тија се почудије ка устана жиф со вес тој бој шчо му дадоје.* МЦ, *...дујде адна бубутáвица...* ПК...

а.б. *...замáно не ни го прóстиви да далцúме мнóго збóро...* МДЦ, *Во сéло се фалúла голјáма плáинча...* МЦ – пример кој може да има и предметна интерпретација; *...мнóго гозба и сторел на човеците заради роденисто.* В...

б.а. *Мнóгу ми бéше жăл', кóга нáукоф за умирáчката нéгоа.* ШД, *„почекајти малку, да си чинам молбата ми!"* В.

6.6. *...тоќо да бáнди нéкој шчо да úма стрáј от Гóспо...* МЕ. Покрај наведените малубројни примери најдов и еден со определба-епитет, т.е. од типот што не беше застапен кај *Sv: Тамо умр'а и тија сос лоша умирачка.* В.

А еве ги примерите со реченична определба: *Тија се почудије ка устана жиф со вес тој бој шчо му дадоје.* МЦ, *...ти чини тра упиталишча шчо да се чудиш.* МЦ – релативната реченица е со изразита последична нијанса, имено е на граница на екстензионална врска; *И брáт му úмус пузнá чýдбата, шту му б'áши* МС.

Како што се гледа *Sdv* со определби се мошне ретки. Ги нема многу ни употребени без определби. Покрај наведените сретнав *работа, мака, тијансфо, бол* (сите од Бобошчица), натаму *шéдба* (МВ), сáдба, *тукајачка* (ВК), *ражба, грáмеш, омирало, смерт, живот, милос...* Се чини дека надвладуваат наследените формации, деривацијата е ограничена, можеби пожива ad usum на пишуваниот текст, т.е. во двата превода на Евангелието.

5.3. *ИС* чии конститутивни членови се *Sdad* сè уште поретки и всушност сите се под прашалник во смисла дека семантички тие се повеќе nomina actionis отколку nomina attributiva. Сп.: *Јаскај сја сфетлинатa сфетутому* МЦ, *...с'éтин'а пáк фáт'аха да игрáјат хóру ут гул'áма рáдус...* МВ, *...гу бáкна сас рáдус гул'áма* МВ, *И как испаднáле скóро éмен ут гробут су стрáх и су рáдус гулéм, тáрчаа...* ВК...

Покрај наведените сретнав, употребени без определби, *здрáви* (МВ) и *вјеснина* (МЦ) – изведенка од грчка основа со значење 'брзина'. Значи, од четирите лексички единици две – *светлина* и *вјеснина* – се изведени од глаголски основи, а другите две – *радост* и *здравје* – од типични придавски предикативи. Најпосле, сп. ја и карактеристичната употреба како во: *...добринјáше ... шчо úме сторено...* МЦ, *Шчо добрина ишчиш ти от мене?* МЦ. *Со мандрина, со добрина син царутому гу-стиптоми.* МЦ, *Со мандрина, зош есши Асланопуло и за ни убије свички.* МЦ, *...ако фаташ... сос тиансфо и сос калпеи и сос лошотиш, да знаеш..* В, *...та сетни имаш вафт да сториш свити сентиментализми...* МЦф... – сите тие примери покажуваат исто значење, пак од типот на nomen actionis, а имено *добрина* 'добра постапка, добар чин', *мандрина* 'мудра постапка, мудар потез', *лошотија* 'лоша постапка' итн., не е ни чудо дека со таа семантика тие често се употребени и во множински форми. Вистинска употреба на едно nomen attributivum покажува единствено примерот: *Не је гроша за сас маснина?* МЦ.

За претставената ситуација карактеристичен е и примерот: *...от ка вúде óши úнак не мјéше ка да уздрáве гладóста тбгоф, отúде се колúка у енéго...* МЕ, каде што секундарната деривација формално покажува на *Sdad* место на очекуваната *Sdv*.

Сè на сè, колку и да се малку примерите, целосната слика тера на заклучок дека:

– *Sv* се продукт на жив механизам на номинализација додека *Sdv* и *Sdad* се појавуваат поретко и најчесто или му припаѓаат на старото лексичко наследство или пак се продукти на несериска, ad hoc деривација;

– дополнителните членови на соодветните *ИС* практично се сведуваат (1) на категоријалните определби што го потврдуваат инфинитниот карактер на конструкциите, а на семантички план ја одразуваат референцијалната употреба на номинализациите, односно (2) на именките на аргументите на поименчениот предикат оформени како придавки, како *ИС* или како релативни реченици.

Пропорциите меѓу дополнителните членови од типовите (1) и (2) јасно покажуваат разлика меѓу примарните (предметни) и секундарните (деривирани по пат на номинализација) *ИС*.

КРАТЕНКИ ЗА ГРАМАТИЧКИ КАТЕГОРИИ

Кирилица

А – синтетски акузатив
а – акукзативна клитика
АО – апозитивеи падежен однос
АпО – апозитивна определба
ГИ – глаголска именка
ГП – глаголска придавка
Д – синтетски датив
д – дативна клитика
ДО – дативен падежен однос
ДЧ – дополнителен член на конструкција
$Е_{мп}$ – екстензионален метапредикат
$И_{мп}$ – интензионален метапредикат
ИС – именска синтагма
$ИС_{г}$ – именска синтагма во генитивен однос
$ИС_{к}$ – именска синтагма конотирана од страна на преднкатскиот израз
ИСП – именска синтагма во номинативен однос
ИСП – именска синтагма во преднкативен однос
$ИС_{суб}$ – именска синтагма во функција на субјект
ЈИС – јадрена именска синтагма
К – количествена карактеристика
$К_{г}$ – генерички кондензатор
$К_{е}$ – единичен кондензатор
КИ – конститутивна именка
КЧ – конститутивен член на конструкција
Л – локативна компонента во структура на исказот
М – модална компонента во структура на исказот
Мод – модификатор
$Н_{пр}$ – номинален предикатив
ОИН – основна именска низа
ОРК – основна реченична конструкција
п – предикат/преднкативна содржина
ПАС – предикатско-аргументска структура
ПЗ – показна заменка

ПИ – предикатски израз
ПП – посвојна придавка
ПронИС – прономинална именска синтагма
Р – референцијална карактеристика
$Р_{дч}$ – релативна реченица како дополнителен член
$РК_{П}$ – реченична конструкција конотирана од страна на предикатскиот израз
$РК_{п}$ – реченична конструкција како дел од предикатскиот израз
РО – рестриктивна определба
Т – темпорална компонента во структурата на исказот

Латиница

/abstr/ – апстрактен карактер на референтот на конструкцијата
Adi – придавка
Adi_{p} – придавка во предикативен однос
AdvM – адвербијален модификатор
/anim/ – одушевен карактер на референтот на конструкцијата
CG – општ падеж
/def/ – определен/идентификуван референт на конструкцијата
/fact/ – фактивен карактер на исказот
ipf – несвршен вид
/pers/ – персонален карактер на референтот на конструкцијата
pf – свршен вид
pl – множина
pV – заменска клитика + глагол
rel – relativum
Sv – substantivum verbale
Sdv – substantivum deverbale
Sdad – substantivum deadiectivale
sg – еднина
V – глагол
Vf – финитен глаголски облик
Vcop – помошен глагол

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Антинучи 1977 – Anti
Studia gramatyczne

Атанасов 1990 – At
Neue Folge, Beiheft

Беначо 1987 – Benacchio R., Renzi L., 1987, *Clitici slavi e romanzi*, Padova.

Бојковска 1988 – Бојковска Ст., 1988, *Текстови од Мегленско*, Македонистика 5, стр. 185–207.

Бухолц 1987 – Buchol

Вајан 1938 – Mazon A., Vaill
du Bas-Vardar, Paris. [Вајан е автор на монографскиот опис на говорот.]

Велковска 1988 – Велковска С., 1988, *Има-конструкции во текстовите на Марко Цепенков*, Македонски јазик 38–39, стр. 301–314.

Видоески 1960/61 – Видоески Б., 1960/61, *Основни дијалектни групи во Македонија*, Македонски јазик 11–12, стр. 12–31.

Видоески 1962 – Видоески Б., 1962, *Кумановски говор*, Скопје.

Видоески 1965 – Видоески Б., 1965, *Заменските форми во македонските дијалекти*, Македонски јазик 16, стр. 25–71 + 55 карти.

Видоески 1968 – Видоески Б., 1968, *Дативната форма кај именките во македонските дијалекти*, Symbolae Philolo
Wrocław ss. 396–404.

Видоески 1991 – Видоески Б., 1991, *Формите на глаголскиот прилог во македонскиот дијалектен јазик*, Прилози на МАНУ XVI/1, стр. 7–17.

Вјежбицка 1972 – Wierzbicka A., 1972, *Semantic Primitives*, Frankfurt/M.

Галтон 1976 – Galton

Гоголевски 1982 – Gogolewski St., *i*
romańskich języka ligi bałkańskiej, Łódź.

Голомб 1959 – Gołąb Z., 1959, *Some Arumanian-Macedonian Isogrammatisms and the Social Background of Their Development*, Word 15, стр. 415–435.

Голомб 1960/61, 1962/63 – Голомб З., *Два Македонски говора (на Сухо и Висока во Солунско)*, Македонски јазик 11–12 и 13–14.

Голомб 1964 – Gołąb Z., 1964, *Conditionalis typu bałkańskiego w językach południowosłowiańskich*, Kraków.

Голомб 1984 – Gołąb Z., 1984, *The Arumanian dialect of Kruševo in SR Macedonia*, SFR Yugoslavia, Skopje.

Дрвошанов 1993 (Кајларско) – Дрвошанов В., *Кајларскиот говор*, Скопје.

Думев 1943 – Думев В., 1943, *Воденският говоръ*, Македонски преглед 13/3 стр. 8–42, 13/4 стр. 26–88.

Зандфелд 1936 – Sandfeld K., 1930, *Linguistique balkanique*, Paris.

Иванов 1932 – Иванов Д., 1932, *Гевгелиският говоръ*, София.

Иванов 1977 – Иванов Й., 1977, *Български преселнически говори*, София.

Ивић 1967 – Ивић М., 1967, *Генитивне форме српскохрватских именица и одговарајућа придевска образовања суфиксом -ов (-ев, -ов -љев, -евљев), -ин у односу „комбинаторичних варијаната"*, Годишњак Филозофског факултета у Новом Саду 17.

Ивић 1983 – Ivić M., 1983, *Izbrojivost onoga što imenica označava kao gramatički problem*, Lingvistički ogledi, Beograd, str. 9–36.

Конески 1971 – Конески Б., 1971, *Јазиком на македонската народна поезија*, Скопје.

Конески 1981 – Конески Б., 1981, *Граматика на македонскиот литературен јазик*, Скопје.

Конески 1982 – Конески Б., 1982, *Јазични белешки за приказните од Солунско од збирката на Верковиќ*, Прилози на МАНУ VII/1, стр. 21–36.

Конески 1986 – Конески Б., 1986, *Историја на македонскиот јазик*, Скопје.

Креја 1962 – Kreja B., 1962, *Oboczne formy zaimkowe typu jegolgo, jejilji w języku polskim*, Poznań.

Кузов 1921 – Кузов А., 1921, *Костурският говор*, Известия ССФ 4, стр. 86–125.

Куртj
et Drenovöne (Albanie), Revue des Études Slaves 60/1, Paris.

Лант 1952 – Lunt H., 1952, *A Grammar of the Macedonian Literary Language*, Скопје.

Лавров 1932 – Lavrov P. A., Polívka J., 1932 (vyd.), *Lidové povídky jihomakedonské z rukopisů St. Verkovičových*, Praha.

Леч 1965 – Lötzsch R., 1965, *Das sog. Possesivadjektiv im Slawischen speziell im Sorbischen, und seine Stellung im System der Redeteile*, Forschungen und Fortschritte 12, Berlin, ss. 377–379.

Луис 1984 – Lewis G. L., 1984, *Turkish grammar*, Oxford.

Малецки 1934а – Małecki M., 1934, *Tekst gwarowy z Kosturskiego*, Lud Słowiański 3/2, str. 323–325.

Малецки 1934б – Małecki M., 1934, *Dwie gwary macedońskie (Suche i Wysoka w Soluńskiem)*, I: Teksty, Kraków.

Мазон 1923 – Mazon A., 1923, *Contes slaves de la Macédoine Sud-Occidentale*, Paris.

Мазон 1936 – Mazon A., 1936, *Documents, contes et chansons slaves de l'Albanie du Sud*, Paris.

Мазон 1965 – Mazon A., Filipova-Bajrova M., 1965, *Documents slves de l'Albanie du Sud*, II, Pièces complémentaires, Paris.

Милетич 1920 – Милетич Л., 1920, *Български старини* 6.2. Търлиско евангелие отъ 1861 год., София.

Милетич 1932 – Милетич Л., 1932, *Изъ живота на българитѣ въ Солунско...*, Македонски Преглед 8/1, стр. 64–98.

Миндак 1983 – Mindak J., 1983, *Zależności gramatyczno-kategorialne między elementami prostych wypowiedzeń w polszczyźnie i językach bałkańskich*, Studia linguistica Polono-Jugoslavica 3, Sarajevo.

Миндак 1990 – Mindak J., 1990, *Językowa kategoria żywotności w polszczyźnie i słowiańszczyźnie na tle innych języków świata*, Wrocław.

Минова 1982 – Минова-Ѓуркова Л., 1982, *За некои случаи на редунданција во македонскиот јазик*, Предавања на 15. семинар за македонски јазик, литература и култура, стр. 1–9, Скопје.

Мирамбел 1959 – Mirambel A., 1959, *La langue grecque moderne*, Paris.

Настева 1962/63 – Јашар-Настева О., 1962/63, *Македонските калки од турскиот јазик*, Македонски јазик 13–14, стр. 109–172.

Николаева 1983 – Николаева Т. М., *СВОЙ: механизм формально-смыловой эволюции*, Категория притяжательности в славянских и балканских языках, Тезисы совещания, Москва, с.70.

Њумарк 1982 – Newmark L., Hubbard Ph., Prifti P., 1982, *Standard Albanian*, Stanford.

Падучева 1983 – Падучева Е. В., 1983, *Местоимение СВОЙ и его непритяжательные значения*, Категория притяжательности в славянских и балканских языках, Тезисы совещания, Москва, с. 79.

Пеев 1979 – Пеев К., 1979, *Дојранскиот говор*, Македонистика 2, Скопје.

Пеев 1987 – Пеев К., 1978–88, *Кукушкиот говор* 1–2, Скопје.

Пеев 1988а – Пеев К., 1988, *За заменскиот систем во јужните македонски говори*, Јазичните појави во Битола и Битолско денеска и во минатото, стр. 113–126, Скопје.

Пеев 1988б – Пеев К., 1988, *Промени во категоријата род како резултат на меѓујазичен конакт*, Реферати на македонските слависти за 10. меѓународен конгрес на славистите во Софија, стр. 63–73, Скопје.

Пипер 1987 – Пипер П., 1987, *Референцијалност и исказ у исказу*, Београдски универзитет, Анали фил. фак. 18, стр. 263–272.

Свифт 1963 – Swift L. B., 1963, *A Reference Grammar of Modern Turkish*, Bloomington.

Тополињска 1981 – Topolińska Z., 1981, *Remarks on the Slavic Noun Phrase*, Wrocław.

Тополињска 1982 – Тополињска З., 1982, *За формулата на шаканаречениот балкански аналитизам*, Studia linguistica Polono-Jugoslavica, Скопје, стр. 193–200.

Тополињска 1982 – Тополињска З., 1982, *О ћирилометодијевској кодификацији солунског дијалекта (систем показних и односних заменица)*, Научни састанак слависта у Вукове дане 8, стр. 7–14.

Тополињска 1984 – Topolińska Z., 1984, *Diatetyczne właściwości czasowników w języku polskim, serbskochorwackim i macedońskim*, Studia konfrontatywne polsko-południowosłowiańskie, ss. 103–134, Wrocław.

Тополињска 1985 – Topolińska Z., 1985, *Autour de la notion de relation possessive*, Прилози на МАНУ X/1, стр. 81–95.

Тополињска 1985 – Тополињска З., *Из проблематике словенских инхоативa*, Јужнословенски филолог 41, стр. 1–11.

Тополињска 1986 – Topolińska Z., 1986, *Dativus vs genetivus*, Prace Filologiczne 33, ss. 365–371.

Тополињска 1987 – Topolińska Z., 1987, *Podwójny wykładnik referencji : demonstrativum + rodzajnik w macedońskim języku ogólnym i w dialektach południowo-macedońskih*, Slawistyczne studia językoznawcze, ss. 411–417, Kraków.

Тополињска 1988 – Тополињска З., 1988, *Дативниот однос и кирилометодиевското наследство*, Кирилометодиевскиот период и кирилометодиевската традиција во Македонија, стр. 153–158, Скопје.

Тополињска 1989 – Тополињска З., 1989, *Од синтаксата на македонските евангелија*, Прилози на МАНУ XIII/2, стр. 141–161.

Тополињска 1991 – Тополињска З., 1991, *За разликата меѓу реченото и пресупонираното*, Прилози на МАНУ XVI/2, стр. 33–36.

Тополињска 1997 – Topolińska Z., 1997, *Relativization – A Srategy for Noun Phrase Complementation? (Relative Clauses in the Macedonian Tărlis Manuscript)*, Balcanistica 10/1997, pp. 381–393.

Тумб 1974 – Thumb A., *Handbuch der neugriechischen Volkssprache*, Berlin.

Угринова 1960/61 – Угринова Р., 1960/61, *Две стилски особености на нашиот говорен јазик*, Македонски јазик 11–12, стр. 105–111.

Усикова 1967 – Усикова Р. П., 1967, *Морфологија имени существительного и глагола в современном македонском литературном языке*, Скопје.

Фаркас 1982 – Farkas D. F., 1982, *Intensionality and Romance Subjunctive Relatives*, Bloomington, Indiana.

Фридман 1977 – Friedman V. A., *The grammatical categories of the Macedonian indicative*, Columbus.

Хаусхолдер 1964 – Householder F. W., Kazazis K., Koutsoudas A., 1964, *Reference grammar of Literary Dhimotiki*, International Journal of American Linguistic 30/2.

Христов 1935 – Христов Г., 1935, *Народописни материяли по говора в Кукушко и Дојранско*, Македонски преглед 9/3–4.

Чашуле 1982 – Чашуле И., 1982, *Глаголската именка во прозните текстови на Марко Цепенков и Кузман Шапкарев*, магистерска работа.

Чашуле 1989 – Чашуле И., 1989, *Синтакса на македонската глаголска именка*, Скопје.

Џозеф 1986 – Joseph B. D., Philippaki-Warburton I., *Modern Greek*, London.

Шклифов 1973 – Шклифов Б., 1973, *Костурският говор*, София.

Шклифов 1979 – Шклифов Б., 1979, *Долно-Преспанският говор*, София.

Шокларова 1983 – Шокларова-Љоровска, 1983, *Проширување на валентноста кај глаголите што значат „настанува ден или ноќ“*, Македонски јазик 34, стр. 191–154.

НЕОБЈАВЕНИ МАТЕРИЈАЛИ

Видоески, Антологија - Видоески Б., *Антологија на македонските дијалектни текстови.*

Димитрова-Шмигер, Сничене – Димитрова-Шмигер Н., *Говорот на село Сничене (Костурско)*, магистерски труд.

Каранфиловски, Ениџевардарско – Каранфиловски М., *Ениџевардарскиот говор*, докторска дисертација.

Минков, Ајтос – Минков Л., *Текстови од село Ајтос (Леринско).*

Угриновски, Ениџевардарско – Угриновски Д., *Народни приказни од ... Ениџевардарска околија.*

Чашуле 1982 – Чашуле И., *Глаголската именка во прозните текстови на Марко Цепенков и Кузман Шапкарев*, магистерски труд.

КРАТЕНКИ ЗА ЕКСЦЕРПИРАНИ ИЗВОРИ

Бојковска 1988 – БМег; Вајаи 1938 – ВК; Видоески, Антологија, Нестрам – ВН, инаку: В + називот на селото; Дрвошанов, Кајларско – ДКај; Думев 1943 – ДВ; Иванов 1977 – ИПГ; Каранфиловски, Ениџевардарско – КЕВ; Кузов 1921 – КК; Лавров 1932 – В, ВВ, ВЕ, ВС; Малецки 1934а – МК; Малецки 1934б – МС, МВ; Мазон 1923 – МСЦ; Мазон 1936 – МДЦ, МЕЦ, МЕ, МЦ; Мазон 1965 – МЦф; Милетич 1920 – МТ; Милетич 1932 – МВат; Минков, Ајтос – МА; Пеев 1979 – ПДој; Пеев 1987 – ПК; Угриновски, Ениџевардарско – УЕ; Христов 1935 – ХК; Шклифов 1973 – ШК; Шклифов 1979 – ШД.

Zuzanna TOPOLINJSKA

MACEDONIAN DIALECTS IN THE AEGEAN PART OF MACEDONIA
BOOK 1, SYNTAX, VOL. 2

(S u m m a r y)

This is the second volume of a syntactic description of South Macedonian dialects. The description is semantically oriented. It is divided in two parts: mechanisms of predication whose products are utterances (sentences) and mechanisms of nomination whose products are names (noun phrases). The first volume comprises analysis and description of those sèntential constructions whose constitutive members (heads) are finite verbal forms. The second volume includes analysis and description of those sentential compounds whose constitutive members are conjunctions and analysis and description of noun phrases.

A construction whose head is a conjunction is a sentential compound where the conjunction is an exponent of the relation holding between the events (situations, states of affairs, processes...) expressed in the clauses bound with the corresponding conjunction. The description of constructions of this type is divided into four chapters.

In the first chapter constructions founded on associative relations are discussed. These are constructions based on simple conjunction or on its semantically richer variants such as the adversative and/or the alternative relation, etc.

The second chapter deals with constructions whose predicative nucleus is a temporal relation between events which overlap or succeed in time, viewed from the perspective of the earlier or of the later event, etc.

In the third chapter causative relations between events are analysed. These are represented by constructions founded on factive predicates such as 'cause', 'consequence', 'concession'; non-factive predicates such as 'condition', 'goal'; and also by compounds with one clause of factive and the other of non-factive character.

Finally, in the fourth chapter, the author presents constructions derived from the same semantic structures as those discussed in the first three chapters, but with one clause reshaped into a transform based on an infinite verbal form. Constructions with transforms based on verbal adverbs, verbal adjectives, verbal nouns are discussed in turn. Among these latter, special attention is paid to prepositional transforms, and also to those where the verbal noun is erased from the surface structure.

In the second part of the monograph, dealing with nomination, the procedure is parallel to that applied in the first part. First, in the introductory chapter, a model of the semantic and of the formal structure of the noun phrase is proposed. The semantic structure is conceived as some predicative content (which, in some NPs, can be zeroed) bound with numerical and with referential quantifiers. At the formal plane the predicative content is represented by the so-called nuclear NP. It is this nuclear NP that is the first object of the analysis and description.

The nuclear NP embraces a head (which is usually a noun) and optional modifiers of the head. First, possible formalizations of the head are discussed, and then modifiers taking the form a) of an adjective, b) of a dependent NP and c) of a relative clause. Special attention is paid to a NP in genitive case relation, i.e. a NP dependent on another NP. The description is centred on exponents of the possessive relation in the broad sense.

There follows an analysis of exponents of the numerical quantifiers operating on the corresponding predicative content and then an analysis of exponents of referential quantifiers. NPs with identified referents, with specified but unidentified referents and those with a purely predicative and/or with a generic interpretation are analysed in turn.

The final chapters deal with appositive (= non-restrictive) modifiers of a NP, with techniques of nominalization and with the structural idiosyncrasies of NPs with verbal nouns as heads.

The monograph was written in Skopje in the years 1983–1992.

Издавач
Македонска академија на науките и уметностите

Коректура
Роберта Николовска

Корица
Кочо Фидановски

Компјутерска подготовка
во МАНУ

Печат
„Магнат", Скопје

Тираж
500 примероци

CIP – Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски", Скопје

808.66-087.4(495.37)-56

ТОПОЛИЊСКА, Зузана
Македонските дијалекти во Егејска Македонија. Кн. 1, Синтакса. Д. 2, Механизми на предикација ; Сложени реченични конструкции (конструкцни со сврзнички предикати ; Механизми на номинација / Зузана Тополињска. Скопје : МАНУ, 1997. – 247 стр. ; 24 см.

На наспор. насл. стр.: Macedonian dialects in the Aegean part of Macedonia. B. 1, Syntax. Vol. 2, Mechanisms for predication ; Compound sentences (constructions with conjunctions-predicates) ; Mechanisms for nomination / Zuzanna Topolinjska. – Библиографија: стр. 241–245

ISBN 9989-649-36-7

а) Македонски дијалекти – Егејска Македонија – Синтакса